СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 15 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА 69-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 15.XI. 1993 г.**

дневен ред:ДОВЕРБА НА ВЛАДАТА стр.1

1. АБДИ ФАИК - стр.23
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 43, 46, 48
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 281
4. АРСОВ ДРАГИ - 225
5. АНДОВ СТОЈАН - 289
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 66, 88, 275
7. ГОШЕВ ПЕТАР - 196, 203, 211
8. ДИМОВСКА ДОСТА - 5, 101
9. ЃОРЃИЕВСКИ ЉУПЧО - 140, 151, 160, 163, 164, 172, 174
10. ЗИБЕРИ НАСЕР - 282
11. ЖУТА БЕЌИР - 126, 132, 178
12. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ - 218, 220
13. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 288
14. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 70, 75
15. КИРОВ ТАШКО - 40
16. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 187
17. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 41, 221
18. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 190, 125
19. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 284
20. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 85
21. МУРАТИ ЏЕЛАДОИН – 229, 235
22. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - 76
23. ПРЕВАЛА ШАБАН - 49, 54
24. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 94, 98, 122
25. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 132, 139, 179, 185
26. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 176, 178
27. ПОПОВСКИ КИРО - 221, 228
28. ПОПОВСКИ НИКОЛА – 256
29. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 61
30. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 277, 279
31. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 102, 108, 115, 116, 124, 139, 280
32. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ-259,273,274
33. СПИРОВСКИ ИГОР (секретар на Собранието) прозивка за доверба на Владата
34. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 20
35. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР - 78, 82
36. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 83
37. ТРПЕВСКИ ЉУПЧО - 215
38. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 12, 15, 16, 19, 27, 29
39. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН – 241, 244
40. ХАЛИЛИ МУХАМЕД – 36,209, 211, 286
41. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 55, 74, 76
42. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 260, 272
43. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 212
44. ШАЌИРИ ХИСНИ - 68

седницата заврши со работа

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 ноември 1993 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала бр.1), со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Пратеникот Панче Насев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата поканети се претседателот на Република Македонија Киро Глигоров. Претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (57 пратеници)

Дали некој е против? (2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Констатирам дека Предлогот е усвоен. За седницата го предлагам следниот дневен ред.

-Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

I/2 JM/ЛБ

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(59 пратеници).

Дали некој е против? (3 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласањето ? (3 пратеници)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на дневниот ред.

- Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

Согласно член 92 став 3 од Уставот на РМ прашање за доверба на Владата на Република Македонија поставија 23 пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кое ви е поделено.

Одлуката за изгласување недоверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Согласно член 92 став 4 од Уставот на РМ гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашање за доверба . Пред гласањето во 23,30 часот на Собранието ќе му се обрати претседателот на Владата за да го изнесе својот став по прашањето на довербата.

Од овие причини ве молам да бидете по кратки во своите излагања, да се даде можност на сите да земат збор.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници согласно член 92 од Уставот на РМ уставно определен број на пратеници од пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ му предлага на Собранието на РМ да го постави прашањето за доверба на Владата на РМ.

Образложение.

Прво, со оглед на содржината на членот 92 од Уставот на РМ Владата и секој нејзин член за својата работа одговараат пред

I/3

Собранието Пратениците до пратеничката група на ВМРО - Демократската партија за македонско национално единство оценуваат дека во однос на надлежностите на Владата на РМ како носител на извршната власт во текот на досегашната работа не ги извршила потребните мерки и активности во однос на заштитата и безбедноста на државата и граѓаните на РМ. Со оглед дека во органите на државната управа се забранува политичко организирање и дејствување член 95 од Уставот на РМ, а Владата според законот за Владата на РМ врши надзор над работата на органите на управата произлегува дека целата одговорност за навлегување на странски разузнавачки служби во Министерството за одбрана преку политички определениот помошник министер Хаскај член на политичката партија ПДП ја сноси Владата на РМ. по откривањето на формирањето паравоена формација и запленувањето поголемо количество на оружје, друг воен материјал и компјутерски центар за водење на паравоени дејствија на територијата на РМ во која членувале и ја организирале членови на политичката партија ПДП, очигледно е дека постојната коалициона Влада не се грижи доволно за безбедноста на државата Република Македонија со што директно го загрозува животот и материјалните добра на своите граѓани. Настојувањето на Владата да ја заташка целата афера штитејќи го својот коалиционен партнер ПДП е уште еден доказ за немањето чувство за заштита на виталните интереси на Македонската држава, македонскиот народ и сите граѓани. Професионалната ангажираност на припадниците на јавната и државната безбедност при Министерството за внатрешни работи во случајот на откривањето, следењето и апсењето на сторителите на кривичното дело, уривањето на уставниот поредок не може да биде оправдувачко за однесувањето на Владата која сака целиот случај да го минимизира и да ја обмане Македонската јавност за димензии и

последиците од создавањето на паравоени формации од страна на екстремисти од албанското национално малцинство, односно националност. Почитувајќи ги механизмите на демократското однесување и почитување на Уставот и законите на РМ пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека Владата на РМ штитејќи го својот коалиционен партер ПДП од политичка , морална и законска одговорност при- донесува за дестабилизација на РМ и чувство на несигурност за своите живот и животите на своите најблиски и економската и социјална сигурност на граѓаните.

Второ, неефикасноста на Владата на РМ во досегашниот мандатен период меѓу другото се огледува во следното: извршувањето на историската кражба на девизните влогови на граѓаните, ерозија и кражба на општествениот капитал и неговото незаконско прелевање во приватни раце , грабеж на општествениот капитал со неплаќање на даноци и придонеси , или со издавање на интерни акции и учество, кражба на општествениот капитал и на девизните влогови на граѓаните токму е засновано врз законите кои се во сила, односно се последица на системските закони и законите што ги пред- лага Владата односно истите тие на таков начин се со закон промовирани и дозволени. Висок пад на животниот стандард на граѓаните и нараснатите социјални тензии, штрајкови, протести и демонстрации. Неадекватна и неселективна буџетска потрошувачка, неадекватна кредитно монетарна политика која е во функција на зголемување на инфлацијата, непостоење на тековна и развојна економска политика, непостоење на соодветна политика за регулирање на економските односи со странство, недонесувањето на системските закони за дооформување, односно формирање на правниот и економскиот систем на РМ, донесување на мерки и предлагање на козметички промени на старите закони од непостојната Југославија кои водат кон натамошно централизирање на управувањето и неоделување на политиката од економијата.

I/5

Трето, Владата на РМ социјалните немири и другите незадоволства на работниците и граѓаните ги решава со непочитување и кршење на законот, или нивна суспензија со одземањето на уставните права на работниците на протест, штрајк и плата, со репресии и употреба на сила, неможност на редовна исплата на пензиите на 220 илјади пензионери во РМ. Како резултат на неефикасната, бавна и несоодветна економска политика личните доходи се намалени за 1/3 во однос на минатата година, 20 илјади стечајни работници и принудни годишно одморци добиваат социјален надоместок , секој петти вработен прима минимален загарантиран личен доход, 40 илјади работници примаат плата со задоцнување од 1 и повеќе месеци, нема никакви надежи за вработувањето на армијата од 180 илјади невработени граѓани чиј број постојано се зголемува. Поради горните причини пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека Владата на РМ станува генератор на политичката и економската дестабилизација на РМ и основна пречка за воведувањето на пазарните законитости за развојот на демократските процеси и натамошно наголемување на појавите на грабеж на општествениот капитал, на порастот на државниот криминал, мито и корупција во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој бара збор?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, жално е што во нашата држава можеме да проговориме јавно како пратеници од говорницата на Парламентот за прашања кои се поврзани со државни интереси на овој начин со големи заложби на опозицијата за одржување на вонредна седница имено за да проговориме јавно за некои состојби во нашата држава моравме да побараме вонредна седница. Според Уставот задолжително во рок од 3 дена мора да се закаже таа седница. По кој знае кој пат се занемаруваат

барањата на пратениците, се суспендира демократијата, се девалвира Македонскиот парламент намерно. Имено, на барањето на пратениците на ВМРО за вонредна седница на која претседателот на Републиката како претседател на националниот совет за безбедност би го известил Парламентот за безбедносната состојба во земјава, особено со информации за случајот што го открија успешно службениците на МВР со формирање на паравоени формации од страна на високи владини функционери членови на ПДП. Наместо седница како одговор ни се понудени најизлитени зборови од времето на едноумието како на пример "ќе закажам седница откако ќе добијам одговор од Владата и претседателот на Републиката". Премиерот ни одговори , парафразиран : никој не ни упатил барање да дадеме информација, кога ќе ни упатат бараше ќе одговориме. Го парафразирам и претседателот на Републиката: судот треба да си ја заврши својата работа, откако ќе ја заврши, па ќе видиме. Тврдиме, замачкување и прикривање на работите, водење на политика .зад затворени врати во кабинетот на претседателот на Републиката се со цел по секоја цена да се остане на власт.

Дами и господа демократијата претпоставува јавност, одговорност и сменливост, а не прикривање на фактите од највисоки државни функционери. Не е тоа прифатливо особено кога се работи за државните интереси. Отсуството на одговорност на која бевме досега многу пати сведоци како што беше случајот со промената на името на државата во поранешна југословенска Република Македонија, преговори за отстапки на соседни држави и тројни преговори од страна на Владата, Герт Аренс и претставници на ПДП, кршење на санкциите одредени од страна на ООН, примена на безпримерна репресија врз сопствениот народ како што беа случаите со Куклиш, Радовиш, Горче Петров итн., формирање на паравоени формации од страна на високи владини функционери,

прислушување на опозиционата ВМРО - ДПМНЕ од страна на полицијата. Исто така, не се понудени досега од страна на Владата редица системски закони кои би го заокружиле осамостојувањето на нашата држава, непостоење на законска регулатива за слободна радио дифузија, за слободно информирање, туку се протежира монопол на Радио дифузијата со што се контролираат информациите и ]авното мислење. Се поочевидна во текот на овие три години кражбата на капиталот, кражбата на девизните штедни влогови на граѓаните, нередовната исплата на пензиите на 200 илјади граѓани, иако според моите информации од службеници од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за пензиите имаат средства, но тие се користат за друга намена. Од страна на Уставниот суд оспорени се само за изминативе девет месеци 59 закони и 25 прописи на Владата. Податокот е наведен во бројот на весникот "Нова Македонија" од 28.X-1993 година.

Почитувани пратеници во секоја демократска држава само една од наведениве причини е доволна Владата да биде сменета. Но, феноменот кој што беше својствен за претходниот режим да не постои за луѓето на власт ниту политичка, ниту законска одговорност си постои и денес. Ваквата состојба создава морална ерозија кај граѓаните и чувство на апатија и безспомошност. Исто така, не може да дојде до сменливост на власта затоа што сите членови на коалицијата еднакво се однесуваат како да припаѓаат на една иста партија, нивната логика е по секоја цена да се опстои на власт, ако треба ќе се воведе и диктатура. Во која држава министерот не сноси одговорност ако назначил"лекар" без диплома со фалсификувани документи за генерален директор на Медицински центар кој што е виновен за смртта на една пациентка, а можеби и за повеќе. Во која држава Владата донесува незаконска, неуставна одлука врз која се гради дива населба и се тепаат мирни граѓани кои сакаат да го изразат своето несогласување. По

поништувањето на одлуката од страна на Уставниот суд никој не одговара ниту премиерот, ниту министерот на полицијата, ниту министерот за урбанизам. Министерот за образование носи незаконски решенија да се отвараат паралелки за седум деца во селото Огнанци со настава на албански јазик иако е неопходно таа бројка минимум да изнесува триесет ученици. Исто така министерот Бајалџиев дал и концепт и елаборат за отворање на Педагошки факултет со настава на албански јазик во РМ иако со Уставот е предвидена настава на јазиците на националностите заклучно со средното образование. За тоа ќе приложам и документ до колку се инсистира. За тоа исто така никој во оваа држава не одговара. Водени се разговори помеѓу претставниците на власта , претставникот на Конференцијата за бивша Југославија Герт Аренс и претставници на ПДП. Иако ПДП има во Владата како коалиционен партнер пет министри и четири заменици, значи инволвирана е во власта, таа преговара со самата себе. Мислам парадокс кој што во ниедна држава исто така не се случува. Во Владата преку меѓународни посредници направен е договор како што дознаваме исто така од печатот. Што содржи тој договор, зошто не се информирани останатите партии кои претставуваа повеќе од 1/3 од избирачкото тело и кои што седат тука во Парламентот. Зошто не е информиран Парламентот и македонската јавност кога се работи за вакви прашања од витален интерес како што се односите со малцинствата. И за тоа исто така никој не одговара.

Последен пример на бескрупулозност во желбата да се опстане на власт е споменатиот обид на државното раководство и Владата да се минизира, прикрие случајот со формирање на пара- воените формации од страна на помошникот министер за одбрана Хусеин Хаскај, заменик министерот за здравство Имер Имери , членови на коалициониот партнер ПДП, високи офицери на АРМ од албанското малцинство како и

партиски функционери на ПДП. Случајот со формирањето на сеалбанската војска е организиран обид за рушење на македонската држава, на уставниот поредок. Претставниците на власта се обидуваат да ја прикријат оваа афера со тоа што не сакаат јавно да проговорат. Учесниците во формирањето на паравоените формации ги нарекуваат група граѓани припадници на албанското малцинство итн., иако се работи за високи владини функционери предложени од коалициониот партнер ПДП и пред се од првиот човек на Владата премиерот Бранко Црвенковски сето со цел да се заштити коалициониот партнер, да се сочува Владата. Премолчувањето и заташкувањето од страна на коалиционите партнери ги прави директни учесници во сценаријата за поделба на Македонија и не може да ги ослободи од одговорноста, а пред се од својот сопствен народ, пред својот сопствен народ македонскиот . Однесувањето на лидерите на ПДП и НДП го докажува токму спротивното. Имено за целосната инволвираност на коалициониот партнер во случајот со формирањето на сеалбанската армија чија цел е прогласување на Република Илирида. Имено, ниту една од споменатите партии како коалициони партнери во јавноста не се огради од целиот случај јасно . Редицата постапки на лидерите на коалициониот партнер ПДП - НДП говорат за континуитетот на потезите што ги влечат, а чија цел е федерализација на нашата држава со приклучување на територијата кон Република Албанија. Јас ќе наведам неколку примери.

Прво, неучество на коалициониот партнер ПДП во референдумот за независноста на РМ на кој што јавно ги повика партијата ПДП без при тоа да сноси никакви законски санкции. Исто така негласањето за Уставот. Прогласување на Република Илирида во кое земе учество висок функционер на ПДП и пратеник во Македонскиот парламент господинот Мерсим Положани кој иако стори противуставни дејства, до ден денес не

сноси никаква одговорност.

Учество на координаторот на ПДП Мухамед Халили во делегацијата на Албанија на заседанието на ЌЕБС каде што јасно се спротивстави на приемот на РМ во ЌЕБС. Исто така и за тоа иако пратеничката група на ВМРО -ДПМНЕ бараше да се расправа на Парламентот, тоа е одбиено од страна на останатите коалициони партнери,.

Изјавите на Мухамед Халили за Стандард и отечествен весник каде најотворено говори за територијална автономија и се залага за федерализација на нашата држава Македонија. Независната Република Илирида како и секоја држава замислено е да ја заштитува сеалбанската, таканаречената сеалбанска војска. Јас тоа можам исто така да го документирам ако се бара.

Најотворено лидерите на ПДП и НДП бараат статус на народ во Македонија, а следниот чекор би бил отцепување и приклучување исто така кон Албанија. Тоа барање за државотворен народ еден пратеник на ПДП во интервју за странски весник го определи како цитирам : Основна цел на програмата на нашата партија ПДП. Ако треба исто така веднаш ќе го документирам кажаното.

Можеме да се осведочиме и во идентичните намери на лидерите на НДП за федерализацијата на РМ и во текстот на обраќањето на НДП до советот за безбедност на ООН од 10 февруари 1993 година. Интегралниот текст е објавен во независниот македонски неделник "Дело".

II/1/ПЈ/лј

**ДОСТА ДИМОВСКА:** (Продолжение)

Претседателот на ПДП, Невзат Халили, упатил писмо до меѓународната конференција за поранешна Југославија, со дополнителни барања врска со предложениот документ за потпишување договори меѓу странски дипломати и Владата на Република Македонија, патем кој ја овластил Владата да потпишува тајни документи. Тајни се, затоа што никој од нас што седиме од десната страна во Парламентот не е запознат со содржината на тој документ, ниту пак македонската јавност, а тој документ се однесува на односите во Македонската држава

Во писмото на Невзат Халили се предлагале измени на Уставот на Република Македонија, со кои на албаницте ќе им се гарантира автономија или специјален статус. Албанскиот јазик ќе добие статус на официјален јазик, покрај македонскиот во сите општини во кои живат албанците.

Почитувани пратеници од сите примери може да се забележи континуитет, за воспоставување од држава во држава, која покрај другите обележја би требало да имаат и своја војска. Таква војска, од соопштението на МВР и од Информациите од македонскиот печат формирале високи владини функционери, офицери на македонската армија, кои според обвинението се обвинети за кривично дело здружување на непријателска дејност и напад врз уставното уредување на Република Македонија, за кое што претставниците на МВР презентираа докази и не кои од нив ги видовме пред ТВ камерите, како што е на пример компјутерскиот центар на паравојската.

Господине Бранко Црвенковски, Вие ги предложивте споменативе господа во Владата, тие седат со вас во владините фотелји и најголемиот дел од одговорноста е лично ваша како прв човек на Владата.

II/2.-

Јас Ви предлагам, заради вашиот морален и психички интегритет на личноста, особено што се работи за млад човек да си поднесете оставка. Тоа ви е последна можност да го сочувате личното достоинство и да овозможите во Република Македонија да функционира нормално демократијата, да овозможите смена во власта. Тоа е моментално примарен интерес на нашата независна Република Македонија.

Дозволете, да се формира нова Владата, евентуално чиновничка, која во најкраток рок би ги подготвила изборите. Во спротивно, нашата држава ќе доживува уште поголема криза и разнебитување. Независно од резултатите на гласањето за доверба на Владата, партијата на која и припаѓам ВМРО-ДПМНЕ, нема да дозволи делби на територијата на нашата држава, ниту пак колежи и чистење на македонците, Нема тоа да го дозволиме по никоја цена. Ние не сме за војна, туку за решавање на проблемите преку^/институциите ан системот по демократски пат. Ми се чини дека тоа досега во текот на изминативе три ипол години, го докажавме.

За решавање на правата на малцинствата во рамките на уставните решенија, но се што е незаконско, не уставно што значи растурање на нашата држава и народ, ќе го спречиме со сите сили.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Господин Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, не е никаква тајна дека Република Македонија се наоѓа во прилично сложена ситуација, како на внатрешен, така и на надворешен план.

Околу надворешниот, не би сакал многу да зборувам, самото опкружување и апатитите на> соседите кон Република Македонија доволно говорат сами за себе.

Исто така, не е никаква тајна дека на територијата на Република

II/3.-

Македонија се судруваат интересите на четирите соседи и нивните известителни служби. Така, Република Македонија стана своевиден полигон за многу разузнавачки служби, кои во Македонија испробуваат некои идни, според нивно сценарио, предвидени планови.

Околу внатрешната состојба има многу да се говори и на кој ВМРО-ДПМНЕ, како партија цело време укажуваше. Но, очигледно е дека нашите укажувања и заложби за расчистуваше на внатрешните состојби беше разговор со глуви. Пред се, тука мислам на расчистувањена состојбите во меѓународните односи и поставување на работите во функција на правна држава. Патем речено целата одговорност ја сноси Владата на Република Македонија т.е. коалицијата на СДС, ПДП, НДП, Либерална партија, Социјалистичка партија, заедно со ПЦЕР. Што значи дека Владата е единствена одговорност за оваа катастрофална состојба на внатрешен план, како на економско социјален, така и на безбедносен план.

Што се подразбира, господо пратеници, кога зборувам за економско социјален план или подобро кажано економско - социјалната катастрофа. тука, пред се, би ги спомнал пензионерите на кои им се украдени три пензии, буквално три досега, а во иднина господ знае преку 200 илјади наработени технолошки вишок, работници кои не примиле плата, 2, 3 и повеќе месеци, што значи дека работат за црни очи во истиот контекст би ја спомнал и хаваријата на РЕК Битола, за која очигледно ситните риби ќе го извлечат најдебелиот крај, а организаторите на оваа невидена диверзија задоволно ги тријат рацете од успешната работа, во наводници нормално.

Следствено морам да ги спомнат митото и корупцијата како одомаќинет пристап за решавање на сите проблеми од доменот на бизнисот и пошироко. Само ќе ве потсетам дека поставување на Фри-шоп, господа пратеници на граничните премини со другите соседни држави чини 150 илјади германски марки од џебовите на високи владини функционери.

II/4.-

Контингент нафта со Србија, иако постои ембарго од Обединети нации чини 200 илјади германски марки. Купување на деловни простории во самиот центар на градот Скопје по багателни цени, или подобро речено скоро без пари од истиот естаблишмент.

Приватни фирми на министри или Владини функционери, жолти бели, или црни фиктивни, за кои во "Нова Макротија" поопширно пишуваше, а сепак влакно не им фали од главата. Истите тие господа се од естаблишментот. Ова многу добро и е познато на Владата и на премиерот Црвенковски а верувам дека и на господинот претседател Киро Глигоров. Но, ништо од сето ова господо пратеници,едноставно се замижува пред сите овие неспорни факти, за кои верувам дека Министерството за внатрешни работи има валидни докази.

Како заклучок од сето горе наведено, се наметнува прашањето колкава е уделот на господинот премиер во сите овие зделки. Затоа што, господа, без негово знаење, а верувам дека ништо не може да профункционира, едноставно се работи за организиран криминал и тоа во редовите на највисоката извршна власт, во редовите на Владата на Република Македонија.

По патно би го потсетил господинот Црвенковски Бранко за неплатената кирија за месец мај - јуни во износ од 341 денар. за гага добиениот стан во порта Влае, поточно на булевар Партизански одреди број 155 - 1/71. Доколку не ја плати така стои во барањето, тужителот ќе биде принуден да покрене постапка за присилно иселување и тоа може да му се случи н а еден премиер на Влада, во овој случај на премиерот на Владата на Република Македонија, господо пратеници.

Околу безбедносната ситуација и последниот настан, формирање на албанска паравојска, која длабоко ја вознемири македонската јавност, би го изнел следното. ( не е смешно господине премиеру, воопшто не е смешно).

II/5.-

Неспорен е фактот дека ВМРО-ДПМНЕ константно укажуваше на овие состојби но очигледно е дека лично на власт се ставаше над националните и државните интереси. Впрочем, во овој контекст интересно е да се слушне, она што долго време се промовираше и се уште се промовира во оваа квази граѓанска држава во која македонците се граѓани од втор ред, буквално од втор ред, а сите останати малцинства граѓани од прв ред. Значи дека отпаѓа и помислата за сожителство во која македонците би биле граѓани од втор ред. А што според мене значи долго експонираното сожителство презентирано од страна на претседателот Киро Глигоров и актуелната болшевично - албанска власт. Тоа е еднакво на довчерашното комунистичко братство и единство, но во секој случај би било прифатливо доколку резиденцијата на господинот Глигоров и останатите ...

**СТОЈАН АНОДВ:**

Господине Флоровски, Ве молам ние двајцата да се разбереме. На дневен ред е довербата на Владата. Ако сакате Вие да зборувате за господинот Глигоров, за претседателот на Републиката друго е постапката Само за доверба на Вадата, ве молам. Инаку, ќе ви земам збор. Ве молам продолжете.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине претседателе,...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право вие да ми утврдувате, туку продолжете. Ве опоменав и нема со мене да расправате господине Флоровски. Продолжете, продолжете.

**АЛЕКСАНДАР ГЛОРОВСКИ:**

Јас се извинувам господине претседателе, но ваков однос навистина е недозволен.

II/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е односот што е по Деловник и по Устав.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Вие деловникот си го кроите како сакате и умеете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само продолжете за тоа што е на дневен ред.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во ред, не мора да се нервирате, ќе прекинам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако сакате нешто друго на дневен ред, ќе го ставите.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господа пратеници, како потписник на барањето за одговорност на Владата сметам дека последниот настан со откривањето на така-наречената сеалбанска војска, се покажа и докажа дека оваа Влада веќе нема никаков кредибилитет за понатамошно отстапување. Според тоа, време е да ги напуштаат удобните министерски фотељи и да ги препуштат на други и на кои нацијата и државата не им се туѓи. Но, пред да си одат треба да сослушаат тие што треба да заминат од функциите, министри, со целосна одговорност пред македонскиот народ. За албанците министри, Владини луѓе од истото малцинство воопшто не сакам да дискутирам. Впрочем, нивното министерување нели е само параван за нивните сепаратистички намери.

Но, што, господа, со министрите македонци, барем тие така се декларираат и нивниот премиер Црвенковски како можат да дозволат во нивните редови да седат луѓе со јасни антимакедонски ставови и цели. Како можеа да дозволат пенетрација на луѓе докажани се паратисти во извршната власт. Пред се, тука мислам на помошникот министер за Народна одбрана Хусеин Хаскај и вице министерот за здравство Имер Имери.

II/7.-

Првиот, со подебело досие од времето на едноумието со своите не така наивни активности, требаше да бидат јасен сигнал за кој се работи и претпоставка за неговите крајни цели.

Интересно е да се слушне дека овој господин е поставен исклучиво по заслуга на Бекир Жута, потпретседател во Владата ан Република Македонија. Барем спрема она што пишува во весникот Пулс.

Следствено наивно би било да се поверува во соопштението на министерството за народна одбрана во кое се вели дека горе-споменатиот господин не бил во можност да дојде до строго доверливи документи, за што сметам дека е глупо и да се разговара. Како може помошник министер за народна одбрана да нема допир до строго доверливи материјали.

Целта на соопштението е само едно, прикривање на состојбите после пробивот во строго доверливите материјали и минимизирање на аферата со крајна цел опстанок на коалицоната Владата и понатамошно владеење на болшевиците и албанците.

Вториот клучен човек во овој заговор Имер Имери, мора да се каже дека овој господин бил главниот курир меѓу таканаречената се албанска војска и главниот центар во Албанија, т.е. министерството за народна одбрана на оваа држава. Колку да ве потсетам дека овој господин случајно патувал со Владино возило на владин трошок, што значи со парите на македонските даночници, работен против интегритетот на Република Македонија. Чиста трагикомедија, господа.

Како Вице министер во Министерството за здравство имал јасна задача да ги лечи македонците со оружје и куршум на чело. Чист пример за лојалност кон македонската држава.

Исто така, се поставува прашањето дали овој господин, дел од лековите добиени како хуманитарна помош на Република Македонија не ги лиферувал во тајните болници и скривници на таканаречената сеалбанска армија и што е најинтересно господинот едноставно испарил

барем спрема сознанијата од средствата за јавно информирање и никој ништо не знае за него, па дури и неговиот претпоставен министерот за здравство Тофовски, кој сега е присутен тука. Значи, господа пратеници, се работи за операција од огромни размери во кои биле вклучени огромен број на луѓе. Иако пред скоро цела недела министерот за внатрешни работи на двапати проба, велам проба да не убеди дека кругот се затвори и дека повеќе замешани нема. Во тоа лично не успеа да ме убеди, а верувам ни македонската јавност неговото влетување во студиото на македонската телевизија и неговите повторени сознанија од прес конференцијата доволно говорат дека во прашање не е обичен шверц со оружје, туку антидржавен заговор и рушење на уставниот поредок на Република Македонија. И она што е најтрагично, и би рекол трагикомично господинот Фрчковски цело време сака да не убеди дека ова нема врска со партијата ПДП, дека тоа се граѓани шверцери на оружје итн. Сето ова се сведува на следното, сите уапсени се членови на ПДП хиерархиски од највисок до најнизок ранг. Што би требало да значи дека зад овој заговор недвосмислено стојат екстремистите, реков екстремистите од партијата за демократски просперитет. Секоја друга интерпретација е мачкање на очи. Но, и тоа е сфатливо за мене, разоткриеноста на вмешаноста на ПДП во оваа цела ујдурма би значело пропаст на коалицијата, а со тоа и распад на толку валеното сожителство.

Свестено би било интересно да се слушне и гласот на претседателот, кој смета дека е прв човек на оваа држава и би требало да ги знае овие состојби, што би имал сега да каже на она што цело време се доживеа. До колку ВМРО ДПМНЕ би имал глас, би имало војна. Што во ситуација каква што е оваа, господа. Дали сега ВМРО ДПМНЕ е виновен за настанатата состојба во која се наоѓаме. До каде не доведе мудрата политика на државното раководство креирано од првиот човек на Републиката господинот Глигоров.

II/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, зборувајте за Владата.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во ред, господине претседателе, Прифаќам.

Политика на сожителство, покрај политиката на сожителство, се покажа катастрофална, чиј најсвеж пример е апсењето на групата. Политика која полека,. но сигурно не носи во пропаст, политика чиј крајни консеквенции допрва ќе ги видиме и ќе ги осетиме. Да не ме разбере некој погрешно, не барам никој да се убие или ликвидира, а уште помалку да се врши геноцид на некое малцинство. Едноставно работите да се стават на своето вистинско место и да профункционира системот на правна држава. Затоа што, господа, не ценејќи се самите себе, верувајте, друг воопшто нема да не цени, а уште помалку да не почитува.

Како резиме на сето горе презентирано, сметам дека оваа Влада, уште еднаш ќе повторам нема кредибилитет за опстојување, па според тоа, време е едноставно да исчезне од нашиот видокруг.

Околу улогата на претседателот на Републиката господинот Глигоров, не би сакал многу да говорам, неговорам господине претседателе немојте да се нервирате, господине претседателе, впрочем, многу пати досега е укажувано, барем од наша страна од страна на ВМРО-ДПМ на сите можни последици од мудрата политика на сожитслтво. Но, неспорен е фактот тригодишната политика на сожителство креирана и водена од првиот човек на оваа држава пукна како меур од сапуница. Сметам дека отрезнувањето е неминовно, па според тоа време е на промена на колосекот.

Благодарам на вас господине претседателе што ме прекинувавте цело време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Трпчевски.

II/10.-

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседатле, дами и господа, како потписник на образложението за свикување на парламентот за запоставување на доверба на Владата на Република Македонија се приклучувам од следните појдовни основи.

Настаните што се случија пред десетина дена со објавувањето на откривањето на паравоени формации што требало да се формираат на територијата на Република Македонија, запленување на доволен број на оружје и друга воена опрема, откривањето на центрите за информирање во Тетово, а и организираниот центар во Гостивар, притворањето, односно затворањето на осум члена на оваа формација што требал да се организира во Република Македонија, а подоцна уште еден човек односно деветтиот член, најголем дел од нив жители односно граѓани не Република Македонија, а еден од сојуз на Република Југославија. Ова може би толку не би било чудно, може би и би се сфатило како и нормална појава, да не учествувале и високи Владини функционери и во образложението, а и претходните дискутанти беа изнесени, а се однесуваше за заменикот министер за здравство на Република Македонија, како и потсекретарот во министерството за одбрана на Република Македонија.

Ова мислам дека претставува една голема тежина и без да се бара некакво образложение, би требало Владата на Република Македонија сама да си поднесе оставка, бидејќи во демократските земји вакви појави кога ќе дојде до откривање на службени тајни, поготово кога с работи за тајните за одбраната на државата, како што беше пред петнаесетина години со секретарот на Владата на Бонскиот канцелар Вили Брант, сама си поднесе, односно претседателот, а со тоа и самата влада. Така што не постоеше никаква потреба, барање на опозицијата да бара поднесување на оставка. Поготово, ова уште повеќе што во оваа работа се замешани и членови на партијата ПДП, која што претставува и коалиција, која што претставува член на коалиционата Влада на Република Македонија.

III/1. РД/ЉР

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:** (продолжение)

Понатаму, кога расправавме порано за доверба на поедини министри, а тоа беше и за министерот за градежништво за настаните кои што се случија во февруари месец 1993 година во нас. Горче Петров за намерно импутирано градење на бегалски логор по член 54 а се знае дека на тоа место беше донесен Главниот и урбанистички план, односно основниот урбанистички план, со што сето тоа земјиште беше градежно урбанизирано и се донесува една одлука на Владата со што мислам дека такво нешто не требаше да настане. А се знае дека жртви на тие места беа граѓаните на Г. Петров кои што во текот на тие изминати денови во тоа студено февруарско време настрадаа не само физички што беа нападнати, туку и со хемиски средства. Епилог на сето тоа беше и Уставниот суд на РМ во мај месец кога се донесе одлука дека навистина се забранува градење на тој терен на Бегалскиот камп за бегалците од Босна и Херцеговина. Тоа беше уште еден додаток, бидејќи Владата на РМ ја донесе таа одлука по член 54 да се гради тој Бегалски логор.

Што се однесува до низата укажувања во однос на сферата на образованието, мислам дека и Минситерството за образование на чело со министерот г-динот Бајалџиев, како и самата Влада сносат голема одговорност за сите неправди што се одлучуваат на терените на Западниот дел од Р-М., со дозволување на регистрирање на диво изградените училишта, регистрирање на диви паралелки, незаконско бележење на документацијата во сите сфери, односно во сите училишта во западниот дел на Р.М. Дури од мај месец наваму со одобрение на министерот, а најверојатно и од Владата, дојде и до промена на поедини имиња на училиштата во Западниот дел од Македонија, а во овој случај јас ќе кажам кога беше интерпелацијата за доверба на министерот Бајалџиев, изнесов тогаш не знаејќи дека родителите и наставниците од

Основното училиште "Братство" имале закажано истиот тој ден состанок и со министерот г-динот Бајалџиев и со претседателот на Владата г.диниот Бранко Црвенковски. А заправо пред да појдам наваму истите и родителите, како и претставниците од истото училиште ни доставија барање, кое што како претставник на овој Град Тетово, само неколку реченици би ги прочитал да се запознаете, бидејќи се однесуваат точно на сферата од образованието. Општо ви е познато а и лично со какви проблеми се зафатени учениците, вработените и родителите на учениците во ова училиште "Братство и Единство", секојдневно физички напаѓање и малтретирања на учениците Македонци. Обврската на родителите може или не може своите деца да ги носат и земаат, никакви контакти, навредување, омаловажувања, заканувања и бојкотирање на наставата. прво имаше бојкотирање од страна на македонските ученици, а потоа и од албанските. Потоа состојбата дојдена е до точка на вриење, а сето ова поддржувано од највисоките државни органи, почнувајќи од претседателот на Владата, министерот за образование и физичка култура г-динот Бајалџиев, одговорните во подрачната единица во општина Тетово и до други институции. Сите овие работи неколкупати во последниве месеци јавно се кажани и изнесувани преку средствата за јавно информирање на државата и целата јавност е запознаена. Ве потсетуваме на обврските како пратеник и претставник на вашите избирачи лично да инсистирате оние што придонесоа да дојде до ова, значи се мисли за промена на имињата на училиштата, а во последно време се нуди, како што и самиот министер Бајалџиев беше, изнесувано некој компромис ова училиште наместо"Мигени" да се вика "Рацин - Мигени што родителите и учениците македонци воопшто не го прифаќаат. Па да ја дочитам реченицата, како пратеник и претставник на

вашите избирачи и лично да инсистирате оние што придонесоа да дојде до ова, веднаш да ги ослободат местата кои не ги заслужиле, а потоа и да ги сносат и последиците, во оваа смилса се мисли на оставка на поедини членови на Владата па и најверојатно и на целата власт.

Мислам дека некои од претходните дискутантиизнесоа и за други работи што јас не би сакал да ги потенцирам. Меѓутоа, овие три доволни се за да Владата си поднесе оставка, со што и се придружувам како потписник на оваа барање.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дините претседателе, дами и господа пратеници, пред да поминам на оваа точка која што е многу важна, за живеењето на РМ. и воопшто состојбите, сакам да упатам една критика и едно прашање до јавните гласила, заради тоа што тука бев прозиван на некој начин како партија. За состојбата што се случи во Македонија за паравоените формации дадовме службено соопштение и тоа телеграма до јавните гласила, односно до Македонската телевизија, никој ништо не рекол. Дури идентитетот на партијата е покри- јан во социјалистичка партија. Дури имаме испратено писмо до директорот на Телевизијата, јас молам Владата да преземе мерки.

Сакам да кажам нешто по барањето за оставка на Владата и за состојбите. Бидејќи се спомнаа овде многу работи се обраќам до вас г-да пратеници до јавните гласила и до граѓаните на РМ дека граѓаните се во еден голем немир во РМ, претставниците на мојата партија беа малку на шетање, таму каде што живеат граѓаните има и други националности и македонци се разбира и денеска тие очекуваат од нас да дадеме соодветни одговори. Затоа сакам да укажам дека тоа што е направено,

тоа е за осуда, купување и продавање на оружје се знае дека тоа не е за глувци и за мачки, туку е за нешто друго тоа што се прави во Босна, овој народ тоа не го сака, не го пожелкува и до кога тој синдром дали ќе остане како рак-рана и што ќе биде понатаму, треба да '"се расчисти. Треба во свеста на луѓето тоа да се расчисти. Оваа држава се вика Република Македонија и ќе живееме сите заедно. Имаме примери што се случува во онаа Бивша Југославија. Морам да ви посочам еден пример токму еднаш кога една ваква многу лоша работа се случи, токму во Арми- јата не повикаа на резерва, сигурно имаше повеќе од 200 илјади резервисти па учевме склапање и расклапање од пушка до митралез, па ме замолија јас да кажам нешто покрај останатите што кажаа високи функционери. На крајот јас прашав дали научивме покрај склапањето и расклапањето, против кого треба да пууаме. Ова прашање е многу важно и заслужува големо внимание заради тоа упатувам апел и до нашите колеги пратеници од ПДП -НДП до сите албанци во РМ и до сите други националности во РМ дека ќе мораме многу да размислиме за таа ситуација, а факт е дека и во други подрачја во РМ фатени се и откриени тие паравоени формации; и верувам дека нашите судови ќе најдат соодветно решение и за ваквата состојба. И само тука е излезот никаде на друго место. Нема место на друго место да се расправаме , ние може само демократски вака кака како што сакаат господава и како се декларираат дека е тоа демократија. Демократија била е порано, демократи«ја. е и сега, демократија ќе биде и понатаму , ќе расправаме за случајот и за овие ситуации. Навистина многу е тешко што се нашол еден таков човек внатре во Владата. Се нашол на местото помошник министер за Народна одбрана Меѓутоа секаде и во секоја земја се наоѓа по нешто такво. Нам ни се познати некои афери Вотергеј, Иренгеј. Во

многу поголеми држави, во многу поголеми функционери од нас овдека. Но ете се случува. Можам да речам дека имаме спремана полиција, спрема разузнавачка служба и тие служби треба понатаму да бидат многу побудни, а и народот во РМ>, граѓаните да бидат многу побудни. На време да се спречат овие работи, зашто војната почнува со еден куршум, а таа не завршува со еден куршум. Користејќи го ова прашаше, користејќи ја оваа ситуација се нафрливме и на други прашања, почнувајќи од кражбата на девизите, завршувајќи со неисплатата на пензиите итн. Деновиве за среќа соработувам со претставници на други држави за едно многу важно прашање од обласата на културата, како што и секоја партија оди на разговори, владее мислење дека ние треба да знаеме што сакаме во овој момент. Каква оставка бараме од Владата Знаеме ли ние преку код начин да дојдеме до Меѓународна банка за обнова и развој, да дојдеме до таа свежа крв што се вика, свеж капитал преку Европската банка. Зарем толку сме слепи да не знаеме што значи Меѓународен монетарен фонд и толку време тие да изгубат овде, да постигнат одредена согласност заедно со нашата Влада и тоа ќе дојде до овде да расправаме, па после тоа ќе уследат тие наши долгови, односно исплата на долгово, односно нови кредити за реформи на нашето стопанство и доколку ние денес го направиме што сака да се направи од една страна, тогаш нови преговори да видиме со кого сме партнери. Не треба да се крие Владата зад ова прашање. Ако треба ќе трпи и уште 100 години само кога ќе дојдеме ние на власт тоа да го направиме. Мислам дека неисправно излегуваме пред граѓаните на РМ и ако овде се зборува дека оваа Република Македонија е најлошата во бивша Југославија, некој таму голем стручњак се смее, јас сакам да кажеме дека сите дипломатски претставништва ја фалат Република Македонија и мислат дека ние треба да бидеме многу внимателни во овој момент. Со голема внимателност да пријдеме до секое прашање. За

тоа што сите нас не следат како ќе се ориенти- раме према едно или према друго прашање и за сите прашања. Иако не признаваат лека по лека, меѓутоа ние сме следени како субјект за следење и не смееме да дозволиме никаква грешка. Демократски да се расправа за ова прашање, ова е големо прашање, не е мало. Јас некни го слушав и претставникот на Франција на телевизија. За црека дента имав разговор со него се повтори истото и нешто повеќе разбрав од него и од други дипломати. Сакам да речам дека во интерес на РМ граѓаните на РМ е ние да водиме доволно сметка за се она што не опкружува, за тоа што е внатре. Заради тоа што ние знаеме тоа што е внатре, да не настанат внатрешни немири. Да им го вратиме спокојството на луѓето. Ако не секој од нас колеги и пратеници но секој втор има од на некој надвор од Република Македонија од било која држава. Тие сакаат да се вратат во својата држава. Меѓутоа стравуваат од војна. Заради тоа немојте само на себе да бидете душмани. Било кој од вас ќе покрене рака на било кого, на било кој сосед, за било кое прашање. Ќе крене рака на своето чедо, на своето поколение. Заради тоа одговорноста врз вас е на сите нас и поединечна и колективна. И како национален колективитет и како народ, и како етничка група и како било што, наша е одговорноста. Критикувајќи, давајќи критички осврт на РМ за се она што постои во РМ од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сакам само да се послужам со еден збор: "хик родос, хик салта", тоа да му го преведеме на народот, јас знам дека вие знаете што значи тоа. Атиљаните кога биле на натпревар во Рим тој што бил од Атина рекол во Атина можам да правам триста салта на Родос. Му рекле замисли дека е овде Родос и овде можеш да правиш салта. Сакам да речам дека имавте еднаш или двапати време да бидете во Владата и да ја следете демократијата по ваш терк и односите што се случуваат да ги средите по ваш терк. Не прифативте такво нешто.

Според тоа, барајте ја причината кај вас, можеби ќе имавме поголем мир во РМ, поголем благодет во РМ. Можеби пензиите ќе беа испатени навреме и можеби и повеќе пензии ќе исплатевме, можеби и стопанството ќе делуваше во целост, можеби ќе делувавте Хрватска да ни помогне толку за да престане војната во Босна. Можеби се ќе беше, меѓутоа не сакавте. Немојте вината да ја барате само кај други.

Завршувајќи го своето излагање, би ве молел за поголема конструктивност кон ова прашање и во никој случај недоверба на Владата. Мораме да гледаме пред себеси ако не повеќе 10 метра. Што правиме. Мораме и назад да мислиме што ќе остане. Затоа што Турците велат правете што ќе правите, мислите за позади.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство,

Бидејќи и од првите настапи гледам дека основна тема или една од основните теми на расправа за довербата на Владата стануваат последните случувања со акцијата на МВР, мислам дека можеби е корисно да дадам неколку прецизирања на Информацијата која ние ја доставивме до Владата а на Прес-конференцијата ја кажавме на јавноста, како би можело можеби некои аспекти да се погледаат во една нова интересна светлина.

Имено, како што знаете, оние што сакаат тоа да го видат, ќе го видат, македонската јавност е поделена, мислам дека тоа го гледа, Министерството за внатрешни работи не само со оваа акција, туку со постојаното залагање за различни случаи или за ист ваков вид на случаи помали или поголеми, континуирано ја врши својата со закон дадена работа, континуирано, како што можат да почувствувате во

секојдневниот живот, опасноста од спротивни криминални дејанија практично се елиминирани, што е редок случај, ќе повторам во било која посткомунистичка земја да ја земете во анализа, а посебно сите земји во регионот. тоа е факт кој не мора за тоа да информира министерот за внатрешни работи, ниту било кој член на Владата. Тоа е факт што граѓаните го делат меѓу себе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:** (Продолжение)

Второ, оваа акција која по обем е поголема, која зафаќа делови кои во претходните акции не беа зафатени е направена со подолгогодишно следење, па некои луѓе јас веќе реков и две години се следени меѓу нив, кои прават обид за илегален увоз на оружје и обид за формирање на паравоена формација, во моментот кога за тоа се собрани доволен број докази да може таквата акција да се ефектуира во кривични пријави, тоа е направено.

Она што во Министерството се водеше од почеток до крај и што е по наше мислење израз, суштина на било која правна држава е да овој вид на активности се завршуваат со судски процеси. Да не се обиде да се падне во она што се нарекува политичка хајка, која по- натаму пред меѓународната јавност пред се, ќе ја фрли во сенка целат акција која ќе фрли сенка на случаите што се кристално докажани и веројатно во судскиот процес исто така ќе бидат докажани.

Една грешка со конструкција, со апсење или со кривична при- јава која не е основана само за тоа што се зборува така, затоа што се мисли така од некого или што некој нему не се допаѓа може да се направи онаа класична грешка на политичка хајка која понатаму е крајно контрапродуктивна за целата акција и за целокупната активност на Министерството, на Владата во целина, бидејќи како што знаете, ние сме изложени, а тоа е неопходно, на меѓународна транспарентност, погледи од меѓународната јавност и посебно на овие теми со четири очи гледаат. И, веројатно е тоа добро-

Оној круг што Министерството го отвори и затвори околу поднесувањето на кривичните пријави, во текот на судскиот процес, тоа не можеме ние сега да го предвидиме, тоа е работа на судската власт, за среќа тука се вклучени не само егзекутивата туку и третата власт, така

што сите овие прашања на некој начин одат најмалку низ две сита, што е додатен аргумент за правната држава и за начинот на кој работите едноставно нормално се поставуваат, целиот тој процес ќе оди понатаму и од сега не можат да се предвидат какви ќе бидат последиците, односно заклучоците на судската власт. Тука не сакам воопшто да се мешам.

Она што е методолошки битно за целата акција, да не повторувам, тоа го кажав во јавноста неколку пати, е дека нема да отстапиме, независно од желбата за политичка употреба од некои политички субјекти на целиот случај, нема да отстапиме од единствениот правен регулатив да се поднесува кривична пријава тогаш кога се има докази за тоа.

Од тој аспект,последната, можеби манипулирана информација во јавноста околу заменикот за министер на министерот за здравство, она што ние располагаме околу целата работа ќе го кажам следново:

Поднесовме кривични пријави за сите оние за кои имавме докази. Никој нема да биде поштеден во она од аспект на она што претходно го реков, доколку постојат судски докази околу тоа. Но, исто така суштинска грешка е да се направи исчекор и да се даде квалификација тогаш кога нема доволен број на судски докази.

Оттаму, нашата информација околу тоа е дека ние за ниту еден друг член на владината структура или за администрацијата немаме такво нешто покренато.

Каде е господинот Имери, ние не ги следиме членовите на Владата, па да знаеме каде се тие. Тоа ќе биде работа која ќе остане отворена во следниве денови што се пред нас.

Она што сега сакам посебно да го кажам е реакцијата на така-наречената национална опозиција и на еден дел од политичките партии што се обидуваат до драматизација на овој случај да му дадат сосема друго течение. За жал, во рамките на играта која што и од надвор се

наметнува овие денови, овие месеци на Македонија. Можеби во најсмешна ситуација, по моја оценка е токму таканаречената национална опозиција. Едноставно се затечени со ефикасноста и успешната акција на Владата (уфрлување од место при што претседателот опоменува за ред со ѕвонење). Во тој контекст, посебно на оваа линија за спречување на секој обид за загрозување на уставниот поредок, многу непријатно, веројатно за секој партиципиент од тој дел е определувањето на јавноста кон таквата акција на Владата. Сериозно може да биде загрозен класичниот обид за сеење перманентен страв, дека некој не ја контролира работата, дека утре ќе се случи нешто друго. Со ова тие се сосема различни аргументи, сосема различни димензии на целиот случај, сосема јасно се гледа дека владините институции дефинитивно ги контролираат безбедносните, сите аспекти на безбедноста на Републиката, дека ја држат работата под своја контрола во рамките на законот и Уставот што ним им се дадени.

Истовремено, меѓународната поддршка за овој тип на акции, чисто, затворен со докази, во процедура која завршува на суд има неподелена меѓународна поддршка што повторно значи дека меѓународна поддршка нема другиот обид на политичка хајка.

Четврта тема, четврт факт во целата акција, сепак тие треба нешто да кажат, бидејќи фактички тоа е "нивна тема", тема во која сметаат дека пливаат, сметаат дека меѓунационалните односи се тема на која мораат нешто да кажат, а овој случај некако ги допира, сметаат. И, тој напад го градат на две тези:

Прво, дека тие секогаш опоменувале на вакво нешто во однос на Албанците посебно и

Тезата што ја слушнавме денеска, а која е постојана теза од почетокот, тоа е дека политичката конструкција на соживот е невозможна во Македонија, дека работите треба конечно да се стават на свое место. Имено, луѓето да се поделат, веројатно, во две-три категории и дека

алтернативата на невозможноста да се има соживот во Македонија е она фактички што го слушнавме од една соседна земја Дека ние сме пред прагот на граѓанската војна и дека на тој начин веројатно ќе се дефинира конструкцијата и основата во која, евентуално, идната или конструираната македонска држава може да опстои. Ако воопшто таква има после таква операција.

И, втората теза, уште потешка задача што во јавноста ја слушнавме , тоа е Министерството за внатрешни работи сега да се издвои од Владата, да му се дадат комплименти за успешната акција, парцијално, за оваа акција, а Владата да се обвини за се, за неефикасност, за непрофесионалност, за губеше на контролата. И, тука се игра на елементот на кратко паметеше пред македонската јавност, исто така, што се мислело, што се изрече овде за тоа Министерството и за Владата во целина како ударна тупаница, фактички, на Владата е тоа Министерство, за непрофесионалност, за политичка полиција, за општа репресија која најчесто тогаш беше насочена, по нивно мислење кон една популација, сега кога е кон друга тоа е професионалност, тие мислат дека е кон друга тогаш е професионалност, крајна објективност

И, оној класичен синдром кој треба, веќе пред ова Собрани тоа е пракса, да се фалсификуваат фактите. Имено, да се оди кон една наводно добра информираност. Јас овде директно ќе кажам сега дека дел од партиите што тоа го имаат, појма немале што се случува и дека тоа едноставно ги затече и дека биле лошо информирани, се лошо информирани, веројатно од начинот на кој тие инсистираат да се информираат, течењето на податоците од страна и понатаму можам да тврдам дека ќе бидат, ако сметаат на тоа, лошо информирани. Нивото на информираноста го видовме што го контролираат, тоа се неплатен: телефонски сметки, станарини, од прилика тоа е нешто што сигурно можат да тврдат за членовите на Владата.

IV/5.-

И конечно, бескрупулозна политичка употреба на случајот. Сега сакам на ова да се задржам.

Што е целта на драматизација на случајот? Јас претходно сакам да го кажам следното, да го повторам следното, ниту еден случај овде пред македонската јавност, директно, што се однесува до нас нема да остане простен ако е покриен со докази за било каква антиуставно дејствување на било кого. Тоа е наша уставна и законска должност и од тоа нема да отстапиме, независно кој што мисли за тоа и кој конкретно мисли дека ќе биде погоден.

Но, истовремено сакам малку да анализирам овде што значи тезата за вовед во граѓанска војна во Македонија. Тезата за паѓање на соживотот. Објективно да го процениме тоа, сега.

Единствен заклучок од тоа е дека работите во Македонија не се расчистени и дека треба да влеземе во фаза на расчистување на работите, посебно со националностите. Да не ве потсетувам на тоа од која уста го слушнавме тоа минатата недела, оваа теза. Сега, од националната опозиција ја имаме истата теза во Македонија, внатре Не е случајно подудирањето на изјавите на лидерите на политичките партии кои имаат и имале а и сега имаат своја мрежа на територија на целата бивша Југославија, со изјави на политички партии што се сметаат за национални партии. Потполно исти изјави. Не е случајно воопшто што имаме инцијатива за посебно заседание на македонскиот Парламент на тема - Безбедносна состојба во Македонија. Што тоа треба да аргументира? Тоа треба да аргументира дека таа безбедносна состојба е на тоа ниско ниво, мора Парламентот да ја расправа и дека ние сме тука некаде на прагот на судирот што утре ќе се случи. Таа теза ја слушнавме од претседателот на една соседна држава и еден друг министер за надворешни работи. Теза, која е последната, очајна теза за запирање ан признавањето на Македонија. Сега ја слушаме од внатре.

IV/6.-

Таа линија е извлечена целосно. Како можеме, објаснете ми, да убедиме било кого надвор ако на овој начин аргументира таканаречената национална опозиција дека тоа стварно не се случува. А, што значи тоа понатаму? За било кој кој се занимава со политиката на елементарен начин и ги има елементарните податоци значи дека Македонија треба да се прогласи за кризно подрачје, ако ние сме во предворјето на етничкиот судир. За што нема ниту еден реален аргумент

Акциите на Министерството ќе бидат и сега и утре во секој ваков случај. Да не мисли некој дека во таа смисла ќе се прави компромис или ќе се прави отстапка. Ова може и утре и задутре да се случи. Но, што тоа значи? Зар ние се наоѓаме во предворје на етнички судир ако е тоа така, ако има една акција, друга, утре четврта, трета. Како е тој заклучок, ве молам?

Тој заклучок, сме ако нема политички пред текст да ја прикаже состојбата на еден тенденциозен начин нема никакви аргументи во стварноста.

Што треба да прикаже изјава дека - туку што утре, утре требало да се случи убивање на македонските војници во Западна Македонија: Каква е таа изјава, ве молам? Каде, каде се фактите, нека ми ги покажат еве сега, овде велам нека ги покажат фактите што ги имаат околу тоа. Овде, на оваа говорница.

Да ја завршам тезата во таа смисла што значи да се прогласи Македонија за кризно подрачје, ве молам. Ако некој не може писмено да го разбере тоа, нека размисли двапати. Кризно подрачје за Македонија значи да се бутне во преговорите односно во Конференцијата за кризата за бивша Југославија. Тоа значи, и тоа се предлага.

Од друга страна, ако од внатре дадеме аргументи за тоа, јас не знам дали тоа навистина е тенденција од оваа линија, меѓутоа тоа значи да се бутнеме во, како кризно подрачје, во разговорите за кризата во бивша Југославија. Тоа значи таму да бидеме, а секој било кој се бави со

IV/7.-

реална политика може да го процени по одредена страна, и да бидеме предмет на расправа на туѓ стол, независно од нашето некакво учество таму.

Тоа е консеквенциите од прогласувањето на Македонија како кризно подрачје од воведувањето или коментари овде дека туку што утре треба да влеземе во граѓанска војна, дека Собранието мора да расправа за тоа, дека тоа прашање е темелно прашање за кризата на власта. Сосема обратно стои ситуацијата.

Јас го разбирам тој став. Реален е тој. Постојаното генерирање страв од што генерираат, веројатно, и гласови сега може да се растури за тоа што фактот на контролата на ситуацијата во македонска та Влада е евидентен. Фактот дека таа може да ги штити во секоја позиција, за секоја точка своите граѓани е евидентен. Тоа не може да се скрие. Тоа може брзо да се обиде да се покрие со пропаганда дека Владата сака да го заташка случајот, дека не сака да каже дека се подготвувале убиства- или рушења на касарни дека не знам што сака некого да покрие, обид за пропаганда за да се парира на една свест што продира во македонската јавност и што дефинитивно, верувам ќе продре независно од нивните обиди.

Велам, воопшто притоа или да се задржиме на една изјава на еден класично веќе традиционално конфузен лидер на една нова политичка партија во Македонија - дека истовремено треба да се забрани политичката партија, без аргументи онака да се забрани, а истовремено да не се подигаат националните тензии. Мислам таква конфузија, таква смешан ситуација влегуваат луѓе , политички субјекти кои немаат веќе аргументи, кои тлото го губат за манипулација, за ширење на страв. Оваа акција на Владата е директно во судир со тој генериран метод на ширење на страв меѓу населението и одржување на својата политичка сила на основа на тој генериран страв.

Толку, благодарам.

IV/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, тргнувајќи од потребата за итна седница на Собранието на Република Македонија како и фактот дека околу итноста се покреваше голема прашина и споредувајќи ја таа потреба со изнесените аргументи на денешнава седница на Собранието, мој впечаток е дека предлагачите на истата седница не само што не беа воопшто во право, туку ги изнесоа и повторија сите тие аргументи кои на разни седници на Собранието ги изнесуваат без оглед за која точка од дневниот ред се работи. А, тоа се:

Владата е неспособна, таа треба да поднесе оставка затоа што е во тесна соработка со Албанците и дека 11 ја продава Македонија".

Албанците треба да се лојални кон Партијата ВМРО-ДПМНЕ и да ги уживаат нивните права според нивниот рецепт.

Министерот за образование издал решение за основање на Педагошки факултет, а тоа, според рецептите на ВМРО-ДПМНЕ се казнува со смртна пресуда.

Пратеникот Положани наводно прогласил Република "Илирида" и мора да се затвори.

Пратеникот Мухамед Халили бил во состав на една странска делегација и наводно спречил Македонија да биде примена во ЌЕБС и ред други обвинувања до овој тип.

Многу е симптоматично што голем број пратеници на ВМРО-ДПМНЕ во недостиг на добар политички речник, добри политички знаења, во недостиг на добра волја за соживот со другите кои живеат во Република Македонија, без оглед на нивната национална припадност го губат чувството за реалност и поради нивната немоќ дури се склони да пројавуваат и извесна голема доза агресивност, што не е својствено за луѓе кои се занимнаат или прават обиди да се

V/1 ДВ/СЛ

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:(**продолжение)

Интересно е дека нивните дискусии често пати сакаат да ги аргументираат со извадоци од печатот на една странска земја а тоа е со извадоци од печатот на Република Бугарија, иако многу од тие нивни аргументи имале прилика да ги читаат, гледаат и слушаат во македонските средства за јавно информирање.

Мене лично не ми е јасно од каде нивната потреба да се угледаат во политиката на медиумите на една странска земја која ја признава само територијата на Републикава, но не и нацијата Нели е јасно од каде потребата изворите за настаните во република Македонија се добиваат од тајните служби на веќе недемократска Србија и диктаторот Милошевиќ.

Судејќи по фактот што веќе повеќе од два месеци во средствата за јавно информриање во Бугарија се објавува, па истото интервју се објавува после три месеци тука во Македонија и тоа пот пишано од сосема друг автор, за да истото после го објават и гласо - говорниците на ВМРО-ДПМНЕ или пак нивните толкувачи на идеите. Тогаш можам да заклучам дека се работи за една организирана кампања од страна на разузнавачките служби на Република Бугарија и бугарскиот печат, а потоа пренесена во Србија и српскиот печат и на крај изговорена во Македонија со ДПМН-евскиот печат. Значи сега јасно. Во содејство со Бугарија, Србија и дел од шовинистички расположените сили во Македонија треба да се објави општа кампања против албанците, војна против нив, а со единствена цел етничко чистење на Македонија.

V/2.-

Ако членовите на една шовинистичко расположена политичка партија се убедени дека правата на албанците ќе зависат од нивна та политичка волја, тогаш моја констатација е дека се во тешка заб- луда, па дури под услов и премиер да биде најголем ВМРО-вец. И министер за образование да биде дури и самиот нивни претседател, работите ќе се одвиваат така како што се одвивале досега, со една констатација дека ќе беше и дури подобро односно подобро ќе се одвиваат.

Она што е симптоматично во дискусиите и изјавите во некои од пратениците во таа политичка партија е обидот да се внесе забуна кај граѓаните македонци дека се политички многу помоќни од позицијата , дека имаат скицирани решенија како ќе ги решаваат проблемите во Република Македонија дека дел од Републиката ќе го спасат од наводната инвазија на албанците и дека "загрозените македонци" ќе ги спасат еднаш за навек, а тоа, ако се сеќавате, не е ништо друго туку пренесување на една фашистичка теорија на Милошевиќ во тлото на Македонија со исти образложенија како што тој ги претставуваше србите во Србија пред распадот на бивша Југославија.

Не чувствувајќи никаква потреба на некои политички дилетанти да им се извинувам за моите политички потези, не чувству- вам никаква морална обврска, по стотина пати докажувам, да ги објас нам моите политички ставови во однос на одредени работи што беа искажани тука пред микрофонот.

Меѓутоа, некои од отворените инсинуации изречени тука не само што се штетни за сеопштите односи во Република Македонија туку ако станат реалност тогаш ќе бидат опасни за самите односи, а тоа се: правото некои да има нешто што пак другиот не може да замисли дека му следува; Сето зло што го измислува една политичка а против

V/3.-

одредена група на граѓани да се прикажува како идеално дело за зачувување на интегритетот на Републиката. За мене е неприфатливо со колку голема нервоза , со каков драматичен тон, со какви пораки се зборуваше за минатонеделните настани во однос на откривањето на поединци или сосема мала група на граѓани од албанска националност кои се занимавале со активност на препродажба на оружје. Се измислија редица обвинувања. Организирани и диригирани од надвор со цел Република Македонија да се приклучи кон Албанија, да се загрози безбедноста на граѓаните и ред други обвинувања позна- ти од арсеналот на српската разузнавачка служба.

Лично сметам дека вакви појави се карактеристични за сите региони со воено опкружување. Насекаде ги имаше во сите бивши ЈУ републики, а најмногу ги имаше во Македонија и тоа организирани од ВМРО-ДПМНЕ, а директно командувани од Бугарија. Случај е аферата со продажба од Бугарија. Формирање паравоени формации од страна на ВМРО-ДПМНЕ со силен воен арсенал запленет од бивша ЈНА. Јавно промовирана гарда на Црномаров со свечени униформи . Постоење на јака паравоена формација на Голубовски со бројка од 12 илјади доброволци, според неговата изјава пред два дена. Цврстата мотивација на овие паравоени формации за масакр врз албанците и нивни иселувања.

Моја претпоставка е дека загрижени8$Фактот дека властите во Македонија сосема рамнодушно се однесувале спрема тие негативни појави, поединци или помала група на граѓани албанци се обиделе да најдат механизми на самоодбрана преку наоружување, што карактерите но во такви случаеви. Но во дадениот миг сметам дека се непотребни вакви форми на организирање затоа што албанците се активно вклучени во АРМ која е уставно задолжена да ги брани границите на РМ.

Тргнувајќи од тоа сметам дека сите треба да имаат ист законски третман затоа што со цел првите да не бидат пред законот привилегирани додека дискриминирани.

Сите настојувања од страна на некои од челниците на македонските национални партии ПДП да го стават во фокусот на збиднувањата,а во тој склоп да ја обвинат цела албанска националност, потполно се совпаѓа со сличните изјави и интереси на диктаторот Милошевиќ и на неговиот соговорник Папуљас, а тоа може да сигнализира за постоење на заедничка платформа против интегритетот на Републиката.

Цврсто сум убеден дека иднината на Македонија не зависи од волјата на диктаторот Милошевиќ и неговиот соговорник Папуљас. Таа иднина заеднички ја коват граѓаните на Македонија: македонци, албанци, турци и други. Доволно сме зрели да ги разликуваме ангелите од ѓаволите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор.

Господинот Ташко Киров бара збор.

**ТАШКО КИРОВ:**

Господине претседателе на Собранието. Навистина денеска јас да кажам, кога забележав дека седницата навреме почна очекував дека ќе имаме седница за почит и сосема во ред е она што кога некои пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беа поменати кога беше спомнато името на претседателот на Републиката. Но, јас очекував таа објективност да биде задржана и понатаму во водењето на седницата. Навистина на дневен ред не е ниту некоја странска држава, ниту

Република Бугарија ниту република Србија ниту господинот Милошевиќ, ниту господинот министер за надворешни работи на Грција ниту пак пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. На дневен ред е апсењето на групата албански граѓани и одговорноста на Владата околу овој случај и како што беше известено поврзаноста со Република Албанија (негодување во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, на дневен ред е одговорноста на Владата и прашање на изгласување на недоверба на Владата.

Ги молам пратениците да се спомнуваат странски држави само кога се има доказ и доколку ова е релевантно за оваа дискусија за оваа наша расправа. Инаку да се избегнува како крунски докази да се наведуваат, заради меѓупартиските односи. Во таа смисла мислам дека господинот Ташко Киров има право. Инаку не е на дневен ред апсењето, бидејќи ние не сме суд па да расправаме за апсење, туку на дневен ред е барањето да се изгласа недоверба на Владата, прашањето на доверба.

Има збор госпоѓа Билјана Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи сум потписник на барањето за гласање на доверба на Владата би сакала да кажам неколку збора околу излагањето на министерот Фрчковски кој еве уште еднаш се обиде во најсмешна ситуација да ја стави таканаречената, како што тој кажа, национална опозиција. Јас пак сметам дека токму тој е во таква ситуација од фамозната прес-конференција па до денешното излагање на кое како главен контра аргумент за целиот случај околу инволвираниот непријател во Владата на Република Македонија, како контра аргумент

ги спомнува неплатените сметки за телефонските разговори и станарини на членовите на опозицијата. Па тоа за мене е некој вид сатисфакција господине Фрчковски заради тоа што Вие и ништо друго и не кажавте, а исто така може да се напомене дека пола граѓани на Република Македонија имаат неплатени телефонски сметки и станарини заради тоа што толку им стигаат платите кои што им ги овозможува оваа Влада.

Исто така сакам да кажам неколку зборови во констатацијата што министерот Фрчковски ја наведе како аргумент дека опозицијата со ова свое барање е против соживот со албанците во Македонија. Бидејќи тоа никаде не е спомнато во образложението, тоа може само поединечно министерот да го нагласи.

Сакам да кажам дека ниту политичката партија на која и припаѓам ниту лично јас воопшто не сум против соживот во Република Македонија. Овде се зборува за една афера која што во држави со изградена политичка свест , како кај пратениците, така и кај членовите на Владата ги довела барем до една грижа на совеста, а не едно вакво однесување од оваа говорница.

Министерот кажа дека овде се работи за луѓе со кратко паметење заради тоа што само пред неколку дена биле искажани многу лоши мислења за МВР, а сега еве се велича оваа акција. Јас можам само да кажам дека тоа е позитивно заради тоа што Министерството си ги согледало своите недостатоци и почнало да работи онака како што треба.

Јас се надевам, бидејќи сметам дека и оваа интерпелација гледајќи го составот овде како сме сите овде , нели, свечено расположени, ќе помине како и сите претходни интерпелации, но се надевам дека сепак тоа ќе биде една поука за Владата на Република Македонија.

V/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не станува овде збор за интерпелација, Ве молам. Овде имаме прашања на недоверба.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Ја прифаќам забелешката на претседателот на Собранието и се коригирам, за доверба на Владата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа пратеници и сите присутни во салата, господа од претседателството.

Дами и господа, јас се враќам три години назад кога во оваа сала се промовираше Република Македонија . Татковината не се брани со зборови и со стомак. Татковината се брани од срце. Секој граѓанин на оваа држава треба да ја сака државата од срце. Узалудни ќе бидат сите обиди однадвор ако се замешаат во внатрешните работи на оваа држава. Ако ние не сме способни да го зачуваме мирот на оваа држава тогаш не чекајте ништо добро за сите нас, и за ваши- те деца, за моите деца и за моите внучиња и за вашите внучиња. Тука е амин.

Се плашев од почетокот кога настапив, парламентот го видов со едно око. Сега го гледам со двете очи и си викам, зарем може во овој парламент да има непријатели на државата. Малку се размислив и дојдов до една целина во моите мисли, ја вградив и ако, си велев, има такви, што бараме ние тука внатре. Не е поубаво да се скриеме во шумата, ако ние непријатели имаме внатре во парламентот.

Господа, има грешки. Господа има и други видувања од некои луѓе. Ние знаеме во каква положба ја најдовме оваа држава односно не држава,ја направивме држава и знаеме, нека ми извини ПДП и НДП, за

почетокот има една голема грешка, а и членови од другите парламентарни групи и од мојата парламентарна група кај што припаѓав дотогаш, кога се носеше Уставот на Република Македонија и кога се носеше Референдумот, многу од тие господа не беа присутни во оваа сала. Зошто? Не ги обвинувам. Меѓутоа, ако го погледнеме Уставот, ако ги погледнеме законите, тој Устав и тие закони се граѓани и еднакви за сите нас. Тоа барем треба да го почитуваме.

Државата не е крава да ораме, да ја молиме и утре да ја однесеме во касапница. Не господа. Тоа не може да биде. Ако ја сакаш државата ќе ја сакаш од се срце.

Од почетокот забележав и една друга работа која ме боли. Кога се носеа тие два акта овде внатре во оваа сала не беа тие кој се бореа, беа фактички луѓе кои се бореа, можеби и заслужно но не беа фактички и никој не ги побарал тие што лежеа по затворите и тие што, сакате ли да видите што рана ми се отвара во ногата, а Го прашувате ли Митко Анастасов дали спие. Не. Јас ќе умрам како ВМРО. Се друго не признавам, а знам дека сите сте , и од оваа страна и од оваа страна деца на ВМРО-вци. Да господо. Да извини ПДП и НДП зашто во времето многу од нивните родители служеа во таа татковина.

Предавствата на државата не се вршат од надвор. Предавствата на државата се вршат од внатре. Реков многу пати, демагози, дезинформатори, терористи не може да направат држава. Се плашам од тоа. Не можеш ти да ја бараш крвта на комшијата. Имате примери во таа бивша Југославија. Далеку да биде од нашата средина тоа. Државата ќе ја правиме заеднички и ќе ја градиме заеднички.

Јас донекаде сум 90% задоволен од господинот министер за внатрешни работи. Меѓутоа го молам министерот за внатрешни работи

да даде една поопширна информација, тоа можеби не ќе може сега бидејќи може би е уште под истрага работата на една затворена седница на Собранието, да го запознае Собранието што се се случуваше околу оваа фамозна група што пренесувала оружје.

Господа, земјата да ја донесеме во хаос е многу лесно. Потребно е само едно кибритче. Ако ја гледате ситуацијата како стои околу нас само едно мало кибритче во бензинот и ние сме готови.

Да го обвинам цело ПДП-НДП е грев. Да ги обвинам до вчерашните колеги од партијата која соработуваше со мене, ДПМНЕ, пак не можам. Да Ве обвинам Вас сите пак не можам. Да ја обвинам Либерална та партија пак не можам. Паметот во глава, прстот на теснетата страна и седнете да ја правиме државата заеднички.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**:(продолжение)

Друг излез не постои. Јас сум декларирал, и овде да ми го клаите ченгелот, не дезинформации, не обвинувања, не може. И моето детенце, но никога Митко Анастасовски, не ја бара смртта на другиот. Јас можеби не се слагам со некого политички, извинете г-дине претседателе, малку ќе се позафатам, не е тоа рејтинг, затоа што мене не ми треба рејтинг, политички можеби не се сог- ласувам, политички ние сме во друга идеологија, но како човек , човекот не ми пречи. Не значи сега, ако не се слагам да го заколам или да ме заколе. Што се постигнува со тоа? Ништо. Фактички ние треба да седнеме, и зошто не сме седнале досега да решиме некои проблеми. Јас многу пати сум рекол од ова место, најважното не сме го решиле, кој сака нека стане со Митко нека зборува. Имам рани во ногата!

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам г-дине Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ма мене ме нервира веќе, не може да се разбере. Убеден сум дека демагогијата не е добра работа. Убеден сум, крајно убеден. И затоа ќе Ве молам, го молам народот на Македонија, ги молам сите граѓани на Македонија за едно вистинско единство, затоа што малку останавме. Другото сум го рекол уште од почетокот. Нешто кажав сега некои пензионери, без работа, и метафори и се, нека со тоа се позабави малку утрешната историја, за мене зборувам, лично за Митко Анастасовски. Нека стане г-дин Фрчковски, да рече не е тој човек случајно тука и ќе го замолам да дојде. Тој си го даде двапати животот и не викна да живеат моите деца, викна да живее Македонија. Да господа. И нема никому да му дозволам да си игра со народот во Македонија. Еден сум сам и стар,

но знам дека утре ќе никнат поколенијата. Утре ќе дојдат тие деца кои требат тука. утре историјата ќе запише дека во овој парламент седеа тие и тие, тоа и тоа кажаа, оној другиот она го направи. Дали ја направивме државата како што треба, пак од нас зависи за ова време кое ќе бидеме една година тука. Во некои работи сме задоцниле. Јас краток го гледав животот на оваа Влада. Многу краток и го видов животот, но под некои околности јас се воздржував досега да кажам да падне таа Влада. За мене нека падне денес. Се исто ми е, одете си дома, ама утре сакам чиновничка влада и не смее да пишува никој да ме увреди никој повеќе тука, затоа што ќе му извадам работи кои не знае што ќе ги кажам. Јас сакам да си одите, јас утре сакам чиновничка влада, и други ден избори. Избори господа, па да видиме тој народ дали ќе ја каже вистината, дали ќе го даде вистинскиот глас и за кого.

Социјалата сум ја рекол, пензионерите сум ги рекол, бедотијата сум ја рекол, не сум рекол уште нешто, да ми прости еден тука, мувата ја има под капата, не сакам да вреѓа македонска - егејска мајка, затоа што таа егејска македонска мајка ги остави децата низ цела Македонија, ги остави децата и умре чекајќи ги тие деца, дури си отиде таму горе кај децата. Јас не се зарадував на моите роди- тели, ни на дедо, ни на прадедо, ни на татко, ни на мајка, ни моите деца се зарадуваа на мене, ни моите внучиња сега се спокојни. А исто и моите од тој крај на Македонија. Јас не делам луѓе. И ќе ве молам трезвено да се види работата на Владата, а Владата ако е крива, ако е виновна, и ако помагаше за овие работи, тогаш Владата, јас не знам Влада да помага на опструкции на државата, да навооружува некого господо. Такво нешто не ќе можам да прифатам. Дајте бе луѓе да решиме проблеми, јас не

сакам да вреѓам никого. Седам на таа 6-та столица и таму ќе пцовисам и гледам во овие знакови. Не се сега во прашање тие. Не сме донеле грб. Читам таму за некои лордови, не знам за кого читам, си имаат свои грбови домашни, а ние уште грб не сме донеле...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде задржете се на овој проблем.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Благодарам г-дине претседателе.

Не сме донеле закони од битно значење за животот на државата. Дури тоа не го направиме, дури јас и заблагодарувам на колешката од ДПМНЕ кога рече дека родени сме да живееме заедно...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам употребувајте целосни поими.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Родени сме да живееме заедно, не смее да каже дека ќе направи Илирида, а ние ќе седнеме и ќе спиеме. Тоа не смеете да го кажете. Не смее никој од албанската народност да каже така. Така? А, не смееме ни ние да кажеме дека ќе ве избиеме утре. Тоа не е сожителство Мораме да живееме заедно, да ја градиме заедно државата, а власта, односно судот, правосудството и Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана на РМ е компетентно да ги преземе сите законски мерки и да ги казни сторителите на недела, против државата Македонија. Ние сме биле ослепени и гледаме. Да гледаме. Кој бил слеп? Па, дедо ми беше слеп и дедовците ваши. Каде им се очите. Во Дојран, што сега јас ова го спомнав, на трета седница, сега некој го тропа, таму се очите. Каде е езерото? Се цеди. Што ќе видите внатре во тоа езеро? Ќе видите 28 илјади очи на вашите дедовци.

Чувајте ги очите на Вашите дедовци и живејте во сожителство и во мир.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, почитувани гости.

Би сакал на почетокот да го изразам своето длабоко разочарување по во овие тешко економски услови што се соочува Републикава по барање на ВМРО-ДПМНЕ односно, опозицијата, губиме драгоцено време за политички маркетинг и за прашања од лична природа во врска со пресметувањето на опозицијата со поединци за прашања по кои својот збор треба да го кажат надлежните органи. Значи, наместо да се занимаваме со она што значи животни прашања, за што се обвинува Владата, ние се занимаваме со прашања за кои што има пропишано ред и поредок.

Интерпелациите и обидите за рушење на органите на власта, морам да констатирам дека со ваквите наши однесувања како да губат од својата вредност, се девалвираат и дека не е решението во занимавање сами со себе, туку мислам дека е време да се вратиме на она што е живот. Она што објективно не чека до крајот на годината, за да барем во 1994 година влеземе со заокружена законска регулатива и со она што објективно народот го чека од нас. И покрај тоа еве гледате пак имаме обиди кои значат на некој начин пресметка, а денеска тие обиди добиваат поширока димензија, пресметка со Владата Опозицијата сака да се пресмета со Владата при што укажува и на вината на Албанците, односно на ПДП во врска со последните настани. Заправо, последните настани ги зема како повод за да бара гласање за недоверба на Владата. Притоа укажува на неефикасноста на Владата во заштитата и на безбедноста на државата и на граѓаните и на економски и на социјален план. Укажува и на други слабости со цел Владата да ја прогласи како

генератор на економска и политичка дестабилизација на РМ.

За последните настани мислам дека доволни беа оценките што веќе беа дадени во јавноста и од позицијата и од опозицијата, а би рекол и од ПДП. Мислам дека непобитна е оценката дека станува збор за обична трговија со оружје, а нешто со кое што објективно сме се соочувале и во минатото. Имаше обиди и за паравоени формации во кои директно беа вмешани и ВМРО-ДПМНЕ, во оваа прилика само да потсетам дека ние сами сме свидетели за Сина птица, Штаб во Охрид, па и вежби на Пелистер. Меѓутоа, и во оваа прилика мислам дека е реда да констатираме дека тоа припаѓа на минатото. Време во кое што Македонија објективно се најде во такви околности кога навистина секој бараше своевиден спас за себе па и на нацијата. Со право мислам дека може да се констатира дека и ова што сега на база на активноста на нашите органи за внатрешни работи се изнесе во јавноста е само дел од сето тоа барање чаре во едни создадени услови после распаѓање на Југославија. Значи, станува збор за група груби граѓани од кои некој е и член на ПДП, но активноста и неделото на таквите граѓани во ПДП, како и на Албанците од Македонија мислам дека на некој начин се оградуваат бидејќи нивната активност нема врска со програмата на ПДП како и со стремежите на албанските граѓани од нашата Република.

Во оваа прилика би потсетил дека самиот збор ПДП доволно говори за нејзините програмски определби. Значи, таа е партија што е определена за развој во демократски услови, просперитет како развој и се разбира со демократски методи. Оттука мислам дека може во врска со тоа да се резимира, да станува збор за просперитет по демократски пат, а би додале, како и досегашната практика и го тоа го потврдува, дека сето тоа оваа партија, како и граѓаните од албанската националност го

барале прашањето да се решава по пат на дијалог, како и преку определбата да прашањата и проблемите се решаваат во системот. Мислам што е многу важна работа, а никако надвор. Оваа партија како и нејзините механизми, во лицето на овој Парламент, министрите и другите фактори досега дадоа голем придонес во стабилизирањето на политичките и економските текови во нашата Република. Значи Албанците биле, а би рекле дека остануваат и натаму фактор на стабилноста во Македонија. Се разбира дека оваа партија пратениците и министрите на оваа партија, како и албанците во Македонија се бореа и ќе се борат за поголема рамноправност и за авансирање на статусот на албанците во Македонија. Зарем тоа треба да им се препишува како грев.

Што се однесува пак до економско - социјалните состојби тие се такви какви објективно мора да бидат со оглед на околностите што се создадоа по распаѓање на СФРЈ. Во оваа прилика би потсетил дека додека бевме под Југославија 60% од вкупната економска активност на Република Македонија се одвиваше со поранешните Југословенски простори. Со осамостојувањето на РМ објективно се најдовме во ситуација тоа што до вчера беше како богатство во односите на еден поширок простор да го немаме.

Што се однесува до укажувањето на буџетската и општата потрошувачка, потоа кредитно - монетарната политика и инфлацијата јас мислам дека ние како пратеници со право можеме да кажеме дека во утврдувањето и донесувањето на таквите политики, буџетската политика, кредитно - монетарната политика итн. на некој начин сето тоа е сторено и со наше кумување, односно, со наше гласање. Според тоа во тој поглед не може да се критикува Владата за некои поинакви движења од какви што ние сме очекувале. Меѓутоа, бидејќи тоа сега се поставува како прашање, ]ас мислам дека барем за оваа година има причина да

бидеме задоволни со тоа што е остварено. Мислам за тоа доволно говори фактот што тече процесот на трансформацијата на општествениот капитал кај нас. Значи веќе се прави тој посериозен обид за наше стопанско престројување според условите на пазарот од една страна, а од друга страна мислам дека работиме во постабилни економски услови отколку ланската, па и во минатите години. Со тоа сакам да кажам дека Владата, па и ние бевме заедно со Владата и на некој начин ја имавме ситуацијата во раце. Не може во тој поглед не може да се даде некоја поголем забелешка.

Се разбира дека тука исто така треба да се потсети за тоа што се однесува до штедните влогови на граѓаните неколку пати е кажано дека за тоа прашање Републиката не се огради, туку напротив го зеде како свој проблем и во неколку наврати понуди решенија и стојат решенија, меѓутоа, тие решенија не можат да бидат на краток рок. Сигурно дека тоа прашање ќе мора да се реши по еден ред по кој што објективно Републиката ќе биде во состојба да одговори на барањата на граѓаните.

Прибирањето на приходите, напојувањето на пензиониот фонд со средства и исплатата на пензиите, што тука се споменува мислам дека сите треба да бидеме свесни дека и тоа е на некој начин и состојбите на тој план се објективна последица на состојбите во кои објективно Република Македонија се најде. Сигурно дека доколку помалку се занимаваме со себе, доколку помалку се занимавме со периферни прашања и се вратиме на она што значи живот ние побрзо ќе ги создадеме претпоставките за надминување на состојбите со кои објективно се соочуваме.

VI/8.-

Во таа смисла јас мислам дека ќе се надминат и проблемите околу плаќањето на даноците и придонесите што поради тешкотиите со кои објективно се соочуваме сега се јавува како проблем. Веројатно дека тогаш сигурно ќе има повеќе средствата и за образованието, повеќе средства и за пензиониот фонд итн. итн.

Јас мислам дека и покрај тоа Владата има слабости на кои што ние сме укажувале и укажуваме меѓутоа радува фактот што Владата си поставиле пред себе задача некои прашања што се зацртани во нејзината програма да ги оствари, за што говори големиот проект на закони, предлози на закони кои што лежат пред нас, меѓутоа ние не смогнуваме сили место за нив да расправаме чекаме само момент да најдеме кај некој слабост и да покренеме постапка за интерпелација, па дури и за паѓање на Влада, што мислам дека не ни оди во прилог и поради она што со право беше истакнато од министерот за внатрешни работи, и поради меѓународната констелација на односите. Јас мислам дека во тој поглед говори и најавата од страна на Владата да се утврди стратегијата на развојот, потоа она што се очекува од разговорите со мисијата од ММФ и од светската банка итн. Сето тоа мислам дека претставува една актива што е достојна за почит, а никако да се земе како причина ние денеска тргнувајќи од едни настани кои што објективно во овој преоден период се наметнаа па ние да бараме паѓање на Владата.

Во оваа прилика јас морам да речам дека ме зачудува фактот што Владата ја критикуваат и од Владата бараа слабост односно бараат причина таа да падне токму оние сили на кои што им беше понудена можноста односно мандатот за формирање на Влада а тие тоа го одбиј

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (Продолжение)

Збор, два за сожителството. Јас мислам дека во неколку наврати сме кажале дека ние објективно сме упатени да живееме заедно, сакале ние или не, нема друго решение. Ние проблеми ќе имаме било на која страна и веројатно дека ќе ги има и во иднина, меѓутоа ние мораме да живееме и мораме да се ослободиме од слабостите зошто овој простор е тој на кој што и нашите дедовци и прадедовци биле родени и нема друго решение. Секое укажување дека не може да се живее со Албанците упатува на она што ние често го. критикуваме сецесионизам или на она што често се критикува "Илирида" итн. итн.

Мислам кога и одредени манифестации ги согледуваме мислам дека е ред да ги испитаме причините кој доведуваат до такви манифестации, а не секогаш да критикуваме без притоа да сме свесни дека секоја манифестација мора да има и причини.

Не сум за, токму заради изложеното а и заради некои други причини, јас не сум за оставка на Владата, значи не сум за да се гласа недоверба на Владата, напротив таа треба да опстојува и да ја извршува задачата што и е доверена, бидејќи таа борејќи се истовремено со сите слабости што го следат нашиот развој.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, сега е тука господинот Халили, мислам забелешката на господинот Ташков Киро се однесуваше токму на неговото излагање, па уште еднаш кажувам и молам говорниците своите чувства спрема поедини држави и личности и раководители на држави да не ги изложуваат овде ако немаат изричит доказ, да не се спомнува тоа. Да се држат на опа што е вообичаена парламентарна расправа.

VII/2

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, секогаш било многу важно што ќе се каже до оваа говорница и кога се зборувало за проблемите од сферата на земјоделието и кога се зборувало за проблемите од сферата на образованието и кога се зборувало за проблемите од било која сфера на нашето севкупно живеење и делување очите и на домашната, па и на пошироката јавност, често пати а денеска посебно се свртени кон оваа говорница. Во изминатите три години кога се зборуваше за надворешен - политичките односи на Република Македонија, со соседите, со Европската заедница, со светските политички институции, исто така беше пресудно тоа што се кажуваше од оваа говорница, што се читаше во форма на декларации или резолуции или се прогласуваше како конечен државотворен акт. Да не спомнувам бројните декларации и резолуции, одлуката за распишување на Референдумот, донесувањето на Уставот и другите акти кои што имаат пресудно влијание на надворешно - политичките односно на Република Македонија. Како резултат на одмерноста, реалноста, политичката зрелости соодветниот избор на преземените чекори на тој план се најдовре таму каде што се наоѓаме денеска, како самостојна и независна држава Република Македонија, членка на Меѓународната заедница на суверени држави, на бројни политички и финансиски, научно-образ8овни, културни, струковни, спортски и други институции и асоцијации признаена од повеќето од половината на жителите на Земјината топка и прифатена како фактор на стабилноста и во регионот и пошироко и како земја која што со тешки чекори сепак го одминува најголемиот дел до патот на преобразбата на политичкиот и економскиот систем и демократизација на односите. Благодарение на тој пристап ние сме и денеска во фокусот на интересот со отворени симпатии и поддршка од сите пријатели што ги придобиваме ширум светот. Исклучоците не се занемарливи, но сепак се малку затоа

што се бројат нас прстите од едната рака. Но,во изминатите три години беше пресудно и тоа што се зборуваше од оваа говорница на внатрешно-политички план посебно во сферата на човековите и граѓанските права и слободи, во сферата на меѓунационалните односи, уредувањето и одржувањето на правната држава и друго.

Можеби пристапот во разрешувањето на проблемите во сферата на внатрешно-политичките односи беше и незначаен затоа што има директно влијание на надворешно - политичките и на севкупните односи во РМ.

Од тука, денес, кога по повод на прашањето за одговорностса на Владата расправаме за внатрешно-политичките односи, всушност расправаме за сешто сме и ние и што ќе биде нашата држава. Затоа нашата одговорност е огромна. Затоа укажувам на фактот дека денешната седница не се сведува на тоа дали Владата нас Бранко Црвенковски ќе си замине или ќе остане, не се сведува на тоа дали оваа коалиција ќе опстане или ќе се распадне и ако поводот за нејзиното свикување е токму тој. Денешната седница значи многу повеќе од тоа затоа што треба да даде одговор на некои прашања што се наметнаа реално или нереално. Пред се, мислам дека треба да даде одговор на прашањето, функционира оваа држава како правна држава или не, загрозен ли е нејзиниот опстанок или не, гарантира ли мир и безбедност на своите граѓани и претставува ли фактор на стабилноста или делува дестабилизирачки на внатрешен и надворешен план.

Овие состојби треба да ги насликаме најреално зошто денешната седница праќаме јасни сигнали и до внатрешната и до надворешната јавност. Треба јасно да се знае дали оваа држава има иднина, дали е способна да си ги решава внатрешните и наметнатите од надвор

проблеми и дека во тој случај не е битно која партија или која Влада ќе биде на власт. За да дадеме вистински одговор на овие прашања мора да ги ставиме во втор план и личните и партиските интереси, мора да се надминеме себе си и да имаме државнички пристап кој работите. Мора јасно да кажеме дека имаме проблеми со некои од соседите, дека имаме проблеми со економијата, дека имаме проблеми на меѓунационален план, дека имаме проблеми со преобразбата на системот, со доизградбата на правната држава. Меѓутоа, јасно да кажеме дека сите тие проблеми тешко, но сепак ги разрешуваме со сопствени сили и дека нашата правна држава толку колку што е изградена сепак функционира. Доказ за тоа е токму и акцијата на Владата односно на ресорното министерство за внатрешни работи со која навреме и професионално се спречени активностите на група граѓани за насилно рушење на уставното уредување и територијалниот интегритет на државата.

Односот на државата спрема сите вакви дејствија независно од каде потекнуваат и кој е нивниот носител, јасно покажува како се штитат највисоките државни интереси, како се обезбедува нејзиниот поредок, територијалниот интегритет и безбедноста на граѓаните. И двата ресорни органи, а во овој случај посебно полицијата покажаа дека се способни, оспособени, да одговорат на уставните задачи. Затоа треба да водиме сметка кога со недоволно одмерени активности какви што имавме во блиското минато ги дестабилизираме овие органи и ги ослабуваме механизмите на правната држава. Јасно е дека некои наши соседи им посакуваат босанизација на РМ. Тоа не го кријат и дури го подгреваат на сите можни начини. Да не ги спомнувам изјавите или "добронамерните совети" на некои искусни во ваквите валкани дејанија политичари од соседството.

VII/5

Нивните намери се јасни. Македонија обезбеди меѓународен субјективите, има меѓународна поддршка, води умерена и конструктивна политика на внатрешен и надворешен план и се наоѓа пред потпишување на договорот со ММФ за првата стабилизациона програма меѓу Балканските земји финансирана и поддржувана од него, што ќе рече дека македонската влада изработи, како што рече Г-дин Томсон, силна економска програма, тмурното небо над Македонија се подотвори и ако продолжиме вака, ако го зачуваме мирот и стабилноста веќе кон средината нас идната година може да очекуваме подобри денови и за нас и за нашите млади поколенија. Тоа треба за некои наши соседи да се попречи токму сега.

Дали сите што ги предизвикуваме ваквите дејанија и внатре во РМ сега не им одиме свесно или несвесно токму нас рака на ваквите заложници, При тоа, најмала ќе биде штетата што ќе настане со евентуалното рушење на оваа Влада по која ќе бидат прекинати сите преговори и можеби очекуваме евентуално потпишување на договор за стабилизациона програма дури кон крајот на 1994 го- дина, и евентуално почетно надминување на кризните состојби во економијата дури во средината на 1995 година.

Штетите што се очекуваат со евентуалната дестабилизација на државата со провокацијата на меѓунационалните судири и војна, која не знам по кој пат повторно би се водела на територијата на Македонија ќе бидат погубни за сите. Само е тогаш е сигурно дека ќе ја нема РМ. Ние сите во неа сме едно семејство и мора бројните проблеми што несомнено ги имаме да си ги решаваме самите. Ако препуштиме други да ја расправаат, а посебно некои од соседите, независно дали тоа за некои граѓани на РМ тие се и браќа по крв. се знае како ќе не расправат. Мирот и стабилноста на Македонија се во наши раце и само ние можеме

да ги зачуваме и да ги разрушиме. Мислам дека покажавме и дека имаме и сили и знаење и добра волја за тоа. Решавањето на проблемите надвор од институциите на системот или уште повеќе нивното разрешување по насилен пат незуависно од кај доаѓаат и кој се носителите значи судар со законот, значи подигање на тензиите и отворањето на патот кон судири и дестабилизација на државата. Некои од таквите активности со оваа акција на МВР се прекинати. Тие се штетни и делуваат разорно, но треба реално да ги оцениме и димензионираме. Секое потценување или предимензионирање може да биде подеднакво штетно. Затоа се прашувам, дали помислуваме на тоа, ако ги предимензионираме настаните, на пример ако се покаже дека е утврдено дека група граѓани позната по број, по припадност увезувала оружје за вооружување на паравоени формации во точно одредени количини, а ние изјавуваме неодговорно дека во РМ е организирана паравоеана албанска армија со 30 илјади вооружени војници, тогаш всушност им влегуваме во устата на сите тие што тврдат дека на Македонија и престои дестабилизација, војна и дека всушност отпаѓа потребата од нејзино признавање, меѓународна поддршка. Таа слика што некој од нас си ја создаваме ние овде самите, јасно од други погледи, ќе се одрази многу штетно и на внатрешен и на надворешен план. Таа инаку е сосема нереална. Затоа зборуваат многу факти.

Прво, реков дека РМ е во фокусот на интересот и' на политички и на економски план. Интересот на економски план во последно време е посебно изразен, пред се заради преговорите со ММФ со светската банка. Мислам дека претставниците на овие институции не снимија и тоа како на рендгенски снимки 100-тици пати. Тие не знаат како дишеме во сите сфери и во стопанските и во општествените дејности и како стоиле

политички. Договорот со ММФ е пред потпишување. Тоа значи дека е проценето дека оваа држава има иднина, политички стабилитет, и вреди во неа да се инвестира и поддржува. Инаку, не би влегле во Македонија ни со 2 долари, а камоли со најавените 200 милиони долари. Не би давале средства аз консолидација на банките, за пензискиот фонд, за нов инвестиционен циклус во држава во која евентуално ако дојде до вакви воени дејанија кој што практично ги привикуваме нема каде да се вложуваат и да се финансира. Но, тоа мора да го пресечеме и да потврдиме дека оваа држава функционира и дека има иднина и ние и Албанците и Србите и Турците и Власите и сите што живееме во РМ мора да ги решаваме нашите заеднички проблеми по институционален пат, во институциите нас државата. Мора да бидеме спремни на дијалог за сите проблеми што ги имаме, не од ново, но јасно е дека не може д има дијалог и преговори за се она што значи насилно рушење на уставното уредување и на територијалниот интегритет на државата.

Мнозинството на припадниците на сите националности и македонскиот народ се свесни дека патот на дијалог на разрешување на проблемите со сопствени сили е единствениот пат по кој што може да одиме заедно. Ако ги преставуваме и ние СДСМ и ВМРО- ДПМНЕ и Либералната партија и Социјалистичката партија и ПЦЕР и Демократската партија и ПДП и т.н. и сите вонпарламентарни партии, треба тие нивни заложби да ги преточиме во решенија што ќе значат мир, стабилност и подобар живот. Тоа е гаранцијата на нашата иднина и убеден сум дека ќе имаме сили тоа да го постигнеме.

Благодарам.

VIII /1. - JJ/МЛ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе дами и господо, се обидов да конципирам, да напишам текст и да кажам нешто во врска со тоа што се поставува довербата на Владата на Република Македонија од 23 пратеници. Меѓутоа ќе бидам многу искрен и ќе кажам дека не можев да се снајдам во тоа затоа што не сум добар во тоа како се читаат плагијати од други автори, а не сум ни добар и во тоа да прераскажувам мисли на други автори. Ќе се обидам со мои зборови да бидам до крај и искрен, ако можам и оригинален.

Уште кога се избра оваа Влада знаев дека оваа Влада која што се состои од умерени луѓе и во овие политички констелации, економски итн. ќе има многу проблеми за да функционира. Знаев и знам и сега дека се наоѓа во една ситуација кога треба да дејствува и да делува во една рашомонијада на политички партии и опции, некои со евро- источна, некои со строго источна, некои со Европа западна, некои со проамерикански и др. И навистина во една ваква ситуација да се рече дека Владата може да работи без никакви грешки, дури и за мене е апсурдно. Знаев дека Владата на Република Македонија со овој состав ќе има еден голем хендикеп при функционирањето, знаете зошто? затоа што во составот на таа влада има и Албанци. Има и Турци од турската припадност, а веројатно во таа Влада има и од другите припадности, т.е. националности. И другите кои што не се умерени ќе се обидат со разни начини таа Влада да ја наречат со еден примитивен слоган, кажан тука на оваа говорница, кажано и на многу турнеи во други земји, кажано едноставно шиптарско - комунистичка Влада.

Токму тие кои што имаат комунистичка кариера колку што има години премиерот на Владата, тоа најдобро го искажуваат. Најчесто го искажуваа, затоа што мора да се најде некој плашт и да се покрие и минатото а и сегашното дејствување на поединци. Во овие политички

партии мораме по некогаш нашите говори тука да ги кажеме за поединци, затоа што никогаш во ниедна политичка партија и во рамките, верувам, на таа политичка партија сите не мислат така и сите не настапуваат исто.

Владата на Република Македонија се најде во еден клинч од две земји север - југ кои што традиционално имаат аспирации за хегемонизам, аспирации кон другите односно другите да бидат потчинети. Владата на Република Македонија функционираше под вештачко дишење од два отворени полувентили, спрема Бугарија и спрема Албанија. Меѓутоа, се најдоа внатрешни и надворешни сили и тука и внатре и тие полувентили да им ги затворат. Тогаш Владата на Република Македонија, т.е. министрите се обиде преку себе да скокне преку Балканот некаде во Европа, некаде во Америка за да може да придобијат симпатии за државата што ја претставуваат и тие резултати веќе полека но сигурно ние во секојдневието и ги гледаме и ги чувствуваме. Меѓутоа, не значи дека ова многу пофално се изразувам за оваа Влада, зашто и јас не сум многу задоволен. Меѓутоа мојот приод кон тоа незадоволство од оваа Влада многу се разликува од приодот на другите.

И кога упатуваме критики, односно барања за оставки итн., треба еден минимум почит кон тие што бараат нешто такво. Борбата на секоја политичка партија е да се земе власта. Меѓутоа, колку знаат и како настапуваат и дали можат да дојдат до власта, тоа за- виси многу од таа политичка партија како тоа треба да го направи.

На оваа говорница се спомнуваат дури и тоа го слушнавме денеска да се преиспита сожителството со Албанците! Зошто? Овие денови се случи еден настан, се затворија осуммина граѓани од албанска припадност кои требало односно правеле обид за нарушување на

системот, уставниот поредок итн. Првите кои требаше можеби оценка да дадат за оваа работа дадоа, тоа се Министерството за внатрешни работи и таа конференција за печатот, на министерот, првиот човек. Меѓутоа, тие не беа првите. Први беа политичките партии од македонскиот блок, националниот блок и тоа немилосрдно, паушално, со бројки со нивни оценки. Кажаа што кажаа, дури и заканувачки, па ја слушнав- ме и заканата, не е тука господинот Голубовски, јас не знам, ах, тука е пред мене, не го гледам, можеби, е изгубен во неговите 12 илјади џуџиња, али тие закани навистина ништо не ни значат, и како политичка партија, затоа што имаме наша програмска ориентација, добро и призната е и тука дури и надвор од оваа земја. Нашиот начин на дејствување како политичка партија многу добро се знае, а тоа што сакаат "да ни препишуваат, што сакаат некои па дури и со закани итн., навистина не ни претставува ништо, затоа што нашата цел и нашите програмски ориентации се многу јасни.

Често пати сум го повторувал и ќе го кажам уште еднаш. Многу пати се поистоветуваат за жал, понекогаш и од умерени граѓани односно луѓе во Република Македонија кои држат и функции, ги поистоветуваат барањата од опозицијата и некои барања кои се поставуваат од ПДП, т.е. коалицијата ПДП-НДП.

Јас ќе повторам, не е исто да бараш права со еден лимит само до тие права што ги има другиот. Со тие што бараат, другите апсолутно да немаат никакви права туку да бидат потчинети на тие што би ја викале Република Македонија пет пати ВМРО - Македонија. Ве молам, сите тие кои настојуваат и понатаму да мислат и да кажуваат од оваа говорница дека и понатаму Албанците треба да бидат аполитични, треба да бидат аморфни, треба да не мислат со свои глави, треба да не поставуваат никакви барања за нивните права, не треба да разговараат за нивната интеграција во системот, не треба да разговараат за форми, методи,

начини за тие права, а сето тоа во рамките на тие што се разговори, договори и преговори, јас мислам дека тие се лажат и тоа само може да го очекуваат али, никогаш добар и среќен хепиенд нема да доживеат, затоа што истите спомнуваат илириди, автономии, специјален статус итн. Меѓутоа, се ставаат против тоа енергично агресив, а од друга страна пак уште поагресивно се ставаат и на една друга опција. На една опција што значи интеграција на Албанците во системот и во извршните органи, т.е. во "Владата на Република Македонија и во Парламентот. Не сакаат да бидат ни тука ни таму, никаде! А каде? Мислам дека или се проценките погрешни или тоа е режирано од некаде што не е оригиналност, автохтоно на Република Македонија.

Што се однесува до граѓаните што се затворени односно притворени. Мислам дека ние како политичка партија се изјаснивме. Сето тоа го оставивме во една временска дистанца. И нашите оправдувања беа до таму до каде се создаде една психологија кај граѓаните, еден став дека денес - утре, задутре ќе има агресија итн. Се создаде и друга психологија на истиве, овие говорници. Можеби сега ви текнува, да не се тие албанци кој некој тука ги нарече една шака јад, кои сакаа можеби, еве и тие на некој начин да му се докажат на некој што ги нарече така. Имавме ние такви организирања и во другите, имавме, ги спомнаа денеска. И тоа доста пати беа спомнати. Како ќе разговарам односно како ќе дејствува Владата кога треба да припреми односно да достави закон кој што треба да одговара и на политичката партија на парламентарната група на ПДП и да одговара на парламентарната група ВМРО-ДПМНЕ и ДП. И кога ќе се најде Владата во таква ситуација, навистина тешко е да удоволи на таквите кои и дијаметрално се разликуваат и во нивните програмски определби. Меѓутоа сметам јас

дека Владата иако се состои од луѓе кои се, барем јас мислам дека се доста умерени, луѓето кои сакаат да ги решат работите, со разбирање, со разговори, почитувајќи го мислењето на другиот, меѓутоа, мислам дека недостасува една поголема одлучност и поголемо поставување на разликите во тоа што се барања од парламентарните групи.

Дури имам и една забелешка што првите луѓе на Владата, односно првиот човек на Владата понекогаш предложените закони, предложените солуции треба многу повеќе дури и директно со Владата да ги постави пред јавноста за да се знае во јавноста што се тие барања на Албанците, односно што се тие барања на ПДП. Затоа што многу пати се зборува зашто нема некоја платформа политичка или слично за партнерите во Владата. Тој минимум на поставени барања на една политичка платформа, верувајте дека не можат тие да се ставаат на хартија ниту смее ПДП како парламентарна група и партија да ги стави ниту пак другите партии, затоа што од тоа ќе се прави толку големо недоразбирање што другите тоа ќе го оквалификуваат како што сакаат, како што ги оквалификуваат и многу други работи.

Некои екцесни ситуации, моменти што се спомнуваат, иритираат во јавноста. И навистина имаме тука и партнери со кои апсолутно, барем јас не можам да разговарам. И знам дека не можам да имам никакво разбирање и ќе се потрудам во моите размислувања и во моите настапи со таквите апсолутно да немам ништо ни коинцидентно дури да бидам на ист ранг. Не можам јас со човек кој настапува на оваа говорница и во една недела даречеме недела како ден од неделата, не може да се помири и не може да спие цела ноќ затоа што слушнал, односно видел дека и во недела има петнаесет минути емисија на албански јазик и тој веќе, леле куку прави со себе, што биднало и што правела оваа телевизија, односно оваа Влада. Другите кои кажуваат исто така големи

невистини го користат селото Огњанци, едно мало село каде што пројавиле желба, односно се освестиле токму во овие почетни демократски процеси да учат на нивни мајчин јазик и одредени луѓе овде, на говорница тоа го користат како голема грешка и големо обвинување за Владата на Република Македонија, од- носно соодветното министерство. Со кое оправдување? Со оправдување дека тие, не Владата сега, тие мислат и натаму ќе настојуваат тие деца да не учат на мајчиниот јазик, дури секој ден им праќаат инспектори итн. кои веројатно кокетираат со таквите и пазаришни и од урбанизам и многу други од разни бранши само да влеваат страв кај тие мали деца кои сакаат да учат на својот мајчин јазик. И со таквите да можеме да имаме нешто заедничко, јас мислам дека не би дозволиле. Понатаму, тука има и противници кои не сакаат никакви сугестии, односно сугерирања од мисионерите што доаѓаат од странство. Тие се и против Аренс кој е тука и против Андерсон што е тука и против тие што доаѓаат и разговараат, и против тие од Ме у- народниот монетарен фонд, сигурно затоа што не сакаат просперитет никаков на Република Македонија. Сакаат нешто друго. Да најдат начин како да дојдат на власт. Меѓутоа, јас и на шега некогаш кога разговарам со нив велам - навистина ако вака настапувате и со вакви ориентации, навистина на мирен демократски начин никогаш не верувам дека умерениот дел на мнозинството во Република Македонија, таква шанса нема да им даде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Голубовски затоа што бил спомнат.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ :**

Не само што бев спомнат туку на еден би рекол за оваа атмосфера, не соодветен начин, но 6идејќи очекував провокации од НДП

и НДП токму на оваа расправа кои осеќаат чувство од потреба да се заблагодарат на македонските политички партии кои што партиципираат во власта, овој пат да им помогнат да се одвлече вниманието од одговорноста за грешките на македонските политички партии за она што • се случува во Македонија, дека ќе пробаат да провоцираат особено на моја адреса.

Не гледам зошто се преплашени, Македонија е демократска држава, функционира правната држава и одговорноста е составен дел за се она што поединечно или колективно некој го прави а што е спротив но од законските и уставните регулативи на една држава. Затоа не гледам зошто воопшто дискутирате а кога во дискусиите не наоѓате сила да се оградите за настаните кои што ја вознемирија македонската јавност деновиве, заради тоа што на сите нас ни отежнувате да најдеме можност и во вакви ситуации да ја доградуваме оваа држава демократски и од демократски аспект.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (Продолжение)

И, дури за една ваква нелојална популација, како што вие ја претставувате, да ни се олесни да најдеме соодветни модуси да дозволиме, се разбира, под контрола во Република Македонија. Инаку, за тоа дали некој ме забележува или не тоа е индивидуален проблем. Јас на пример кога влегувам во салата и без да гледам дали присуствувате го чувствувам вашето присуство, но тоа го решавам на индивидуален начин, излегувам почесто на чист воздух.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Шакири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господа пратеници, иницијативата за изгласување на довербата на Владата од група пратеници не е ништо друго, туку едно од сценаријата за засилување на репресивна политика против албанците, кое ние е познато од поранешниот систем. Токму тоа го потврди искажувањето на многубројните партии од македонскиот национален блок овие денови во средствата за јавно информирање.

Апсењето на група албанци за мене претставува политичко тактизирање и во внатрешниот и на надворешниот план, бидејќи настанот се случи во моментот кога српската политика преку своите лидери изјави дека Македонија не може да ја зачува"својата независност" дека е загрозена од албанците. Веднаш по овој настан следеше апсењето на оваа група. Оттука може да се заклучи дека се работи за монтиран процес само за да се увери Белград дека Македонија и во овие моменти може да го направи тоа што го направи во минатото со Албанците.

IX/2

Што се однесува до изјавата на некои од политичките партии слободно може да се каже дека се толку примитивни и ултранационалистички кои не можат да се споредат дури ни со фашистичките партии кои барале уништување на еден дел од човештвото од овој свет.

Господа, ова го кажувам од досегашната практика кај поедини- те партии кои барале Албанците да ги истераат од своите огништа. Во нивните пароли во предизборната кампања барале смрт за Албанците. Сето ова не може да се смета за наивно и неорганизирано или случајно, но сега истите работи ги реализираат преку државните институции со апсење и убивање на албанците.

Господа, на државните органи им е познато дека истата партија со својата програма се бори за чиста национална држава, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ. Ова го покажуваат многу факти, па и состанокот во ресторанот "Сина птица" каде јавно се работи за создавање на национална армија, но за овој случај никој не е затворен и ден денеска МВР молчи пред овие работи. Што е индикативно од истите луѓе се слуша најголема галама и обвинување на адреса на албанскиот народ. Јас им препорачувам на истите кои мислат своите направени гревови да ги фрлат на албанците нека им е јасно дека таков пазар нема да најдат, бидејќи јавноста знае за многу работи и никој нема да наседне на такви провокации дека албанците се вооружуваат за да се борат против македонците. Од минатото на сите им е познато дека историски не е докажано до сега дека ние сме се бореле против македонците, па оттука овој случај не може да се нарекува за друго освен за една афера вперена против албанците, а МВР и сите други државни органи се одлучија на еден ваков гнасен чин за да ги задоволат апетитите на сите антиалбански сили.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, би кажал неколку збора и за претходни- те дискутанти што кажаа, па така би почнал со господинот Превала кој кажа дека на ВМРО-ДПМНЕ му е понудено формирање на Влада. Навистина е така понудено е формирање на Влада и откако се обиде ВМРО-ДПМНЕ да формира влада со првата партија до него СДС, но не најде согласност, на реформистите бројката им беше мала па со кого требаше? Требаше со ПДП, а што значи тоа? Во редовите на пратениците на ПДП од 23 пратеника повеќе од половина се осудувани по некој основ, што значи 14-мина се судени за сепаратизам. Требаше со нив да формираме коалиција и ќе видевме кој резултати ќе ги добиеме. .

Понатаму, господинот Ханџиски спомнува наместо да каже политичката партија да стои зад сето ова, тој кажува група на граѓани. Политичката партија на ПДП тој спомнува група на граѓани или како што тврдат некои гг. Тоа е минато знаеме кои беа гг. Дали може гг да земе документација од најголемите министерства, како што е Министерството за народна одбрана?

Понатаму Исмет Рамадани ги спомнува комунистите. Мојата партија правите комунисти по војната ги почитува. Тие беа во првите редови што ги гонеа балистите и затоа со сите тие има добри односи.

Да преминам сега околу недовербата на Владата. По фаќањето на групата што вршела заговор против државата од 5 до 8 ноември оваа година од страна на МВР, господинот Љубомир Фрчковски на прес конференцијата тврдеше дека групата нема никаква поврзаност со никаква политичка партија во земјата односно ПДП, албанксата влада и нејзиното Министерство за одбрана. Целиот случај го минимизира и го сведува на шверц со оружје, а 300 до 400 автоматски пушки ги намалува 10 пати, па би го прашал господинот министер дали тие 300 до 400

автоматски пушки би им служеле за гаѓање на врапчиња или за убивање. Дали тие пушки се за соживот, а што бара документ, прво, тој треба да даде еден документ дека бројката на тие пушки е 30 и неколку како што вели тој.

Истовремено слушаме фалби дека групата ја следел две години и повеќе. Што значи тоа? Тоа значи помошникот министер за одбрана Хусеин Хаскај, и заменикот министер за здравство Имер Имери се уфрлени во дотичните министерства од страна на господинот Љубомир Фрчков- ски. Ако ги следел две години тој знаел се за нив и пред пет месеци ги уфрлил во тие министерства тоа значи дека е директно вмешан и се наоѓа во служба на ПДП. Додека министерот за народна одбрана и министерот за здравство тука испаднале многу наивни што имале непроверени лица, а кажав кој им ги уфрлил, па по клуч си примале се и сешто доста е да каже дека е член ан ПДП па тие ќе го примат. Од ова може да се извлече заклучок дека такви уфрлени луѓе има и во другите министерства.

Ова е правата слика на Владата што значи со многу уфрлени такви луѓе. Во нормални прилики ако е чеснољубива самата ќе си даде оставка, но бидејќи нема да сака си обезбедила гласови, ќе се расправаме цел ден и на крај ќе и се даде доверба, па затоа ќе продолжам со моето излагање.

Како што слушнавме во рамките на македонската држава формирани се паравоени формации со сите обележја од страна на албанското малцинство подготвени да организираат бунт заправо заговор против државата. Дочекавме и соопштение од ПДП, а и денеска тие многу рекоа напаѓајќи ја нашата партија, па на 11 ноември 1993 година наместо ПДП да се огради од наведената група ги нападна македонски национални партии, а знаеме дека нападот е најдобра одбрана, што не си го исчистиле својот двор постојано ги напаѓаат албанците и политичката партија ПДП настојувајќи да ги презентираат

како дестабилизационен фактор што значи со бунтот не се вршела дестабилизација на државата, така го кажуваат. А ако успееше интерпелацијата на претседателот на Собранието господинот Стојан Андов како што рекоа некои пратеници од ПДП ќе дојдеше до дестабилизација.

Владата за сето ова мудро молчи и толерира како не би се распаднала коалицијата, а поединците би ги изгубиле привилегиите се на сметка на народот.

Во врска со сето горе изнесено на Владата би и поставил неколку прашан>а,што не верувам дека ќе ми одговори.

Прво, дали е достојно да се има коалиционен партнер кој работи за пропаст на државата? Бунт, жртви, колеж, крв, прогласување Илирида и отцепување.

Второ, кому би му служеле паравоените формации со сите обележја регистрирани во компјутерскиот систем фатен во Тетово. Бројката е 21.000 и нешто, а знаеме дека Република Македонија поседува своја армија во која, за жал, во составот служењето од албанското малцинство е минимално, има слаб одѕив, а нашите пратеници секаде кажуваат дека ова е нивна држава, Македонија е нивна држава.

Трето, за каква намена е оружјето што го поседуваат албанците во Република Македонија? Се цени дека го има над 50.000 парчиња разно оружје автоматски пушки -калашникови, снајпери, митралези, минофрлачи, топовски мини, леки топови, бомби и друго.

Четврто, дали може зад сето ова да не стои политичка партија ПДП кога знаеме дека притворените се сите членови на таа партија а тоа се потврдува со следното:

IX/6.-

Прво, Хусеин Хаскај помошник министер за одбрана за кого е докажано активно за изнесување на стручна проценка на Министерството за одбрана и доставено на странска служба. Кај него се пронајдени документи оквалификувани како државна трајна кои, според прописите на службата, не смееле да се наоѓаат кај него. Да е член ан ПДП ќе потврди и господинот министер за одбрана Владо Попов- ски.

Второ, Имер Имери заменик министер за здравство уфрлен во дотичното министерство, а знаеме од кого, тој е од потесното раководство, тој е административен секретар на ПДП до тогаш бил, а потоа е уфрлен.

Трето, Еуген Сами е одборник во општинското собрание на Дебар, а и други да не ви ги редам. Дали се тие од ПДП или од ВМРО- ДПМНЕ.

Петто, дали овој настан не може да се донесе во врска со најавите на некои држави кои настојуваа нашата Република да ја претстават не како оаза на мирот, како што вели нашиот Претседател на Републиката, туку како подрачје каде се очекуваат немили настани, а тоа беше тенденцијата на ПДП. Албанското прашање може да се реши само со војна. Знаеме дека треба да се свика конференција за бивша Југославија, па и за нас да се решава.

Шесто, зошто се одречува за организација на бунтот дека била предвидена дека е под контрола на албанската влада и нејзиното министерство за одбрана?

Седмо, зошто не се кажува целта на овој бунт,откако ќе биде ликвидирана армијата на Македонија да се спроведе масовна ликвидација на Македонците во Западниот дел ан Македонија.

Осмо, зошто не се кажува и откако ќе успее бунтот ќе уследи прогласување на "Илирида" и отцепување и врзување со Албанија. Па затоа вие господа од левиот блок кои соработувате со албанската парија ПДП сносите голема одговорност ако дојде до некои конфликти вие сносите најголема историска одговорност.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Спомнат е господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Од се што кажа господинот Ковачевски точно е само тоа дека ние навистина сносиме сите заедно, но посебно ние најголема историска одговорност за тоа што се случува и што ќе се случи во Република Македонија и од таа одговорност никој не може да избега.

Информациите за активностите на групата што е притворена дадени во два наврати од МВР се достапни до целата јавност и тие се дадени во таа мера во која е потребно за да не се наштети на истражната постапка за да може на соодветен начин тие што учествуваа во тие активности да бидат судени и осудени и да не дојде до преквалификација на делото од организирање на паравоени формации со цел за насилно рушење на уставниот поредок и територијален интегритет во некаков политички монтиран процес.

Јас располагам со тие информации како и целата јавност и располагам со изјавите на претставниците на ПДП. Верувам во нивната реалност и во нивната изворност така како што верував и во информациите кои беа дадени за паравоените формации кои во Република Македонија се формираа пред една година и за кои некои наши претставници се залагаа исто така за чесен однос на државата, за правна држава, за правно судење и третман.

Инаку, ако е точно тоа дека ПДП е организатор на овие активности на оваа група, ако е точно тоа дека во Македонија постојат дваесет и не знам колку илјади луѓе албанци под оружје, тогаш треба да бидеме сигурни дека ниту денеска Парламентот ќе држеше седница ниту јас ќе бев тука, ниту господинот Ковачевски, ниту пак лидерот на опозицијата господинот Љупчо Георгиевски пред неколку дена ќе одеше слободно и безбедно во Кичево да држи трибина. Тогаш ќе имавме сосема друга ситуација во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Ковачевски има реплика.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Господин Ханциски, моментално од страна на МВР е осуетено, но ако продолжи вашата коалиција и ваквата политика знајте дека и тоа ќе не снајде.

Што викате група граѓани сакате да минимизирате. Вие излагате од страна на ПДП, се борите за нив и вие сте во служба на ПДП, како што е министерот. Зошто министерството првото соопштение го повлече кажете ми, даде соопштение,па го повлече, тука има нешто.

X/1 JM/ЛБ

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Тоа за што се бориме ние покажа токму оваа акција на МВР. Се обриме за функционирање на правната држава, на сите ин ституции на државата независно од тоа кој ќе се најде во судир со законот, во судир со највисоките државни интереси меѓу кои што се јасно на прво место уставното уредување и територијалниот интегритет. А ние ќе бидеме во коалиција со секој кој што не се бори за разрушување на територијалниот интегритет, за уставното уредување, со секој кој што се бори за решавање на натрупаните проблеми по пат на дијалог, трпеливост и разбирање. Македонија друга алтернатива нема. Ако некој мисли поинаку, се лаже и себеси и другите, заради тоа што сите други патишта не се ни распаѓа, туку се без патишта. И мора да опстоиме само на тој пат по кој што може сите заедно да одиме.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Почитувани колеги, почитувано претседателство, по повод доверба на Владата, но се знае кој е поводот, не е повод доверба на Владата, а и време беше еднаш трезвено да застанеме и по оваа тема доверба на Владата, колку опозицијата е задоволна од сегашната Влада и колку позицијата и партнерите се задоволни од сегашната Влада. Но, тука не ќе застанам, од некои колеги често пати се експлоатира дека албанците не излегле на референдум. Од истите колеги овие аргументи што се експлоатираат истите и тие беа против тој референдум и истата партија беше против истиот референдум и мене ми се чини дека се однесуваат дволично кога од некого бараат зошто , а самите беа за тоа. Исто така, од албанците бараат стари есапи зошто не сме излегле на попис. Тие информации од пописот ние сме спремни секогаш да докажеме дека не беа точни и денеска не се точни. Што се однесува за негласање на

уставот, ние како пратеничка група имаме право на тоа, а имаме право да поднесеме и барање за измена на Уставот. И тоа не е спорно. Дали Владата е по наш аршин? Никако не се согласуваме ние дека Владата работела по нашиот аршин, по аршинот на ПДП и НДП. Како доказ за тоа ние сме партнери на оваа Влада, партиципираме во оваа Влада, а истата Влада досега можеби не ќе речам дека претходната Влада била поуспешна за нас отколку оваа, па тука се движи и оваа Влада. Најгорчливи проблеми на албанското население, националност секогаш сме го истакнувале школството. Министерството за образование годинава дали знае од 11 илјади завршени осмооделенци само 2 илјади се запишани во средните школи. Значи околу 76% од учениците албанци кои го завршиле осмото одделение сега се вон клупите на средните установи, средношколските установи. Исто е и со високото образование бидејќи бројот на студентите во Скопскиот и во Битолскиот универзитет беше лимитиран. Албанските ученици кои го завршија средното образование беа приморани да бараат други места каде што ќе можат да се запишат бидејќи во Скопскиот и во Битолскиот универзитет таа бројка на примени студенти беше симболична и уште ден денеска имаме отпор за непримање на овие граѓани од други националности во овие универзитети. И тоа стои дека Владата со самиот старт беше трагикомична за албанското население, а таа трагедија се случи на Бит пазар кога паднаа четири жртви, а комично е тоа дека Владата уште нема докази кој пукал по тие граѓани. Значи овде имаме еден друг аршин на МВР. Еве сега имаме еден друг случај. Каков е исходот на овој случај и министерот истакна пред малку дека случајот се води еве две години. Пред две години сме имале икс други случаи , а уште од тие претходни случаи сеуште ниеден случај не е на виделина со правни и со потполни докази.

Случајот на откривање на групата, на група граѓани за од албанска националност, тоа сигурен сум дека МВР знаел одамна и по мене чекал поволен момент да го пласира во јавноста тоа. И тоа не е случајно дека моментот бил сега, а и претходните дискутанти спомнаа зошто баш сега се пласира овој, или дали требаше Владата баш сега да пласира вакви случки. Но, било негативни, било позитивни, времето ќе го докаже тоа. Ако веќе се утврди дека тоа е голема група, по мене осумина не е група која може да го наруши суверенитетот републички и која може да го наруши уставниот поредок на Македонија. И со 30 пушки не се руши уставниот поредок на Македонија, ниту со шест бомби. А што се однесува дека биле организирани 20 илјади граѓани под оружје, такви дезинформации во јавноста да се пласираат и тој што пласира такви дезинформации во јавноста не знам како дошол, по кој пат дошол во овие клупи и во ова Собрание. Што се однесува до македонците во западна Македонија за кои некои колеги и некои партии се многу загрижени ги ставам до знаење дека најкометентни за сигурноста на граѓаните во западна Македонија баш се тие граѓани кои се во мнозинство во тие општини. И не ќе го прифатиме ниеден граѓанин друг, или ниедна партија да дојде да ја сочува безбедноста на нашите комшии и на нашите граѓани било македонци, било албанци, било турци, било од другите националности. Затоа не е сега времето да се алармира јавноста и да се искористи говорницата и печатот за алармантни состојби во Македонија кога тоа го нема.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Од досега што видовме почитувани пратеници се виде дека при водење на една држава се нема ни најмала свест за одговорност . И таа одговорност што треба да ја има, се гледа на стар начин да се избегне. Не е чудно што денеска господинот министер Фрчковски не убедуваше

во името на ПДП, а зошто тоа е така, сигурен сум дека и малите деца тоа го знаат и што координаторот на ПДП на перфиден начин ја лажеше јавноста исто во име на СДС но и двајцата се од разни коалиции, но заеднички сврзани . Од нивните излагања се виде дека народот тоа што го виде деновиве треба да го заборави и сам да си каже народот дека се излагал во тие работи. Исто и тоа што го слушна од ПРЕС конференциите на господинот Фрчковски, а исто што го слушна и од изјавата на гопподинот Владо Поповски министерот за народна одбрана кои изјави беа сосема различни. Цело време претставниците од коалицијата денеска се занимаваат со некакви школи , со некакви универзитети, а не поводот зошто сме дојдени овде денеска , за аферата за увоз на оружје за масовно убивање од страна на коалиционен партнер. Така што бевме информирани оперативните лица при МВР кои професионално ја работат својата работа, дали со еден министер од една партија, или друг министер од друга партија го сторија тоа што го сторија. Некој после таа случка откако се виде како реагира народот во Македонија сите сили се сведоа на тоа да се минимизира како што одговара за коалицијата. Да се запрашаме како прво зошто се избегнува да се спомене тоа оружје, зошто не се спомнува дека во увозот на тоа оружје е вмешана Владата на РМ. Тие министри се во Владата, заменици министри се во Владата на РМ која Влада сега ја држи власта во оваа Република. Не ни требаат нас сега школи . За школи и универзитети се расправа кај министерот во кабинетот, или на поставена точка овде. Ќе напоменам,тоа оружје во толкав број е наменето за масовно убивање на македонскиот народ. Сигурно не е увезено да се убиваат албанците преку другата граница. Исто така, се знае дека во РМ вака организиран криминал за прибавување и увоз на оружје досега и не

е откриен, а така добро е организиран затоа што во него учествуваат министри на Владата на РМ и високи функционери од страна на албанците, исто така сите членови на партијата ПДП , а сите тие предложени и прифатени од партијата СДС која е носечка сила во таа коалиција по кое се формира денешнава, јас како што ја кажувам братска коалиција. Резултатите на таа братска коалиција ги гледаме овие денови. Од кога е формирана оваа Влада за која немам гласано на криминален начин се случуваат многу чудни работи несвојствени за една Влада на една држава која се нарекува демократска исто за министри и за високи функционери. За пример ќе напоменам, тие што учествуваат во уривањето и ликвидацијата на министерот Мијалков стануваат министри во оваа Влада, истите тие уште повеќе си ги валкаат своите раце , исто така со невиден криминал. Функционери од коалицијата увезуваат дрога, хероин. Министрите сигурно за дебели пари, за дебели марки сето тоа го заташкуваат и резултатот е, се местат македонците со поголема вина , а другите се ослободуваат за исто дело, правниците тоа подобро го знаат. Исто така кај тие функционери од СДС исто во тие моменти е фатено автоматско оружје и тоа се заташкува. После тоа истите тие оперативци од МВР се малтретираат по дисциплински комисии, се суспендираат затоа што ја извршиле работата добро. Јас очекувам и овие оперативци сега што ја завршија оваа работа што го открија ова оружје, со оваа афера за брзо време ќе бидат преместени, или исто така малтретирани како пред некој месец тоа што се случи. Да напоменам, јас морам да го поврзам овој увоз на оружје и оваа афера со афера каде што се увезува дрога каде што учествува скоро половина Влада, половина функционери на СДС за заташкување на таа работа, дека е поврзано точно со населението во Македонија.

X/6

Дали случајно се носи дрога , хероин да се продава во Прилеп и Битола. Национално определени градови , чисти градови, градови во западна Македонија, градови кои се зацртани во картата на Илирида, или на Голема Албанија. Па кога ќе се растури такво количество дрога и такво оружје за масовно убивање ефектот е 100% одличен. Тоа оружје многу би се искористило сигурно со 90%, или 100% со успех. Исто така во оваа Влада од тие чудни работи без да реагираат другите претставници на Владата на пример македонците министри се финансира антихристијанска драма за да се руши националното чувство на македонскиот народ без да никој мрдне со прст во Владата . Кај министер се фаќа илегално оружје , пиштол, без< дозвола, тоа се заташкува итн. Не знам јас што ќе треба да почне да се случува овде кај нас , во овој Парламент, во оваа држава да почне барем малку некаква одговорност. Сигурен сум дека и ова што се случи овие денови коалиционите партнери ќе го премолчат , зошто мораат да го премолчат, затоа ако не се премолчи ова настанува колапс за водечката партија во таа коалиција и по- натаму ќе го лажат и заплашуваат народот. Но, да се запрашаме што ќе треба понатаму да ни се случи да оваа Влада осети одговорност или си поднесе оставка .

**ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:**(продолжение)

Дали ќе треба да почне да се употребува тоа оружје, а да напоменам дека не е само тоа оружје што го виде народот во весниците или преку телевизијата, уште илјадници има такви пушки, уште илјадници пушки се кријат во западна Македонија. Немој да се лажеме дека тие се 300 до 400 пушки па се заврши работата. И што треба еден македонец да набави оружје, каква дозвола , какви работи, кои тортури се итн. Да видиме по број на население на глава какво оружје има. Како ги земале, дали со марки тоа се давани дозволи пак од наши луѓе.

Ве у верувам дека за овие игри што се играат, тоа многу добро го увиде народот, ние се движиме низ народот, овој пат ќе заврши сигурно вака како што ќе се заврши, како што планиравте, а сигурен сум и пак ќе ви кажам дека и ве уверувам следниот пат тоа ќе биде брзо, нема да бидете сменети со креваше раце овде, тоа ќе го стори народот на свој начин.

Да напоменам и да ги потсетам пратениците од албанската народност, оние пратеници кои велат дека ни од ВМРО не сме за заедничко живеење итн., само се лажат самите и го лажат народот. Немојте господа да мислите дека ние немаме некој пријател албанец. Јас имам лично пријатели бизнисмени, интелектуалци, професори итн. само се тие подруги моите пријатели,отколку вашите пријатели кои се во коалицијата. Тие мои пријатели албанци не работат против својот народ не го излажале народот и не си ја погазиле својата вера. А вашите пријатели македонци во вашата коалиција го погазија христијанството и го издадоа народот, го сменија името итн., и продолжуваат да работат се во спротивно на името на народот.

XI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во врска со точката од дневниот ред, во врска со она што досега го слушав, сакам да го истакнам следното. Поставувањето на дневен ред недовербата на Владата е уште еден доказ дека одредени сили сакаат да ја дестабилизираат Републиката. со овој чин се сака да се ели- минира албанскиот фактор кој реално постои во Републиката, иако истиот е основен фактор за стабилноста на Републиката. Овие сили, некои сили заговараат елиминација на албанците од институциите на системот, каде што можат да бидат опасни за Републиката.

Исто така, овие кругови наместо својата енергија да ја потрошат односно насочат кон елиминирање на коренот на одредени проблеми во Македонија, тие активноста ја насочуваат во многу погрешна насока. Наместо да се бара расправа за одредени последни изјави на некои политичари од некои соседни земји, тие се бават со одредени работи кои што одат кон уште продлабочување на одредени проблеми во Републиката. Спомнатите сили сакаат да ги дискредитираат албанците пред Европската и светската јавност . Меѓутоа, јас верувам дека во тоа нема да успеат, бидејќи и Европа па и светот веќе се увери во нивната политика. Овие кругови, исто така, во Републиката после настанот трчаа пред средствата за јавно информирање да из- јават како се мобилизирале 20 илјади албанци во Македонија". Ако е тоа така, тогаш ова би било поголема армија од бројот на војниците Армијата на Македонија. Ако е така, тогаш се поставува прашањето зошто овие кругови не ги признаваат албанците за најбројна популација во Македонија. Бидејќи се знае соодносот на бројот на работниците и бројот на населението. Мене не ме чуди ако од овие кругови слушав и тоа дека

во оваа хиперболизирана броја се нашле тенкови, авиони, па дури и флота. Меѓутоа, ме чуди нивната политичка храброст пред медиумите да изјават дека целта на оваа"армија" било физичка ликвидација на Македонците во Западниот дел на Републиката. Ваквите изјави не само што се срамни, туку политичкиот врв на Македонија треба сериозно да ги проанализира, бидејќи ваквите изјави сериозно водат кон етнички конфликт каде што е и изјавата на некој кој што може веднаш да ги активизира и 12 илјади членови. Ваквите изјави се стереотип на бившата Југославија, на бившата идеологија против албанците што се повторува со иста реторика и сега. Сметам дека овие деструктивни сили не се свесни сами што се случува во Македонија, се занимаваат со веќе испробаните методи против албаницте, како што беше штабскиот документ на Лазар Мојсов, кој и ден денес не успеа да го докаже, бидејќи и истиот не постоеше.

Често пати се зборува за нашата лојалност политичка, па најнов изум економска. редиците за примање на лични карти не е доказ дека луѓето сакаат да се интегрираат со системот и да се снабдат со потребан документација токму од оваа Република. Редиците за патни исправи, редиците за државјанство каде што се чека и по шест месеци итн. Што се однесува до економската лојалност добивме податоци и информации од министерството за финансии каде што во еден момент, имам добро запаметено дека во Гостивар албанците го плаќаат данокот 67%. Во Тетово 80%, меѓутоа во Битола граѓаните успеале само 40% да го поаѓаат данокот. Тие се факти.

Уште нешто, морам да признам, една моја слабост, бидејќи не сум можел да сознам дека од редот на пратениците сме имале и матичар бидејќи пола пратеници на ПДП биле кривично осудувани. Тоа не сум знаел. А исто така ме зачудува и фактот што некој пратеник кога не гледал нас пратениците од ПДП , секогаш излегува "чист воздух". Ако е

XI/4.-

така, тогаш лошо му се пишува, бидејќи од превисоката доза на примање на воздух, ќе пукне како балон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Абди Муртезани.

**АБДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство,дами и господа пратеници. Расправата за прашаше за доверба на Владата на Република Македонија и те каков е прашање за кое треба секој пратеник да го даде своето мислење. На сите дискутанти кои што сега се изјавија со полна одговорнсот можам да им кажам дека Народната демократска партија не е коалиционен партнер. Во иднина да не го употребуваат овој збор. Народната демократска партија уште порано дала своја квалификација дека ова Собрание и оваа Влада реално придонесуваат за загрозување на мирот и безбедноста во Македонија и пошироко, како и смета дека ти реално го загрозуваат животот на граѓаните и нивната безбедност. оваа констатација се потврди и на денешната седница од дискусиите на одредени пратеници, кои на граѓаните на Македонија не им нудат ништо добро, го заплашуваат, сеат омраза, поделби, па дури и меѓу-национални конфликти, на веќе познати во одредени делови на бивша Југославија. И покрај тоа што цврсто сум убеден нивниот ректорат тоа не го мисли. Значи, имаме класична злоупотреба да довербата на избирачите. Покрај ова во полза на констатацијата изнесена погоре, зборуваат и следните аргументи:

1. Ова Собрание и оваа Влада не создадоа клима на доверба кај граѓаните перспектива за сожителство и рационална рамноправност.

2. Ова Собрание усвои устав како основен највисок правен акт на државата без согласност на претставниците, албанци кои учествуваат најмалку со една третина по бројот на вкупното население на Републиката. Случај без преседант и во најпримитивните држави!.

XI/5.-

3. Собранието и Владата не се во состојба да ги извршат нивните основни функции, особено во донесувањето на системските закони

4. Ова Собрание и оваа Влада не се во состојба во пракса да го применат актуелниот устав, односно во позитивна смисла и толкување да го преточат во закони и да го афирмираат граѓанскиот елемент што го има во него.

5. Намерно се одлага донесувањето ан законот за локалната самоуправа со единствена цел да не им се овозможи на албанците таму каде што се во мнозинство да имаат било каква ефективна власт. Од друга страна, последната верзија на овој закон не ги задоволува ни најмалку европските стандарди , па дури ни африкански.

6. Забрана ана употреба на албанскиот јазик пред државните органи, државните акти составени само од еден јазик, документите за идентификација, кои не го применуваат ни најпримитивните држави во светот.

7. Недоволното ангажирање во остварувањето на националната рамноправност, рамноправноста во школувањето, вработувањето во државните институции, науката, културата, и формирањето, социјалната политика и друго.

8. Криминалното функционирање на државната управа каде граѓаните за и за најобичните документи со недели се малтретираат пред шалтерите, кое нешто предизвикува лично и колективно незадоволство кај граѓаните.

9. Малтретирање на граѓаните во врска со стекнувањето на државјанството.

10. Дискриминација во врска со регистрирањето на авио компаниите.

11. Непочитувањето на албанците и другите немакедонски во врска со употребата на државните симболи и нивно присвојување и идентификување како национални, спротивно на мултинационалната

реалност на Македонија.

12. Инцидентите, но и убивањата на граѓаните од страна на полицијата.

13. Еднонационално претставување на Република Македонија пред меѓународните органи, институции и држави каде во стилот на "папуљасти мелагомани" се постапува како да светот се врти околу Македонија.

Поради сето ова изнесено а во полза на главните цели мирот и безбедноста, ова Собрание и оваа Влада треба да изнајдат на и можности за да заминат од политичката сцена и да се распишуваат нови предвремени избори, со кое нешто на граѓаните на Македонија ќе им ја направат најголемата услуга. Најверојатно, идниот парламент и идната Влада далеку повеќе ќе придонесуваат во сите области , ако не повеќе барем нема да придонесуваат на загрозување на мирот и безбедноста во Републиката и пошироко.

Затоа, како претставник на народната деморкатска партија предлагам ова Собрание да се распушти, мислам овој предлог да се иницира согласност член 63, став 6, и во врска со ова да имаме нови избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да појдеме на пауза и ќе ѕвониме во 1,15 часот

XII/1. -CC/MJT

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,35 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Збор има господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во име на партијата која како пратеник ја претставувам во Собранието на Република Македонија, во име на избирачите кои ме избраа како свој претставник во оваа институција, во име на сите граѓани кои имаат идентичен став ја обвинувам оваа Влада за директ- но поттикнување на заговор против Република Македонија.

По повод предлогот за избор на оваа Влада, во расправата од 49-та седница на Собранието на Република Македонија искажав сериозни сомневања во однос на легитимноста на мандаторот, способноста на предложената Влада да ги извршува активностите во својата устав- на надлежност, а особено за мотивите на неприродната коалиција.

Да потсетам, претседателот на Републиката, спротивно на своите уставни овластувања, го даде по втор пат мандатот на партијата на која инаку припаѓа, со што ги прекрши правилата на парламентарната демократија, ја вознемири македонската јавност, предизвика повеќе дилеми за идните политички но и други процеси во Република Македонија.

При тоа, во контекст на тоа прашање констатирав дека надвор од сомнение е оти вистинскиот мандатор на Владата на која и изгласавме недоверба, како и ново предложената, сега веќе актуелна за која повторно ќе расправаме за доверба е претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров.

XII/2.-

Од најавата на составот на оваа Влада и практично се потврдија сомневањата присутни во јавноста дека министрите во првата Влада не беа партиски определени како што се декларира, туку во најголем дел биле прикриени припадници на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Ова беше особено важно да се констатира заради оценките за одговорноста за она што се случуваше во изминатиот период.

Покрај забелешките дека начинот и околностите по кои се составува втората Влада укажуваат на амбициите, партиите од македонската левица да ја приграбат целосно власта во Република Македонија, спротивно од изборниот резултат, особено ја искажав својата загриженост и спротивставеност што Владата се формира врз основа на коалиција со политичките партии на албанското малцинство кое што во континуитет покажува нелојалност и отворено непријателство спрема Република Македонија.

Оценив дека Социјалдемократскиот сојуз на Македонија пристапи во еден нелогичен ред во контактите со политичките партнери за состав на Влада, со што практично отвори можност на албанските политички партии да стекнат појака политичка позиција од онаа што природно, спрема нивниот број на пратеници им припаѓа и практично на тој начин да бидат исклучени оние политички субјекти во Собранието на Република Македонија кои што во својата програма имаат национално нагласена ориентација.

Се спротивставив на отстапките кои македонските политички партии, заради преземање на власта по секоја цена, им ги направија на ПДП и НДП во однос на бројот на министри и други владини функционери, а особено на личностите за кои деновиве се уверивме дека биле осудувани за непријателско дејствување против Македонија.

XII/3.-

Исто така, укажав дека примарна цел на идната Влада ќе биде да го задржат мандатот по секоја цена заради контролата над изборната процедура, донесување на новите изборни закони за предвреме- ни или редовни избори.

Но, да видиме кои се резултатите од работата на оваа Влада:

Блокирано стопанство; страв за деловна иницијатива; исчекување; еднорамно зголемување на корупцијата во државните органи кои стануваат аниматор на стопанскиот живот; социјална беда; низок сте пен на реалното остварување на човековите слободи и права или на- кусо оданочување од граѓанското демократско општество.

Тежиштето е поместено од граѓаните како актери во граѓанското општество кон силната автократска извршна власт и невидливите центри на политичка моќ.

Во таа смисла особено е важно да се сфати одговорноста. на оваа Влада, Влада на политичко - идеолошки компромиси која ја одразува политичката немоќ на Македонија заради оневозможувањето на развојот на граѓанското општество, токму од аспект на заштита на македонските национални интереси. Зошто, најголемата препрека за барањето од страна на Албанците од Македонија за нивна државна от- ворена конститутивност е токму противречноста на таквото барање со принципите на граѓанското општество.

Македонските партии кои партиципираат во власта не може да не бидат одговорни и за однесувањето на својот коалиционен партнер коалицијата ПДП-НДП. Тие се исто толку против Македонија прифаќајќи партнер во власта кој во случајот на партиите на албанското малцинство бараат да бидат државотворен субјект и автономија како долгорочна стратегија за во еден момент во одредени околности при остварена биолошка структура на населението да остварат и самостојност.

XII/4.-

Оваа Влада во својата блокираност, за што исклучиво се одговорни македонските политички партии во власта, не е способна прашањето со нивото на остварените малцински права во Република Македонија да го поврзе со афирмација и операционализација во склопот на политиката за единствен модел на малцинските права на Балканот која, како национален консензус мора да биде прифатена и поддржана од сите македонски партии без оглед на идеолошките определби.

Оваа Влада не знаеше да ги искористи принципите на европската односно светската политика врз која се градат сите односи денес меѓу државите и заради кои албанската стратегија не може да помине заради непроменливоста на границите. Спротивно на ова, македонци во Владата или блиски на неа под разни сомнителни мотиви пробаа да ја афирмираат идејата за мултинационална Македонија, при што македонскиот народ се сведува само на најбројна етничка група.

Термините мултинационална и мултикултурна се социолошки категории и сами по себе не значат ништо лошо. Меѓутоа, тие термини се одомаќинети за Австралија, за Америка и за држави кои немаат национален етност. На Балканот, нациите биле окосницата околу која се формирале државите. Нема држава во светот која има малцинство од соседна матична држава и тоа да има статус на народ, односно да има две држави и во двете да биде конститутивен народ.

Нашиот став е јасен. Ние никогаш не сме имале илузии и јасно е дека кај поголемиот дел на албанското малцинство доминира ставот за голема Албанија. Сите стратегии и тактики им беа за реализирање или за стварање на услови за реализирање на таа идеја.

Примерот на изјавата на еден од водечките албански интелектуалци на Косово кој најотворено ја потврдува стратегијата на албанското малцинство од просторите на поранешна Југославија за

голема Албанија, истите тези ги «застапува и Халили. На тој начин, веќе по кој знае пат се потврдува и врската на косовската алтернатива со партиите на албанското малцинство во Македонија и координацијата од страна на центарот во Албанија. Тоа е нивната теза, тие тоа последниве денови постојано го нагласуваат во своите соопштенија и конференции за печатот. Бараат државотворност на албанското малцинство за потоа да извршат анексија.

Македонската Влада е подеднакво неотпорна не само на сепаратизмот, национализмот и сецеонизмот на албанското малцинство, туку и спрема албанскиот и српскиот врховизам. Таа предолго ги толерираше и ги толерира чекајќи само изострени состојби во кои ќе реагира. Таквиот однос таа не може да го оправдува само како наводна тактика.

За состојбите што се последица на колаборација на Владата со ПДП и НДП мора да се истакне и одговорноста на опозицијата која, тврдоглаво занемарувајќи го националниот интерес и поаѓајќи исклучиво од партиски интереси,не сакаше да најде заеднички јазик по прашања од интерес и егзистенција на Македонија, сега кога и е нај- тешко.

Оваа неспособност на македонските партии и на владеачките и на опозицијата ескалираше за време на составувањето на втората Влада, а и подоцна секогаш кога се отвораше прашањето за предвремени из бори.

Неопходно е по изгласувањето на недовербата на Владата да се распишат и предвремени избори, зашто инаку во една реконструкција на Владата со истите партнери, партиите на албанското малцинство повторно би стекнале легитимитет и легалитет до крајот на мандатот.

Затоа ги повикувам сите македонски партии застапени во Собранието на Македонија,по изгласувањето на недоверба на оваа

Влада, до колку не се распишат предвремени избори, заеднички да состават политички одговорна Влада.

Значи, или избори или излез во една нова македонска коалициона Влада.

Неприфаќањето на ваквата солуција мора да се смета како предавство на македонските национални интереси. Ќе поддржам секоја Влада која во националната држава на македонскиот народ ќе развива граѓанско општество која, во однос на правата на малцинствата во Македонија, ќе операционализира политика градена врз основа на единствен модел на малцинските права на Балканот. Влада која ќе ги суспендира разговорите со Герт Аренс и сите договори ќе ги прогласи како ништавни, ќе ги забрани политичките партии на малцинствата, ќе ги преиспита мандатите на пратениците од ПДП и НДП, ќе ги депортира сите лица кои не го регулирале престојот во Република Македонија, ќе го промени и заостри Кривичниот закон за дела против државата, ќе ги суспендира еднонационалните собранија во Тетово и Гостивар, ќе ги сруши сите дивоградби и диви населби што се база за непријателско дејствување во Република Македонија, ќе ги очисти МВР и АРМ од сите лица кои биле вмешани во албанската иредента, како и да се преиспита Законот за државјанството, во смисла на зголемување на времето на престој од 15 на 30 години за добивање македонско државјанство.

На крајот да напоменам дека во врска со активностите на господинот Герт Аренс, деновиве имав средба со германскиот генерален конзул, белешка од разговорот е испратена до сите средства за јав- но информирање, но за жал, освен Радио Либертас ниту едно средство не изнесе ниту еден збор од таа средба.

Благодарам.

XII/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Дозволете ми на почетокот само накусо уште еднаш да се потсетиме на основните определби на пратеничката група на СДСМ за кое таа упорно се залагаше во изминатиот трогодишен период и се надевам дека и во иднина ќе го прави тоа, без разлика на сите присутни обиди тие да се поп- речуваат, оспоруваат или омаловажуваат или пак што во масовно време се шпекулира во јавноста дека СДС нема јасни ставови и определби по многу значајни национални историски политичко -правни или економско -социјални прашања и состојби во нашата држава.

Прво, ние и натаму сметаме дека само во услови на мир може целосно да се развие едно општество и држава. Војните и на малите и на големите народи им нанесуваат подеднакво огромни штети и загуби. Ние мислиме дека Македонија има шанси да стане модерна парламентарна и правна држава, и уште повеќе, да го оствари сонот на сите досегаш ни генерации македонци за изградба на самостојна и суверена држава само ако го избегне военото опожарување на овие простори. Тоа е алфа на нашата политика. А, се надеваме дека македонскиот народ тоа го посакува и го почитува. Војните и судирите само ги распалуваат апетитите на поголемите, но и на помалите, особено ако тие се во соседството. Правдата тогаш станува слепа и се става на страната на посилниот.

Второ, со тоа е поврзано и зачувувањето на нашето име кое деновиве повторно негативно се актуализира од страна на нашиот јужен сосед. Ние, и во војна и во мир не би се откажале од нашето национално име. Но, големо прашање е дали тоа име повеќе би го задржале во

услови на мир или во еден нов балкански воен метеж на кој не би му се гледал крајот, а уште помалку нашата судбина.

Трето, демократијата не ја сфаќаме ниту како мислена именка, ниту како анархија или нејзина злоупотреба за вонуставни, вон законски или како можност за вонпрограмски делувања на одредени политички партии во Република Македонија.

Нашата определба е дека Македонија има перспективи само како демократско општество кое ќе се остварува низ доследна примена на постојниот Устав и низ институциите на власта, во лицето на ова Собрание, Владата и судските органи.

Тоталитаризам или страховладение од било кој тип, дали тоа ќе биде автократски или национално шовинистички тип, може да биде погубен за иднината на нашата држава.

Четврто, се определивме за радикални промени во економијата и политичкиот систем. Го донесовме Законот за приватизација, поставени се законските рамки, се подготвува нов даночен систем, се менува сопственичката структура во Република Македонија и слично.

Работите се одвиваат бавно, но се движат. Институциите на плитичкиот систем функционираат. Некои се поголем успех, некои со помал. Но, затоа, во голем дел вината лежи и во нашата собраниска неефикасност или зачауреност во тесни партиски интереси, особено на некои пратенички групи од опозицијата што оневозможуваат да се донесат законите што ќе ја заокружат државноста во сите сфери на политичкиот живот, конкретно Законот за судовите и Законот за локалната самоуправа.

Петто, не отстапуваме од политиката на остварување на човековите слободи и граѓански права. И, во тие рамки и правата на националностите. Во тој дел, ништо повеќе ни ништо помалку од она што

XII/9.-

е пропишано во Уставот и некои обврски што мора да ги преземеме од некои меѓународни конвенции и повелби.

Шесто, и покрај сите предизвици што ни стојат на патот, ние сметаме дека во Македонија мора да се создаваат услови за соживот со припадниците на другите националности: Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи и други. Но, и овој пат ќе подвлечам најенергично ќе се бориме против секаков вид на национализам или шовинизам, било од експанзионистички, било од сепаратистички карактер.

Седмо, Македонија води и ќе води таква меѓународна полити- ка која на преден план ќе ги штити нејзините витални интереси. Денеска, како полноправен член на Обединетите Нации сигурно имаме повеќе шанси отколку вчера. Утре можеби како член на ЌЕБС и уште повеќе итн.

Сепак, основна придобивка е да се има полна соработка со нашите први соседи, со стриктно почитување на принципите на немешање во внатрешните работи на секоја работа одделно.

Според тоа, затоа нашата политика на еквидистанца дава резултати, но само треба да се истрае на тој пат.

Дали тука има нешто нејасно, освен за оние кои тоа не сакаат да го видат или да го признаат? Зарем сите овие покрупни определби и ставови не се во некоја рака и потпорни точки на кои треба да се потпре и оствари и безбедносната функција или пак состојба во Република Македонија, а за која се тврди дека е загрижувачка, особено после успешната акција на органите на МВР за приведување на лица кои се бавеле со недозволени антидржавни, антиуставни дејанија?

Каква ли контрадикторност!?

Но, навидум, до колку навистина не се согледаат работите и нештата во нивната суштина или пак се сака да се даде сосема друг

терк на состојбите или пак да се испровоцираат и постигнат сосема други цели, од еден вака сериозен чин како што е создавање на паравоени формации на тлото на Република Македонија на кое треба да се пријде исклучиво со студена глава и со правна логика.

Тука, уште на почетокот сакам да го искажам нашиот дециден став по ова прашање. При тоа секој акт или чин на загрозување на територијалниот интегритет и суверенитет на државата и земјата или пак насилно рушење на уставниот поредок, како во изминатиот период така и во иднина, ќе бараме преземање спрема носителите на таквите активности, без разлика на нивната национална и верска припадност, на енергични мерки во нивното откриваше, разбивање и судско санкционирање во рамките на правната држава.

Но, во исто време кажуваме дека нема да се толерира никакво поттикнување на меѓунационална, верска или друга нетрпеливост, без разлика дали таа доаѓа од страна на политичка партија, група или поединци, со цел за целосно нарушување на безбедносната состојба во Републиката.

XIII/1.-ОМ/НН

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Што значи, да го резимирам горе наведениот став. По прашањето на безбедноста на Република Македонија за нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, единствеността на одбранбениот и на безбедносниот систем не може и не смее да има никакви компромиси, отстапки, или пак солидарност без разлика дали се работи за коалициони партнери во Владата или политичко тактизирање и пристрасност по национална и друга основа. Се надевам дека овој став ќе биде прифатен од севкупната македонска јавност. За да се постигне тоа треба да се направат неколку работи.

Прво, и основно треба еднаш за секогаш да биде јасно дека ниту македонското ниту албанското прашање може да се реши по пат на етнички судир или војна. се лажеме ако така мислиме. Така, во конкретниов случај им се обраќам на претставниците на албанската националност или барем тоа сакаат да бидат нека размислат малку со свои глави, нека се завртат малку повеќе...

(Реагирање на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ) и да слушнат тие што мислат за една ваква работа. Да не бидат под влијание на уважени и богати господа од разни европски земји, или тука во непосредно соседство, кој обземени од своите романтично патриотски амбиции и планови заборавиле дека политиката не е средство на војната.

Второ, ниедна политичка партија, па било таа да се вика и ПДП не може до крај да го изрази целокупниот интерес на граѓаните или пак националноста што ја претставуваат. А посебно кога станува збор за определби или активности со кои директно се нарушува мирот, спокојството, или пак секојдневниот живот на своите граѓани како врвна

вредност за која треба да води сметка секоја политичка партија.

Трето, секоја држава, секоја вистинска власт не може да дозволи создаваше на партиски полиции, војски, заштитни одреди или комитет надвор од Уставот, Законот, или пак вон одбранбениот систем на Републиката кога се знае дека со Закон и Устав тоа е полицијата и АРМ.

Четврто, ниту една политичка партија нема мандат од народот или граѓаните на Република Македонија да создаваат пара- воени формации, да се трупа оружје во комшиските дворови или куќи, а во едно да се зборува дека Македонија е наша држава и дека сме за сожителство. Да не го трошиме и онака скудниот денар за благосостојбата на разни државни, парадржавни, или пак поединци, белосветски трговци со оружје тука околу нас, или подалеку од нас.

Петто, Македонија мора под итно да се ослободи од сите складови на нелегално оружје без разлика во чии раце се наоѓа. Бидејќи тоа носи само по себе зло. Впрочем, некои бивши југословенски републики сега не можат да дигнат глава од таквите поединци, поедини групи па и цели политички партии (Србија, Хрватска и Босна) односно колку повеќе оружје толку пониска цена на животот на луѓето и на човекот.

Шесто, кадровската политика мора да се извлече од тесните кадровски кујни на партиите, тврдоглавото опстојување на непроверени и недокажани кадри. Прво негативно се одразува на секој политичка партија одделно, а после и во целото општество. Политичката Влада или коалиционата Влада не значи суспендирање на некои кадровски критериуми. Напротив тоа е колективен орган. Секој министер е посебно одговорен за својот потесен раководен кадар.

XIII/3.-

На крајот би сакал да укажам уште на неколку работи кои би можеле исто така да бидат штетни, а имавме можност во разни соопштенија во последно време по овој настан околу апсењето на група албански .граѓани да ги слушнеме во јавноста. Ако патриотизмот се вообличи во бунт за етнички судир како единствен излез и пат за самостојна Македонија ќе дојдат во судир две веќе познати тези - на обесправен и намачен народ и на обесправени националности. Овие тези не се само наши, туку и туѓи и многу актуелни денес, кои особено ги форсираат некои соседни држави. Ќе ги спомнам Грција и Србија. Впрочем тоа го слушна целата македонска јавност преку пис- мото на Папуљас до Обединетите нации и изјавата на претседателот на Република Србија дека на Македонија и претстои погубен меѓунационален судир.

Второ, не може целата албанска националност да се изедначи со екстремните националисти во нивните редови односно дека со нив нема разговор, договор.

Трето, многу опасно е со националното чувство на сопствениот народ во вакви услови на нестабилизирана меѓународна позиција на Македонија да се манипулира во чисто партиски цели односно единствено на тој начин да се коригира сопствениот паднат рејтинг меѓу своите гласачи. Тоа е игра со огин од која можеме сите да изгориме. Според тоа да извлечеме поука сите од овие последни настани , од кое најмногу партии на албанците и сите други политички субјекти во Македонија.

Ќе завршам уште со два три коментари на одделни дискусии во претпладневниот дел на работата на Собранието бидејќи беа искажа- ни некои неточности, па дури би рекол и ординарни лаги.

Имено, прво мислам дека управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување уште утре ќе се јави со едно соопштение во јавноста каде ќе бидат демантирани одредени тврдења од страна на пратеничката Доста Димовска дека Фондот располага со средства, но тие биле наменувани за други намени.

Второ, не е точно дека коалиционите партнери односно политички партии не се огласиле по повод овие настани што се случуваа минатата недела. впрочем, нека се земат листовите од дневниот печат од минатата недела ќе видат дека сите политички партии, вклучувајќи ги и оние кои учествуваат во Владата имаат јасни ставови. Можеби само ставовите се нешто поразлични.

Трето мислам дека што може да се каже за еден век познат случај, кој е мислам и срамен чин што е направен од страна на бившиот градоначалник на град Скопје, припадник на партијата ВМРО-ДПМНЕ кој е диво вселен во еден општествен стан, а да не зборуваме за кирија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една реплика има госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

После ваков говор на господинот Љупчо Поповски јас немам коментар освен тоа што сум разочарана што не се исполни едно мое очекување во салава, евентуално и низ цела Македонија да се фрлаат памфети или цвеќенца.

Што се однесува до неговото излагање имав една процедурална забелешка на која што очекував да реагира претседателот на парламентот бидејќи беше тука употребено во излагањето една неустав на категорија. Ние знаеме дека во Уставот, во преамбулата единствено

во Македонија се говори за македонски народ и за националности, а една од националностите е албанската националност. Господинот Љупчо Поповски како координатор на СДС од говорницата на парламентот употреби една неуставна категорија и тука промовира некаков си албански народ во Република Македонија. јас протестирам за ваквата индолентност и нереагирање на вакви непрецизности во излагањето на пратениците и неточности.

Што се однесува до забелешките дека во моето излагање биле искажани неточности јас укажав на тоа дека моите информации доаѓаат од службеници на Фондот аз пензиско и инвалидско осигурување.

Исто така што се однесува до реакциите на македонските партии кои што се во коалицијата и формираат заедно Влада со партијата ПДП-НДП, нивните реакции не се однесуваат на осуда или оградува од формирањето на паравоените формации, туку целиот случај сакаат да се сведе на шверц со оружје. Ние знаеме дека од информацијата што ја даде Министерството за внатрешни работи не се говори дека тоа оружје било наменето за трговија. Напротив тоа оружје било наменето за паравоените формации. Кој зборува неточности самата јавност нека процени.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, сакам до господинот Голубовски да дадам една сугестија затоа што тој употреби дека во ова македонско Собрание имаме една неприродна коалиција. јас мислам дека ќе ја прифати оваа сугестија од мене, јас мислам дека таа коалиција однос но парламентарно множинство е потполно природно. Еве зошто е природно.

XIII/7.-

Пред малку слушнавме дека господинот Љупчо Поповски ни потврди дека таа коалиција е природна со следново изговорено дека во Македонија постои албански народ. Значи, тие се потполно на иста позиција со СДС на Македонија и партиите ПДП-НДП и затоа велам дека имаме една природна коалиција која владее со Република Македонија составена од наследниците на бившата болшевичка партија односно од оние кои во времето на тоа едноумие беа прогонувани за сепаратизам и судени по основ на разни марксистичко-ленинистички кружоци со зборовите наречени енверовисти. Значи таа природна коалиција сега владее со Република Македонија јас се надевам дека господинот Голубовски ќе ја прифати оваа моја сугестија.

Односот во парламентот на денешнава седница на пратениците "од ПДП кои се претставуваат како умерени ни дава за право дека тие пратеници се откажуваат од ексремните меѓу кои е и помошникот министер Хаскај , или одборникот на ПДП од Дебар и другите односно сето ова ми личи дека "откажувајќи" се од екстремизмот пратениците од ПДП директно ги предаваат своите довчерашни другари. Буквално е така, а можеби и сегашни се уште другари, меѓутоа имаме една замена на тези, ете ние ќе се претставиме дека сме умерени и ќе ги предадеме овие наши другари кои се уапсени , 8 или 9 души, таму колку се и т.н. Тоа е нивна работа односно нивно право да си ги предадат своите колеги и јас тука немам ништо, можам да го поздравам само овој чин дека тие ги предадоа своите колеги. меѓутоа, кај мене претставува едно двоумење зошто се однесуваат вака пратениците на ПДП, дали да ја спасат оваа природна коалиција, отсега ќе велам дека е природна затоа што ми дадовте докази дека е природна коалиција која има 76 пратеника односно може да носи многу од законите кои се се уште недонесени во Република Македонија, а која за жал некогаш и не може ни да се собере,

да се соберат 61 пратеник буквално во таа коалиција на некој начин блокирајќи ја работата во ова Собрание. Тоа е што ние пратениците од опозицијата сме минорни односно малцинство, истиот збор е на француски итн., и сочинувајќи една група од 40-сетина, или 41,42 пратеника никогаш не можеме самостојно да закажеме седница затоа што треба, на едноставно кажано, математички 61 пратеник. Вие го имате тоа мнозинство меѓутоа блокирањето на Собранието, токму без да се лаже оваа македонска јавност е токму од таа природна коалиција.

Меѓутоа, чудно ми е и признанието на министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Фрчковски дека оваа наводно осум члена или девет челна група ја следел повеќе од две години. Затоа јас би ги поставил следните логични прашања.

Зошто е поставен господинот Хасќељ за помошник министер на Министерот за одбрана пред 4-5 месеци ако две години се знаела неговата терористичко известителна активност за странска држава односно дека истиот активно во тоа време од две години учествувал во создавање на паравоени формации. Дали значи дека тој овој податок, министерот Фрчковски свесно го скрил од одговорните во службите за безбедност во армијата на Република Македонија и Министерство за внатрешни работи, затоа што јавно пред оваа говорница кажа дека целата група ја следи две години, а тие во меѓувреме како коалициони партнери на ПДП поставуваат помошник на министер човек кој две години го следат. Замислете? Односно прикривањето на кривично дело исто така господинот Фрчковски како правник знае дека е кривично дело. За овие две години , знаејќи, а тоа и јавно ни го кажа овде, кажа дека тие знаеја меѓутоа, дури сега ги уапсија односно ги обвинија, покренаа кривична постапка за основано сомнение за сторено кривично дело уривање на уставниот поредок на Република Македонија.  А јас овде

вербално ќе ви кажам, и искрено, до јавниот обвинител на Република Македонија покренувам вербална кривична пријава, а тоа е согласно членот ми се чини, 153 од Законот за кривична постапка нека си ја изврши својата должност како јавен обвинител на република Македонија затоа што имавме од оваа говорница признание дека некој две години сокривал кривично дијание на одредени лица и не сакал да ги пријави, што е негова граѓанска должност согласно Уставот.

Јас тука би се запрашал исто така зошто токму во овој момент се уапсени овие , оваа група, како што велат само 8 -9 луѓе, јас би рекол дека се многу повеќе , меѓутоа тоа е работа на проценка на политички определениот министер за внатрешни работи кој раководи с министерствата за внатрешни работи односно што беше случајот со пред повеќе од три месеци упадот на Министерството за внатрешни работи во просториите на форумот на, демократскиот форум односно некогаш како што самите се нарекуваат форум за човековите права, а сите се членови на тој форум од албанската националност . Односно дали тоа не беше една промашена акција каде штос е мислеше еве тука е тој штаб, меѓутоа значи дека потполни информации за штабот каде се наоѓа на сеалбанската паравојска го дознале многу, многу доцна.

Често ние пратениците, почитувани пратеници од опозицијата слушаме, тоа го слушнавме и денеска како пратениците од позицијата, ќе речам не "советуваат", а тоа го прават и средствата за јавно информирање, Македонската телевизија, "Нова Македонија" и други, и тоа наполно ќе кажам како нивна продолжена рака како да се однесуваме, како да поставуваме прашање односно дека односот на политичките сили во овој македонски парламент е таков што ни дава за право како парламентарно мнозинство односно природна коалиција како што беше речено да владеете со македонската држава преку таа

природна коалициона Влада составена од политичките партии СДС на Македонија, Либералната партија, албанските партии ПДП-НДП, за жал слушнавме денеска и тоа го прифаќам дека НДП не учествува во коалицијата, му благодарам на пратеникот што на некој начин јавно се огради од учество во таа коалиција и Социјалистичката партија заедно со ПЦЕРМ. И тоа морам да кажам дека е несомнена вистина. вие преку Владата владеете и се е во ваши раце. И во вашите партиски прогарми што значи дека наградата и одговорноста е во рацете на таа природна коалициона Влада за сите добри и лоши работи што и се случуваат на оваа држава Република Македонија. Но и начинот на работата и ефикасноста на овој парламент е исто така во ваши раце затоа што имате, ќе повторам, парламентарно мнозинство од 76 пратеника, повеќе од доволно да се владее со државата. Тоа е основен податок. Се е во ваши раце. И Владата и Парламентот. 76 пратеника се едно солидно, солидно мнозинство и тука ни е , за жал, како едно малцинство односно како една опозиција нема што да кажеме или имаме начин да го блокираме парламентот. Се е во ваши раце. И блокадата во парламентот и односот на Владата. Тоа е вистина и само вистина. Во математиката тоа така се вели. Вистина и само вистина. Што претставува опозицијата во еден ваков случај на однос на политичките сили во овој македонски парламент? Која е одговорноста во историска смисла на опозицијата, а најповеќе на пратеничката група на ВМРО-Демократска пратија за македонско национално единство, како многубројна, неисклучувајќи ги тука и другите помали опозициони партии. За жал, тука исто така морам да го опоменам господинот Голубовски спомна дека сите партии во Република Македонија се виновни за оваа состојба. Јас мислам дека тука еден лапсус направи, ќе ја прифати мојата сугестија, ова е втора сугестија дека се работеше за партиите кои се на влас, затоа што оние партии, кои се опозициони не можат, не

учествуваат во власта и немаат парламентарно мнозинство.

Која е таа историска смисла на опозицијата да не реагира на настани кои можат да доведат до разнебитување на македонската држава и на македонската нација. Опозицијата во овој случај и секогаш претставува совест на јавноста, и коректор , критичар на неисполнетите ветувања на парламентарното мнозинство на коалиционата природна Влада на чело со претседателот господинот Црвенковски.

XIV/1 JJ/ПН

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (Продолжение)

Имајќи совест пред јавноста, а пред се македонската нација односно пред сите македонски лојални државјани, почитувајќи ја вистината дека јавноста дека треба да знае се, дека од народот никој нема право да ја сокрие вистината, и јас и другите пратеници од мојата пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го поставува уставно загарантираното прво за прашаше на доверба на Владата на РМ и сега ќе ги набројам кој се тие причини и јас да се потпишам во тоа уставно тоа наше право, односно барање за покренување на прашање за доверба на оваа природа коалициона Влада.

Прво, надлежностите на Владата на РМ како дел од извршната власт, се работи за еден поголем дел од извршната власта, затоа што знаеме дека некои работи од извршната власт се во надлежност ка претседателот на Републиката, односно во областа и на Владата и на претседателот во областа на одбраната и безбедноста на државата, да констатирам дека оваа Влада од нејзиното досегашно владеење не ги извршила потребните мерки и активности во однос на заштитата и безбедноста како на државата така и на животите и на материјалните блага на нејзините лојални државјани. Зошто? Затоа што во органите на државната управа се забранува организирање и дејствување, член 95 од Уставот на РМ. А Владата согласно Уставот и Законот за Владата врши надзор над работата над органите на управата и од тука произлегува дека целата одговорност за продор на странски разузнавачки служби во Министерството за одбрана и во другите министерства преку политички определени високи функционери на Владата, членови на партијата на албанското малцинство и ли националност според нашиот Устав како е определено, ПДП значи целата одговорност ја има оваа природна коалициона Влада чии партнер е и партијата со звучното и како што ни

кажаа демократско име Партија за демократски просперитет, така еден пратеник се изрази од партијата дека таа има такво име, и нема основа да учествува во формирање на паравојска. Чудно објаснување!

По делумното запознавање на македонската јавност за откривање на формирање на паравојска и запленувањето на дел на делот од оружјето, велам дел и друг воен материјал и компјутерскиот центар за водење на паравоени дејства и терористички акции на територијата на општина Гостивар и РМ значи против Армијата и Полицијата, односно етничко чистење на делови од Македонија од сите кои не се Албанци, очигледно е настојувањето на Владата и на нејзината продолжена рака односно поедини средства за јавно информирање да ја минимизираат целата афера, за да го заштити својот коалиционен партнер ПДП, по секоја цена да владее со македонската држава. Јас ова настојување почитувани пратеници би го окарактеризирал и како немање чувство за виталните национални интереси и нивна заштита односно за антимакедонска политика, туку за остварување на лични интереси на поединци под раководствата на партиите кои партиципираат во коалиционата Влада, кои пред малку ги набројав.

Според сознанијата што ги има Комисијата за аналитика на политичко безбедносните прашања на ВМРО-ДПМНЕ првото формирање на албанските паравојски и заштитни организации по селата и градовите во поголем обем но како континуитет на дејствување на албанскиот сепаратизам е од 1941 година па наваму, значи првото обединување е извршено во 1990 година со организирање на селски стражи и курирско - известителна служба. Во 1991 година, она што го тврди МВР е поминато со одлука на политичкото раководство на ПДП со целосна поддршка од екстремни кругови на соседна Република Албанија

во поорганизирана форма на паравоено дејствување чија организираност, кадровски потенцијал, вооружување, сопствена заштита, известување и контра известување, финансирање и снабдување обука и т.н., целосно се совпаѓа со организирана вооружена сила со главен штаб и политичка управа со платени функционери.

Вака формираната паравојска со делумно откриените 2 2 илјади мобилизациски задолжени обврзници само во гостиварскиот крај, ако ова не е точно Министерството ја има дискетата нека каже каде во која општина живеат тие 22 илјади можни мобилизациски задолжени обврзници. Се ова има за цел да ја обезбеди безбедноста и сигурноста на опстојувањето на политичката автономија на таканаречената "Илирида" како прв чекор, до целосно присоединување кон Република Албанија односно создавање на Велика Албанија со главен град Скопје. Известителната служба на оваа паравојска интензивно собира податоци за Армијата на РМ и понекогаш се пуштени за МВР, најповеќе планови за регрутирање и мобилизирање, зборни места, вооружување на АРМ податоци за шифрите итн., како би била во предност при вооружен конфликт, претпоставувате што значи непријателот да ги има мобилизаторските планови на поедини воени формации на АРМ, односно да го знае денот, часот и мобилизациското место, со 2 претходно поставени пушкомитралези, ќе ви кажам за пет минути може да уништи на стотици мобилизирани војници на АРМ. Од едноставна причина што нашата Армија не го има разделено претходно оружјето како што е практика, но таква е нашата доктрина, а праксата во некои држави каде што националната гарда да речеме во САД или војската на Швајцарија итн. сите тие си го имаат своето вооружување дома. За жал нашата доктрина не дозволува чување на македонските на оружјето дома. И кога ќе дојдат на мобилизациските места за 5 минути ќе бидат уништени на стотици, стотици граѓани на РМ, лојални на оваа држава кои

сакаат јавувајќи се, одѕивајќи се на мобилизацискиот повик да пристапат кон одбрана на својата сопствена држава.

Основниот извор за собирање на вакви податоци од доверлива природа се Владата на РМ, а оваа природна коалициона Влада, како што ја нареков, и АРМ во која и покрај предупредувањето на ВМРО-ДПМНЕ од пред 3 месеци, знаете тогаш реагиравме со едно соопштение дека толку и толку Албанци по национален клуч ќе бидат промовирани во офицери на АРМ. За жал од Министерството ни беше одговорено дека не е точно. Меѓутоа, видовме што се случи, и колку такви офицери се промовирани од Албанската националност, а за кои постојат сигурни податоци за сепаратистичка определеност и тука морам да кажам, секоја чест поединци што се многу малку, а такви податоци има и МВР и Службата за безбедност во АРМ, кој како и на каков начин дејствувал претходно по основ на сепаратизам од Албанска националност.

Помошникот на министерот за одбрана Хусеин Хаскај член на ПДП чие основано сомнение за антиуставна дејност, е откриен со аргументирани докази од професионалците на Службата за безбедност и МВР и АРМ е само една алка во синџирот планирана и остварена во кадровската служба на сеалбанската паравојска и политичкото дејствување на Албанците во РМ и СРЈ.

Зошто овде ја споменувам Сојузна Република Југославија? Затоа што несомнена е координираноста на политички и воен план на акциите на албанските екстремисти и сепаратисти на териториите на 2 суверени независни држави РМ и СРЈ, односно индициите дека последното откривање на Главниот штаб и со присуство и давање и отколунување на

определени документи од сослушувањето на двете претходно фатени групи во СРЈ, даваат за право секој во Македонија да каже дека и тие групи фатени на Косово 2 и оваа овде што е само наводно од 8 члена или 9 дека се во целосна координираност.

Јас лично би сакал да им честитам на припадниците на јавната, државата на МВР, за успешната акција, но истовремено се јавува кај мене чувство на огорченост од односот на Владата на РМ и министерот за внатрешни работи г-динот Љубомир Фрчковски кој целата афера за уривање, односно насочена за уривање на уставниот поредок на РМ сакаат да ја претстават како обичен шверц на оружје и дело на поединци а не на професионално ангажирана група на албанските сепаратисти и екстремисти. Несомнено дека шверцот значи нелегално внесување, нелегална трговија, внесување и изнесување на оружје, дрога, пари, национални блага итн. во државата од другите земји или обратно, но секогаш позадината е материјална корист. Во случајов се работи за внесување на поголемо количество оружје и други воени средства, со цел за рушење на уставниот поредок со предизвикување на бројни жртви од населението. Не е тоа обичен шверц, господа до Владата а овде мислам дека и пратениците, без разлика на нивната политичка определеност кој се лојални на оваа држава ќе сфатат дека тоа не е обичен шверц. Да не се лажеме ние овде меѓу себе, ниту да ја лажеме јавноста дека е тоа обичен шверц. Тоа е за мене господа, почитувани пратеници планирано злосторство. очигледна е инволвираноста на ПДП во оваа афера, затоа не мие јасно што јасно природната коалициона Влада, штитејќи го својот партнер со употреба на инструментите на власта односно и медиумите кои се на некои начин наклонети на актуелната власт со минимизирање на целата афера, што сака

извршната власта да постигне?! Очигледна е лошата политичка процена на партиите односно на раководствата на Социјал -демократскиот сојуз, Либералната партија и Социјалистичка партија, кога прифатиле да бидат партнери во поделбата на власта во РМ со партијата ПДП чии членови се главно организатори за уривање на уставниот поредок до толку што истите со уцени и закани им забранија на дел од лојалните, ќе кажам овде на дел од лојалните домородни Албанци наспроти поголемиот дел екстремно настроените Албанци од Косово да излезат на референдумот за независност на РМ, да учествуваат на пописот, да не гласаат за Уставот, да не гласаат за приемот на Македонија во структурите на ЌЕБС итн.

Владата, таа природна коалициона Владата составена од ЛБ, ПДП и СП, и ултиматумите, знам дека ве боли вас од Социјалистичката партија (се обраќа на пратениците што реагираат од место) меѓу тоа е вистината. Прифаќајќи ги ултиматумите на ПДП за да кажам национален клуч во сите структури на органите на државата управа, придонесе за одлевање на податоци во странство од доверлив карактер, со што на најдиректен начин ја оневозможи и загрози безбедноста на државата. Затоа поднесувам уште една вербална кривична пријава против Владата на РМ до Јавното обвинителство дека е одговорна за одлевање на овие податоци од земјата, затоа што како што велат, знаејќи ја 2-годишната активност на оваа група ги примила за високи функционери во таа иста Влада. А сега со тие податоци располага една странска држава. Ова е исто така вербална пријава до јавниот обвинител на РМ, ако не преземе акции и нему ќе му поднесеме една кривична пријава.

Таквото однесување на оваа природна коалициона Влада во нормална држава би кажал каде владее парламентарна демократија

и каде и новинарите се совест на јавноста, за жал со чесни исклучоци дека овде имаме новинари што се стварно совест на јавноста, меѓутоа, имаме и новинари затоа што служејќи ги 3 дена се што ни даваат во 11-ТВ дневник, ќе речете во која држава живееме. Мислам така се однесуваа како немаме една голема афера, крупна политичка афера и безбедносна афера. И граѓаните се тие кои треба најпрво од вас новинарите (се свртува кон новинарите) сите овие работи. Би довело до неминовно заминување од политичката сцена и на партиите што ја избрале таа Влада но и на Парламентот ќе пово5рам. Ова затоа што парламентарното мнозинство составено од пратениците а гледам дека има реакции ве бројам често, ве боли, не сакате да ве набројуваат дека сте коалиционен партнер со ПДП исто така е одговорно за целата оваа работа.

Но грешката почитувани пратеници може да се надомести се додека има време. Оваа Влада мора да си замине. Почитувани пратеници, совеста на секој пратеник и националната должност налага интересите на лојалните граѓани спрема оваа држава и нивните животи и материјално блага, животите на нивните најблиски да не можат да бидат предмет на пазарење поради лична корист и партиска лојалност од страна, очигледно на недоволно поткованите партиски раководства, на приодните коалициони партнери, свесен сум дека знам господо од Социјалистичка партија дека ќе повторам ве боли, затоа велам набројаните, остајте да доврршам, а ќе причекам има време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам вие продолжете да дискутирате, немојте да водите дијалог со пратениците.

XIV/8

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Најповеќе господине Никола Поповски вас ве боли Социјал - демократскиот сојуз.

Ш'

XV/1 СП/НД

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (Продолжение)

Јас не знам зошто се толку поцрвенети министрите овде пред мене, меѓутоа, многу се црвени. Свесен сум дека поединци, расправа- јќи за однесувањето и одговорноста на Владата на Република Македонија во целата оваа афера за создавање на сеалбанска паравојска на територијата на нашата држава, Република Македонија ќе се обидат да ги поистоведат нештата со создавањето на таканаречените заштитни комитети или создавањето на некоја си македонска национална гарда. Тоа се случи денеска и од страна на поедини пратеници од ПДП и од поедини пратеници на СДС и други природни коалициони партнери. Односно, овие работи поврзувајќи ги со партијата чиј член сум ВМРО-ДПМН]

Такви обиди почитувани пратеници, се појавија и во средствата за јавно информирање, такво нешто и на прес конференцијата кажа и министерот Фрчковски и политичките партии ПДП и НДП преку своите соопштенија. Значи, сите се пуштија во одбрана и заштита, толку позната парола од не така долго време на нашето минато кога велејќи знаете онаа народната кога кредецот вели "дрште го крадецот". Затоа јас и мојата партија јавно им нудиме на сите заинтересирани документиран материјал за тоа кој е главниот организатор и на заштитните комитети и на македонската национална гарда. Такво нешто по трет пат им нудиме и на македонската телевизија, но еве и редакциите...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте како партија или пратеничка група.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Еве јас лично ќе им понудам, го прифаќате така? Такво нешто и по трет пат им нудиме и на македонската телевизија, но еве и на

редакциите ПУЛС за чија редакција морам да кажам дека во последниот број има еден издржан материјал околу формирањето на сеалбанската паравојска базиран на податоци кои како првично соопштение беше упатено од МВР, меѓутоа, потоа повлечено, "Нова Македонија", "Македонско дело", "Вечер" исто така и овие редакции можат да ги добијат и видео- снимките и симнатиот текст од касетата снимен при формирање на таа таканаречена македонска национална гарда што овде денеска го употребувавте нека ги објават без скратување, тогаш јавноста односно гледачите, слушателите или читателите сами нека си оформат мислење за овие случаи без сугестии од страна на "независните новинари". Тоа е наједноставно, најдемократски и мислам дека такво нешто, верувам дека и гледаноста ќе им се зголеми, ќе им се зголеми тиражот да објават вака интересни работи.

Исто така, јавноста има право да го знае идентитетот на главниот идеолог на заштитните комитети кој ја напиша програмата потпишана под псевдонимот "европски",а тоа ќе ви го кажат во Службата за државна безбедност можеби денеска и министерот Фрчковски ќе го каже кој идентитет е ако не сега сигурно кога ВМРО-ДПМНЕ ќе дојде со благослов на избирачите на власт. Тој господин по налог излажа повеќе од 40-тина неискусни македонски патриоти кои сега не можат да се најдат себеси. Меѓутоа, за тоа доби соодветна награда од актуелната власт.

За овие работи подготвен сум да ви кажам за формирањето на македонската национална гарда и на ТВ дуелот со господинот Фрчковски како политички определен министер за внатрешни работи член на СДС ценејќи ја притоа ќе кажам, работата и професионалноста на припадниците на МВР кои не би требало, согласно Уставот и законот да

даваат политички, туку само стручни оценки и мислења од нивната област. За жал во едни вакви ТВ дуели господинот Фрчковски ги испраќа своите први соработници наместо тој да дојде како политички определена личност, а да ги оставиме професионалците на мира нека си ја извршуваат својата професионална обврска односно за она што се платени односно за што се школувале. Во политичкиот дуел учествуваат политичарите, но како што кажав, за жал, господинот Фрчковски тоа досега го избегнува.

Да повторам, јавноста има право да ги знае вистинските организатори на сеалбанската паравојска и секој од нив, согласно Уставот и законите пред судовите да одговараат за основаните сомненија за уривање на уставниот поредок односно за основани сомневања за други кривични дела. Во овој случај не треба ниту нас пратениците ниту населението да го зафати чувство на несигурност и реваншизам, да повторам и нас македонците, меѓутоа, и оние албанци кои немаат ништо со формирањето на оваа паравојска, знам дека многумина исто така се излажани, меѓутоа, многу не сакаат да гинат за туѓи интереси, а се работи и во овој случај,ќе повторам има такви лојални граѓани (некој од место дофрли дека се работи за поштени граѓани). Не се работи за поштени туку за лојални граѓани и ние како партија добиваме писма односно ни се јавуваат граѓани кои ни кажуваат дека тој и тој доселеник од Косово, ќе ви кажам еден случај за Бит пазар, целата улица каде што живееме албанци ги малтретираат нашите деца и нашите жени, се занимаваат со шверц не не оставаат на мира да живееме. Не можат да дојдат кај вас или кај вашите коалициони партнери затоа што ги издаваат односно веднаш им се светат затоа доаѓаат кај нас и очекуваат од ВМРО-ДПМНЕ одговор. Не се работи дали се чесни или не, туку се лојални тоа се гледа затоа што и тие не можат да ги нахранат своите деца, а не верувам дека вие ќе им ги нахраните

нивните деца. Таквите албанци се свесни дека ќе плаче македонската мајка, меѓутоа, уште повеќе ќе плачат албанските мајки, господа ако формирате една ваква паравојска со толку и толку илјадно членство.

Заминувањето на младите е најнормална појава, тие не се вечни. Затоа и ако оваа Влада замине ниту Република Македонија ќе се дестабилизира како што слушнавме овде, ниту ќе бидат загрозени државните интереси како што некои политичари папагалски како вечни поддржувачи го повторуваат тоа, тоа се случи денеска демек како што се изразија тие леле, ако падне оваа влада отиде државата. Немојте господа зошто на тој начин ќе ја лажеме јавноста односно создаваме една клима на несигурност. Паѓањето на Владата е нормално во секоја држава и тоа се случува. Заминувањето на овој Парламент исто така е нормална појава. Стабилноста на државата во секоја држава ја обезбедуваат професионалците во државните органи кои често пати ние ги нарекуваме бирократи, но тие се душата, срцето и телото на државата( а не оваа Влада или овој Парламент, да се разбереме, оваа Влада и овој Парламент водат политика, а функциите на државата функционираат преку државните органи односно во овој случај за безбедноста е одговорна полицијата и Армијата на Република Македонија, тие се тие кои се обучени да ја штитат безбедноста и се најпотребни на секоја влада односно држава па така и утре ВМРО-ДПМНЕ кога ќе дојде на влас тие луѓе нормално ќе им бидат потребни како една државна управа без која ниту една држава не може да постои и да опстои, а не дека ние сме незаменливи. Имате луѓе професионалци кои се навистина незаменливи.

Втора причина за мојата недоверба во можностите на оваа природна коалициона влада е и во нејзината неефикасност за заштита на стандардот на граѓаните со една пообемна научно фундирана подолго-

рочна стратегија без разлика, еве пред некој ден бевме сведоци на потпишување на договор со ММФ затоа што такви договори, да бидам искрен се потпишуваат и во таа бивша Југославија, меѓутоа,не донесоа добро, јас сум скептичен затоа што не верувам дека оваа држава ќе најде таканаречени спонзори да уплати 80 милиони долари за да добие* наводно повратни 200 милиони долари, така ни ветија и од Европската заедница дека ќе ни дадат 100 милиони еки но не ги добивме. Треба да бидеме свесни дека сите на некој начин не лажат.

Трето, проблемите со исплата на пензиите што и другите го спомнаа тука, јас само кратко би се задржал Владата во својот мандат не успеа да ги разреши и тие се усложнуваат иако, пак ќе повторам договорот со ММФ се рекламира на широко како клуч за разрешување на проблемите на пензионерите од страна на природната коалициона влада.

Четврто, грабежот на општествениот капитал преку фиктивни стечаи и интерни акции со одредбите во Законот за трансформација што го изгласаа природните коалициони партнери неземајќи ги предвид понудените амандмани од опозицијата, а тие амандмани сведоци сме дека не беа малубројни, туку беа во функција на едно размислување на опозицијата на кој начин да се изврши таа трансформација. Значи, грабежот на тој општествен капитал исто така е дело на оваа природна коалициона влада на господинот Бранко Црвенковски и таа има историска одговорност пред сите оние кои го создаваат тој капитал, а сега гнемаат ни најосновните услови за егзистенција.

Владата е таа што дозволи тој општествен капитал да се прелее во џебовите на поединци членови на партиите од владејачката коалиција кои се главните неплаќачи на даноците и придонесите со што се осиромашува и онака сиромашниот фонд за пензиско и инвалидско осигурување здравството, социјалата и другите фондови односно и буџетот на држава.

Петто, неразрешување на проблемот со девизните заштеди и непочитување на прописите за обезбедување на минималните животни потреби на имателите на заробените девизи. Затоа не нарекуваат држава на богати луѓе кои немаат леб да јадат односно ги немаат условите за подмирување на основните животни потреби, да си ја платат на пример електричната енергија, да си купат облека, храна итн.

Тоа се главните причини поради кои сум на мислење дека опстојувањето и понатамошното владеење на оваа влада не е во интерес на македонската држава ниту пак на интересите на лојалните државјани на државата. Нејзиното натамошно владеење, но и опстојувањето на овој и ваков Парламент со едно вакво природно парламентарно мнозинство создадено за лични интереси на коалиционите партиски раководство може на македонската држава и нејзините граѓани да им нанесе штети со несогледливи последици затоа почитувани колеги пратеници размислувајќи деловнички односно согласно деловникот, го имате тоа право и уставот, да размислувате државнички, треба да се најдете самите себе и заеднички да изгласаме недоверба на оваа влада создавајќи со тоа услови, согласно распоредот на политичките сили на ова Собра- ние за оформување на една преодна влада која би ги подготвила пред- времените избори со претходна понуда до Парламентот на усвојување на демократски закони за изборите, односно Законот за политичките партии, Законот за избор на претседател, Закон за избор на пратеници. Закон за јавните медиуми со посебен дел за печатницата на "Нова Македонија" односно со посебен дел за македонската редио-телевизија итн. На вас почитувани пратеници на вашата совест, на вашата државничка мудрост оценете дали оваа природна коалициона влада треба да остане или не?

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Беќир Жута, но пред тоа има две реплики, првата е од господинот Поповски, а втората е од господинот Голубовски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, не се јавив веднаш по првиот дискутант очекував дека уште некој ќе ме спомне, па затоа ја користам можноста имено, што сакам да кажам. Како и во многу случаеви и сега се повторува умешноста на дел од опозицијата да се извртуваат искажаните зборови и да се извлекуваат погрешни заклучоци. Јас ниту реков ниту сметам дека албанците се народ, туку реков дека тие сакаат да се пре1: стават за такви и тоа можете да го видете од излагањето.

Второ, ниту еден наш претставник во досегашната дискусија од Пратеничката група на СДС ниту кажа дека во врска со таканаречената афера дека станува збор за шверц на оружје, туку беа изречени јасни и прецизни квалификации дека станува збор за обид за создавање на паравоени формации. Тоа е уште еден доказ дека во текот на една расправа јавно пред телевизискиот аудиториум се искажуваат сосема неточни и ординарни лаги.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во делот во кој бев спомнат околу одговорноста на опозицијата сакам уште еднаш да искажам повторен став дека опозицијата сепак има своевидна одговорност, но ова прашање е сведено на сегашните потреби не како преиспитување на изминатиот период исто така бара да се потенцира одговорноста токму на опозицијата. Затоа сакав да реплицира Заради тоа што во Македонија се отворени две сложени

прашања едното е материјалното разурнување на Република Македонија односно тоа може да се истакне на друг начин борба за економската моќ заради идна политичка контрола и второто прашање загрозување на националниот и државниот интегритет на Македонија односно на македонскиот народ како нација.

Оттаму произлегува одговорноста на опозицијата да најде сили и на своја штета, на сметка на својата политичка иницијатива да подаде рака на македонските политички партии кои сега партиципираат во власта да дојде до остварување на она единствено што може да ја спаси ситуацијата, а тоа е создавање на македонска коалициона влада. Се разбира можно е да учествуваат и други, но веќе на друг начин без уценувања се што ќе се одмери меѓу сите тие коалициони партнери ќе одговараат на стратешките интереси на Република Македонија. Не треба човек многу да биде умен за да претпостави што се може да се случи во оваа последна година од мандатот,тој период е премногу долг во една ситуација кога државата не функционира на вистински начин, па треба сите да се запрашаме без оглед на амбициите за новите избори што се можеме да наследиме како ситуација по една година.

Ова имав потреба да го искажам заради тоа што последната седница ова прашање да се постави на дневен ред бев апсолутно сигурен дека нема да го менувам својот став дека на наредните избори треба да се оди без поделена одговорност односно треба да ги оставиме македонските политички партии како наш противник на изборите да одговара за овој период без да ја делиме одговорноста со нив. На овие настани со оваа група каде излезе дека токму македонската влада е директно вмешана, јас тоа го нареков и пак повторувам дека е заговор против Република Македонија мора да не натера да размислуваме и тактички, но и стратешки на исправен начин. Затоа имав посебно мотив

ова да го искажам пред македонската опозиција дека можеби ќе изгубиме значајна иницијатива една година, но политичкиот простор не е само за оваа година, не е само за еден мандат и дека пред се важни националните и државните интереси за развојот како на македонската нација така и на македонската држава. (Претседателот бара да прекине затоа што репликите траат само пет минути). Ова го додадов заради тоа што господинот претседател на еден непримерен начин не се однесуваше како во ситуација кога зборуваат другите дискутанти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам репликата трае најмногу пет минути за секого.

Реплика има господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас не знам дали ме слушате, меѓутоа, токму тоа го предложив јас да се формира една преодна влада во која би партиципирале сите оние што и мислат добро на оваа држава. Затоа ги повикав и пратениците од СДС односно апелирав на нивната државничка совест пред се и лична совест во овие услови при формирање на една албанска паравојска и мислам дека секој лично ќе си има право да оцени како ќе гласа во однос на довербата на владата на Република Македонија. Меѓутоа, морам да повторам од оваа говорница често пати тоа се злоупотребува дека ВМРО-ДПМНЕ добивајќи го мандатот за состав на нова влада по паѓањето на таканаречената експертска влада им понуди условно кажано, на македонските партии да направиме една јака македонска коалициона влада. За жал бевме одбиени со проста мотивација ПДП мора да учествува во Владата на Република Македонија. Извинете јас како демократ тоа не можам никогаш да го прифатам затоа што ПДП

како политичка партија може да биде во власта, но може да биде и опозиција. За жал, сега имаме еден однос на една природна коалиција каде што СДС и другите партиципиенти негирајќи ја оваа сегашна власт дека не сакаат со македонска национална партија да прават коалиција за жал направија со една немакедонска односно со албанската шовинистичка би рекол во овој случај не националистичка партија која како бумеранг ќе им врати со тоа што формира сеалбанска паравојска на територијата на РМ. Мислам дека господинот Голубовски ме сфати.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сведок сум на доста искажувања, а и на последното, командантот. Но, свесен да биде оној кој го употребува тој израз, што му значи тоа и што ќе му носи тоа и што ќе ни носи тоа на сите? Човек и колку да не сака да партиципира во вакви чувствителни расправи, стилот, содржината ги надминува рамките на она што значи релација позиција - опозиција и она што е природно на таа релација позиција опозиција да се замерува барајќи одредени слабости во од за да се добијат поени за сопствена сметка упатувајќи одредени критики, но сето тоа во една конструктивна политика , добронамерна за земјата за која ги кршевме градите поединци. Но, мислам дека расправата исфрли на површина две, три работи доста сериозни кои и колку да сакаат да се маскираат тие и во самата иницијатива за довербата на Владата се манифестираат во самите настапи и во самата расправа се манифестираат во основната цел која се обликува . Не ни успеваат досегашните иницијативи по пат на едно подруго интерпелации по пат на создавање на политички состојби , сега да искористиме еден политички момент за да ја изгласаме недовербата на Владата оти е моментот да се формира чиновничка влада за да таа ги спроведува изборите и не бираме средства и начин како тоа да го оствaруваме, свесни, или несвесни за последиците, за тоа кои средства и методи ги употребуваме за тоа. При тоа еден судски процес се обидува кој не е ниту прв, ниту последен веројатно од било која средина да се преквалификува во хајка за да се даваат квалификации дека надлежното министерство, да, ја изврши својата работа, меѓутоа Владата не ја доизврши својата работа преку тоа што не отиде понатаму, а тоа понатаму значи враќање назад, да не постои поделба на власта законодавна, извршна и судска, туку самиот факт на откривање на една

група која се упуштила во недопуштена игра да се политизира проблемот и целиот проблем на политички план да се расправа независно од последиците што можат да настанат од тоа. Владата мислам дека го одбра правиот пат и оној со устав определениот, откако прибра доказен материјал надлежното министерство целиот случај го предава на судството и врз база на законските прописи да се изведе на видело случајот. Се бара деформација од ова. Мислам се бара она другото од ова. Инаку ова е патот и уставниот и законскиот. Има и одредена насока целата акција околу ова и на овој начин се поставува прашањето. Можеби некој оценува дека е правиот момент и покрај досегашните обиди што се направени за дестабилизирање на Републиката. Сега не само Владата и други политички институции, туку и вкупната власт во Републиката да се дестабилизира која би имала ефекти и на внатрешен и на надворешен план, кои би биле кобни и на внатрешен и на надворешен план. А за средство се одбира едно средство кое е чисто судски процес кој според нашиот устав и законите нема друга варијанта освен тој процес да се изведува така како што се изведува. Но, се бара модифицирање на тој процес и бара политички субјекти да се инаугурираат во тој процес по секоја цена за да дојде до политичкиот сукоб, а тоа се знае и до граѓанската војна. Аргументите во сценариото кои се применуваат ние сме го опоменувале , ние сме ви укажувале дека сожителството на овој терен не оди . Мислам дека водата ја вртат кон таа воденица за граѓанска војна. Јас мислам дека никој никого не овластил од народот кој живее во ова подрачје, ниту како поединец, ниту како припадник на одредена партија, ниту како партија да може судбината на народот кој живее во ова подрачје да ја определува туку така. Мислам дека доста напори се вложија во тој правец и не може туку така некој се коцка со судбините на народот кој живее во ова подрачје

и да го доведува во прашање сето тоа поради тоа што е во прашање борбата за власт. Јас не би ја враќал историјата назад. Беше по- нудена понудата. И веројатно во еден плуралистички систем кога ја нема ниедна партија већината за да може сопствената Влада да ја состави веројатно коалицијата ќе биде таа форма за составување на владите и слично. Меѓутоа во тоа составување сигурно составот на населението не е добро да не се смета со тој состав, затоа што секој пат оттука можат да произлезат проблемите, а на сите оние на кои им е стало за добро бит на оваа Република пред се мораат да водат сметка за се за да одат работите синхронизирани во правец кон она што значи иднина и подобра перспектива.

(се слуша дофрлување од место) " А не со оружје'.' Не ми прилега твојот стил да ти одговорам во твојот стил. Второ, за да се искористи овој момент по секоја цена да се створи не само политичка, туку и стопанска нестабилност во Републиката се искористува еден најчувствителен момент како да никој не живее во овој простор, како да никој не е сведок во овој простор, но се измислуваат и се преквалификуваат фактите во економскиот живот така да тие немаат и не се одраз на стварните состојби, а јас не тврдам дека нема проблеми во тоа подрачје. Меѓутоа, да се тврди дека платите се намалени за 1/3 во однос на ланскиот период, можат само неупатените , или оние што во својата програма имаат одредена цел да остварат тоа можат да го кажуваат, а инаку состојбите говорат дека после речиси пет години реален пад на платите во РМ тие во 1993 година доживуваат пораст од плус 27 процентни поени. Тоа е непобитен податок во услови на пад на индустриското производство, а се тврди 1/3 се пониски платите. Јас не тврдам дека

проблемите ни се во ред тука, но мислам квалификациите не се во ред и во служба се на одредена програма,

Трето, тврдењето, изедени се три пензии од пензискиот фонд. Мислам дека работите треба да се објаснуваат во рамките на постојниот систем, а тој е посебен фонд, ова Собрание го има изгласано дека е посебен фонд со посебни инструменти од кои се алиментираат средствата и вкупните состојби се одразуваат и во позицијата на фондот и Владата во тој поглед прави само обиди да се подобруваат состојбите, а не дали ги зела , дали ќе ги зема , или дали ќе создава услови во тој поглед . Мислам сите сме ние тука оти треба да ја знаете надлежноста на Собранието во фондот за пензиско осигурување, а не на Владата. Целото ова сценарио мислам дека се исконструира и со една компонента , системските закони не се донесени со квалификации дека се во употреба законите од непостоечката поранешна Југославија. Ве молам, само раката на срце, тоа што ќе биде ќе биде, тоа што ќе се плати цена , ќе се плати цена, кој поголема, кој помала, тоа никој не го знае. Меѓутоа, што се однесува до стопанско -правното уредување на стопанскиот систем вие сте овде сведоци. Се донесоа најзначајните системски закони од таа сфера од ова Собрание се донесоа, а тие што чекаат, чекаат на ред од констелацијата на односите во ова Собрание, не од друга причина. Се донесе законот за банкарство, се донесе Законот за царинско работење, се донесе Законот за трансформација на претпријатијата во општествена сопственост, се донесе Законот за концесии, се донесе пакетот на законите за девизно работење и економските односи со странство што ја нарековме како реформа на монетарниот и економските односи со странство на 9 мај 1993 година. Тоа е дело на ова Собрание зарем ќе газите и на тоа. Во меѓувреме комплет се формулира системот на даночниот систем, платниот промет, јавната управа за јавните приходи кое исто така ова Собрание во две

фази ги расправаше. Овие денови ќе го замолиме и Претседателството и сите вас да смогнете сили да го обликуваме тој систем за да настапиме од 1.01.1994 година со нов даночен систем, а не само да го осудуваме постојниот, а не правиме чекор да го утврдиме новиот даночен систем. Со тоа и се заокружува фактички тој дел за законите од политичка природа јас мислам дека расправата и меѓу пратениците е , не е само на Собранието. Законите се овде. Мислам дека објективно треба да ги лоцираме проблемите каде се проблемите со тој дел од законите. Не се презентирани од извршната власт? Одамна се презентирани.

Ве молам, тогаш кому му служи квалификацијата дека не се донесени тие закони, освен расправиите и недоразбирањата внатре помеѓу парламентарните групи. Мислам дека треба да ги диференцираме проблемите кога ги лоцираме на јавноста за да јавноста знае што е  што посреди. А јас можам само за три закони да најавам од сферата на системските закони. Тоа е законот за трговските фирми, така на- речен за јавните претпријатија и јавните служби кои веќе како верзии се готови и веројатно расправите во телата на Владата и во надлежните министерства ќе дадат свој ефект за да стасаат и до вас за да дадете и вие свој придонес. Но, тоа не дава за право да се оценува дека сме за никаде со тие закони. Треба да се запрашаме малку поинаку , во што сме за никаде? Натаму зарем не чувствувате дека целиот вој проблем се одбира и се лоцира во еден политички момент кога се водат интензивни напори почнувајќи од расправите за прием на РМ во ООН и понатаму нејзиното членување во сите облици на меѓународни организации и стручни меѓународни организации. Кому не му одговара може и да ги затвори ушите, но тоа е вистината. И сега се одбра критичниот момент кога се во завршна фаза разговорите со мисијата на монетарниот фонд и почнуваат разговорите со мисијата на светската банка за развој. Од каде ова Собрание ќе биде информирано со пакетот на мерки кои треба да се

донесат во функција на стабилизациона програма на оваа Република , да треба да се отфрли целиот тој концепт. Ве молам, ценете што се прави во интерес на оваа Република, макар кој, колку е појак да се бие во градите за сметка на тоа. Мислам дека резонот овде е тој кој треба да одлучува, а не кој е појак да се бие во градите. Обично оваа страна не е немирна кога вистината и се кажува , тоа е несреќата, но, јас не сум виновен за тоа. Чувствувам за потреба да нагласам дека може овој Парламент да се определува за и против доверба.

XVII/1.- ПЈ/лј

**БЕКИР ЖУТА:** (продолжение)

Но, мислам дека треба да се ценат интересите, прво, на стопанството и граѓаните на оваа Република, а не тесно партиските интереси, затоа што никој ни партија ни поединец на чело на таа партија нема право да калкулира со интересите на граѓаните на оваа земја и перспективата на оваа земја, па и колку да каже голем сум или мал.

Судбоносна ќе биде одлуката во тој поглед, затоа што се одлагаат работите и понатаму во поглед на преговорите, сосема природно, нов субјект нови преговори, ново време.

На крајот уште некои објаснувања лични. Овде пратеникот од претходниот дел денеска не прозва, па само да му кажам да знае само тоа и сите да знаат дека сум се залагал за Хаскај, но не за Хаскај по секоја сцена туку за Хаскај за избор дали на ова или на она место. А тоа е сосема различно од она што сакате вие да тврдите Затоа што јас сум сведок на тие работи и знам дека оваа опозиција нема други средства , ќе се послужи со тоа и со такви инсинуации. Да сум сопственик на пет фришопови, јас би сакал да ми ги отркива само каде се и за се друго да ми ги открива каде се, затоа што сум чесен граѓанин на оваа земја и како чесен се обидувам задачите да извршувам, а секој кој сака да политизира, ќе си најде објект за политизирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Владо Поповски министер за одбрана.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас сакам да одговорам на одредени констатации изнесени во врска со Министерството за одбрана. Исто така и на оние дефиниции во образложението за гласање доверба на Владата на Република Македонија поврзани исто така со Министерството за одбрана, кои што

XVII/2.-

се ставаат како основа за таквата одговорност и таквото гласање и сосема накусо да прокоментирам за , по мое мислење, замена на теза и преиначување на самото прашање што е на дневен ред конкретно на неговото значење. Имено, ќе тргнам индуктивно, така што да се каже. Од поставените констатации преку дискусијата. Беше тука кажано дека во рамките на откриената група, субверзивна група и помошникот министер за одбрана господинот Хаскај во Министерството за одбрана дека е пробијен мобилизацискиот систем на Република Македонија. Пред печатот беше кажувано дека е пробиен и планот за одбрана и дека на тој начин е битно загрозена безбедноста на Република Македонија.

Исто така, преку печатот , особено, беа изнесувани определени констатации дека станува збор за надвиснување на една огромна опасност во појавата на формирање на паравојни формации на албанците од Македонија со планирани напади на гарнизони, раководства и слично.

Да изјавам дека досега не постои никаков индикатор дека е пробиена мобилизациската шема на армијата на Македонија, на одбран; на Република Македонија. Исто така, и дека воопшто пробиен планот за одбрана и на таа основа. По тие прашања воопшто не е доведена одбраната на Република Македонија. Во таа насока дополнително да го прокоментирам коментарот од пратеникот што тука укажуваше што се случува кога мобилизацијата е пробијена. А изјавив дека таа воопшто не е пробиена и никој не располага надвор од овластените службеници по односните документи со два пушкомитролези на мобилизациските ме Секоја мобилизација тие важни моменти од функционирањето на системот на одбраната ги обезбедува соодветно. И претходниот систем на бившата ЈНА имаше заштитна механизам на тој осетвлив момент или таа фаза и армијата на Македонија исто така има комплетно обезбеден и заштитен систем на обезбедувањето на воените обврзници во фазата на превземање на оружјето, наоружувањето и одењето на местото на

нивната функција и употреба. Не постои и не треба да се создаваат претстави на страв или заплашување дека практично нашите млади и воен обврзници или резервниот состав, тогаш кога се во редовната обука мобилизираат заради вежба или во дадена евентуална потреба, заради извршувањето на своите функции дека тие се по дефиниција претходно загрозени, поради некакво пробивање на системот на мобилизацијата или одбратаната. Никаде нема такви документи. Тие што тука го изјавуваат нека повелат нека изнесат документи дека тоа така стои.

Исто така, нема никаде индикации и документи дека се формира паравоена структура, која што во своите документи го има разработено планот на напад на гарнизони, раководства, лица односно не постојат никакви индикации. Дека ние се наоѓаме во таков степен на загрозеност, по готово што во овие информации постојано се инфлицира еден субјект и постојано се создава определен политички емотивен и друг однос кон истиот тој субјект.

Прашањето на квотите, морам да кажам дека таа категорија на квоти е измислена во политичката реторика меѓу опозицијата и позицијата и тоа се категории кои што печатот ги презема. Не постои систем на квоти во армијата на Македонија. Квота претставува зададена пропорција, која што се постигнува во краток рок, независно од редовните механизми, услови и критериуми за прием. Да претпоставиме, доколку се говори за некакви квоти, кои што би одговарале или би се движеле околу пропорцијата на определена националност и да замислиме дека определена националност не мора да биде албанскта, било која, учествува со 7 посто или 12 посто, или 14% во населението, квота во армијата би била од таа националност во период од една година или од две години или од пет години да се примат забрзано 8,12 или 17% од составот на старешинскиот кадар. Тоа не постои. Податоците околу учеството во составот на старешинскиот кадар на старешините од

националностите во Република Македонија ние ги објавивме и тие не. се тајна. Тие сами по себе зборуваат дека практично имаме наследено една определена состојба, која што треба да се менува во по критериумите на рамноправност еднакви шанси на граѓанска основа низ институциите, механизмите и со критериумите што армијата ги има нормирано, искажано и што ќе ги почитува строго во таа смисла.

Би сакал само уште следното да го кажам. Во рамките на образложението елементите како што се поврзуваат со Министерството за одбрана, со ној круг на одговорноста на онаа институција на чие чело јас во овој момент стојам се констатации кои што немаат врска со ова министерство. Тоа се директно од две констатации.

Прво, иако една е општа како општа рамка и се однесува на сите сектори на Владата. Таа констатација директно со министерствоот е дека со оглед ан тоа дека во органите на државната управа се забранува политичко организирање и дејствување на членот 95 од Уставот на Република Македонија, а Владата врши надзор, значи, во нашето министерство за одбрана поради случајот на Хусеин Хаскај се поттрура тезата како да постои политичко организирање и дејствување во Министерството за одбрана. тој што ќе може било каков документ или доказ да даде во оваа смисла дека има политичко организирање и дејствување во министерството за одбрана, јас веднаш поднесувам оставка и јавно ќе кажам дека сум превидел нешто што е спротивно на уставната норма и дикција.

Второто, дека произлегувало дека навлегле странки разузнавачки служби во Министерството за одбрана. Таа констатација, морам да кажам, доколку за таа констатација се изнесе и еден податок дека странски разузнавачки служби во Министерството за одбрана има свои резидуи кои што ние ги откриваме и ги толерираме евентуално исто така

XVII/5.-

мојата оставка е депонирана во случајот, бидејќи конкретното прашање од дневниот ред е прашањето на оваа субверзивна група и таа се зема како медиум која што посредува или како инструмент кој посредува странски известувачки служби, што значи како канал, извор, на отечување на безбедносни документи од Министерството за одбрана. Еден документ ако докаже судската постапка, како што реков на почетокот, така и ќе постапам. Имено, ние направивме комплетен увид после случајот, но и пред тоа имаме уредба за чување на тајност и за манипулација на тајните документи, за манипулација со тајните документи. Таа уредба ја има донесено Владата и по таа уредба се постапува. Гарантирам во рамките на мојот мандат дека таа е целосно спроведена и дека по таа основа нема отечување или истечување на податоци преку оваа група која што е на дневниот ред.

Сакам да кажам дека во армијата на Македонија немаме појава на таканаречен а против македонска позиција на албанците било страешени, било војници. Ние не можеме на еден случај или на двајца што ќе се јават како припадници на определена субверзивна група да засноваме генерален став за општа политичка позиција на сите припадници на таа националност кои што се во армијата или во Министерство против државноста на Македонија. Мислам дека на таа основа не можеме и правиме голема политичка грешка доколку на овој пример што е откриен да засноваме став дека албаницте во Македонија ја делат логиката на оваа субверзивна група и дека политички се против македонската државност. Ниту пак да засноваме генерален став дека партиите на граѓаните на Република Македонија, Албанци, кои што пред се имаат во своето членство Албанци, исклучиво албанци дека во својата програм се на нивото на оваа субверзивна група. Што тоа значи и без оглед дали е свесно тука протежирана тезата дали се домислува до крај дали се домислуваат до крај импликациите што значи по својата суштина таквата теза. Значи, практично она што и усно се кажа овде.

XVII/6.-

Дека треба да се напушти концептот на сожителството, алтернативата на тоа не е никоја друга, туку различни облици на конфронтација, на сепарација. Големата суштина на таквата теза е практично следна по моето разбирање, повторно од становиште на Министерството на кое сум низ: таа призма би го гледал. Ние денеска можеме да кажеме дека на Република Македонија не и прети опасност од страна. Нашите граници можеме да кажеме дека се денеска по безбедни отколку што бе тие граници од почетокот на создавањето на нашата држава. Тогаш главната опасност за Република Македонија беше на границите на Република Македонија. дефиницијата на сива зона на Република Македонија на простор кој што нема конститутивен и државотворен народ, кој што нема државност кој што нема историска генеза на таа државност, опасноста беше практично од надвор. Можам да кажам со целиот процес што е направен, со оној огромен исчекор на суверeност на Македонија, пред се на меѓународно политички план, бидејќи не постои суверенитет, доколку тој не е легитимиран и на надворешно политички план. Од приемот на Република Македонија, до денес, со признанието на над 41-42 земји, практично, е направен огромен чекор на зацврстувањето на државноста, сувереноста и територијалниот интегритет. Нашиот интегритет е гарантиран од меѓународните организации на прво место од обединетите нации. Во политичка изјава, во присуство на мировните сили, гарантирана е и од големите сили, во политика изјава на САД и во присуство на сегмент на сили од САД во мировни сили на границата на Република Макротија. Тие на границата на Република Македонија имаат мандат превентивно да го заштитат мирот, да стојат во било која ситуација. Поминувањето на нашата граница пред инвазија од странска армија носи автоматски дефиниција практично на

напад врз меѓународните мировни сили и консеквенции од меѓународната заедница. Покрај тоа што ќе се сукоби, се разбира, со решителниот отпор, кој нашите вооружени сили, на народот и граѓаните на Република Македонија. Значи, далеку е зад нас онаа неизвесност

XVII/7.-

околу границите Како може Македонскиот процес на стабилизација на државноста да се вати назад , да се направи еден ретрограден чекор, само на еден начин. И тој е денеска во процедура практично, тој е покренат политички од наши соседни земји. Единствената теза и веројатно реална проценка дека Македонија во овие околности на немзина внатрешна и меѓународна консолидираност може да се наруши и врати назад само доколку се развијат или се создадат услови за конфронтација на етничка основа. Мислам дека не постои ниеден друг начин Македонија да се врати назад на почетокот и за неа да се тврди дека се направило голема грешка, се признава држава која што не е и дека наскоро практиката ќе покаже дека таа навистина не е држава, бидејќи не може да се одржи. Читајте ја денешна борба, читајте ги изјавите во сре бите на Папуљас со определени политички водечки личности на наши комшии, кои што до денес ја немаат признато Македонија, го немаат признато македонското прашање, ќе видите дека единствената алтернатива на дестабилизацијата е конфронтацијата широка основа на меѓунационалните односи.

Од тие причини сакам да кажам, само последно во што се состои замена на тезата или пред дефиницијата преиначувањето на суштината на точката од дневниот ред. Мислам дека опозицијата, го некои функционална цел, борба за власт, бидејќи опозицијата по дефиниција е групација што на која што легиартист и е дозволен, искористувањето на секој повод да се кандидира за формирање на нова Влада и да ја сруши постојната Владата. Гонејќи ја таа функционална цел практично го предефинира појавата и прашањето со значење како опасност против државноста на Македонија со значење, односно со цена која што е готова да ја плати со загрозување на меѓуетничките односи, со создавање на конфузија на политичките позиции на Македонскиот народ националностите и со пренебрегнувањето дека таа рамнотежа столбот на Македонската држава.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се надевам дека нема да бидеме толку глупави самите да ја запалиме нашата заедничка куќа или да го турнеме дирекот, да речам потпорот на таа државност, тогаш кога таа од надвор не може битно да биде загрозена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојков има реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Пратеникот кој спомна два пушкомитраљеза сум единствено јас и мислам дека сум спомнат, без разлика дали ми е спомнато или не и имам право на таа реплика.

Мислам дека навистина се работи за замена на тезите од страна на политички определениот министер за одбрана, господинот Владо Поповски кој како член на Социјалдемократскиот сојуз ја вр- ши функцијата министер за одбрана, односно е политичка личност. Јас, друга работа ќе речев ако слушнев овде од оваа говорница еден припадник, да речеме на Генералштабот на македонската армија овие тези да ги изнесеше, односно дека наводно мобилизацијата, шемата за мобилизација е иста онаа што е или начинот што беше во бившата Југословенска Народна Армија, чиј припадник бев и јас и вие и знае- ме дека имаше и во таа шема места кои се обезбедувани, односно ко- га се работи за милиционерско место во касарна и места кои не беа обезбедувани. Тоа е факт затоа што сум одел на вежби, знам кога по два часа чекавме да се собереме, после четири часа ќе ни го до- несат оружјето а дотогаш немаше ниту еден оружје. Тоа е факт, тоа е вистина. Такви работи постојат. Секој што служел војска и бил воен обврзник, односно одел на вежби тоа го знае. Без разлика во касарните стварно

XVIII/2.-

има обезбедуваше. Тоа го тврдам. Значи се согласуваме тука. Тоа е замена на тие тези.

Втора замена на тезата е, кој ќе ми докаже дека помошникот министер Хаскај, задолжен, ќе повторам задолжен за регрутација, тоа му е специјалност односно задача што ја обавува во Министерството за одбрана, дека бил политички определен. Овде господинот Жута пред малку кажа дека, точно тој се залагал да биде примен за помошник министер господинот Хаскај, односно припаѓаат на иста партија. Точно е тоа. Тој е политички определен човек. Тоа е очигледно.

Втора работа е, кој ќе ми докаже дека господинот Хаскај изнел нешто или не изнел нешто. Па јас се чудам тогаш спрема една таква констатација изгледа дека тој господин, помошник министер за одбрана не сторил никакво кривично дело, односно вие бесправно сте го уапсиле, без докази за такви работи.

(Интервенција од страна на министерот за одбрана во смисла дека се работи за друго).

Дали е друго или прво, сторил кривично дело. А, ВМРО-ДПМНЕ ќе ја замоли, односно јас лично ќе го замолам Министерството за одбрана на Република Албанија сите документи што се стигнати до него ако сака да ми ги даде да ви ги презентирам вас. Во тоа ве уверувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Горѓиевски.

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, сведоци сме дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по втор пат за владеењето на оваа Влада, коалициона Влада составена од Социјалдемократскиот сојуз, ПДП, Либералната партија, Социјалистичката партија и ПЦЕР, значи по втор пат за време на

нивното владеење поднесува Интерпелација, односно доверба на Владата.

Првиот пат кога беше поставена довербата на Владата беше во моментот кога оваа Влада даде согласност Република Македонија да биде примена под името бивша југословенска Република Македонија во Обединетите Нации и без знаме односно без симболи, што прв пат се случува како преседан. Значи, тоа беше еден крупен чин од македонската историја, меѓутоа тогаш од чисто, како што рече претходниот пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, од чисто математички причини не успеавме да ја собориме Владата.

И овој пат, еве ја поднесуваме по втор пат довербата на оваа Влада, потресени и од онаа афера што македонската јавност ја бранува неколку денови. Тоа е аферата за формирање паравоена односно паралелна албанска војска на територијата на Република Македонија, што сметам дека е најголема афера до сега во политичкиот живот во Република Македонија.

Во таа смисла можеби и немаше да ја поставиме довербата на Владата до колку претседателот на Републиката или премиерот на Владата се одгласеше на нашето барање што беше дадено уште во понеделникот преку македонскиот Парламент, а тоа е македонскиот Парламент да свика вонредна седница на македонското Собрание, на која вонредна седница на македонското Собрание претседателот на државата, кој е обврзан според Уставот да се грижи за безбедноста на Република Македонија, ќе поднесе свое видување за новонастанатата безбедносна состојба или тоа ќе го направи премиерот.

За жал, претседателот на Републиката и покрај тоа што е должен еднаш годишно, според Уставот на Република Македонија, да поднесува таков извештај на македонскиот Парламент, еве веќе треба година како одбива на овој Парламент да му поднесе свој извештај за безбедносната состојба.

XVIII/4. -

Кога увидовме дека ниту претседателот на државата, ниту претседателот на Владата не сакаат да поднесат таков извештај пред македонскиот Парламент, немавме друга можност освен да ја побараме довербата на македонската Влада и на тој начин да ги кажеме нашите ставови, нашите сознанија, а се надевам и на ист начин да чуеме ставови од македонската Влада, да ја примораме македонската Влада да каже свои мислења и ставови по повод аферата од која сите ние, пак ќе речам, сме потресени и сведоци сме на нешто што досега се нема случено во Република Македонија.

Кога зборуваме за нашето барање за доверба на Владата односно можноста за паѓање на Владата на господинот Бранко Црвенковски само ќе го повторам она што пред малку го кажа господинот Стојков дека за жал или за среќа во секој парламент во основа на се е математиката.

Што тоа значи? Многу едноставно. До колку во македонскиот Парламент се најдат 61 пратеник да се собори Владата, да гласаат за та Влада, тогаш таа Влада паѓа. За жал, целокупната опозиција, не само ВМРО-ДПМНЕ, туку и другите партии што се наоѓаат во таа опозиција во Парламентот максимум можат да соберат 48 гласови. Значи, опозицијата има најмалку 75, до 80 пратеници што значи дека во секое време може да постави се што сака на гласање пред македонскиот Парламент и нормално да му дадат доверба во тоа што ќе го гласаат.

Меѓутоа, проблемот не е само во фактот што со едноставно мнозинство во Парламентот може да се надгласуваат некои ставови и барања. Туку, проблемот е што во владите, не само во оваа наша држава, туку во сите влади во светот постои нешто што се нарекува морална одговорност која морална одговорност ја имаат функционерите на таа Влада., министрите на таа Влада и покрај тоа што мнозинство во

XVIII/5.-

Парламентот, едноставно ако забележат дека навистина некој скандал ги разнишува нивните позиции. Такви отстапки на владите имаме во сите нормални европски држави. Некој преска го спомна примерот на Германија, примерот на Британија, Италија погледнете за четири години менува по четири влади, токму поради најразлични скандали, дали економски, дали политички, меѓутоа едноставно луѓето си поднесуваат оставка.

Во таа смисла и кога зборуваме условно за довербата на оваа македонска Влада во овој момент и за можноста за нејзино паѓаше, ние најмалку можеме да веруваме дека со гласање во овој Парламент можеме нешто да сториме. Затоа што господа пратеници од левиот блок, од коалицијата во македонскиот Парламент, вие секогаш ќе имате мнозинство на гласови за да ја надгласате целокупната опозиција.

Од тука, ние повеќе алудираме на она што се нарекува ваша морална одговорност што треба да ја преземете секогаш во момент кога во една држава се случува голем политички скандал. А, за жал, пред нас во овој момент имаме навистина редок политички скандал кој може да и се случи на некоја држава.

Од тука и паѓањето на оваа Влада го сфаќам само на начин ако некој од коалиционите партнери се повлече и на тој начин едноставно се дистанцира од работата на останатиот дел од Владата или пак самиот премиер, господинот Црвенковски, ако ја има таа морална доблест самиот да си даде оставка, што ќе значи исто така автоматско паѓање на власта.

Значи, не зборувам за вашите гласови, со кои со едно обично креваше на раката можете да ја изгласате довербата на власта туку зборувам за вашето чувство, за морална одговорност.

XVIII/6.-

Пред да преминам на суштинскиот проблем кој практично ја мотивираше денешната седница, морам да кажам неколку реченици и за вкупната политика на македонската Влада, затоа што ретки се моментите кога се поставува доверба на целокупната Влада.

Затоа, кога зборуваме за политиката на оваа Влада не можеме овој пат да не го истакнеме моментот на надворешната политика и борбата за меѓународно признавање на оваа Влада, фактот кога нека- де пред седум месеци оваа македонска Влада му вети на Македонецот, на македонскиот граѓанин дека приемот во Обединетите Нации под името бивша југословенска Република Македонија ќе биде само два месеци. Еве, денеска поминуваат седум месеци, ние се уште сме под тоа име, не само во тоа членство, туку и во многу други европски или меѓународни членства. Значи, од она ветување што оваа Влада го даде на македонскиот народ во поглед на меѓународната политика, до ден денеска нема буквално ништо.

Да не зборуваме за другите односи на надворешната политика на оваа Влада, а тоа е повторно дефанзивна политика, повторно немање концепт на надворешна политика и повторно изолација на Република Македонија, во овој дел, во централниот дел на Балканот без никаква посериозна комуникација и посериозно пријателство со некои поголеми светски, односно европски држави. Тоа е првиот момент.

Вториот момент кој е многу блиску сврзан со меѓународната политика на Република Македонија и имиџот на Република Македонија во светот, тоа е перманентното кршење на ембаргото од страна на македонската Влада на резолуциите на ОН, при што најсериозно ја доведува Македонија во ситуација никогаш да не земе оштета од страна на ОН, а уште посериозно ја доведува Република Македонија во позиција таквото ембарго да биде наметнато и на наша држава. За жал, таквите

XVIII/7.-

изјави досега беа неколку пати. Еднаш јавно ја опомена Македонија британскиот амбасадор во Советот за безбедност, а друг пат тоа можеше да се види преку изјавите на високи американски претставници.

Ако продолжи со ова кршење на ембаргото македонската Влада најсериозно ја загрозува Република Македонија и нејзиниот економски опстанок со закана таквото ембарго да се применува и на Република Македонија.

Кога зборувам за кршење на ембаргото, најмалку зборувам за она што е да речеме некаков стратешки интерес на македонските фирми за соработка или оние врски што не можат да се прекинат. Тоа е крајната цел за која сакам да спомнам. Единствениот мотив во кој го спомнувам кршењето на ембаргото е проблемот со многу познатиот шверц на нафта, за кој шверц со нафта еднаш веќе се зборуваше во македонскиот Парламент. Македонските средства за јавно информирање јавно зборуваат и практично во целиот свет е повеќе од јасно дека во овој момент Република Македонија е еден од главните извозници на нафта за Република Србија. Со што Република Македонија ја ставаме во позиција да ја разгорува борбата на територијата на бившите југословенски републики и со тоа да се изложат на опасност нејзините највисоки државни раководители, вклучувајќи го тука претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Владата и министрите на македонската Влада утре или задутре да бидат судени како воени злосторници од страна на Судот на ОН, што сметам дека е најмала работа што оваа Влада треба да си ја дозволи.

Кога зборувам за шверцот на Владата не зборувам заради тоа што се правени во некаков интерес на македонската држава, туку едноставно од причина што целиот шверц со нафта што се прави во Република Македонија се прави исклучиво за интерес на приватните фирми односно

XVIII/8.-

за интерес на највисоки претставници на партиите кои денеска се во владеачката коалиција. Македонската држава има сосема симболична корист, додека комплетните средства заминуваат во приватни раце односно џебови на членови на македонската Влада.

За жал, за тоа имам само уште еден пример од пред две недели односно кога избувна овде аферата за нафтата, сега е прекината онаа политика на македонската Влада да извезуваат сите фирми на големо, а таквата задача за извезување на нафта им е доверена само на една или две фирми кои се многу блиски до СДС или не знам, до Либералната партија. Фирмата е исто така позната. Тоа е единствената фирма преку која во овој момент може да се одлива нафта од Република Македонија. Така, само вчера и завчера преку таа фирма од Македонија се изнесени некаде околу 66 до 70 цистерни или вагони нафта

За жал, мораме да го потенцираме фактот дека со ваквите приватни интереси што ги штитат министрите во македонската Влада целата македонска држава, посебно нејзиниот економски опстанок го доведуваат под знак на прашање.

Кога зборуваме за политиката на Владата сигурно не можеме а да не ја спомнеме политиката на демократијата односно антидемократијата што се спроведува од страна на македонската Влада, во самиот факт што господинот Фрчковски за само година или две од неговото владеење во Република Македонија изасна во еден мал симбол на мал тоталитарист во Република Македонија. Тоа не е присутно само овде меѓу партиите, тоа е раширено меѓу народот, доволно зборува каков е имиџот на оваа Влада меѓу македонскиот народ и меѓу македонските политички партии. Тоа е дека навистина во оваа Република Македонија за две години, односно од опстојувањето на оваа Владе имаме само не развојна демократијата во Република Македонија развој на антидемократијата.

Тука да не ги наведувам причините, односно случаевите уште еднаш на Куклиш, Радовиш, Горче Петров, Гази Баба и уште многу други случаи што се случија со директна брутална пресметка на мак донскиот народ.

Морам да го спомнам случајот со формирањето на паравоените формации од страна на високи функционери на Министерството за внатрешни работи, прислушувањето на политичките партии во Република Македонија, при што овде ќе ви одговорам на некои напади што беа изнесени од некои политички партии, односно сакањето случајот со откривањето сега на паравоените формации на албанската војска да се поистовети со она што беше афера пред една година.

Во што е разликата, господа?

Разликата е во тоа што онаа афера што се случи пред година ипол пред македонската јавност ја исфрли ВМРО-ДПМНЕ како партија, преку прес конференција и после тоа преку постојани барања целиот случај до крај да се исчисти пред македонската јавност.

После излегувањето и дискусиите на македонскиот Парламент, само ќе ве потсетам, ВМРО-ДПМНЕ покрена пред јавниот обвинител кривична одговорност за докажување на целата паравоена организација и кој е тој што учествува во таа паравоена формација. Јавниот обвинител го одби тоа. Сега имаме покренато повторно кривична постапка по нормален судски пат и се надеваме дека после година ипол или две таа судска постапка, како што ја нарекувате вие во органите на правната држава на Република Македонија ќе дојде конечно на дневен ред.

И еве, сега ја користам оваа прилика министерот за правосудство, јавниот обвинител, уште еднаш да го покренете целиот случај и случајот да го истерате до крај со формирањето на паравоените организации пред една ипол година. ВМРО-ДПМНЕ стои, инсистира тој случај пред

македонската јавност да биде дотеран до крај. Значи тоа не проблем од кој ние бегаме, туку напротив тоа е проблем што ние го отворивме и на кој проблем ние постојано инсистираме и ден денеска. Меѓутоа, за жал, и покрај сите докази што ги имавме во таа постапка, министерот за внатрешни работи знаеме дека и понатаму останува како клучна фигура.

Кога зборуваме за политиката на Владата, не можеме а да не го спомнеме одбранбено безбедносниот карактер односно безбедносната политика на македонската Влада, а тука, најмногу сигурно треба да го повикаме министерот за народна одбрана на Република Македонија

Зошто? Затоа што министерот за одбрана на Република Македонија, со неговите концепти за одбрана на Република Македонија, нормално во координација, најверојатно со врховниот командант на Арми- јата на Република Македонија, повеќе од две години ја парализира комплетната одбрана на Република Македонија. Тоа се огледа во фактот што Министерството, односно македонската Армија се уште ги нема основните документи како што е основната доктрина, односно стратегија што треба да ги има секоја армија. На тоа сме секојдневно сведоци дека тие критики доаѓаат токму од старешини на македонската армија и упатени до министерот за одбрана.

Зарем не е поткопување и диверзија на македонската држава овие документи и понатаму да се саботираат, односно да не се изготват.

На тоа само ќе го спомнеме фактот дека буџетот на Армијата на Република Македонија веќе две години е потполно идентичен со буџетот на Министерството за внатрешни работи. Господа, не можете вие во овој момент да најдете ниту една држава во светот каде што буџетот на полицијата. И, Армијата е рамен со оној на буџетот на полицијата во диктаторските држави од јужноамерикански тип каде што буџетот на

полицијата е страшно висок е пак два пати или три пати буџетот на Армијата повисок од буџетот на полицијата.

Што зборува тоа? Тоа зборува едноставно дека самата пресметка во буџетот зборува дека свесно Владата на Република Македонија ја минира активноста на вооружување, на техничка подготовка на македонската армија, а за таа сметка го форсира Министерството за внатрешни работи токму во таа смисла, нели на еден тоталитаризам, токму во таа смисла на еден диктаторски систем.

Затоа, кога зборуваме за демократијата во Република Македонија, јас постојано меѓу моите пријатели велам дека најголем предизвик за демократијата во Република Македонија е дали наредните из бори во Република Македонија ќе бидат воопшто спроведени. И, не дај боже на наредните избори да победи опозицијата, јас сум повеќе од сигурен дека оваа Влада, со нејзиното раководство можеме многу лесно да очекуваме да воведе државен удар односно да направи пуч. А, токму ваквите подготовки што се случуваат сега преку тоа Министерство за одбрана, а тоа е постојано свесна минимизација на Министерството за одбрана, на таа сметка форсирање на Министерството за внатрешни работи, најдобро зборува.

Да не зборуваме за перманентното чистење на сите оние македонски старешини кои активно учествуваа против ЈНА, додека се уш- те беше таа на територијата на Македонија.

И конечно, има ли подобар доказ дека министерот за народна одбрана свесно ја поткопува безбедно|рта на Република Македонија, ако го погледнеме фактот дека Министерството за одбрана на Република Македонија, а тоа значи Владата на Република Македонија за две години не најде за сходно за македонските војници да купи пет воени транспортери за заштита на нивните животи. Има ли подобар доказ

XVIII/12.-

дека токму ако го погледнеме, ако гн погледнеме тие факти дека свесно се минимизира македонската армија, а тоа е политика на македонската Влада. Тоа го зборувам и како одделен факт, меѓутоа и во кон- текст на она што ќе следува со паравоените албански формации што се формирани во Република Македонија.

И, кога зборуваме за политиката на Владата не можеме да не одбегнеме она што е најгорливо за секој македонец. Тоа е економската политика на македонската Влада по доаѓањето на оваа Влада па до ден денеска ние имаме само пропаѓање на македонското стопанство во сите степени на македонскиот живот од малото стопанство, од приватниот сектор, од општествениот сектор, вклучувајќи ја тука и приватизацијата. Една корупција која во Македонија никогаш не била до сега. Јавна корупција. Јавно се знае ако сакате да увезете контингент шеќер, да речеме, преку Министерството за надворешни работи, се знае дека контингентот чини две илјади марки што треба да ги платите во министерството за надворешна или не знам кое е тоа министерство, за стопанство што ги издава тие контингенти.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Секој приватен сопственик да го прашате ќе ви го каже тоа. Таква корупција,а за жал, такво мито таква дискредитација на една Влада никогаш во Република Македонија се нема доживеано. Ниту во времето на она што го нарекуваме еднопартизам. Ми се чини дека имаше поголема одговорност кај министрите отколку сега што имаме кај министрите на така наречената македонска Влада. За жал резултатите на тој однос во македонската економија се видливи за сите нас, а тоа е постојаното пропаѓање на фабрики, постојано технолошки вишок, пензионерите беа неколку пати спомнати, три пензии се должни кон македонските пензионери и од другата страна и имаме само еден одговор на македонската Влада. Дека македонската Влада нема врска со македонските пензионери кога станува збор за стопанството дека македонската•Влада нема врска со македонското стопанство, кога станува збор за македонските земјоделци дека македонската Влада нема врска со македонските земјоделци при тоа заборавајќи го основниот факт дека секоја избрана Влада во било која држава е Влада за народот и Владата треба да претставува сервис на тој народ, на тоа граѓанство, на тоа стопанство за која е избрана. За жал тие компоненти во македонската Влада воопшто ги нема.

И кога зборуваме за севкупната политика на македонската влада има ли подобар момент од оној да го цитираме она што неколку пати го имаат изјавено токму претставници на коалиционите партнери. А токму од нивни усни досега сме чуле барем 4 до 5 пати дека Владата досега нема никаква политичка, економска односно политичка платформа ниту економска платформа. Тоа се зборови кои многу често пати се изнесувани од самите Вас. Јас не можам да ја сфатам Владата на РМ

XIX/2.-

која функционира година и неколку месеци и после година и неколку месеци и самите министри да си признаваат дека немаат никаква политичка платформа и економска платформа за нивно дејствување. Тоа се Ваши зборови. Ние овде кога го поставуваме прашањето на довербата мораме да Ве запрашаме господа министри, посебно премиерот, жал ми е што не е овде до кога оваа Влада на РМ има намера да излезе пред македонскиот Парламент со сопствена политичка и економска платформа. Тоа е навистина преседан кој повторно никаде се нема случено досега во Република Македонија. Дејствувате без никаква платформа. Значи дејствувате само заради опстанок на сопствените министерски фотелји. Дејствувате само заради тесно партиските интереси тоа е логиката. Во спротивно, Ве молам што поскоро излезете пред овој парламент и понудете му го на овој народ вашата економска и политичка платформа, да ја видиме врз основ ана што дејствувате вие. Тоа е она што се однесува за севкупното .дејствување на македонската Влада.

Сега поминувам на дејствувањето односно на акциите на еден од коалиционите партнери , тоа е партијата ПДП што не значи дека и целата Влада нема одговорност за овој случај, затоа што ако ПДП е Ваш коалиционен партнер кој учествувал во оваа Влада со 5 министри, таму каде што нема министри има 4 заменици министри и уште неколку десетици разни помошници, советници во министерствата. Значи дека однесувањето на еден од коалиционите партнери, во тој случај ПДП е однесување и поддршка и на останатите коалициони партнери, конкретно СДС, Либералната партија, Социјалистичката партија па и ПЦЕР, доколку нормално не си ја дистанцирате вие вашата политика. За жал, во спротивно мораме да речеме дека вие како Влада дејствувате комплексно, како еден тим и одговорноста на еден од коалиционите партнери доколку не се спротивставите на неговите злоупотреби тогаш е одговорност на самата Влада.

Во таа смисла кога зборувам за дејствувањето на коалициониот партнер ПДП односно партијата која денеска владее во Република Македонија во нејзиното дејствување против Уставот на Република Македонија, против интегритетот на Република Македонија и против безбедноста на РМ не можам да не го поделам на два дела.

Прво, тоа е политичкиот начин на дејствување на партијата.

Второ, тоа е војно офанзивниот начин на дејствување на политичката партија ПДП односно на партијата која владее денеска во Република Македонија.

Кога зборувам за политичкиот момент за дејствувањето на партијата ПДП за жал морам да кажам дека тоа дејствување на партијата е многу блиску со дејствувањето не на македонската Влада, туку на албанската Влада која дејствува и работи во Република Албанија односно со седиште во Тирана. Во таа смисла албанската Влада веќе подолго време води политика на двоен колосек. Вербално се залага за развој на добрососедската соработка и пријателство со Македонија, но истовремено тоа го условува со исполнување на бројни нереални барања на албанското национално малцинство, вклучувајќи го и барањето за негов конститутивен карактер на македонската држава. Бројни се примерите за таквото однесување на званичната албанска власт. така на пример, поранешниот министер за надворешни работи на Албанија Илиќ Боцка по двонеделниот престој во Македонија, на 23 јануари 1992 година изјави "признавањето на Македонија ќе биде направено тогаш кога ќе бидат разгледани и исполнети барањата на албанската популација која живее во Република Македонија".

б) Претседателот на албанската држава , д-р Сами Бериша во ексклузивното интервју за Нова Македонија од 29 март 1992 година подвлече "мие со Македонија сакаме да имаме добри односи, но бараме

Македонија да ги респектира во целост човековите и националните права на албанците. Ние сме за постоење на македонската држава ако таа прифати цивилизациско и со потребниот дигнитет решавање на прашањето на албанците од типот на Швајцарија и Белгија" , што не значи ништо друго туку директно вмешување на претседателот Бериша во уставното уредување на РМ.

в) Претседателот на албанската држава д-р сали Бериша на 6 април 1992 година изјавил "кога говориме за правата на малцинствата сметам дека се потребни промени во Уставот на Македонија". Повторно директно мешање во уставното уредување на РМ.

Понатаму, актуелниот министер за надворешни работи Алфрет Серчи на 10 октомври 1992 година изјавил " признавањето на Република Македонија од страна на Албанија е условено со дрпавото на албанците на рамноправна нација и државотворен народ". Својата позната стратегија албанското национално малцинство во Македонија ја спроведува јавно. Непосредно по првите повеќе партиски парламентарни избори во весникот Флака е Флазеримит на 22 јануари 1991 година ПДП ја обнароди предлог декларацијата за независност на Република Македонија во која македонскиот народ воопшто не се спомнува, а носители на македонската државност, сувереност "албанската нација и другите кои живеат во Македонија односно граѓанинот како претставник на народите кои живеат во Македонија, а кои се државјани на другите Републики во Македонија", не споменувајќи ја воопшто македонската нација.

На 28 септември 1991 година во повеќе градови на западна Македонија и во Скопје ПДП и НДП организираа митинзи на кои беа протурувани познатите барања за добивање статус на народ на албанците во Македонија, образованието употребата на јазикот, дефинирањето на новиот Устав. на собирите беше најавено

организирањето на некаков нов референдум само за албанскиот дел од населението во Македонија, а беше подвлечено дека демократијата во Македонија е само привид од кој се врши невиден културен, социјален и духовен терор над албанските деца. Дека во Македонија се врши апархејд врз албанското население чии нареден чекор ќе уследи откако претходно ќе се испразнат сите методи. Значи партијата која денеска владее во Република Македонија која има една добра третина од македонските министерства дава пред својот народ и меѓународната јавност изјава дека/ Република Македонија некој им спроведува апархејд.

Ваквите свои барања ПДП и НДП ги формулираат со меморандумот на албанската парламентарна група, кој лидерот Невзат Халили на 24 октомври 1991 година лично им го врачи на претставниците на Меѓународната конференција за Југославија во Хаг, а во врска со барањето аз признавање на Република Македонија. ПДП и НДП издадоа соопштение на 24 декември 1991 година во кое се подвлекува дека Македонија се уште не ги исполнува условите за нејзино меѓународно признавање, бидејќи албанците не се рамноправен народ во Македонија и бараа одржување на референдум за изразување на нивната политичка волја за специјален статус односно за нивна политичка територијална автономија.

И, можеме слободно да кажеме дека албанското митигашење својата кулминација ја достигнува на 3 април 1992 година во Струга кога на големи ѕвона беше обнародено формирањето на така наречената автономна Република Илирида која според објавената карта покрај Гостивар, Тетово и Дебар ги опфаќаше и Скопје, Куманово, Струфа, Кичево, Охрид, Битола, Прилеп, Крушево, Македонски Брод, ресен, Демир Хисар дел од Титов Велес. претседателот на Општинскиот разгранок на ПДП господинот Мерсим Положани елаборирајќи ја Одлуката за формирањето на замислената албанска Република Илирида

подвлече дека таа треба да ги опфаќа подрачјата во кои живеат албанците не само во западна Македонија и дека нејзиното формирање не значи делење на Македонија туку нејзина федерализација. Господинот Мерсим Положани се уште седи овде меѓу нас во пратеничките редови, а неговата партија после овој чин како навреда доби влегување во коалицијата, односно доби како што рековме пет министерски места и четири заменички министерски места, како награда на тие негови симпатични акции за рушење на македонскиот интегритет и суверенитет.

Во иницијативата на ПДП и НДП за измена на Уставот на Република Македонија од 6 мај 1992 година меѓу другото се бара Македонија да биде дефинирана како суверена држава на граѓаните на рамно- правни народи македонците, албанците и националните и етничките групи кои живеат во неа заснована на суверенитетот на граѓаните и рамноправноста на народите на националните и етничките групи. Едноставно отпочнат е и формалниот процес на сето она за што се залага ова пратеничка група.

Претставникот на НДП Хајрула Горани на 31 мај 1992 година за така наречената македонска новинска агенција од Солун изјави дека со сите средства ќе се спротивставиме на признавањето на една држава со фашистичко лице и лажни ветувања која ги гуши човековите права на албанското малцинство. И дека за нас сосема е јасно дека така наречената Република Македонија нема никаква врска со името Македонија затоа што станува збор аз словенски народ кој е резултат на титоистичката конструкција, За жал, како што рековме наградата е влегување и понатаму останување во коалиционата Влада.

XIX/7.-

Лидерите на ПДП и НДП во телевизиската емисија Македонија и вистината за неа имитувана на 15 август 1992 година на австралиската државна станица ИБС во рамките на мошне гледаната емисија деј- лај изјавија дека во Македонија нема македонци и дека тие можат да бидат само албанци, бугари, срби или грци и дека се залагаат Македонија да не биде признаена од Европската заедница и од целиот свет.

Албанската Влада и ПДП и НДП веќе подолго време го блокира приемот на РМ во ЌЕБС при што најкарактеристичен пример беше однесувањето на шефот на пратеничката група, координаторот, господинот Халили кој на еден од состаноците од ЌЕБС знаме дека замина таму за да директно од страна на албанската Влада го блокира приемот на Република Македонија во нејзините редови.

Кога зборуваме за таа политика на партиите ЛДП и НДП за жал не можеме многу да ја отстраниме односно да го елаборираме и останатиот дел од македонската Влада. Во таа смисла претседателот на републиката и Владата во ниеден момент не ги осудија националистичките заканувачки и антимакедонски барања на челниците на ПДП посебно во врска со така наречената политичка автономија во западниот дел на Македонија и добивање на статус на народ. Федерализација на македонската дражва, воведување двојазичност на државната администрација и наспроти тоа со низа свои постапки и активности ја охрабрувaa и поттикнувaa сепаратистичката антидржавна активност на дел од албанското малцинство, а посебно на едно националните партии ПДП и НДП од кои посебно би ги издвоиле следните.

Претседателот на Републиката, Владата коалиционите партии СДС, Либералната партија и Социјалистичката партија и државните институции кои се под нивна целосна контрола во ниту еден момент не

XIX/8.-

го осудија и го дозволија одржувањето на тајниот референдум за политичка и културна афтономија на албанците во западна Македонија. Благонаклоно гледаа на бојкотот на албанците на пописот, на референдумот за самостојна Македонија и донесувањето на Уставот на РМ. Го толерираа легалното дејствување на таканареченото Здружение за политичка и културна автономија на албанците со седиште во Гостивар. целосно елиминирајќи ги македонските национални партии од власта стапија во неприродна коалиција со ПДП доведувајќи го во прашање стратешките национални интереси на македонскиот народ. Во таа смисла кога зборуваме за однесувањето на останатиот дел на македонската Влада не можеме да не го спомнеме и фактот на толерирањето ан диво градбите, узурпациите на државното земјиште, некритечкото давање на дозволи за изградба на бензиски пумпи. Само еден пример. Во едно Тетово имате преку 30 бензиски пумпи, меѓутоа за таа разлика да речеме во било кој град. од источна Македонија Делчево, Берово или Струмица, човек приватен бизмисмен треба да се убие да добие дозвола за приватна бензиска пумпа. Така на пример во една Струмица има можеби две или три бензиски пумпи меѓутоа овде кога станува збор за албанското малцинство во едно Тетово има преку 30 бензиски пумпи. Потоа Радио-телевизиски станици на кој отворено се литерува националистичко сепаратистичка политика, работата на едно националните собранија во западна Македонија измената на имињата на улиците, училиштата со имиња на осведочени балисти, непочитувањето на уставните уредби за употреба на јазикот, а во државната управа и образованието и во другите активности на албанските националисти и сепаратисти практично го помогнаа процесот на издвојување на западниот дел на Република Македонија во посебна селина со елементи на вистинска паралелна држава под контрола на албанските партии.

XIX/9.-

Во таа смисла сигурно треба да го спомнеме . однесувањето, па и чиновите како што беше прогласување на албанската држава Илирида и сите оние постапки како што се, да речеме јавното бојкотирање на пописот во Република Македонија, јавното бојкотирање на Уставот на РМ, референдумот на Република Македонија и се она што значи политичко дејствување за разбивање на суверенитетот и интегритетот на македонската држава. Во таа смисла да не зборуваме дека македонскиот дел од македонската Влада таа политика многу често ја помага и со своите изјави од типот дека Македонија е нулти етничка држава дека Македонија е мулти национална држава што не го прават држави кои во својата територија имаат и многу поголем процент од некакви малцинства кои живеат. За жал сето тоа е една политика на која најверојатно во политичкиот дел и кумуваат односно достигнуваат свој врв овие паралелни односно тајни за македонската јавност разговори помеѓу македонската Влада, албанското малцинство односно ПДП и господинот Гетарес на разни места во Европа. За жал повеќе од сигурно е дека македонската Влада веќе ги има дадено концесиите за некакви понатамошни отстапки на албанското малцинство, а парадоксот бес сомнение беше изјавата од минатата недела дека состанокот во Женева е одложен од причини што таму не стигнало албанското малцинство Парадокс на кој само можеме да се смееме.

XX/1 JJ/ПН

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Партијата ПДП и останатите коалициони партнери за нешто што се решава во Македонија разговараат во Женева, а разговорите на крајот повторно ги блокираат овие на кои им се најмногу потребни. За жал и тоа понатаму се толерира од страна на македонската влада.

Кога зборуваме за тој политички дел на агресивноста и дејствувањето на коалициониот партнер, на ПДП јас можам да ви кажам само едно, господа министри, од македонскиот дел на оваа македонска влада. Во моментот кога ќе им дадете специјален статус на албанското малцинство во РМ, првиот ден после тој момент ќе имате барања од страна на ПДП и НДП за автономна покраина. Во моментот кога првиот ден ќе им ја дадете автономната покраина на албнаското малцинство во РМ, веќе идниот ден ќе имате барање од нивна страна за федерализација на РМ. Во моментот кога ќе им ја дадете и федерализацијата на РМ, веќе идниот ден имате барање за правото кој го има секој народ, а тоа е да може да се самоопредели каде ќе живее и веќе отворен сепаратизам за припојување кон Голема Албанија. Во таа смисла, жално е што македонскиот државен врв, вклучувајќи ја целокупната македонска влада, вклучувајќи го тоа премиерот, претседателот на државата и претседателот на Собранието имаат било какви илузии во крајните цели на партиите ПДП и НДП. А крајните цели се многу јасни - припојување кон Голема Албанија. Секој оној од вас кој седи овде не може да го види, навистина може да се круниса и да си ја залепи етикетата дека од своето политичко слепило не може да оди напред. Ако не можете да ја видите активната политичка дејност за припојување на цела Западна Македонија кон Голема Албанија тогаш е проблемот во вашата политичка, навистина подготвеност да бидете

министри во македонската влада. Јас само ќе ви кажам едно дека вас како министри и како Влада никој од македонска страна, никој од македонскиот народ ве нема овластено да преговарате за поделба, односно против суверенитетот и интегритетот на РМ. Тоа е она што се однесува за политичката активност на македонската влада, со оглед на фактот дека во дискусиите досега кој произлегоа од социјал демократскиот сојуз, најверојатно претпоставувам дека СДС ја поддржува таквата политика, Либералната партија и Социјалистичката партија се однесуваа доста помудро, гледам не реагираат многу. Меѓутоа, со оглед на фактот дека СДС веќе јавно декларираше потоа неколку пати, најверојатно, верувам дека е тоа заеднички концепт за нова македонска држава меѓу ПДП и СДС како главни носители на стабилноста и безбедноста на РМ.

Сега ќе поминам на оној втор дел, а тоа е оној војниот дел односно контрадржавниот дел на делот од македонската влада односно на учесникот во македонската влада, т.е. партијата ПДП при што мојот воен дел односно војната анализа ќе ја почнам и ќе го цитирам во извесна смисла текстот излезен во "Пулс" во петокот наречен "коалицијата апси војници" а кога ќе го завршам цитатот ќе ви кажам зошто со тој цитат од весникот ќе почнам:

"Како резултат на оваа голема акција уапсени се Хусеин Хаскај помошник министер за одбрана, Хасан Агуши, поранешен офицер на ЈНА од Косово и платен функционер на ПДП Бурин Муртезани инженер по информатика, Ејупи Расими задолжен за интендатурата, Селам Армази, Акив Демири и Абди Селам Алфани, членови на потесното воено раководство на оваа паравојска. Овој список е само врвот на огромната санта лед наречена сеалбанска војска. Освен споменатите во оптек се

имињата на неколку активни офицери на АРМ од албанска националност меѓу кои и еден генерал како и неколкумина политичари од редовите на партијата за демократски просперитет. Првичните сознанија покажуваат дека иницијативата за формирањето на таа војна формација датираат од 7 ноември 1991 година, неколку дена пред донесувањето на Уставот на РМ, кога е формиран нејзиниот главен штаб. Замислата била таа да брои неколку десетици илјади војници адокцијата во државните органи компјутерски биле евидентиран 21.630 потенцијали регрути. Формациски војската била поделена на неколку баталјони што би требало да ги покријата градовите каде што Албанците го чинат значителниот дел од населението, Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга и Куманово, плус една бригада задолжена за полициско обезбедување на војската. Главниот штаб на оваа таканаречена војска бил поделен на воен и таканаречен политички дел. Уапсените кои ги спомнуваме претходно се припадници на таканаречениот воен штаб, додека од извори блиски на "Пулс" со политичкото тело раководеле припадници на раководството на ПДП. Досегашните сознанија зборуваат за тоа дека целта на вака формираната паравојска била остварување на проектот "илирида" и нејзино припојување кон Албанија. Организацијата на оваа војна формација била беспрекорна. Во текот на последните 2 години интензивно биле прибирани податоци за организационата поставеност на АРМ, со цел тие да бидат искористени во евентуална воен конфликт. Така на пример расположливите сознанија провалени биле мобилизациските планови за голем број воени формации на АРМ, што се информации од првостепена важност во евентуални воени услови. Податоците со кои располагал штабот на таканаречената сеалбанска војска, биле толку прецизни што се претпоставува во случај на воен

конфликт 14 бригада на АРМ задолжена на северозападната граница кај Тетово, би била ликвидирана за помалку од 1 час.

Што се однесува до технологијата на собирањето и изнесувањето на податоци од оперативен интерес за оваа албанска војска, таа^ се засновала на главната врска инсталирана во Владата на Македонија. Користејќи го својот повластен статус Хусеин Хаскај помошникот на министерот за одбрана ги собирал документите, а Имер Имери заменик на министерот за здравство во својство на курир на сеалбанската војска со службени возила на Владата ги дистрибуирал во Главниот штаб и во Министерството за одбрана на Република Албанија.

Од добро известени кругови "Пулс" дознава дека во акцијата на МВРЈ фатена е преписката на Хаскај со помошникот министер за одбрана на Албанија Шеху, во кој вториот во името на штабот се бара прецизирање на статусот на селабанската војска. Инаку според досегашните сознанија овој албански политичар бил директно задолжен за практично помагање на воспоставување на селабанската војска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ако може цитатот да го скратите.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Јас тоа го зборувам како мое излагање овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може скратете малку.

XX/5

**ЉУПЧО ГЕОЕРГИЕВСКИ:**

Господине претседателе, јас се извинувам, не можете процедурално бидејќи ова е....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ви обрнувам внимание, од овде не можеме да читаме весници. Наведете што барате. Немојте цел весник да го читате.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Не го читам цел весник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е така ве молам, сигурно зашто таму пишува се и сешто. Тој си одговара што пишува, а не некој друг.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Цитатот ќе биде завршен за многу кратко време, и јас реков дека овој цитат го користам како моја анализа и како дел од мојот говор. А ќе ви објаснам и зошто го цитирам.

"...сеалбанската војска, додека целиот проект наводно имал своја логистичка поддршка од највисокиот албански политички врв, од претседателот на соседна Албанија Сали Бериша, од премиерот Александар Мекси и од министерот за одбрана Сафет Жулари". Ова е завршен цитат од весникот "Пулс".

Зошто господа го користам овој цитат од весникот "Пулс"? Го користам затоа што овој текст ми се чини напишан од новинарката Мирка Велиновска на "Пулс" е пишуван во МВР. Жал ми е што господинот

Фрчковски не е тука да ја потврди таа вест. И со тоа ги известувам припадниците на партијата ПДП дека овие информации се дадени од извори од Министерството за МВР. Текстот новинарката Мирка Велиновска го има пишувано во просториите на МВР и можам да ви кажам дека го цитирам како најверодостоен текст. Целиот текст мислам е пишуван таму, а јас само мислам извадив еден мал цитат, тој вака доста убедливо изнесува некои работи.

Тоа е одговор и на г-динот Фрчковски кога преска сакаше да направи некаква клопка од типот дека зошто ВМРО-ДПМНЕ го фали Министерството за внатрешни работи, а него како министер го напаѓа. Токму до тие причини) што за среќа оперативците на МВР си ја имаат извршено одлично својата задача. И токму од неговите оперативци сега произлегува најголемиот бунт против самиот него. Затоа што во моментот кога Министерството открива една таква афера што се нема досега случено во РМ, г-динот Фрчковски само по неколку часа од кога требало да се издаде и јавното соопштение за македонската јавност, најверојатно во координација со претседателот на Владата, најверојатно со координација со претседателот на државата, оваа информација и познатото соопштение што требало да бидат пуштено за јавноста го има блокирано.

Која е мојата аргументација и зошто ги цитирам овие работи. Не се само овие информации дадени од МВР, туку овие информации ги има добиено и секој од министрите во вид на специјална информација доставена од Министерството до Владата. Така што овие информации не ми се познати само мене, гледаме дека во јавноста се пробиени и знаеме дека исто таква информација ја има упатено и до највисоките државни раководители.

И сега доаѓаме до она прашање кое постојано овде виси во воздух - дали се лажеме во некои работи или навистина сакаме да се лажеме. Тоа е концептот кој го наметнуваат некои припадници овде на коалицијата посебно од СДС, а тоа е дека работата сега е завршена, дека работата ќе има судска завршница, дека после 2 години откако судот, а знаеме како работи судот во РМ, после 2 години кога судот ќе ја заврши својата постапка, тогаш ќе можеме ние да зборуваме кој е виновник во РМ.

Господа, јас можам слободно да ви кажам дека сите 8-мина или 9-мина колку што се притворени, во прво време во МВР ги имаат признаено овие факти. Не само пред МВР туку целокупната документацијата и доказите денеска ги имаат признаено и во изјавите пред судските органи во судот на РМ, доколку не се случи вечерва, нели, македонската влада по старите принципи и судските одлуки односно судските докази веќе да ги избрише. Тие факти вие ги имате. Вие многу добро знаете. Тоа го знае министерот за внатрешни работи, го знаете вие г-дине Поповски како министер за одбрана, го знае премиерот и сите високи државни раководители. Значи, доказите за кои зборуваме многу добро ги имате вие. Најдобар доказ се оваа информација како што реков, еднаш, двапати, три пати ќе ви повторам дека е пишувано во вашето Министерство за внатрешни работи. Нормално во моментот кога г-динот Фрчковски имал цел да направи политички скандал, меѓутоа, потоа бил посоветуван дека треба да с смири малку и денеска го гледаме во варијанта на смирен човек кој бега од она што самиот го има направено како документација.

Во таа смисла кога зборуваме за целиот овој случај јас можам да спомнам уште неколку факти, како што е откриената централа во Тетово,

со комплетни компјутерски дискети, со комплетни оперативни штабови на таа таканаречена сеалбанска војска.

Господинот Фрчковски во својата изјава сака да бега и од тоа дека тоа не биле активни учесници, односно самите тие не знаеле дека биле, во таа смисла не биле регрути на таа 21 иљадна албанска водска. Господа, според документацијата што е пронајдена во МВР која многу добро ја знаете, многу јасно стои дека сите тие одреди чети, баталјони што биле формирани, колку што имам јас информација формирани се 14 баталјони и 5 чети. Сите тие баталјони и чети се дадени на предлог на локалните, односно месните одбори на партијата ПДП или тие локални војни нивоа што ги имате вие во организацијата а тоа го имате со документи и печати, секој локален одбор има свој печат. Тоа е многу лесно да го проверите, односно ако сакате да го видите кај самите вас. То е првиот момент.

Сите, значи комплетно таа структура од 20 иљади војници е потврдена значи од нивните одбори и од општинските комитети на ПДП. Впрочем, главниот советник на таа таканаречена паравојна организација сеалбанска војска е таканаречениот Агуши Хасан. Самите вие знаете дека во лувате во РМ како советник на господинот Ругова од Косово. Сега се поставува прашањето од каде тој Агуши Хасан ќе знае кој се тие 20 иљади војници во РМ до колку тоа не го добива од организациите, месните организации на ПДП.

Еве на пример интересен е примерот што може да се спомне овде дека од 50 автомати што се пронајдени досега, 8 од тие автомати биле пронајдени кај некој полицаец од албанска националност во Тетово, кој г-динот Фрчковски откако биле пронајдени тие 8 автомати кај него, веднаш наредил да не го суспендираат од работа, да не го суспендираат од работа, да не го притвораат, туку тој да си продолжи нормално со работа

во  МВР во Тетово. И сега нормално, во МВР - Тетово револтот во тетовската полиција е повеќе од евидентен. Нормално, се со цел да заташка дека војниците и старешините што се примаат во македонската армија не се под диктат на ПДП, иако исто така е потврдено дека сите 25 офицери што се примени во АРМ се примени под исклучив диктат на ПДП, значи под јасна цел - формираше на партиска војска, на партиско старешинство, во рамките на македонската армија.

Или кога зборуваме за контроверзни изјави кои ги даваат обично министерот за внатрешни работи и министерот за одбрана, сигурно е најкарактеристично она за што пред малку господинот Поповски овде сите нас не убедуваше. Имено, тој на својата прес конференција кажа дека тие документи што се најдени кај Хаскај не се од голема тајност, за да министерот Фрчковски на својата прес конференција го потврди тоа дека се строго доверливи документи. Дали не се доверливи или се доверливи, господине Поповски, јас можам д ви прочитам дел од документацијата што е најдена кај ГЃТДИНОТ Хаскај. Така кај него е пронајдено писмото за министерот за одбрана на Албанија, за кое пишува и "Пулс" и има ли подобар доказ, пред малку што рековте вие, вие немате директни информации дали имате директен извор во македонската влада. Што сакате поголем директен извор кога вашиот помошник г-динот Хаскај праќа директно тајна пошта до министер на Албанската влада, писмо кое вие го имате во МВР. И сега кого ние треба да лажеме дека тоа не е тајна документација. Што е поголема тајна документација и што има поголем пробив на странска држава во нашата држава односно во нашата Влада отколку директната комуникација. Тука е вмешан и г-динот Имер Имери кој исто така е заменик во вашата Влада

и постојано негирате дека не учествувал во оваа акција. По ваша сугестија човекот исчезнал од РМ, веројатно се крие во некој странски држави кој бил писмоносец односно ги носел со дипломатска кола односно со службена кола на македонското собрание, писмата од македонската влада во Гостивар а овде во "Пулс" се спомнува дури дека се носени до Албанската влада. Сега, што треба вие да криете? Го криете Имер Имери, само за опстанок на вашата коалициона Влада? Кријте го господине минстере, кријте го тоа е ваша одговорност?! Меѓутоа, јас не верувам дека подоцна или порано вие ќе морате да одговарате за такви криминалци, кој ги чувате во вашите редови.

Меѓутоа, ќе продолжам со тоа што се е најдено кај г-динот Хасказ, а за што вие како министер за одбрана велите дека не е војна тајна. Кај г-динот Хаскај е пронајдена комплетна воена документација за организирање и дејствување на војниот штаб на албанската војска. Значи, ако е тоа пронајдено, вие немате мотив да затворате само 9 луѓе и да велите дека кругот е затворен, туку најмалку од секој град по еден локален командант на оваа војска да притворите. Меѓутоа, исто така, во договорот со ПДП сето тоа сега го минимизирате, и го спуштате на втора димензија.

Кај г-динот Хаскај се пронајдени 72 топографски карти за големите градови и села во РМ итопографски карти за границите со сите соседни држави. Вие г-дине Поповски можете да го лажете оној кој ги нема тие информации, меѓутоа, оној кој ги читал информациите во МВР, во самите тие информации тие податоци ви стојат таму. Ако топографските карти и топографските карти на границите спрема нашите соседи не се војна тајна, повелете кажете ни што е војна тајна во РМ.

XX/11

И конечно, она што е најинтересно - комплетна лична карта за 14 пешадиска бригада по војни формации. Што значи да се има личната карта на 14-тата македонска бригада која дејствува на територијата на северозападна Македонија. Тоа е оној факт кој се наведува и овде, кој што вие многу добро го знаете, комплетно вклучувајќи ги и мобилизациските планови. Тоа е токму тој факт дека подготовката за ликвидација во даден момент на ден "д", 14-та македонска бригада што е распоредена на територијата на северозападна Македонија, токму на границата спрема Албанија е многу детално прецизирана и провалена во соседната; држава Албанија. Јас како што реков вие тие работи можете да ги криете, пред својот круг, меѓутоа, за жал јас сметам дека работите не треба да се кријат повеќе.

И конечно кога зборуваме за тоа оружје, што е сега најновиот договор меѓу ПДП и останатите коалициони партнери. Договорот е следен - а тоа е останатиот дел на Владата да не ја бранува понатаму целокупната оваа работа, а во спротивно на тоа, податоците за оние 30 0 автоматски пушки што МВР ги има по списоци да не ги собира како Министерство, туку таа задача да му се довери на ПДП, па ПДП сам да си ги собере пушките за да ги предаде на МВР. Циркуси, невидени се, на кои можеме само да се смееме и да с радуваме што имаме толку квалитетна Влада, такви соломонски решенија да ни наоѓа, - ПДП сам да си ги собира автоматите и потоа да ни ги односно да и ги предаде на Македонската влада. Се надевам дека ПДП ќе ја изврши успешно таа функција. Тоа е она што најконкретно се однесува за целиот случај, за формирање на паравојна албанска војска на територија на РМ од страна

на партија која учествува и владее во Република Македонија.

Во таа смисла само на крајот ќе потенцирам неколку дилеми што беа изнесени посебно од некои претставници на СДС.

Прво, дека ВМРО-ДПМНЕ сака да го руши соживотот и дека со тоа рушел некои концепции дека и Македонците и Албанците не можат да живеат заедно во РМ.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (Продолжение)

ВМРО-ДПМНЕ секогаш декларирал заеднички живот со сите оние малцинства кои живеат во РМ. Меѓутоа, ВМРО-ДПМНЕ партијата ПДП не ја поистоветува со целата албанска националност која живее во РМ. Оттука, јас не знам од каде им паѓа на памет, тоа посебно беше карактеристично кај господинот Фрчковски и господинот Поповски, ПДП како партија да ја поистоветуваат со целата албанска националност на територијата на РМ. Не значи ако партијата ПДП денеска падне од власта на РМ дека нема да се појават дрги партии на албанското малцинство во РМ кои исто така ќе можат да влезат со вас во коалиции Меѓутоа, проблемот е токму во тоа што на ваков начин најдобро се руши" соживот затоа што на ваков начин најдобро се руши довербата меѓу луѓето меѓу граѓаните кои живеат во РМ.

Вториот момент кој исто така беше потенциран овде во вид на напад на ВМРО-ДПМНЕ дека ВМРО-ДПМНЕ зборувајќи за овој случај им дава за повод на нашите балкански соседи и ја минимизира меѓународната политика на РМ. Така на пример господинот Беќир Жута даде изјава дека овој политички случај се случува во време кога треба да бидеме примени во ООН. Со тоа потпретседателот на македонската влада навистина ме изненади сега дали сме примени во ООН или се уште не сме примени во ООН. Вие тоа го рековте видете го стенограмот точно така беше јас тоа многу добро го запишав. Значи, сега навистина треба да ни дадете и дополнителни појаснувања или тоа го кажавте само заради подраматичноста на состојбата. Тоа е првиот момент.

Меѓутоа, кога е она сериозното се наведуваат примери дека со тоа ако отвори ова прашање денеска им се дава за право односно им се утврдуваат некои тези на соседните држави посебно Србија и Грција.

XXI/2

Господа, јас сум свесен дека со ова најмногу се потврдуваат тезите на српската политика и на господинот" Милошевиќ дека со албанците не може да има заеднички кивот, дека со албанците мора остро и сите оние тези што ги имаме слушнато од господинот Милошевиќ. Уште повеќе сум свесен дека со оваа дискусија и се она што ќе излезе од ова му даваме и понатаму политички слободен простор на Милошевиќ да калкулира со Македонија. Впрочем пред 15-тина дена во едно интервју изјавив дека за жал политичките интереси на српската политика и на албанската политика во поглед на Македонија се идентични и во таа смисла сме свесни, меѓутоа, тоа не значи дека заради постојниот страв од Србија ние на Партијата ПДП овде можеме да и дозволиме да прават што сакаат. Впрочем, сигурно Милошевиќ не ги терал албанците во РМ да се вооружуваат односно да се поврзуваат со Република Албанија или албанската влада да се вмеша во работите на РМ.

Конечно, кога станува збор за некоја, бидејќи имаше опасност да не обвинат дека сега ќе водиме просрпска политика од страна на господинот Фрчковски, јас би го запрашал господинот Фрчковски кога е толку загрижен за овие македонско - српски односи зошто негови оперативци од државната безбедност пред 15-20 дена присуствувале на акциите на апсењето на албанците во Косово во Приштина. Нека ни одговори на тоа прашање, па ќе му дадеме одговор понатаму за тие врски Македонија- Србија, а исто таква делегација на Службата за државна безбедност од Србија пред 3-4 дена има присуствувано во Македонија. Тоа се многу интересни прашања кои треба да ни ги објасни господинот Фрчковски а и ПДП малку да си ги објасни на себе. Кога се обвинуваме за таа меѓународна политика на РМ навистина треба сите да се запрашаме кој ја води таа меѓународна политика на таков начин.

XXI/3

Кога говориме за меѓународната политика посебно кон европските држави јас со жалење можам да констатирам дека Владата на РМ воопшто не го искористи ова откривање на албанските екстремисти и албанските сепаратисти во една широка меѓународна активност со известување до сите членови на ЕЗ, САД, до сите останати држави што е тоа што го прави албанското малцинство во РМ на вооружуваше. Така се добива меѓународната битка за РМ кога од тоа ќе направиме политички скандал па цел свет да се запраша што прават екстремните албанци во РМ. Вака со молчење со пасивност каква позиција имаме? Имаме позиција албанската влада да вели дека во Македонија се спроведува терор над албанското малцинство, лидерите на Косово даваат слични изјави, Македонската влада молчи и мудрува судски процеси, вакви процеси онакви процеси. Каде е меѓународната акција во овие процеси.

Претседателот Глигоров како потврда на сите овие работи вмешаноста на албанската влада веднаш по пробивањето на случајот во Албанија го испрати заменикот министер за надворешни работи Виктор Габер да испрати порака. Тоа е најдобриот момент

**СТОЈАН АНДОВ:**

Држете се на Владата.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Па тој е од Владата, тој е член на Владата можеме да го толкуваме и така. Што отиде? Да му пренесе некаква порака. Се знае господа во таква ситуација што се праќа. Се праќа протест на дипломатска нота. Не се праќа поздравно писмо во кое за да ги забошотуваат работите ни праќаат новинарски информации дека се договарале за меѓународна соработка. Се знае зошто отишол тој човек таму да ги посочи сите работи на Сали Бериша оние кои денеска ги зборувавме овде што МВР

ги има за директната поврзаност на албанската влада со партијата ПДП во рушењето на интегритетот и суверенитетот на македонската држава.

Кога говориме за меѓународната политика можеме да извадиме уште многу други димензии, меѓутоа очигледно дека се нема слух.

На крајот би завршил со неколку реченици. Господа од македонската влада, СДС, Либерали, Социјалистичка Партија, ПЦЕР, многу ми е позната вашата тактика на која ќе одите сега. Минимизирање на цел случај, ќе барате судот, кој знаеме како работи во РМ по една ипол година да ги донесе судските решенија. Веќе имате договорено тие да бидат казнети по три-четири месеци или по една година за шверц со оружје, а знаеме за секакво велепредавство посебно на воените тајни во било која држава се суди со најстрог затвор. Вие тоа многу лесно ќе го средите меѓу вас, бидејќи коалицијата мора да функционира. Значи, во интерес на тој високо партиски интерес кој постојано го нагласувате овде сите овие работи ќе ги заборавите за една година целата документација што ја имате господинот Поповски исто така ќе ја заборавите и нормално вашата коалиција ќе функционира и понатаму. Ако не е така и ако не е вистина она што го зборував овде јас можам да ви понудам уште една солуција. Ајде да направиме една затворена седница на македонскиот парламент на која МВР ќе ги даде сите информации за овој случај на која ќе биде дадена и информацијата што е упатена до министрите на македонската влада и на пример ќе бидат дадени стенограмите од некои разговори, како што е на пример стенограмот од соочувањето во Министерството за одбрана помеѓу албанските старешини на кој учествувал и господинот Хаскај и некои други високи старешини на македонската војска на РМ. Можеме и така да направиме меѓутоа, јас ве уверувам дека истите податоци ќе ги имате уште еднаш. Проблемот е во тоа што заради забошотување на овој момент вие сега ќе одите на

прикривање на сите оние спомнати албански старешини во македонската армија кои имаат учествувано во целата акција ќе одите на забошотување на сите припадници на македонската влада кои имаат учествувано и да не зборуваме за оние огромни организации и шеми и војски, команданти по градовите во РМ.

Тоа е вашата солуција, вие ќе продолжите и понатаму да владеете со коалицијата во РМ и да го градите таканареченото мирно сожителство. Јас господа министри на македонската влада можам само да ви кажам вие можете да работите што сакате, меѓутоа, јас навистина се чувствувам непријатно како македонец, а пред се како човек да седите со луѓе кои планирале ликвидација на македонци во РМ, кои планирале чистење на една цела македонска XIV бригада за која вие многу добро имате. информации и за луѓе на кои функцијата што сте им ја дале да учествуваат во власта ја искористиле да работат најотворено против македонската држава.

Во македонскиот народ многу е позната изреката и постојано се повторува дека комунистите немаат образ за ништо односно дека вашите образи се тврди како ѓонови, по нив може да се удира се и сешто, меѓутоа вие не можете да го промените тој образ. Ред е навистина вашиот образ господа комунисти еднаш да пукне во РМ и да покаже те дека на вашите лица немате ѓонови туку имате човечки лица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прв за реплика е Мерсим Положани, па потпретседателот Жута, па министерот за одбрана Поповски.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа очигледно некој е нервозен. Една партија постепено,перманентно, сукцесивно и многу сигурно го губи тлото под свои- нозе. Просто е воспаничена и кога зборува за слабостите со и без

наводници за Владата, кога зборува како да се надминат слабостите не кажува како да се вратат украдените девизи,.како да се спречи грабежот на општествениот имот или да се контролира, како да се стопира високиот пад на животниот стандард, како да се исправи неадекватната и селективна буџетска потрошувачка, како да стане поадекватна кредитно-монетарната политика, односно зошто не предложи како да се воспостави тековна, развојна, економска политика, кој е рецептот за донесување односно дооформување на правилната економска политика, како да се спречи непочитувањето односно кршењето на законот или нивната суспензија,не кажуваат како да се спречи одземањето на уставните права на одредени граѓани со ограничување на штрајк итн. Како да се спречи репресијата односно употребата на сила. Како да се исплатат пензиите, како да се забрза процесот на меѓународното признава на Македонија. Но, имаат еден точен многу прецизен рецепт како рече еден многу говорлив дреар од 1941 година дека и овде да се спомне кој е дежурниот виновник. Да се искористи еден многу бანален случај на откривање на оружје, а такви случаеви имаме на десетина во Македонија, да се анатемизира не само една партија, туку еден цел народ. Албанците се дежурниот виновник од 1941 година наваму.

Јас лично и друг пат се имам произнесено дека од оваа коалиција не сум многу задоволен, како што не е задоволно ни моето избирачко тело, а и поголемиот дел од албанската популација. Но, жртви секогаш се потребни и дијалогот мора да постои. Таму господа војуваат, зак^ вени до грло па седнуваат и разговараат. А вие што викате ќе прави^ влада без албанците. Тоа никогаш нема да го успеете. Вие ветувавте голема Македонија, но никогаш нема да ја направите. Вие ветувавте конгреси во Солун, но никогаш нема да ги остварите. Вие ветувавте дека албанците ќе ги истерате надвор од границите, но никогаш тој сон нема да го

видите, како што нема да гледаат такви сништа и спротивните екстремисти од мојата сорта. Ги имаме и ние многу такви во нашите редови и бидете сигурни ве убедувам ние што седиме во овие клупи за да го зачуваме мирот затоа што имаме земено таква задача ние албанците на целиот Балкан и ние како дел од тој народ односно народност во Македонија. Да бидеме смирувачки фактор и ќе бидеме по највисоката цена. Нема да дозволиме да наседнеме на вакви правокации, а вашето однесување носи вода само на една воденица, само на воденицата на Голема Србија, односно мини Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви помина времето на репликата.

**МЕРСИМ ПОЈТОЖАНИ:**

.Вие ја издадовте вашата сорта. Вие сакате дестабилизација на Македонија. Никој не вооружува, нема вооружени формации, нема вооружена војска овде. Т°а што некој прави списоци, може да прави и илјадници, но нема таква работа. Кога ќе дојде време за војна а не дај боже да дојде оружјето ќе дојде брзо од две страни од оние што не сакаат за да не одбранат и од оние што не не сакаат за да се колиме меѓу себе. Албанците не сакаат војна.

**БЕКИР ЖУТА:**

На пратеникот Љупчо Георгиевски само да го потсетам оти Македонија не само што е примена во ОН туку јас имав чест да бидам во составот на делегацијата во овогодишното собрание и не му требаат политички интриги, а ако сакаше чесно да расправа требаше да распра што значи потегот денеска ви за ви преговорите со ММФ и светската банка и каде ќе ја водат оваа република ако тие се затвораат без успех.

XXI/8

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ова од господинот Љупчо Георгиевски е втор напад на Министерството за одбрана со комплетно неосновани и безочни манипулации. Првиот беше кога беше соопштено дека Армијата на Македонија се уште се служи со српските симболи и дека има натписи и користи други симболи заедно со инсинуацијата дека македонската армија не ја брани македонско - српската граница. Тогаш одговорив со факти, а фактите ги знаат и луѓето и од тој напад не остана ништо вистинито. Ова е втор напад со една поголема скала исто така на дезинформации па ќе одам ред по ред да ги соопштам фактите.

Министерот не спроведува своја концепција на одбрана, таа е дефинирана во Уставот и Законот за одбрана што го донесе ова Собрание, министерот е должен да ги спроведува тие акти кои ги спроведува.

Армијата на Македонија и Министерството имаат план за одбрана, има мобилизациски систем, има воена формација која е создадена во последните 14 месеци. Поимот воена доктрина треба господинот Георгие ски да прочита што значи, како се прави и кој ја има.

Само една информација, поразвиени армии од македонската како што се словенечката, хрватската исто така се уште работат на така-наречената филозофија на одбраната или воената доктрина. Актите и документите кои ја поставуваат одбраната и ја ефектуираат, постојат Во таа смисла е следниот податок. За овие 14 месеци откако дојдов во министерството од 25% од индекс 100 предвидени нормативни акти и документи тогаш беа напишани и донесени 25%, а денеска таа работа е завршена на ниво на 90%.

Од пред 14 месеци до денеска Армијата ја има мирновременската формација реално зголемено својот број за 40%. Тоа се факти и можат

да се докажат, 40% беше помала пред 14 месеци. Во овие 14 месеци е пополнета над 95% воената формација. Тие што знаат што е воена формација тие знаат дека е тоа десет пати повеќе предвидено за одредени услови. Извршена е обука на голем дел од неа. Кога станува збор за опремата во рамките на можностите на оваа Република, во рамките на ембаргото на одредени пунктови користејќи ги своите капацитети Армијата го има зголемено своето опремување на витални сегменти од својата структура од 20 до 80%.

На затворена седница која може да се одржи специјално за одбраната и нивото кое беше пред 14 месеци и сега можат да се изнесат сите факти. Мислам дека, ако се има ронка чест од масата аргументи што ќе ги однесеме за структурата, квалитетот и количината на завршената работа ќе треба некој да се засрами, но се сомневам дека господинот Љупчо Георгиевски ќе се засрами особено поради следното.

Најбезочната невистина е дека овој министер или ова Министерство ги чисти македонските старешини за дела сторени против бившата ЈНА. Старешините кои имаат побарано помош од ВМРО-ДПМНЕ преку господинот Георгиевски имаат купено сопствени станови едниот за 5,30 денари трособен стан, а другиот за 79 денари фалсификувајќи го петтиот примерок на уплатницата. Имаме список на 14 ги знае господинот Дозволете тие во дисциплинска постапка за чист криминал се суспендирани и дисциплинската комисија има донесено решение за разрешување од составот на Армијата, им останува судската заштита, судот ќе докаже за што отишле дали за дела против бившата ЈНА. Тој свој криминал го имаат многу интересно образложено дека не уплатиле бидејќи парите ќе ги однеле со себе. Од патриотски причини уплатиле по 5,30 денари до 79 денари, а на петтиот примерок ја напишале комплетната сума и на таа основа создавајќи фалсификат и лага успеале пред судот да си ги заверат и купат становите и тие се сега во приватна сопственост.

XXII/1

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Такви старешини се обратиле до господинот Горѓиевски и нивното искажување го протежира господинот претседател на ВМРО- ДПМНЕ . Кога се однесува до конкретниот случај очигледно е дека "Пулс" е основа за докажување на постојната однесена документација. Гласилото "Пулс" ако добро и прецизно се чита и ако го земеме во една конвенционална смисла како основ за таа документација таму пишува дека е фатено писмо на господинот Хусеин Хаскај до некој претставник од албанската Влада. Тоа писмо е неговиот личен став и оценка за ситуацијата во Македонија. Тој е еден од актите кој што го товарат и кои што ќе излезат. Тоа не е документ на Министерството за одбрана. Кога станува збор за топографските карти, топо- графските карти ги правеше Топографксиот институт на бившата Југословенска армија и нив ги има цела бивша Југославија, или сите држави од бивша Југославија. Оние топографски карти кои што се елаборирани со оглед на воената инфраструктура од страна на нашиот Генерал штаб тие кои што се значајни за позициите, функцијата, употребата на армијата на Македонија ги нема господинот Хаскај, а оние што ги има , можеби и вие ги имате, ги имаат многу студенти, ги има овој Балкански простор комплетно. Тоа се фактите. Од тие причини мислам дека кој лаже, тоа е изразот на господинот Георѓиевски, кој не, нека процени јавноста, меѓутоа и ова Собрание. Согласен сум комплетната документација за работата на министерството да се изложи , па тогаш ќе видиме. Јас имам чувство дека на повидок е формирање на еден млад мошне способен вешт рутиниран манипулатор во политичкиот живот на Македонија.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Ќе се задржан на трите сегменти на контра прашањата, односно одговорите на господинот Поповски.

XXII/2

Прво, за првиот дел. Господине Поповски, кажете ми би ве молел, иако не е расправата, меѓутоа како контра прашање, кажете ми една друга држава во светот каде што буџетот на полицијата и на вој- ската е еднаков? Јас многу добро зборував, многу добро ги лоцирав проблемите. Ми се чини дека оној кој слушаше дека многу добро ги лоцира проблемите и кога зборував за оној дел на безбедноста, едноставно ви го поставувам прашањето кажете ми една друга држава во светот каде буџетот на полицијата и на армијата е ист? Тоа е првата работа и тоа е веднаш одговор на вашето прашање, дека оваа Влада свесно работи и го поткопува безбедносниот систем на РМ во поглед на армијата на РМ. Тоа е првиот момент.

Понатаму, вториот момент кога вие рековте дека безочно лажам, за вториот дел, а тоа е кога како мотив ваш за чистење на македонските старешини во армијата на РМ кажавте тука некои две личности , сами си ги кажавте тие личности и кажавте за што биле тие казнети. Јас господине Поповски ако добро слушавте не спомнав ниту едно име. Тие двете личности вие што ги спомнавте, тоа веројатно се некои ваши проблеми и овде можете да ги спомнете било кој. А ако сега сакате да одиме конкретно на кои луѓе сум мислел, ќе ви кажам и на кои луѓе сум мислел. Мислев на организацијата ТМРО формирана во Битола неколку месеци пред распадот на ЈНА во составот на македонската армија. Кажете ми каде се офицерите на таа организација во составот на армијата на РМ? Зошто ви го кажувам тој пример господине. Таа организација ТМРО во тоа време комуницираше со премиерот на Владата, со претседателот на Владата и со Министерството за внатрешни работи во тоа време. Зошто ви го спомнувам тој пример? И затоа навистина кога станува збор за манипулации за овие две личности што ги исфрливте овде , навистина се тоа ваши две личности и не сакам овде да ги мешаме. Зошто ви го спомнувам тоа?

Ви го спомнува тоа, затоа што со формирањето на армијата на РМ еден од тие членови на групата ТМРО е суспендиран три ипол години, односно пензиониран три ипол години пред неговото редовно заминување во пензија. После тоа е сослушуван од команданти на македонската армија, не знам кои чинови и што , на кое сослушување, полека ќе видите каде ми е целта и не знам зошто навистина овие две имиња ги употреби господинот Поповски. Најверојатно си отвори уште еден проблем кој треба да го објаснува. На тоа сослушување од команданти на македонската армија кои до тоа време нон стоп биле поддржувачи на Југословенската армија, кои прашања му биле поставувани? Му биле поставувани прашањата : од каде информациите што ги давал на премиерот Кљусев во тоа време, каде е изворот , од каде ги давал и зошто ги давал на премиерот Кљусев? Значи што господине Поповски правите вие? Вие правите за една Влада која ја понесе состојбата и независноста на Македонија после тоа сослушувает офицери кои соработувале со нив, кои им давале информации на тој премиер и на тој начин после тоа го суспендирате. Прашањето било од каде информациите што му биле доставувани во тоа време на премиерот Кљусев и на потпретседателот во тоа време Блаже Ристевски. Јас го поставува прашањето чија е таа армија и дали таа Влада која работеше тогаш во РМ дали не се докажа сепак на некој начин во поглед на независноста.

И второто прашање поради што бил пензиониран, бил моментот колку пати во последната година го посетил и разговарал со припадници на ВМРО-ДПМНЕ. На три пати одговореното прашање е дека во последната година немал контакти со припадници на ВМРО- ДПМНЕ му била прожектирана видео лента на која видео лента се гледа како потпретседателот на партијата Доста Димовска излегува со тој извесен старешина на македонската армија од штабот на ВМРО-ДПМНЕ како

партија. Што значи тоа? Тоа значи дека не само што не прислушувате,туку и штабот постојано е под видео камера и видео снимки. Јас навистина не сакав овој случај да го отворам сега , ако сакате да го отвориме можеме да дојдеме и со конкретни личности да разговараме, да седнеме, да се соочиме, да видиме дали е така, или не е така. Ова само ви го одговарам, затоа што спомнавте некои сосема други имиња кои јас воопшто не сум ги ни помислил овде.

И третото прашање кое вие го поставувате, тоа е за господинот Хаскај. Господине министер Поповски, навистина е жално еден министер за добрана на РМ во чии раце е комплетната одбрана на македонската држава. Вие рековте пред малку дека манипулирам. Меѓутоа, вие тоа што го правите е манипулација од прв вид. Доказите, аргументите ги имате кај вас. Многу добро знаете какви се писмата, многу добро знаете) какви документи се откриени, многу добро знаете што другите албански старешини на сослушувања и одредени соочувања признале. Сега кого вие го лажете овде? Со кого вие манипулирате? Тоа навистина е големо прашање. И навистина сметам дека најмала работа со која министер за одбрана треба да се каси е тоа само за да ги спаси своите коалициони партнери е да манипулира со македонската јавност.

И конечно има ли поголем цинизам на вашето однесување  има ли поголем цинизам на вашето политичко однесување кога на прашањето од Турција кога новинарите ви го поставија прашањето: кој сега ќе дојде на местото на уапсениот Хаскај, најладнокрвно одговоривте, па тоа место им припаѓа на ПДП. На негово место сега ќе ставиме нов припадник на ПДП. Тоа е жалосно господине министре што имаме еден таков министер во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сфатете ги настапите на министрите како учество во расправа, а не како реплика.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи бев прашан по три прашања, директно ќе одговорам на тие три прашања. Организацијата ТМРО во составот на АРМ нејзиното постоеше и евентуалното санкционираше на некои нивни членови сослушувањето на командантите и информирањето на господинот Кљусев е во време кога јас воопшто не бев член на Владата. Дозволете, можеби господинот Љупчо Георгиевски заборавил дека оваа Влада во која по прв пат сум влегол во структурата на власта, во Владата како министер е на 4 септември 199 2 година, а дека пред мене беше господинот Трајан Гоцевски. Има тука типична заблуда во однос на личноста, или замена на личноста. По таа основа не постои никаква можност да се оптеретува актуелниот министер. Изјавувам дека во досегашната работа не сум имал никаков работен контакт, ниту информација за овој поим во армијата и за лица од таа структура. По таа основа немам никакви акти на санкционирање , ниту свест за тоа што се случувало. Значи, упатено на погрешна адреса.

Господинот Хаскај е помошник министер ефективно од 25 август оваа година и тој работеше во меѓувреме на упатот на регрутите од овој сегашен контингент тоа е октомврискиот. Го подготвуваше него во смисла го подготви разрезот заедно со својата служба и на таа основа го спроведе. Ние имаме комплетен увид преку архивата наша кои се документи ги побарал во неговата нормална работа и ќе дадеме одговор тогаш кога треба, а сега изјавувам, ниту еден документ воопшто не е од безбедносна природа. Сите документи од безбедносна природа не се чуваат во архивата, се чуваат зад железна врата и во просторија во која

можат да влезат тројца или четворица со посебна постапка и просторија обезбедена со други оптички и други средства. Меѓутоа, тоа не е битно.

Последното прашаше, буџетот на армијата на Македонија го донесува Владата на оваа Република. Тој буџет е поголем од буџетот на полицијата . При усвојувањето на ова ниво беше најпрво договорено да биде 3%, се сведе на 2,80 од националниот доход во армијата, а 2,02: беше одобрен за полицијата. Степенот на реализацијата со оглед на структурата на лични доходи, односно материјални доходи е различен, но армијата до крајот на оваа година веќе е влезена во некаде околу 90% од реализација на средствата за одбрана. Така што нека заврши буџетската година, на крајот ќе ги сумираме резултатите и реализацијата на буџетот и конечно само да го вратам прашањето. Буџетот го усвојува овој Парламент и тој е акт) на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 20,15 часот.

XXIII/1/ПЈ/л

Седницата продолжи со работа во 20,35 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

За збор се јави Коле Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, размислував дали воопшто да се јавам на оваа вечерна дискусија, но веќе последните дискутанти, полемиката која се појави меѓу министерот на армијата и членот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од една страна ми даде сигнал дека вакви дискус отворени таканаречени на отворена седница да се води за положбата за една армија, кој нема ни една година ниту две години од кога е констатирана, да водиме вакви општи дискусии. За мене мислам дек а претставува едно јако изненадуваше. Не заслужува на млада армија да и се .дава таква карактеристика. И од страна на министерот на народна одбрана и од страна на пратеникот.

Поводот, исто така, што се пријавив за учество во расправата за доверба на Владата е настапот на господин министер Фрчковски кој за жал не го гледам тука, но имам околу неговите тези, кои ги изнесе на овој парламент во претпладневниот настап.

Прво, во право е министерот кога во првиот свој настап излегува со една теза дека партиите ги затече и лошо сме информирани за состојбите околу случајот МВР и Министерството за народна одбрана. Јас како патеник, сега не зборувам како член на партија, туку како пратеник можам да констатирам дека сум лошо информиран. Мислам дека тука многу малку што седат на овие седишта да имаат правилни и вистински информации за состојбите во Македонија. Веројатно, прво, можам да констатирам зошто сум неправилно информиран и зошто немам информации.

Само да ве потсетам, пред една ипол година за мене претставувам една енигма и дилема, случајот Велешкиот, апсењето на групата од

Велес, се случува на денот кога истиот тој ден се покренува иницијатива од една иста партија, т.е. СДС за таканаречени предвремени избори. Истиот ден се врши од непознати причини, за мене, апсење на таа група. Но, случајот се повторува и сега.

Да ве потсетам, вториот случај најавуваме предвремени избори, нови избори за наредните два месеци т.е. во август. Што се случува? Тие предвремени из бори беа планирани точно по сите калкулации првата недела на месец ноември. Каков случај, какво совпаѓање сега. Како можам да кажам јас сега кој сака да размислува за двата случаи дали нема некоја позадина, бидејќи не верувам во тоа што е кажано и од страна на таканаречениот независен весник Пулс, а најмалку од конференцијата за печатот на министерот Фрчковски. Контрадикторни, контрадикторни, ништо повеќе. Но, коинциденцијата е една иста, два случаи, два поводи. Ве молам да размислиме што се крие позади сите овие конструкции. Иницијативата за вторите таканаречени предвремени избори ги даде група пратеници во август месец. Завршницата ја видовме каква беше, глумење и глумење, ништо повеќе. Се глумеше дека ќе има предвремени избори, се планираа во ноември месец, па сега ни требаше некоја афера за мене да измислиме да конструираме како н и одговара. Затоа сум лошо информиран, бидејќи не верувам ни на едната страна, ни на другата страна. Останува енигмата решена. Нека излезат, па кој сака нека реши, со кој сака закон во математичката логика, нема да го реши.

Второ, господинот министер Фрчковски настапи со тезата "МВР континуирано ја врши работата". Точно, ја врши работата МВР континуирано, но се прашувам дали еден земјоделец не ја врши континуирано работата, дали некој учител од училиштето не си ја врши континуирано работата. Дали трговецот кој се занимава со трговија не си ја врши работата. Но, си ја врши, некои тргуваат недозволено некој тргува дозволено. Најмалку можам да размислам нашето министерство

XXIII/3.-

т.е. за внатрешни работи не ја врши работата. Која му е другата улога. Дали има друга улога.

Трето, една од тезите, исто и од претпоставките од страна на министерот за внатрешни работи "следењето на луѓе во подолг период" Една контрадикторна изјава, став кој сигурно како член)-" на Владата не се совпаѓа со ставот на Министерството за здравство. Зошто? Следи после друга изјава на министерот " Не ги следиме членовите на Владата". Замислете, сега дали членовите на Владата не се тие луѓе или луѓето се од првата изјава сосема други. Какви контрадикторни работи. Ве молам. Каква конструкција во изјави. Повторувам. На крај околу последната фамозна реченица мора цел парламент да размисли нова теза, можеби веројатно најака дефиниција во овој парламент што е искажана националната опозиција неколку пати е повторена од страна на министерот господин Фрчковски . Јас како пратеник на една опозициона партија најмалку сакам да се чувствувам да припаѓам на една национална опозиција. Се прашувам, кој е тој, кој си дава за право националното чувство да го дели во опозиција и да не речам што. Што претставувам тоа национално, господине Фрчковски да се обратам лично, иако сте професор на факултет, кој истите меѓународно правни. Дозволете на овој парламент да ја образложите тезата национална опозиција. Длабоко треба да размислиме. Прво, национална, јас се чувствувам дека припаѓам на една нација, а не се чувствувам да припаѓам во опозиција во сламата нација. Тоа е јака дефиниција. Сигурно вакви тези и вакви дефиниции се парадоксални и се прашувам на крај после излагањето на еден од пратениците од страна на министерот излегува со една парадоксална работа и кажува вака, т.е. координаторот на пратеничката група на СДСМ. "Парадржави". Дали со тоа постојана национална опозиција е корелација со тие пара држави. Се членови на иста партија. Или и на крај настапува истиот пратеник, зборува за мали народи и големи народи. Проверете си и видете се господине Поповски

XXIII/4.-

што< значи тоа мал народ. Немаме право ние да даваме величина на еден народ спрема јачината на стопанството. Исто така, немаме право да го мериме народот според територијата што ја зафаќа народот. А најмалку имаме право ако немаме дух, чувството за дух и таканаречено чувство национално да се определиме како идентитет, а најмалку ми значи тоа да сме мал народ. Величината на еден народ не го кажува богатството. Богатството е само духот на тој народ.

На крај Владата т.е. министерот бидејќи овде немав можност да го слушам ни премиерот како ... мислам да избере еден метод, понатаму за амортизација на еден боксерски удар во нокдаун ситуација во кој треба да се изброи до десет, а не стигнавме да изброиме до десет, па дојдовме до девет, бидејќи седницата е веќе закажана, па ударот во сопствените редови сакаме да го прикажеме како жртва на сопственото контрадикторно и контрадикции во настапите на многу од досега пратеници. Но, за сегашно време кога ние веќе преминуваме во XXI век, кога совеста и етиката на секој што настапува на оваа говорница може да си го каже своето мислење, јас во овој случај владата како највисок степен во самото убедување, сепак, ја прифаќам да ја прифати тезата на револуционерната етика, која е најсовремена односно најсовремен метод на самото одлучување што понатаму.

Останува совеста на премиерот, во овој случај отсутен, да ја искористи најреволуционерната мисла, мисла на етиката на личноста.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувано пратеници, довербата на Владата на Република Македонија од подносителот е поткрепена со низа неаргументирани констатации срочени во три точки. Јас во своето мое кратко излагање ќе се потрудам дел од тие констатации на некој начин да дадам дополнителни аргументи и некои мои размислувања колку се тие реални и колку одговараат на фактичката состојба. Најпрво, би сакал да го

кажам поводот зошто е покрената оваа иницијатива за доверба на Владата. Во светот општо е познато дека најпрофитен бизнис односно работа во овој период од времето е илегална трговија со дрога и со оружје. Јас оттука не би сакал во оваа состојба и за овој случај да одредувам одредена квалификација дали овде се работи за афера, дали се работи за одредена група итн., очигледно е дека нашите надлежни органи односно органите за внатрешни работи успешно имаат откриена една таква појава собрани се одредени потребни докази за таа работа и тој случај е предаден на надлежните судови на нашата држава.

Оттука, мислам дека во овој момент парламентот не би требало да се стави во улога ниту на судија ниту на егзекутор па да одредува што и како и зошто е дојдено до една ваква состојба. Мислам' дека ако досега се залагавме и ако досега се поклониравме, тогаш навистина треба да дадеме можност и на третата власт во нашата држава судството да си го каже својот завршен з бор, дали ова е појава, дали ова е афера или и понатаму како ќе добие своја квалификација во надлежните органи на нашата држава.

Една од првите констатации, во точката 1 во образложение за доверба на Владата стои "Владата во текот на досегашната работа не ги има извршено потребните мерки и активности во однос на заштита и безбедноста на државата и граѓаните на Република Македонија. Со ова мислам дека е завршена констатацијата, завршена е работата и дека ова, јас пак ќе кажам, немам свој термин, немам свој критериум дали се работи за афера, за група итн., па затоа би рекол за оваа појава како да е завршена, како да е донесена огромно оружје, како да се формирани одредени паравоени формации, како да е извршено одредено дејствие и дека сега констатирам дека Владата, бидејќи таа одговара за безбедноста на државата, ја нема извршено својата задача и за тоа се покренува постапка за нејзина доверба. Мислам дека и ова е

преjудицирана работа и затоа се покренува постапка за нејзина доверба. Мислам дека и ова е преjудицирана работа, работа со која веќе дава одредена констатација како за завршена работа.

Има и други повеќе констатации кои се, по моја оценка од политички аспект. Јас не би сакал на нив да се задржам бидејќи во досегашната расправа, поготово од одредените партии од опозиција- та,. кои се многу повеќе спремни за политичкото образложение дадоа и доста образложенија и доста податоци, меѓутоа, јас би сакал, да се осврнам од сферата, од онаа која чувствувам дека малку повеќе ја познавам и носам одредена одговорност за искажаниот збор од оваа говорница, а тоа е за овие констатации кои се дадени во поглед , на економската сфера, во поглед на економската политика, која ја води актуелната Влада.

Како прва констатација овдека во тој дел за прв пат и партијата на ВРМО-ДПМНЕ да се позанимава малку со економски прашања со економски проблеми. Меѓутоа, велам чисто само голи констатации, голи реченици, бидејќи нема, дали не се нашле за потребно да се даде одредена аргументација или мислат дека нема потреба да ги аргументираат. Меѓутоа, навистина нивната точност треба да биде лоцирана токму со поткрепа на одредени аргументи.

Реков како прв аргумент ја обвинува Владата за извршува: на историска кражба на девизните влогови на граѓаните. Мислам дека и овде е една погрешна временска дистанца. Беше искажано да се потсетиме дека оваа Владата е избрана на 4 септември 1992 година, додека. Тема на денешниот дневен ред е доверба на Владата и зборувам за Владата. Мислам дека и овде е дадена една погрешна временска дистанца, бидејќи верувам граѓаните, па и сите ние овде присутни дека девизите за кои станува збор со голема сигурност можеме да кажеме дека не се потрошени во последните 12 односно 13 месеци, туку тие се да не кажам или потрошени или украдени, како што има и

таква квалификација многу порано, отколку што е времето во кое делува оваа Влада.

Исто така, во оваа реченица е ставена и констатацијата дека ерозија и кражба на општествениот капитал со издавање на интерни кации и учества. Мислам дека оваа појава е спроведена според еден закон од поранешна Југославија, не е штетно да се каже, на премиерот на бившата југословенска Владата Анте Марковиќ и сега е во постапка, колку што ми е мене познато од одредени екипи на службата за општествено книговодство вршат одредена контрола колку и како се тие постапки спроведени и доколку се констатираат одредени неправилности дека тие постапки ќе бидат поништени, а она што е из врше според прописот и законот кој тогаш бил на снага, а рековме дека ние законите ќе ги почитуваме и дека тоа ќе биде исто така легализирано и докажано со одредена состојба, фактичка состојба во сегашниот момент во нашата држава.

Покрај тоа, наведени се овдека и низа други констатации. Би навел неадекватна и селективна буџетска потрошувачка, несоодветен кредитно -монетарна политика која е во функција на зголемување на инфлацијата. Јас би рекол, бидејќи реков се чувствувам како припадник од стопанството, поготово од производството односно од таа сфера која на некој начин беше најголем корисник на кредитите од примарна емисија, а Владата веќе со својата макроекономска политика веќе во тековна година тие кредити ги има драстично намалено, па се очекува во март 1994 година тие и дефинитивно да бидат целосно укинати. Так и оваа констатација мислам не може да биде изедначена со стварната политика која се води, мислам која Владата ја води во кредитно -монетарната политика во нашата држава.

Исто така, дадени се и низа констатации кои зборуваат за конкретната состојба сегашна состојба во стопанството односно, пред се

во производните организации каде е познато дека физички обем на материјалното производство е опаднато скоро за 15 индексни поени а притоа не се кажува дека одредени политички партии односно да не кажам пратенички групи и овдека во парламентот се залагаат за одредени состојби со кои да се прекинат било какви билатерални односи со одредени наши соседни држави. Исто така, се залагаат односно ја критикуваат Владата зошто ја почитува резолуцијата на обединетите нации 820, која рековме ако ние сме членка на Обединетите нации и сакаме да бидеме членка во права смисла на зборот, тогаш мора сите одлуки и резолуции на обединетите нации да ги почитуваме. А резултат на состојбата во нашата држава во стопанството е исклучиво врзана со затворениот пазар, со затворените граници и со почитување на резолуцијата 820 како што реков од обединетите нации. На еден вака мал простор каде не е можно да се пласира тој производ кој нашите п] изводни организации можат и се способни да произведат и на еден таков односно во такви услови кога се затворени скоро сите граници каде не е можно да се обезбедат основните репроматеријали за производство, логично е да се очекува дека и физичкиот обем на материјалното производство треба да опаѓа. Оттука дека вината за ова мислам дека не треба да биде исклучиво на Владата. Меѓутоа, навистина треба дел од таа вина да се преземе,затоа што Владата е таа што во овие моменти покрај организациите односно претпријатијата кои се занимаваат со сопствено производство и кои навистина се должни со своите екипи на раководење да пронаоѓаат алтернативни решенија во ваква состојба во каква се наоѓа нашата држава. Меѓутоа и Владата е задолжена и мислам дека треба да има задача да овозможи амбиент во кој ќе можат стопанските субјекти на некој полесен начин да го пре мостат овој така проблематичен период за поголемо производство и поголем доход.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Исто така дадени се одредени констатации во сферата на социјалната политика, а пред се во движењето на платите на вработените и дадена е констатација овде дека платите на вработените се опаднати за 1/3. Мислам дека и оваа констатација не е сосема точна бидејќи во услови на поголем процент на опаѓање на физичкиот обем на материјалното производство ние имаме реален пораст на платите за некаде околу 30%. Значи, сосема спротивна констатација од оваа што е дадена како критика за недоброто водење на економската политика на Владата која е сега предмет на денешнава расправа.

Оттука, мислам дека и сите други констатации што се срочени во овие три точки, особено во точките 2 и 3 што се однесуваат повеќе на економската сфера, мислам дека имаат слична конотација и навистина се, по моја слободна проценка на некој начин тенденциозно изречени, без навистина да има едни аргументи со кои ќе можат да бидат барем со некоја доза приближни на фактичката состојба во која се наоѓаме.

Од тука, би завршил, да не бидам и јас во листата на оние кои на некој начин ја употребуваат повеќе оваа говорница заради одредени маркетиншки работи, меѓутоа целта треба да ни биде да бидеме навистина конструктивни, да бидеме рационални во критиката за да можеме навистина да дадеме придонес, до колку одредени институции во нашата држава имаат направено одредени грешки тие грешки да бидат отстранети за да можеме на некој начин да ги доведе- ме нашите граѓани во една поблагопријатна положба отколку што се- га се наоѓаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Гошев.

XXIV/2.-

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дами и господа, јас ќе говорам малку на посувопарно ниво од она што во последниот час и половина се одвиваше овде на говорницава, од причини што некои работи би ги оставил на истрагата. Да допуштиме и тоа да го чуеме конечно на крајот, да видиме со какви аргументи, со каков епилог, познат однапред или непознат.

Меѓутоа, совршено е јасно дека Владата денеска нема да демисионира односно нема да падне. Тоа им е на сите јасно и на тие што ја покренаа иницијативата и на многу други што не следат и не следеле и друг пат во врска со вакви прашања. Независно од аргументите што се изложуваат или можат да се изложат во врска со евентуалната одговорност.

Едноставно, таа има 61 рака или 122 прсти што ќе бидат кренати за натамошна доверба или спротивното, опозицијата нема 61 рака, независно од аргументите на едните или другите.

Значи, што и да се каже, било каков аргумент да се изнесе Владата останува бидејќи има сопствен став да остане. Тоа е нејзино легално право во рамките на овој тип демократија на која се учиме. Иако споредбата не е најсоодветна, сепак тоа ме потсетува малку на времето кога на ниво на поранешните сојузни институции, институциите на поранешна Југославија се водеа разговори за усогласувањето на меѓурепубличките ставови по безброј прашања од сојузна надлежност. Имав малку среќа или нешто друго да учествувам во тие дискусии. Таму, аргументите не важеа. На било каков аргумент се одговараше - ние имаме став и точка. А, ставот наместо аргументот најчесто го употребуваа тие што беа посилни и во рамките на тој однос на сили се одлучуваше со тој став.

Врз основа на односот на силите се толкуваше не ретко и Уставот на бившата Социјалистичка Федеративна Република Југославија,  се

преземаа или не се превземаа некои мерки на економската поли- тика, се насочуваа тековите на доходот во полза на посилните, на тие што имаа најчесто став, место аргумент.

Споредбата можеби не е најсоодветна, меѓутоа кога одлучуваат некои бројки што ги изразуваат големините и квантитетите, тоа е така и со тоа мора да се помириме.

Владата на Република Македонија има свој став да остане. Тој став може да го одбрани со 61 коалиционен глас, но тоа, како што реков, да повторам и дава право парламентарната демократија и на краток рок сведена иницијатива за изгласување недоверба. Едноставно не може ништо друго да помогне и тоа така ќе биде.

Во тој квантитативен однос, во случајов коалиционо мнозинство на една и опозиционо малцинство на друга страна, што во крајна линија го одредува и распоредува, ги одредува и распоредува квалитативните права и одговорности, опозицијата се чини може да проговори само заради јавноста, што веројатно го прави, за да ја претстави својата позиција, својот однос кон таа или оваа појава, настан, ситуација. Можеби дури и само со наједноставна цел ете, памтете, гледајте што прават, слушајте што им кажуваме, памтете доаѓаат следните избори. Можеби оваа расправа може да има и само таква функција.

Значи и овој пат се ќе заврши само врз основа на квантитативниот однос. Ние сме повеќе, ве надгласуваме, што и да говорите, што и да правиме ќе биде така како што сме одлучиле да биде. Тоа ќе го прават веројатно и други после други избори.

Меѓутоа, дали се треба да заврши врз основа на тој аргумент? Ми се чини дека нешто беше говорено во врска со овој мотив.

XXIV/4.-

Во случајов на нашава извршна власт, изгледа да, само врз основа на тој аргумент.

Имавме, нели, тепање на народот, врз основа на неуставна одлука. Немаше ни поцрвенување ни оставка во врска со тоа. Тоа беше инфлагранти потврдено, докажано и од овој Уставен суд, што е многу благонаклонет. Имавме прислушување на политички партии и тука немавме ништо. Пораката беше - одете на суд. Божем овде само судски истраги треба да водиме, а не постојат други видови на одговорност и слично на тоа. Имаме апсење на високи владини функционери, неодамна именувани, а апсени затоа што три години биле следени. Откако пред три или шест месеци биле именувани како високи функционери и, се разбира, пак ништо. Во политичка смисла нема ништо. Нема оставка.

Виновни се, се чини, тие што ја бараат таа и на крајот може навистина да испадне така.

Овде беа спомнати примери како во земјите со одговорна власт или со помалку неодговорна се постапува, како се чувствува политичката одговорност. Колку оставки од тие што имале мнозинство биле поднесени и слично на тоа. Впрочем, оставка може да поднесе мнозинството затоа што тоа е на власт. Опозицијата не може да поднесува баш многу оставки. Нема прилика за тоа.

Значи, во оваа фаза, да не се разбереме погрешно за да не ги изместиме одговорностите на видовите на власта во Републиката, ние говориме за политичка одговорност. Не говориме за друг вид одговорност. Односно, јас исклучиво мислам на тоа а не и на било кој друг вид одговорност затоа што другото треба да уследи евентуално понатаму. Кривичната, судската ја оставаме на судовите, чиј статус се уште не е решен, а решението ќе го чека или го чекаат од оваа

владеачка коалиција со сите импликации врз начинот на одлучувањето во врска со тоа.

Но, ќе бидеме добронамерни и ќе веруваме дека сето тоа ќе се одвива како што треба да се одвива.

Овој случај е многу сериозен, независно од обидите да се претстави во поинакво светло. И, според официјалните изјави од Министерството за внатрешни работи, тие, умирувачките, минимизирачките на случаи, не се работ и за обичен шверц, значи поаѓам само од официјалните изјави, не од претпоставки или од нешто друго, туку се работи за јасно организирано движење што има за цел менување на уставниот поредок на Републиката. Во другите држави тоа го нарекуваат сосема јасно - заговор против државата, во случајов заговор против Република Македонија. Се разбира, уште во фаза на основано сомневање кое што треба допрва да се утврдува.

Но, конечното треба како што рековме да го каже судот во врска со тоа. Демократската партија во таа смисла се изјасни со неколку ставови. На некои им се допаѓаат, на некои не, или не им се допаѓаат баш сите затоа што сите не биле така како што некои мислеле во врска со тоа.

И, наместо да се разговара сериозно на политичко ниво што имаме ние во смисла на квалификувањето на оние што се обидуваат овој проблем да се постави отворено, јасно, како во секоја цивилизирана држава, со право секој да го каже мислењето во врска со тоа? Што имаме ?

Имаме, прво, дека опозицијата била затечена, безмалку со феноменалната акција на Министерството за внатрешни работи, збунута и љубоморна дека ете, тоа го направило министерството, па сме безмалку и завидувале итн. Навистина, една малку смешна констатација

XXIV/6.-

Факт е нешто друго дека министерот делуваше како затечен и целата извршна власт. Едноставно, нека си ја погледне господинот министер снимката од првата конференција за печат. Самиот ќе види колку се мачеше да го најде, со умисла употребливиот збор што тешко кореспондира со некои претходно излетани факти во јавноста. Но, се разбира во политиката и тоа е топуштено. Но, маката беше голема да се употреби прав збор, а да не се погреши. Па, нека се погледне сето тоа колку убедливо звучеше и делуваше на првата конференција. Потоа, се разбира, се зголемуваше сигурноста затоа што концептот договорен требаше, се зацврстуваше и требаше да се истера така.

Денеска, господинот е агресивен, навредлив и производител на старо - нови непријатели и шпиони против Република Македонија.

Зошто? Затоа што речиси сите што реагираа беа оквалификувани како соработници на странските непријателски служби или против интересите на Република Македонија. Со намера или без намера. Немаше ни олеснителна околност за тие што реагирале, односно тоа поврзување на опозицијата со странските непријателски служби. Така, без око да му трепне си кажа дека тие реакции се безмалку исто што и политиката на господинот Милошевиќ, политиката на Бугарија, политиката на Грција, дека и опозицијата сака да каже де- ка Република Македонија е на работ на граѓанската војска, дека и е ниска безбедносната состојба итн., дека тоа се баш сака да го каже опозицијата, дека тие ставови се тези за непризнавање на Република Македонија, значи опозицијата работи вака инфлагранти на непризнавање на Република Македонија, дека намерно овие што реагираа сакаат Македонија да се признае како кризно подрачје со сите консеквенции од тоа или се толку баш политички неуки, а наеднаш сите

ја изучија политиката веднаш. Ако е така, опозицијата треба да биде апсена а не тие што се уапсени, затоа што ова се големи, тешки квалификации што ги слушнавме денеска во одбрана на она што е официјален став од Министерството или на Владата.

Е, па, што е многу, навистина е многу, бидејќи ако сето тоа од опозицијата е препознатливо, од власта исто така е многу претпознатливо. Имено, пак сето тоа звучи на она старото - нападот врз поединци од власта или врз делови од власта е напад врз државата, обид за дестабилизација на државата. Тоа е знак за поврзаност со странските служби и интереси итн. итн. Тоа се веќе шеми навистина многу, многу познати и едноставно се прашувам до кога ќе се произведуваат толку големи непријатели од сите што ќе посегнат со некоја критика врз некој орган на власта или поединци итн.

За да не биде така, ајде да ја укинеме опозицијата или да донесеме некој декрет само да ја фали власта за да не биде поврзувана веднаш со странските недобронамерни сили, од наивност или со умисла. Ајде да кажуваме сите дека производството и општествениот производ ни се зголемуваат, дека немаме корупција и криминал. Тоа што го имаме е само резултат на последиците од транзицијата во социјалистичките земји, во посткомунистичките земји. Дека немаме ни- какви проблеми со меѓунационалната толеранција, дека немаме шверц со оружје, дека немало обиди за формираше на паравоени формации. Да не говориме тоа, независно дали е вистина. Дека не се уапсени високи владини функционери, дека тие уапсените, не се членови или дел од нив на Партијата за демократски просперитет или другата, дека бројот на невработените ни се намалува, дека немаме инфлација или хиперинфлација.

Арно ама и да говориме така, стварноста нема да се измени. Ниту случајно, ниту пак ќе ни биде полесно и поубаво отколку што ни е денеска.

XXIV/9.-

Според тоа, ако ситуацијата е контролирана од Владата, економската и безбедносната, изјавите нема да ја влошат таа ситуација и јас би бил среќен да е така. И, би им честитал на сите поединечно и вкупно. Особено не од опозицијата, нема да се влоши од изјави на опозиција која што е слаба, безмалку непријателска, политички дилетантска, со изјави од луѓе што го губат тлото итн., а овие други- те цврсто газат напред и осигури се во сето тоа што го прават.

Треба на сите да ни биде јасно дека прикривањето на лошите состојби нема да ни помогне и се осмелувам да тврдам, ниту во меѓу-народното признавање на Република Македонија. Вистинската дијагноза, вистинското случување на фактите се прв услов за менување на состојбите. Ние имавме држави кои беа, нели, признати, но потоа, заради слабата внатрешна резинстентност тие повторно ја изгубија државата. Тоа може да биде многу лесно и со случајот и од случајот со Македонија. Не сакам ни да помислам ако ние немавме внатрешна резистентност која што постојано ќе ја покажуваме како способност на македонскиот организам да се репродуцира, да живее во демократ- ски услови.

XXV/1. - /ОМ/НН

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (Продолжение)

За конкретниот случај Демократската партија, а тоа значи и јас го искажавме основниот став. Нешто би потенцирал во врска со тоа.

Според првичните информации од Министерството за внатрешни работи, ние само се држиме на тоа , на никакви други дополнителни извори, независно дали имаме некоја плус или минус информација, настанот го сметаме за крајно сериозен, но не и толку да од него сите испопаѓаме од страв и да помислиме дека нема ништо од македонската држава или нема македонската држава способности да ги разрешува тие проблеми. Не според наше, туку според официјално соопштение се работи за основано сомнение - организиран обид за рушење на уставни поредок, или кратко кажано заговор против РМ. И тоа ништо не е страшно и така да се третира. Но рековме судот нека ја заврши работата, ако може да ја заврши без однапред зададена политичка рамка од врз нив влијателните места. И ние тоа треба да го сочекаме како правна држава.

Второ, бидејќи се инволвирани луѓе од високата администрација, што е факт врз основа на соопштенијата, не врз основа на наши измислени аргументи или тајни извори, политичката одговорност на Владата и одделни министри е несомнена. Оставката е логичен чин и во услови кога моралните стандарди се пониски и од овие што денес- ка доаѓаат во овој период на транзицијата, ако транзицијата ни е чаробниот стап за оправдување на сите наши пропусти и промашувања. Ние говориме за политичката одговорност, а за политичката одговорност не е секогаш потребен судски епилог. Ние само за тоа говориме.

XXV/2.-

Трето, дел од инволвираните се членови на ПДП, пак според официјални соопштенија. Би сакал да верувам, навистина многу би сакал да верувам, би бил среќен раководството на ПДП да нема ништо со овој настан, со овој заговор. Затоа рековме ние во соопштението ако се потврдат фактите за инволвираност на ПДП тогаш никој нема право, рековме ако во согласност со Уставот да го толерира политичкото дејствување на такви пати затоа што е инфландранти против главните одредби на Уставот на Република Македонија, во спротивност со уставното уредуваше. На ова имаше коментар од господинот министер за внатрешни работи. Имено на денешната седница политичка наивност е прифатено кон тие наивните што тоа го рекле да се бара ситуацијата да не се драматизира, а ние бараме да не се драматизира повеќе отколку што е тоа и потребно и фактички, а истовремено да се бара забрана на ПДП, или такви партии. Вие ја слушнавте реченицата што ја употребивме во врска со таа квалификација - демократската партија.

Евидентно е, јас говорам и во едното и во другото својство и тоа не може никој да ми го одземе евидентно е искривувањето на соопштениот став на ПДП прво и второ, доколку се утврди евентуалната евалвираност може ли господинот да остане на истата изјава и дали таквиот вид на барања на недраматизирање на состојбата ќе ја олесни состојбата со тоа што евентуално би можело да се покаже потреба со примената на Уставот да се превземе и таков чин. Тоа важи за секоја политичка партија не за една или за друга.

Четврто, настанот навистина не треба да се драматизира, тоа го повторувам и овој пат. Тоа го рековме со крајна искреност и со чувство на одговорност аз можните внатрешни и надворешни импликации во овој

период на дооформување на државноста на РМ, иако пак потсетувам, дека државноста нема да биде доволна да се обезбеди за 5 дена, за два месеци, за 5 месеци, туку ќе треба стварни долгорочни фактори за стабилноста на Република Македонија. Но, со тоа не реков- ме дека треба да се заташка, да се прикрие, да се преквалификува, да се минимизира и слично на тоа. Тоа што е тоа нека биде на дневен ред.

Рековме дека легалните институции треба да си ја завршат работата без оглед на нашето задоволство или незадоволство на нивната работа. не понудивме наша војска на тоа немаме право и нема никој право по Уставот на РМ. Имаме право само на партиско членство кое е обврзано да ги почитува надлежните институции и да биде по потреба под единствената воена команда на Армијата на РМ. И никој нема право надвор од тоа да прави екскурзии за било која партија или политичка сила или несила стварна или измислена.

Не почувствуваме потреба да се самоорганизираме бидејќи државните органи биле збунети, не дооформени, како што тоа го читаме во соопштението на ПДП, а уште помалку тоа да го користиме како аргумент за правдање на овој настан или за негово минимизирање.

Не рековме дека претходни обиди за формирање паравоени формации се оправдување за овие што денеска се обидуваат некој да ги направи. Тоа не го рековме, ниту смееме, ниту било кој има смисла да го говори тоа во полза на некакво аргументирање на сопствените постапки.

Во претходниот случај, колку што добре до јавноста беа инволвирани и луѓе од министерството за внатрешни работи па имавме и некој снимки, имавме дискусии и читање на стенограми овде во парламентот, меѓутоа во тој случај немаше санкција и политичка

одговорност а тоа што го немаше повторно сноси одговорност некој од извршната власт, сегашната или претходната, не знам како се совпадна тој период на смените на некои раководители во извршната власт. Значи немавме, иако имавме некои други моменти во врска со учествата за некои паравоени формации.

Ние баравме да се расправа во парламентот во РМ како прашање, ова е индиректен начин за расправа по ова прашање, тоа е легална институција на Република Македонија, дај боже да ја напра- виме со најголем дигнитет. Од светот нема да го изнудиме потребниот респект и меѓународното признавање со заташкување на вакви настани со забрана дали да се говори во легитимните институции во јавноста. Ќе го добиеме потребниот респект ако покажеме дека со силата на институциите може да ги разрешуваме проблемите, бидејќи со заговори или обиди за заговори се сретнувале и сретнуваат и други и постари држави отколку што е РМ"и ќе се сретнуваат веројатно. Во таа смисла државните органи треба да си ја завршат работата најенергично и најостро бидејќи квалификацијата што произлегува од директен атак врз интегритетот на РМ. Во таа смисла Демократската партија независно дали е во опозиција или не е, им се допаѓаат ли некои луѓе или не им дава наполна поддршка институциите да ја завршат работата без страв без комплекси, во духот на Уставот на Република Македонија.

Ова не е заговор од север и од југ, иако тие сакаат да не удават во капка вода. И од север и од југ. И не е точно дека само тие страни би се радувале по распаѓањето на Република Македонија за што имаме повеќе докази и во минатото и сега. Во случај матењето е од внатре прво и првенствено со индикации за мешање од надвор. Но тие индикации за тоа пак ќе ги оставиме да бидат соопштени и докажани на официјален начин. Значи, матењето од внатре ако не постои во Република

Македонија, Република Македонија ќе го одбрани својот интегритет и суверенитет. И во врска со таа оценка и квалификација наполно се согласувам со мислењето на министерот за Народна одбрана. Одамна говориме и повеќе пати повторував нашата судбина зависи од нас овде внатре колку сме способни колку сме резистентни, колку можеме успешно да ги решаваме проблемите.

Ако е политички монтиран процес, како што тврдат изворите и некои претставници на ПДП, како се правда нивното останување во Влада, во тој случај нивното останување во Влада во која другите или другиот партнер од истата Влада монтира така опасен политички процес против коалициониот партнер. Прашањето логично се наметнува. Дали после овој настан си веруваат владините партнери, ќе ги сокриваат информациите едни од други, ќе имаат помалку или повеќе доверливи лица во истата Влада едноставно нема ли да има ниту еден потез за залечување на недовербата, која што логично со ваквиот чин се појавува. Ќе има ли некој потез макар на персонално ниво во врска со тоа. Со комплетно заташквуање, со комплетно чувство за елиминирање на одговорноста, за нештото кое е веќе факт навистина не може да постои доверба, ниту некој може успешно во такви услови да работи. Оние што ја негираат замешаноста во овој случај ќе имаат големи проблеми за да им се поверува во тоа ако остануваат на изјавите. Автономијата и специјалниот статус се само првиот чекор до Федерална Република Македонија. Останувањето при такви квалификации не е аргумент аз доверба. Или 800-илјади албанци не може да се интегрираат со популацијата, зборот популација е употребен од 1, 2 милиони или со изјавата ако не сме во ова Собрание ќе бидеме во нашето албанското собрание и т.н. Ако се останува при вакви изјави не може да се говори за градење на доверба , за заеднички живот, за држава на рамноправни

XXV/6.-

граѓани. Овие изјави се од одговорни лица кои што имаат крупно влијание во формирањето на односите во коалицијата, во одржувањето на коалицијата, во продлабочувањето или намалувањето на меѓунационалната недоверба во ширењето или намалувањето на меѓунационалната толеранција.

Тие што бараат федерализација на Македонија едноставно и директно сакам да кажам дека не се за Македонија. Тие не се за граѓанска држава. Тие се за создавање на повеќенационални држави од Република Македонија што ќе се рече за нејзино распаѓање, а дали е овој или оној чекор прв во ова или онаа смисла тоа станува сосема илеревантно. Македонија може да опстои само како држава на рамноправни граѓани ако максимално се форсираат индивидуалните права, Може да помине без војна во неа или на балканот ако не се гиба во нејзиниот територијален интегритет и суверенитет. Тие што не се за тоа, тие не го посакуваат бегството од војната и не дај боже да се потврди ова што го говорам. Јас сум убеден во лојалноста, честитоста на најголемиот дел албанци во република Македонија. Верувам дека нема да наседнат на некои увезени идеологии и сценарија. Конечно верувам дека може да изградиме демократска држава. таа верба несакам никогаш да ме напушти. Но, за тоа ни треба способност за развивање на еволуцијата, способност да сфатиме дека секој треба да го следи својот индивидуален интерес и потреба, а не истите на водачите, на поглавиците, на атаманите и т.н., што хараат денес по просторот на бивша Југославија.

Дали Владата ќе поднесе оставка или нејзин член зависи од сфаќањето аз одговорноста бидејќи одлучува тој квантитативен однос. Според законот аз бројките во парламентот тие остануваат. Според

досега покажаното чувство за политичка одговорност и тогаш кога ќе се вовлечат во непријатни ситуации и кога немаат доказ за одбрана на грешката, пак значи дека остануваат. Остануваат и тогаш кога по неколку пати некој од членовите на Владата ќе промавта со оставка. Имаат еден силен аргумент. Ако падне оваа Влада ќе се дестабилизира РМ. Тој аргумент е стар колку што се стари тоталитарните системи. Инаку, ние соопштуваме •дека бараме оставка на Владата, формирање нациоанничка влада што ќе ги подготви предвремените избори.

Дами и господа, имате добра и дебела и пресериозна причина да размислите за оставка, сите или особено некои членови на Владата. Жал ми е што некои министри делуваат како нецелосно информирани, а се или ги турка некој да објаснуваат нешто во што не се сосема упатени од објективна или субјективна причина. Жал ми е за оние министри што од секогаш сум ги ценел и ќе ги ценам.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, пред се јас мислам дека е многу жалосно што некој политичар сака да ги сваќа работите како што тој сака да ги сваќа, а не како што се работите. Ако некој почувствува страв тука во Македонија од ПДП јас ќе најдам начин да ја сменат таа партија од политичката сцена. Си решив да се самоубијам и со тој факт таа партија ќе исчезне затоа тшо целата програма на таа партија е заснивана врз мојата политичка активност. И кога мене ќе ме нема ќе ја снема и таа партија.

Има еден дилентантизам во политичкото толкување на работите од страна на господин Гошев. Ако тој е навистина убеден, јас не верувам дека е убеден дека државата на рамноправни граѓани не е и наша опција тогаш или тој ги искривува фактите или не ги познава истите. Ако, тој

XXV/8.-

пак, граѓанинот го замислува како единка без национална припадност тогаш паѓа во друга заблуда. Мисли дека граѓаните на целиот свет обврзно треба да имаат македонска национална припадност. А исто така како што тој е индиректно ни праќаше порака и јас исто така ќе го сторам сега.

Времето на југословенскиот комунизам, кога албанците се поделија на лојални и нелојални, чесни и нечесни и во кој албанци господинот Гошев многу имаше доверба и им веруваше тоа веќе помина зошто сега има албанци кои се припадници на една или друга политичка партија и кој се избрани од граѓаните на Република Македонија.

XXVI/1 JJ/ПН

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ**: (Продолжение)

Како пратеник треба на сите тие Албанци треба да им верува на сите тие Албанци кој се избрани од страна на граѓаните, а не од негова страна, затоа што тој е) поединец, а изборната единица подразбира еден скуп на повеќе од 10 илјади граѓани. И не ќе има шанса тој да ги избира Албанците по критериуми на лојалност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Гошев за реплика.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас нема потреба да реплицирам во врска со некои тези што ако моите беа извртувани, ова се двојни извртувања како на пример Гошев рекол дека сите граѓани треба да бидат Македонци и т.н. Такво нешто ниту помислил, ниту рекол, ниту ќе рече Гошев. Меѓутоа, не влегувам во дискусија во врска со сите овие изместени контра аргументи или наречени контра аргументи, само ќе му приложам на г-динот Халили уште еден начин за да исчезне Демократската партија а тоа е бидејќи тој минатиот пат ме оптужи за соработка со Аркан од Србија за не знам некакви трансфери и заради тоа дека треба да одам на Меѓународниот воен суд, јас сега му го предлагам следното - ако се докаже за ДП, јас одам на Меѓународниот воен суд и да не се вратам никогаш . Но, ако се покаже инволвираноста на г-динот Халили и на раководството или на дел од раководството, па тогаш ќе добиеме заедно таму, па така ќе ја нема ниту ДП ни г-динот Халили овде во Парламентот.

XXVI/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Халили се јавува за уште една реплика. Ве молам, по малку навистина, станува забавно но не е работно. (во салата настанува смеење)

Има збор г-динот Џаферовски, зашто Халили се откажа од репликата.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денес и вечерва по повод барањето за недоверба на Владата на РМ поднесено од група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ слушнавме многу конфликти меѓу другото се разбира, ако не може да се изгласа недоверба барем да направиме кавга меѓу коалиционите партнери и ако може така да се растури работата. Ми е многу жал што беа многу неуспешни, неубедливи како конструкции за да може таа работа да' се заврши.

Читајќи го образложението на интерпелацијата за доверба на Владата не можам а да не ја искажам својата вчудоневиденост од самиот текст на образложението. Имено, како е можно да се обвинува Владата дека сака да го минимизира случајот и да го штити својот коалиционен партнер. Тоа воопшто не кореспондира со вистината. Па зарем господата од ВМРО-ДПМНЕ сакаат согласно својата политичка филозофија да се приведуваат луѓе без докажана вина. Зар сакаат да почнеме да ги применуваме методите на некои јужно - американски држави и дикататориски режими. За РМ, господо не постои друг излез освен нормално и самостојно функционирање на правосудните и други органи. Не верувам дека некој ќе биде ослободен од вина ако таа во текот на истражната постапка се утврди. Не смееме да дозволиме Парламентот да го претвориме во судски орган. Во тој случај сами ќе си ги сочеме

корените на демократијата. Сепак, да бидам искрен, слушајќи некои од настапите овде, не можам да се ослободам од впечатокот дека тие тоа и го посакуваат. Очигледна им е намерата во РМ да се суспендираат демократски избраните органи. Прашањето што во овој момент се поставува како клучно не е прашањето на опстанокот на Владата на РМ, туку прашањето дали под оваа Влада функционираат институциите на државата и се обезбедува мирот и безбедноста на граѓаните во оваа Република. Зошто го велам ова? Ова го велам затоа што нема држава која себе си мора да се смета како држава доколку институциите не системот не функционираат. Со други зборови нема држава ако нема инструменти што неа ја штитат како држава и во неа ја штитат безбедноста на нејзините граѓани. А оваа држава тоа го има. И токму тоа некому му смета. Некому му пречи што оваа Влада ги извршила потребните мерки и активности во однос на заштитата и безбедноста на државата и граѓаните на РМ. Некому му пречи што Владата ја контролира ситуацијата по сите основи за кои има уставни ингеренции. Некому му пречи што во државата има мир, стабилност, а му пречи и тоа што оваа држава почива токму врз принципот на соживот, единствениот продуктивен принцип во околностите на нашето сложено живеење. Некому му пречи и при тоа лажно се повикува на стравот на народот, зашто токму тој, народот во оваа ситуација со непогрешливо чувство за политичкиот момент, знае дека е сигурен и има верба во оние што се задолжени да му ја обезбедат таа сигурност.

Вредниот слух на народот му наложува да се однесува мирно и достоинствено, онака како што тој секогаш го правел. Зашто знае дека сегашноста се прави само со соработка и соживот. Спротивната

алтернатива се знае што е. Некому до тој степен му пречи мирот и етабилноста во државата што заборава на сопствените ставови, сметајќи на кусото паметеше на публиката. Имено, некои од партиите застапени во овој Парламент токму ова Министерството и истиот овој министер кој што во дадена ситуација ги фалат за успешно извршената акција, не така одамна во околности во кои лично беа засегнати ги напаѓаа со невидени грубости во квалификациите. Овој двоен аршин на некои од партиите само покажува на фактот дека тие никогаш во суштина и не се бореле за најбитното, редот и просперитетот на државата, туку дека од секогаш имале на ум само една работа - како да изградат политички поени во јавноста со напаѓање на она што никогаш не било спорно - функционирањето на државата.

Можеме ли да им веруваме на такви несериозни политички субјекти кои што од една страна иста личност еднаш прават херој, а друг пат целат. Многу игри се плетат околу Македонија. При тоа најмногу зачудува коинциденцијата на некои внатрешни домашни стравови и однесувањето со оние, увезените. Дали некои политички партии сметаа дека токму во овој мандат го имаат мандатот да бидат протагонисти а нестабилноста во државата. Дали тие сметаат дека го имаат мандатот да го застрашуваат народот, претстажувајќи му апокалипсични настани? Верувам дека никој го нема овој мандат, зашто народот знае дека живее во стабилен амбиент и знае кој е факторот што ја гради стабилноста во оваа земја. Оваа власт вака и на ваков начин, на овој народ му го обезбедува тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Трпевски, министер без ресор во Владата.

XXVI/5

**ЉУПЧО ТРПЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во барањето доставено од страна на потписниците за гласање на доверба на Владата, покрај другото се приговара и во врска со економската политика на Владата. Јас саскам во врска со тоа прашање да земам учество во денешнава расправа. Нормално, тука има широко поле за расправа и секогаш има простор д се направи нешто подобро би она што е направено.

Веројатно, ако се дава оценка за економската политика било од страна на опозицијата или од страна на позицијата или од страна на членовите на Владата, секогаш се јавува одредена доза на субјективизам, па ако сакате и интерес да се брани одредена позиција или одредена политика. Затоа во ваков случај на некој трет на кој не може да му се стави забелешка било за стручност било аз пристрасност, било за непристрасност оценката е пообјективна и померодавна.

Господо пратеници, нашата земја од април оваа година е членка на Меѓународниот монетарен фонд, како наследничка од почетокот на формирањето на ММФ од 1944 година. Се уше е свежо мастилото на група на потписите од група пратеници од оваа страна на Парламентот кој што бараа Македонија да биде примена како нова членка и тоа во она исто време кога СР Југославија инсистираше единствено таа да биде наследничка на членството во фондот а сите други држави што настанаа на тлото на СФРЈ да бараат прием за ново членство. Ако тоа се десеше, ние се уште ќе бевме пред вратите на ММФ. Меѓутоа, поентанта не ми е во тоа. Јас верувам дека еден голем дел не знаејќи тоа го направија.

XXVI/6

Поентата ми е во следното: од оваа година па за навек ММФ ќе биде постојано присутен и ќе дава оценка за економската политика што ја води Владата на РМ. Нека цветаат и рози на економски план, најмалку еднаш годишно мисијата на ММФ доаѓа, дава оценка и тој извештај го праќа на сите земји во светот, а само две земји во светот не се членки на ММФ, и таа оценка што ја дава ММФ е мериторна и меродаван, таа е барометар за потенцијалните инвеститори во оваа држава дали ќе дојдат или не, или за потенцијалните субјекти што прават бизнис со Македонија. Е. па почитувани пратеници оценката на ММФ за мерките на економската политика на оваа Влада за оваа година и за мерките на Монетарно - кредитната политика вие без основа ја обвинувате Владата за монетарно - кредитна политика, а надлежна е Народната банка и оценката за монетарно- кредитната политика што ја води Народната банка ја усвојува овој парламент се позитивни.-

Еден дел од пратениците и од позицијата не во оваа сала туку таа позади, имаа прилика изворно од шефот на Мисијата на ММФ да слушнат какво е неговото мислење во врска со стабилизационата економска политика што ја подготвува оваа Влада и наскоро ќе ја предложи пред Парламентот. А таа оценка е дека програмата содржи такви елементи што даваат силна поддршка од страна на ММФ и ММФ финансиски ќе ја подржува таа програма.

Господа пратеници, мислите дека лесно се постигнува само 6 дена по приемот на Македонија во ММФ, мисија на ММФ да пристигне во Македонија? И од тогаш постојано да има експерти во сите министерства со цел да се изработи една економска програма што ќе одговара на стандардите што ги бара ММФ? Мислите ли дека е сплот на случајноста

што веднаш после мисијата на ММФ е дојдена мисијата на Светската банка која до 1 декември оваа година треба да преговараме околу програмата што ја подготвува Владата за структурно прилагодување на стопанството а која треба да биде поддржана од страна на Светската банка? Зар мислите дека е плод на случајноста, само на Македонија од сите држави што настанаа од бившата СФРЈ, и е дозволено да може да заклучи еслиев аранжман со фондот.

Господа пратеници, ретко која Влада во предизборна година, а ние сме во предизборна година се одлучува да оди со стабилизациони мерки, кој во почетокот даваат горчливи резултати и кој обичниот човек го ставаат против Владата. Најдобро е во предизборниот период, а тоа многу влади го прават да се олабави монетарната политика, да се подигнуваат платите, да се подигнуваат тензиите и да се прибираат гласачи на тој начин. Меѓутоа, интересот тесно партискиот интерес, мора да се стави на втор план, а на прв план треба да се стави државниот интерес. А<' државниот интерес е да се искористи во овој момент силно изразената волја на Меѓународната заедница да и се помогне на оваа држава во расчистувањето ан долгот во Светската банка, да се зачлени и во Меѓународната агенција и со членка карта во наредната година да преговара и со парискиот клуб и со лондонскиот клуб за долгот од милијарда долари кој што го има оваа земја за драстично намалување.

Па ако некој се плаши од оние силни милиони што се спомнати, што ќе дојдат преку 200 милиони долари наредната година само од меѓународните финансиски институции, немојте да се плашите. Тие средства не паѓаат од небо. За тоа треба да се исполнуваат услови, а условите се тешки и одат само против интересот на оваа Влада во тој

момент меѓутоа во преден план доаѓа државниот интерес, и заради тоа се одлучи оваа Влада сега да преговара и со фондот и со Светската банка а да не чека после изборите.

Господа пратеници, вие можете да изгласате и недоверба на Владата. Тоа е сосема нормално во демократски земји и ние треба да се навикнуваме на тоа. Но, не можете да ги негирате резултатите на овој план, зашто пред фактите и боговите се поклонуваат.

И нас крај уште во врска со случајот паднаа тешки зборови од некои членови на опозицијата во однос на македонците во Владата. За вакви случаи е потребна временска дистанца. И од временска дис- танца ќе се види кој ја игра улогата на младичот што го уби Горче Петров, дали македонците во Владата или некој друг?!

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Зимбаков.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, смислата на постоење на една држава е да им обезбеди мирен просперитетен живот на своите граѓани, да ги заштити и овозможи правата на секој поединец без разлика на пол, раса, националност и вероисповест. Овие постулати се пропверени и докажани во праксата во многу демократски земји ако се практифицираат и спроведуваат, ја карактеризира државата како демократска и правна. Пред законот сите сме еднакви. Во актуелниот миг последната акција на МВР крунски е доказ на заштита на правната држава во изворна своја смисла. И не само во овој случај да се потсетиме вакви и слични интервенции имало и порано со актери од

најразлични средини и групации. Затоа обвинителниот акт на Партијата ДПМНЕ со кои се бара изгласување на недоверба на Владата а во кој се вели "во текот на досегашната работа Владата не ги извршила потребните мерки и активности во однос на заштитата и безбедноста на граѓаните и државата на РМ" изгледа во најмала рака смешна, контрадикторна и надвор од времето и фактичката ситуација. Затоа се поставува прашањето кој се всушност мотивите и крајната цел за барање одговорност на Владата. За да се одговори на ова прашање треба да се вратиме малку во минатото и да се проанализираат во континуитет активностите на опозицијата при донесувањето на клучните документи за дозаокружувањето на државноста на РМ. ДА се потсетиме на референдумот, на донесувањето на Уставот, приемот на РМ во ООН, како и донесување на сите системски закони. Во сите тие моменти постоеше само спротивставување на опструкција до опструкција. Само што заврши интерпелацијата на некои министри каде се потроши драгоцено време еве сега имаме сосема слични случаи каде македонската јавност беспредметно се преокупира и се подига тензијата. За што тогаш се работи?

Почитувани пратеници имам чувство дека денес предмет на расправа не е Владата на РМ односно наодите изнесени во барањето за недоверба. Во прашање е сепак нешто покрупно, во прашање е дестабилизација на ; РМ и рушење на се она што е досега направено во оваа држава. А каде е РМ најранлива и воедно најсилна? Најранлива и најсилна е во свеста на граѓаните дека на овие простори треба да се гради само соживот на сите националности и сите нејзини граѓани. Тоа на некој си од внатре и од надвор не им се допаѓа многу бидејќи тоа е насилна пречка за реализација на нивните замисли

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ**: (Продолжение)

А, кон се нивните цели не треба овде да се објаснува. Алтернатива за соживот за меѓусебно почитување нема. Нема алтернатива ако навистина имаме желба да го сочуваме нивниот живот на нашите граѓани. А тоа единствено може да се постигне со функционирање на правната држава. Токму затоа и акцијата на МВР може само да го зајакне чувството кај граѓаните за функционирање на правната држава за која сите толку сесрдно се залагаме.

Тезата дека зад затворените актери стојат сите албански граѓани е опасна и значи без персуиективност и хаос во Македонија. Така господа не се гради меѓусебна доверба ниту се гради правна и стабилна држава. Затоа посебно ја ценам изјавата на министерот за внатрешни работи дека подеднакво ќе се постапува со секого кој врши слични против уставни и законски дејанија без разлика на кого припаѓа и од каде доаѓа. Тоа ми дава надеж дека за РМ постои иднина дека нашите поколенија ќе растат во мир и подобри услови на толеранција и почитување на човековите права.

Да завршам алтернатива за политиката која се води од страна на актуелната власт, а за чии резултати секој граѓанин е свесен и за која политика се има добиено признание од повеќе меѓународни организации и видни личности нема. Алтернатива за соживот и меѓусебна толеранција нема. Алтернатива за функционирање на правната држава и почитување на законите нема. Алтернатива за заштита на човековите права и слободи нема. Се друго значи вовед во започнување на една голема невидена трагедија на овој простор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има процедурално барање госпоѓа Лазаревска.

XXVII/2

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас процедурално ќе интервенирам до претседателот на Собранието заради тоа што претходниот говорник прашањето за доверба на Владата поставено од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го нарече обвинителен акт. Се останато што кажа беше лирика во доцните часови прочитана со еден досаден тон, а инаку, обвинителен акт беше поставен на една од претходните седници против господинот Тодор Петров потпишана од Алил Џаферовски и Славе Наумовски. Тоа е обвинителен акт,а ова е прашање за доверба на Владата поставено од пратеничка група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледно се разликувате во мислењето. Добро тоа нема никаква процедурална вредност.

Има збор господинот Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, се пријавив за дискусија уште пред пладне и морам да бидам искрен очекував дека дискусијата ќе ме мотивира многу, ќе ми даде инспирација за еден многу сериозен настапи, бидејќи се покренува сериозно прашање доверба на Владата. Морам да ви кажам внимателно ги слушав сите дискутанти, целата дискусија, тотално сум демотивиран за дискусија, едноставно немам инспирација за конфронтација. Од тие причини мои сопствени анализи сега која е причината како јас гледам на самата иницијатива. Бидејќи категорично тврдам дека не се согласувам со оние парламентарци ко говореа дека бројките ќе одлучат оваа Влада да преживее на својата сцена. Дека математиката на бројките секогаш ќе игра улога оваа влада да остане. Јас ви тврдам и предлагам овој Парламент да се прогласи како целосна позиција против овој случај и обид на организирање на паравоени единици. Целиот парламент да биде против тој обид.

XXVII/3

Тука мораме да бидеме единствени. Меѓутоа, ајде да ги анализираме кои се мотивите што една парламентарна група или претставници по- кренала иницијатива.

Господинот Љупчо Георгиевски рече а мислам дека господинот Петар Гошев го потврди тоа, бидејќи и тој рече индиректно преку оваа иницијатива дојдовме за дискусија по овој обид за шверц на оружје и формирање на паравоени единици да се расправа. Значи, господинот Љупчо Георгиевски дека не им била идејата за доверба на Владата туку бидејќи ова Собрание не било свикано на вонредна седница да расправа за приведените лица од албанска националност по повод шверцот на оружје и формирање на паравоени единици, бидејќи таква седница не им е овозможена се прифатиле на иницијатива доверба на Владата, па преку тоа да расправаат за самиот случај. Тоа беа зборовите на господинот Љупчо Георгиевски.

Според тоа, на втор план е фактички само моделот и иницијативата се користи, немале сериозна намера да расправаат за доверба на Владата да го покренуваат тоа прашање, туку преку тоа да обезбедат да се расправа самиот случај преведувањето на оваа група албанци и врз таа основа да се овозможи на овој највисок форум да се даваат соодветни политички оценки. Сега, ако овој обид или овој случај се користи за иницијатива за доверба на Владата се поставува прашањето каде е тука логиката, бидејќи логиката Владата треба да одговара или да не добие доверба ако не ги поапсила луѓето. Бидејќи ги открила и поапсила оваа Влада и од опозицијата и од позицијата треба да и се честита што успеале да ги откријат и приведат, да спречат едно такво зло против кое и опозицијата и позицијата заедно сме бидејќи во друг случај нема живот апокалипса е во оваа држава ако се случи да дозволиме паравоени единици ќе се нарушат меѓунационални те односи.

XXVII/4

Што е функцијата на целата иницијатива по мое мислење? Дали потписниците се свесни за тоа или не сами нека си оценат, бидејќи нема основа нити мислеле за одговорност на Владата, бидејќи би седлеле во салата зошто би ја напуштале салата, како изминува времето желбата опаѓа, аргументи нема, надвор во бифето сега раправаа што можеле да направат или што односно каква иницијатива утре да покренат.

Според тоа, што е мотивот и што е причината? Причината очигледно исправени непосредно пред потпишувањето, како што говореше господинот Љупчо за непосреден договор со монетарниот фонд што дава реална основа за инфузија и економска стабилизација во Републиката бидејќи како што прочитавте во "Нова Македонија" за неколку дена с< очекува Италија да не признае под нашето име, а со тоа дава знак дека и Европската заедница на меѓународен план ќе бидеме признаени значи и на економски и на политички меѓународен план оваа држава почнала да се стабилизира, да ги решава клучните проблеми, се поставува прашање како може тоа да се спречи. Може да се спречи ако овој Парламент се блокира, ако оваа влада се блокира во својата работа, а тоа е  единствено може ако ги нарушиме меѓунационалните односи. Како инаку да сфатам господа, јас разбирам во економски прашања и во економијата во добар дел, меѓутоа, не можам да сфатам како еден економист ќе тврди дека не е постигнато вработување, дека нема нов капацитети, зошто нема нов инвестиционен циклус во Републиката, а економист е, дека тука се слабостите на оваа Влада, а тие аспект секој економист, секој нормален човек ќе ги ситуира во една реална основа на компарација. Со кого се компарираме? Со сите од бившиот социјалистички лагер, со сите комшии или од Бивша Југославија. Со кој се споредуваме? Врз база на што, бидејќи за секоја оценка треба некоја компарација. Сепак мислам дека очигледно се тенки

било какви елементи кои би ги довеле во прашање успешноста на решавањето на одредени проблеми. Јас не сакам да тврдам дека оваа Влада и оваа Република не може да даде подобра влада, подобри луѓе, поквалитетни или јас не тврдам дека овие исти луѓе не можат да постигнат многу подобри резултати ставени во други услови и во други дадени можности што на многупати го потврдиле.

Според тоа, сакам повеќе лично на некој начин и совеста да си ја задоволам на одговорност да кажам и да ве потсетам дека и денешната расправа покажа дека сите прашања кои задираат во меѓунационалните односи лесно будат големи емоции, разгоруваат чувства кои многу бргу можат да доведат до ескалација на страсти каде јази- кот на разумот веќе ја губи секоја смисла и станува беспомошен. Затоа би сакал да кажам да не си играме со оган и затоа морам да потсетам дека ни една војна на оваа Земјина топка не почнала со оружје и тенкови, со пушки дека почнала со недоразбирање, со неразумност, а потоа дошле пушките и топовите. Затоа до крај треба да внимаваме кои зборови ги употребуваме еден кон друг со какви квалификации ги одредуваме одредени настани и состојби. Бидејќи еден збор погрешно употребен, а денеска слушнав многу погрешно употребени зборови морам да признаам можат да предизвикаат лавина од одговори, многу негативни емоции, многу големи конфликти, конфликти без решение,а би рекол често пати и без повраток.

Мислам дека од тој аспект конкретната ситуација на обидот ја ценам за многу сериозна, тешка и болна. Како таква овој обид на формирање на паравоени единици, на шверц на оружје многу тешко и болно го доживувам. Мислам дека треба така сите да го доживееме. Меѓутоа, за тој проблем треба да дискутираме без висок притисок не со вжештени глави, ниту во функција на некои пропагандни партиски цели а

тоа беше обилно, ниту заради некој пратенички престиж ниту заради сопствената партиска или владина позиција. По мое длабоко убедување овој обид и случајот не треба да се минимизира, бидејќи има непосредни импликации на државната безбедност и територијалниот интегритет на РМ, а ценам дека сите лојални граѓани на РМ верувам дека се единствени во оценката дека државниот интегритет за нив е пред се и над се пред било кои други* интереси, бидејќи неговиот интегритет овозможува мир на сите, на нивните деца на сите нас. Ако се загрозува државниот интегритет заради некои други цели повеќе нема излез, тоа е апокалипса како што реков за сите нас. Со други зборови ве молам да ме сослушате би ве потсетил и би апелирал да не се учиме на сопствените грешки, туку да учиме на туѓи грешки за мене е поука Босна, за мене е поука Хрватска и Херцеговина дали можеби не треба и тие снимки од Босна нон стоп да бидат на телевизијата, бидејќи и тие таму си поиграа со своите меѓунационални односи, пред народот сакаа да се покажат како големи патриоти, па ги доведоа меѓунационалните односи до точка на вриење, епилог стана војната, па логична последица,а омразата знак на препознаваше меѓу србите, муслиманите и Хрватска денеска на тоа тло на Бивша Југославија. Лесно е да се запали огинот на меѓунационалните односи, но тешко се гасне. Се гасне,историјата сто пати го потврдила, со крв. Затоа се приклучува кон оние дискутанти кои говореа да ги оставиме министерството и Владата да си ја завршат веќе успешно започнатата акција, па да се заложиме сите судовите да донесат и правилно ги оценат сите дејанија според Законот и Уставот без никакви политички нагодувања, без било какво политичко влијание и инволвирање.

XXVII/7

Бидејќи лично мислам дека овој предлог или овој пристап не е во функција на минимизирање или заташкување на целиот случај, односно одржување на коалицијата. Не верувам дека некој човек или партија во оваа држава ќе пристапи во коалиција кога би работела против стабилноста на сопствената држава. Не верувам дека на некој граѓанин партијата му е помила отколку политичката стабилност и сигурност во нашата држава.

Верувам во официјалното соопштение на МВР,а очекувам господата од пратеничката група на ПДП ако ништо повеќе заради мој личен интерес ама буквално да кажат дека раководството на ПДП не е стои зад овој обид, дека раководството на ПДП не е замешано во овој обид, бидејќи секој индиректно и непосредно кажување се создава сомнеж кај граѓаните и покрај тоа што беше кажано и во соопштението и од некои дискутанти. Бидејќи ако не верувам во тие определби не е прашање на опстанок на Владата трајно и засекогаш ќе бидат рушени нашите меѓу- национални односи. Тешко е да се изгради сожителство на овие простор затоа мислам дека довербата е нарушена тоа е факт, без разлика дали докажано или не самиот факт ја нарушува довербата, таа е нарушена и мислам дека со заеднички напори тоа треба да се надмине. Од тој аспект не треба да се минимизира и самиот обид, самиот случај, не се согласувам дека е тоа обичен шверц со оружје, бидејќи да потсетам ако е тоа само шверц на оружје, ако е тоа некоја несериозна организираност не можат да се откриваат тие луѓе по основ здружување заради непријател ска дејност - кривичниот закон, или да се оптужуват по основ на напа на уставното уредување тоа е едно од најтешките кривични дела во нашиот устав.

Според тоа, а имајќи предвид дека тука се лица кои биле предлози на пратеничката група или партијата на ПДП за високи функционери, мислам дека состојбата уште повеќе се усложнува, затоа проблемот не

треба да се минимизира, меѓутоа, апсурд е да се бара и да се поситоветува овој случај со сите албанци или со целата партија на ПДП или со пратеничка група или со раководство на ПДП. Меѓутоа, јасното дистанцирање на раководството и на пратеничката група на ПДП многу ќе ја олесни заедничката борба против вакви и слични појави. Бидејќи реалноста народот многу повеќе ја прифаќа господа пратеници дури да му се кажат и лоши работи, дури да се признаат грешките а пратеничката група на ПДП треба да си признае грешка на лош кадрвски предлог дали е тоа нивен пропуст дали е некој кадровски компромис не знам во што е случајот, меѓутоа очигледно присутен е пропуст во нивните внатрешни редови. Тие самите треба да го изанализираат тој случај, бидејќи ако тоа не го кажат не можат да ја вратат својата доверба во своите кадри кои ги имаме во Владата и тие што ќе бидат предлагани, бидејќи заедничка будност треба да биде и самата држава.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Според тоа, членовите на партијата на ПДП и пратеничката група е да ја исправат својата несомнено направена грешка и пропуст во кадровската политика како би ја вратиле довербата кај граѓаните во РМ и како би стварно се верувале на определбите кои што и во соопштението и грото дискутанти ја кажаа дека се тие пред се и единствено за политичко демократско - парламентарно решавање на сите проблеми. Според тоа, одговори на. некои прашања нема . Меѓутоа овој одговор можеме и денес да го добиеме и мислам дека тоа многу смирувачки ќе делува врз севкупните состојби и загрижености, не верувам само кај македонците, туку и кај албанците се присутни после сите овие обавестувања, покажување на запленета муниција, оружја, се она што после како лавина се шири преку јавноста со сите дезинформации. Јас мислам барем на овој состав не треба да се убедуваме дека заедничкиот живот на оваа територија нема алтернатива. Во онаа мера во која што сме поцврсти по овие клучни прашања по тој државен, национален интерес на РМ,многу појаки ќе бидеме и надвор, а со тоа и постабилни односи за многу побрзо чекорење ќе обезбедиме во наредниот период. Според тоа дајте заеднички , ова се присутни месеци по моја оценка кои што ни престојат да издржиме како што издржавме досега на клучните стожери на оваа држава ако сакаме да обезбедиме перспектива. Јазот меѓунационален, продлабочувањето за век и веков оваа држава може да ја доведе до прашање, а за тоа треба обострано пружена рака. Мислам дека секој ден на тој план треба да се потврдуваме и докажуваме.

XXVIII/2

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Почитувани пратеници, веројатно сигурно е доцна, не сме навикнати на ваква работа да има и пренос. Расправаме по мошне значајна и сериозна тема, прашаше на доверба на Владата на РМ. И лоцирани се три мошне битни проблеми по кои на Владата треба да и се изгласа недоверба. Јас веднаш на почетокот дедуктивно заклучувам дека навистина оваа Влада нема што да бара понатаму во нашата Република, нема што да бара од причина за што во неа има пет министри од албанска националност и тие пет министри секојдневно се обвинуваат од албанците, што бараат тие таму, бидејќи ништо не реализираат, зошто тие седат таму и ги чуваат министерските фотелји а од другата страна се обвинуваат другите, што бараат албанците таму?

Второ, сметам дека оваа Влада истовремено треба да оди зашто го откри случајот и зашто досега го затаи? И трето Владата навистина треба да оди зашто ја затвори групата од албанска националност. Во секој случај јас сум многу задоволен што на овој Парламент има длабоки аналитичари и футуристи за предвидување и корекција на развојот на односите во Македонија кои треба да се очекуваат и кои треба да се развиваат. За многу работи што овде се искажаа албанците и не размислуваат, но ВМРО-ДПМНЕ навистина тие идеи ги афирмира, пропагира и ги пласира пред албанците за кои воопшто тие досега не размислуваат дека треба нешто да се бара така. Да се зборува за доверба на Владата значи да се претресе незината целокупна работа во сите сегменти, сфери и односи. Јас во услови на вакви економски, политички, социјални и други односи и прилики во кои работи оваа Влада сум задоволен, иако имам големи забелешки . Имам забелешки од причина што само на културен план оваа Влада не ги оствари барањата што ние постојано ги истакнувавме во Парламентот. На пример немаме

Универзитет на мајчин јазик, ете Владата тоа го негираат немаме институт за истражување на културата, историјата, традицијата на албанците во Македонија. Владата тоа не го дозволува. Немаме театар, младински, детски, драмски итн. што исто така Владата е виновна за тоа. Но, реков сепак сметаме дека чекор по чекор ќе се најдат сили и разбирање со создавање на услови да се остварат. Тоа значи дека има многу проблеми, има море на проблеми и тие треба заеднички да ги решаваме и во ова Собрание.

Во досегашната расправа доминира еден сегмент, однесувањето на албанците во Македонија, тема ексклузивна, актуелна и секојдневна по свој стил, метод и модел. Дами и господа пратеници Парламентот нема задача да истражува, да собира и да презентира податоци за пратениците албанци, за пратениците од партијата Демократски просперитет, напротив да донесува закони и други законски акти и проекти. Како демократска држава имаме три основни цели. Прво, да не се повикуваме во тоа што беше, туку да видиме што сакаме и што можеме да оствaруваме. Второ, да се постигне договор и консензус за стратегиските цели на заедничкиот развој и на заедничкото живеење која нужно беше и неминовно акцептирана до сега од мнозина говорници. Трето, за сегашноста и иднината, за меѓусебно почитување и афирмација на демократскиот карактер на државата треба научна објективност без исклучоци не треба да се занимаваме со невистини. Мене сега ми е совршено јасно дека демократските партии и луѓето кои се удираат во гради дека се демократи, нудат рестриктивна демократија, ограничување на правата, минимизирање на едно големо малцинство со една шака луѓе. Тоа е нараснат македонски национализам и чувство на

егоизам, на омраза на другите . И ова е поврзано со довербата на Владата. За тоа ќе кажам нешто повеќе за ова големо малцинство т.е. за албанската националност. нејзината позиција во Републиката и опозицијата спрема неа. За Владата сигурно ќе гласам за, да продолжува со работа и понатаму. Јас искрено не се срамам што седам тука во овие клупи заедно со вас македонците. Тоа е гордост да презентирам 17 иљади гласачи и да одлучувам за нивните проблеми. Но, жалам кога тие мои гласачи се дезинформираат, се заплашуваат, се деградираат. Веројатно се уште има појава на албанците да им се завидува што се министрите, им се завидува зошто се членови на Владата, зошто се пратеници, зошто имаме писатели, зошто има доктори, професори, културни дејци во институциите кои придонесуваат за просперитетот на РМ. И да го заклучам овој уводен дел. Јас немам суицидни идеи и желби , напротив сакам достоинствено да живеам заедно со вас, а партии ако има интерес нека се формираат, нека бидат демократски да се борат за демократски развој. Последните неколку години албанците се наоѓаат во состојба на постојана опсервација, преиспитување, самодокажување и дефинирање на својата положба. Ова се бара и сега во овој демократски парламент и во овие демократски односи. Таа напротив настојува да обезбеди соодветно место и позиција во општествените односи и трансформации за да може да биде тоа што е и што заслужува. На тој начин да ја остварува својата национална , културна, историска и слична идентификација. Сака да се интегрира во процесите на севкупниот развој на Републикава докажувајќи дека не е страно, не е туѓ елемент дека е интегрален дел на Републикава, а најмалку сака распарчување на Македонија, рушење на нејзиниот уставен поредок. Крајностите никогаш не можат да ја одразуваат реалноста на нештата. Мене ми е совршено јасна целта на расправата, посебно на еден сегмент од барање за изгласување недоверба а тоа е

прогласување на албанците во Македонија за непријатели, за сепаратисти, за бунтовници, за националисти и сл. И ова е проблем на Влада, но треба да водиме сметка што ќе双 речеме почитувани пратеници. Дали ќе се залагаме да полиеме вода во огинот за да го гасиме или ќе полиеме бензин во огинот за да го запалиме.

Втората води кон рушење на постигнатото, а првата отвора перспектива, демократски процеси, мир , благосостојба , напредок. Ова што се случува на оваа седница има за цел уривање на меѓунационалните односи и пошироко, рушење на угледот на државата на меѓународни релации и кај самите граѓани на внатрешен план. До душа ова не е премиерна изведба на претставата, туку кој знае која реприза на претставата: "еј албанци, што чекате"? а ние албанците пак свесни сме дека тука треба да се живее, зашто сонцето не заоѓа, туку сонцето се раѓа, тука остануваме , не одиме, но никого и не бркаме. Расправата за ваква тема е веќе видена. Одамна се чека . Таа е предизвикувачка , има повод причина и последици, но има и одредена цел . Таа цел различно се поимува зошто различни се оценките и процените. И било како да расправаме користејќи алтирелиски орудија, или вербален агресивизам животот ќе тече, но со пречки. Од тука да го оставиме случајот да го водат судските и надлежните органи, да не дозволиме акумулираниот отров на поединци да го пуштиме во јавноста која ја следи оваа седница со внимание и интерес. Никој не може да забранува што да се рече но логиката е да се рече она што постои. Имено лесно е да се рече илегално организирање против уставниот поредок, создавање вооружени формации и сл. но тоа е нереално. Невистина е дека се создава сеалбанска војска Реално е да се рече набавка и нелегално внесување на оружје во државата ..Но, ова не е

работа на Парламентот, туку на органите задолжени за тоа., Јалови се обидите што деновиве се слушаат од повеќе политички и друг субјекти со кои се поставува прашањето суштинското прашање дали албанците се за Македонија, дали тие работат зад грбот итн. Реалноста господа пратеници е друга таа говори дека албанците живеат во Македонија и ќе продолжат да живеат тука барајќи рамноправно да стартираат во севкупниот живот,во сите сегменти и сфери на животот. Партијата за демократски просперитет во РМ се потврди како доста сериозен субјект мошне одговорен и активно се вклучи во микро и макро политичкиот план. Нашиот капитал во сето ова се вложувањата во градењето на самостојна и независна РМ. Се разбира имаше тука и осцилации, но крајниот резултат е ефектен и успешен. Интервентниот зафат на министерството за внатрешни работи во откривањето на случајот не е пионерски, тој е доста вешто изведен. Презентацијата на резултатите во медиумите доби приоритет, ексклузивитет внатре и надвор, а националните политички партии се истрчаа да констатираат опасност за меѓусебен колеж, меѓу етнички конфронтации, отидоа македонците. Спротивните реакции пак се: ништо посебно, туку нормална појава што не се случува прв пат кај нас и во Републикава. Значи опасност за меѓусебен колеж нема. Второ, не станува збор за афери и скандали зашто процесот е откриен од службените органи надлежни за такви дејствија. Трето, да се исфрли од свеста дека ќе се предизвикуваат меѓуетнички конфронтации, поделби и тушење на власта. Затоа треба меѓусебно да се договориме радотите да течат по демократски терк и процедура. Нема друга алтернатива за натамошниот развој. Тенденцијата да се исклучат албанците од системот, од институциите и сл. создава алтернатива. Тоа е лошо за Македонија. Сепак имаме состојба, процес и група, време и простор. Прашањето е какви и колкави

се неговите дострели во создавањето , или нарушувањето на довербата, меѓусебната доверба која со маки се гради со огромни тешкотии. Свесни сме и сведоци на сето тоа што се случува. Лично сметам дека немаше потреба на случајот таква јавна димензија за наводната загрозеност на безбедноста на Републиката и посебно на македонците во западниот дел при постоење на организирани институции. Зошто да се плаши македонецот било каде да живее во Републикава. Но, ми се јасни политичките цели на националните политички партии кои постојано сакаат да одржуваат кризни меѓунационални односи. експлозивна атмосфера, создавање конфликти, конфликтни состојби и нанесуваат штета на државата и на самите граѓани на Македонија. И пред овој случај имаше редица други спрема кои односот беше мајчин. Само да ги спомнам сина птица, дувло, бомбашки процес, формирање национална гарда во Битола , ТМРО во Битола, формирање на заштитни комитети на ВМРО по Република и по општини по кои ми беше доставено до вратата во која живеам таков леток дека ќе ме убијат, ќе ме колат итн. И ништо од тоа. За албанците може се и сешто да се прави тие се трпелив народ, можат да трпат и тука никој не води сметка за степенот на толеранцијата и без да се има предвид дека нас- таните кај нас брзо се престигнуваат , по некогаш оптимистички а понекогаш за несреќа сосема критични. Зарем господа пратеници сакате во Собранието да слушаме , да бидеме декор, да ни се одзема правото да бараме остварување со устав загарантирани права.

XXIX/1/ПЈ/лј

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**: (продолжение)

Кога би очекувале ВМРО-ДПМНЕ да ни дава права, ние не би биле тие што сме тука или би седеле тука. Да се обликува заедничкото живееше во повеќенационалната држава бара голема толеранција, респект, мир, за што постојано тука нешто се случува, нешто врие. Мудрост е како да се амортизираат тие односи и состојби. Принципот што полошо тоа подобро, тука најмалку доаѓа предвид. Дотолку повеќе зачудува и потегот со придружните активности на МВР што беа преземе спрема албанците и тоа во текот на една година, Бит пазар, Надорипп Велешта, Гостивар, Жупа.  начи, има пречки во комуникацијата. Само заштитата беше специфика на сите национални колективитети во бившите Ју простори. Тоа што се случува во нашето соседство уште повеќе ја рани оваа потреба. Веројатно, од овие мотиви се организирало оваа група или поединци во неа. Впрочем, тоа се случуваше и во Република Македонија од поедини политички партии, групи или поединци за кои ви истакнав порано. Јас, а и сите ние во услови на нормален развој сме против организирање на паравојни организации Кога имаме армија на Република Македонија, имаме полиција, имаме органи, имаме институции, имаме политичка власт, законодавна, судска итн. Сум против војна и конфликт. Го прифатив и моите колеги го прифатија дијалогот како средство за решавање на проблемите. Конфлиткот војна не познава ни луѓе по раса, боја, националност. Во сите сигурно тече крвта а не вода.

Меѓунационалните односи и омразата спрема албанците од страна на на поедини национални партии се покажа како најпогодна форма за шпекулации. Манипулирање на јавноста дека еве тие се тие, што да се прави сонив. И одговорот е тука, роди бабо дете. За среќа се роди, но се роди копиле. Тоа не го прифаќаме. Тоа не е наш плод. Сигурно наметнат, провоциран. Објективните околности би требало одреден степен да се сфатат, за што имаме таква состојба.

квалитетно да се дефинираат и да се селектираат и повторно се прашувам зошто е тоа така. Одговорот е следниот. Не е далеку времето кога македонскиот човек се лажеше јавно на улица, на ТВ на печатот дека ќе ги преселиме албанците, нив ќе ги истераме во границите, доле шиптарите., во бој за свој народ, Македонија не е за распродажба, албанците надвор од границите, рани куче да те лае, чиста Македонија, обединета Македонија, ПДП несреќа за Македонија, да ги убиваме албанците, сатара за албанците петел,се мисли на албанците,на туѓо буниште завршува во тенџере. Овие господа пратеници, се транспаренти, пароли изнесени точно сега три години во периодот кога беа предизборите. Веројатно, овие се некои мемоари, не романи но можат да бидат и тоа. Овие се неколку бисер барања и повици за албнците од националниот фонд. Но, за среќа тоа не се оствариja и оттука постојано треба да се тамбура против албанците. Како тие да се мета за поткусурување. Албанците, пак напротив, и покрај сето тоа пристапија мирно, одговорно за градење на демократски односи, заедничка држава и ќе продолжат така, за што спротивниот пат оди во не по желба насока. Тоа што се случува во БиХ треба да биде школа за сите граѓани на Македонија.

Во наведените барања се покажа политичката кратковидост, а тоа може да биде само за еднократна употреба. Само политиката која претпоставува рамноправност, демократичност, дијалог, мир може да биде повеќекрртна и перспективна.

Оттаму, додека едните ловат во матно, другите неповратно тонат во селиштата на минатото. Да бидеме свесни, дами и господа дека оваа расправа каде албанците во Македонија е дежурен кривец за се и сешто не е во функција на стабилноста на Македонија. Јасно е дека водата се свртува во воденицата на северниот сосед. Или на некој друг, со што ја повторувате тезата за загрозеност на Македонецот на Македонија, кој

истовремено е повик за интервенција и помош на браќата по крв и по вера за чиста Македонија и чистење на други. Да се прикажат албанците како генератор на криза значи на самиот себе да му се прави мечкина услуга. Во услови на политизиран живот тешко е да се каже нешто паметно и да се градат односи на доверба. Топката треба да се пушти на земја, за што многу лесно се добива автогол, дотолку повеќе што нема јагбет, а има силна навала. Да водиме сметка за иднината, за што се што лета не се јаде, господа. Овде некој намерно, со јасно определени цели во име на мирот под- буцнуваат војна, наметнуваат сложени и стресни ситуации. Наведуваат и рационални моменти. Албанците се предизвик на времето. Коллку тоа ќе потрае зависи од стратегиските цели на другите. Што е целта албанците да се прогласат за виновник, за провокатор и дестабилизационен фактор. Според мене, а во тоа сакам да не верувам има три стратегиски цели.

Прво, со давање услови и нивно нервирање, чепкање по емоциите да се бунат да излегуваат на улици и спрема нив да се употребуваат тоа што нуди таквата ситуација, репресии, затвор, убиства.

Второ, создавање став кај нив да се откажат од намерите да се организираат и дејствуваат како рамноправни политички субјект Да партиципираат во власта итн.,

Трето, да подлегнуваат на политиката и затворање во себе, што секако е двојна грешка, дури тогаш може да се очекува вон институционално дејствување од една страна и неконтролирано политичко делување. Тука е бесперспективната на Републикава. Во сегашното политичко однесување македонските национални политички партии и нивните истомисленици треба да гледаат подалеку од чистата желба за чиста Македонија, за Македонија во која не се гледаат другите за да не се случи од дрвото да не се гледа планината. Нема мали и

големи народи што беше спомнато и тука. Големината на народот не се мери со бројки, вели Виктор Иго, Големината на народите се цени според однесувањето кон другиот, соседот, кон комшијата, кон тој со кого судбински е поврзан да живеење и живее. Затоа, да не се вратиме назад во историјата, туку напред во цивилизацијата. Да се вратиме едни на други со уважување и респектираше на посебностите и спецификите. Впрочем, имам почит кон секој кој меѓунационалните односи ги гледа како основни значајни полуги за мир, правда и демократија, имам почит кон секој кој овие односи ги гледа во функција на сожителството. Но не можам да се согласам со тие кои со лаги, клевети, и невистини создаваат недоверба антагонизираат односи и на тој начин не се создава сожитеслтво, не се создава добронамерност. Сити сме со зборови од национализам, шовинизам, национал шовинизам, сепаратизам, иредентизам и што не итн., кои беа својствени на еден систем кој го оставаме назад. Верувам дека сите сакаме овие и слични термини да бидат минато. Меѓутоа, националното ќе остане вечно и тоа ќе биде својство на секого кој припаѓа на оваа или онаа нација. Впрочем, национално неопределени нема, не би требало ни да има. Токму затоа националното чувство ќе постои, секогаш и во секое време И во овој контекст поставувам прашаше што е националист. Јас намерно го поставувам ова прашаше бидејќи беше многу употребувано. Јас не би се обидел да одговорам на ова прашање од причина што овој термин е широко објаснет и верувам дека нема човек кај кој националното не е толку приврзано за да се рече по некоја прилика и националист, која има релација на национален волонтаризам. Но, истовремено и национален субјективитет. Затоа, секој поединец национално определен, прво, треба да се знае да знае за себе, да биде свесен дека му припаѓа на една националност, на една нација.

XXIX/5.-

Второ, да знае што националност во историска, филозофска социолошка, културна итн.

Трето, да биде способен да го гледа самиот себе во националната припадност, во националната култура и во однос на другите национални идентитети, националните култури и националниот соживот. Впрочем, за илустрација ќе се послужам со мислата на Алберт Ками "по нужност сум човек, а случајно сум Французин." што упатува на заклучок дека секој би можел да биде овој или оној народ, но битно е во овој контекст да ги гледаме релациите. Кога би бил овој, да мислам правилно и за оној. Вистинските релации кои сега постојат во националните, политичките, па и економските односи би се решавале на по безболен начин.

Се залагам против сите национални апстракции и за создавање на реална и конкретна политика во решавањето на прашањето за националните односи. 06јективизирани национални проблеми без чувство на национална инфериорност или супериорност по демократски пат. Во оваа насока се залагам затворечки дијалог на разни нивоа да се дискутираат проблемите и сите беспристрасност да се разрешува Овој републички парламент кој треба да мисли и да решава, а не да решава, па потоа да мисли. Токму ова се однесува и за Владата на која треба да изгласаме недоверба или зависно пак која доверба да заклучува.

Оттука и општиот заклучок што се наметнува е дека акција доби прешироко ехо. Како експлозија на атомска бомба. Доби експлозивност во јавноста. Тој начин на разврска не води на добро туку го разрушува реципрочната доверба. А ние треба и понатака да продолжиме да живееме заедно и со оваа Влада и оваа Владата да продолжува тие односи да ги менува во позитивна насока. Тоа ни е заедничка судбина. Ние повторно ќе се обидеме сите проблеми во врка со настанот и ситуацијата да ги разрешиме низ политички дијалог со демократски е

средства. Меѓусебната доверба се враќа со непосредни и позитивни дејанија и решенија. Дозволувам да има членови на ПДП, кои се огреши грешките ќе се оправат. А тие пак за демократски просперитет сметам не е организатор на оваа група граѓани тоа беше кажано и во соопштението на оваа партија, ако некој го чита внимателно. Поединци не ја претставуваат партијата за демократски просперитет. Врз основ на група не може да се преземе генерален заклучок дека партијата е предизвикувач односно организатор на вакви дејствија.

Оттука, заклучувам, партијата за демократски просперитет програмски се засновува на современите текови на цивилизацискиот развој и во тој контекст нема ни грам националистичко, сепаратистичко основа, нити рушење на уставниот систем и уставниот поредок.

Второ, таа не го загрозува територијалниот и националниот интегритет на Македонија, туку напротив придонела за нејзиниот интегритет за надворешно и внатрешно уредување на односите за стабилно општество.

Трето, најнационалната партија со оваа расправа што се води каде албанците се на дневен ред сакаат да шират дефетизам кај македонците за наводна загрозеност дека наводно ја губат својата единствена држава дека е збунет, заплашен македонедот, што апсолутно е неточно и има политичка позадина. Не, господа пратеници, албанците во Македонија се залагаа5т за заедничка демократска држава каде тие ќе бидат рамноправен меѓу рамноправните. Во таа политичка борба се определи за демократски дијалог и договор . Во оваа насока ќе продолжи и натаму без војна, без конфликти, по мирен пат. Ние сакаме мир и благосостојба и сме против секакви воени притисоци. Никого национално не сакаме да обезличиме, а својот национален идентитет ќе го браниме со демократски методи и средства и со учество во Владата и институциите.

XXIX/7.-

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве потсетувам на тоа дека во 23 и 30 часот се прекинеме со претресот и ќе му дадеме збор, ќе го затвориме претресот и ќе му дадеме збор на претседателот на Владата а во 12,00 часот односно во 24 часот ќе гласаме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, повод за расправа на денешната седница на Собранието на Република Македонија е довербата за Владата ан Република Македонија за што иницијативата ја покренаа група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, повод се последните настани во нашата Република врзани со недозволена трговија со оружје од група граѓани и обидот за создавање на паравојни формации Токму заради тоа дозволете ми да се осврнам на некои аспекти на меѓунационалните односи кај нас што се одразува во појавата на разни манифестации. Имено, за ова што се случи, морам да кажам дека тоа е последица или одговор на тоа што порано или истовремено беше забележано кај членови на ВМРО-ДПМНЕ и на други опозициони сили ПДП се залага за демократска држава, сожителтсво, рамноправност и за решавање на проблемите по пат на дијалог и во системот. Зарем досега на тоа не се убедивте.

Нема сомневање дека македонско - албанските односи во Републикава за жал се оладени. Меѓу партиските недоразбирања се рефлектираат и во високите државни органи јавните истапувања, провокации во многу трибини во медиумските јавни гласила, информациите, па и на улица. Некои од тие навреди беа накитени со краен примитивизам и испишани пароли. Лошото почна да продира подлабоко да ги оладува односите на објективните луѓе, на добронамерните луѓе, на обични луѓе кои живеат во село и град од различни професии и од различна возраст. Овие и слични патишта што екстремистите ги бараат, се патиш та на раздор и делби на два големи

XXIX/8.-

табори, Македонци и Албанци. Се наметнувани прашањето кој ги побудува овие мистериозни валови. Меѓунационалните недоразбирања било тоа да се од малите национални колективитети, тие се тежок товар, тоа е болна рак рана што бара многу време за растеретување излекување. Зборот е за многунационална Македонија и тие заладени односи меѓу доминантната нација македонци и албанската нација чии процент во популацијата е многу важен во Републиката, па и времето во кое се заладуваат меѓунационалните односи ги прави тие на заедничкиот душман. Време во кое Македонија ги става темелите на повеќе партискиот 'систем кога се градат темелите на еден нов политички економски систем, кога републикава е во трка за самостојноста, како и другите настани кои доаѓаат од Север мири- саат на барут, па потоа тешката економска положба во Републикава, која ја чувствуваме подеднакво сите, изгледа дека овие мистериозни валови тешко е да си кормилар на нив. Кој ги побудува овие мистериозни валови и зошто? Не се знае одговорот. Се знае само толку, се знае дека е создаден впечаток дека македонецот мисли дека албанецот е тој што му ја руши куќата кога тој ја покрива, куќата во која му го одредил местото на албанецот и му вика дека овде ти е добро.

Од друга страна Албанецот му одговара не ми е добро и куќата не ја рушам јас, поради тоа што неа ја градиме заедно. Било како да е тврдината не се гради лесно. Во легендите при изградба на тврдината секогаш се барало курбан и често пати жртвата била другарката од помалиот брат по наши легенди.

Се наметнува прашањето кого ние треба да жртвуваме за изградба на нашата тврдина. Одговорот би бил приближно ваков. Македонците пак сакаат да ги жртвуваат албанците односно време е албанците да ги жртвуваат македонците. Пак се наметнува прашањето за чиј сметки мораме да се жртвуваме и кој е крајниот епилог. Тврдината мора да се изгради. Таа не се изградува сама, ништо досега не се изградило без

пот и тоа со голем пот. Не ја изградува ни тесногрдост, ни националниот ексклузивитет.

Пак се наметнува прашањето каде е причината на несогласувањето. Да кажеме дека несогласувањата се во рамноправноста дефакто во меѓунационалната рамноправност.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се наметнува уште едно прашање на кое треба да одговори- ме сите, дали имаме исти цели и дали имаме еднакви критериуми за рамноправноста и колку ја знаеме реалноста и внатрешниот свет на Македонците и Албанците и не само денес, туку и низ историјата. Во минатото Македонците и Албанците имале иста судбина и иста среќа, потчинети и оставени во немилост. Да не заборавиме и едниот и другиот се мали народи и овој пат ги доближил во соживот и во заедништво.

Во новото време од 1913 година истото е пак дека оваа доверба, овој соживот е разнишан што со векови беше изведуван. Не може ни да се тврди дека Албанците по ослободувањето на Македонија имаа национална рамноправност и дека Македонците имале исправна политика спрема Албанците, односно како може да се оправда општиот развиток на Албанците во. Македонија во сите сфери на животот. Без оглед, тука влијаеле многу фактори, а јас ќе спомнам едно негативно влијание на српската политика во Македонија која политика непрестајно создаваше недоверба и антиалбанско расположение со една единствена цел, единствена намера и цел да ги расплинува добрите македонско - албански односи, оштетувајќи ги во таа мерка и едната и другата страна, а најповеќе во конкретниов случај албанската страна во Македонија.

Македонско - албанските односи се заладуваат особено во последната декада. И не само толку, туку целиот духовен живот на Албанците се става во негативен контекст, мислејќи дека веќе нема да се живее заедно. Во албанско - македонските релации од поодамна како да немало ништо заедничко и ништо добро. Тие добри односи со традиција дури се оставија на страна во потполн молк, па дури се негираат. На виделина излегоа и се глорифицираат негативните страни.

XXX/2.-

Дојде едно чудно време, животот на Албанците во Македонија стана потежок од било кога порано. Се наметнува прашањето зошто? Затоа што сите официјални органи на власта со време претендираат што повеќе лошо да пишуваат и да го прикажуваат карактерот и односот на Албанците како рак рана. Потврдуваат дека со нив секогаш правилно се однесуваат, па дури теророт и убиствата на Албанците се оправдани. Со оваа пропаганда се обидуваат, за жал, и денеска да си обезбедат за себе си и имиџ на еманципирана земја, на едни европски земји, ултрацивилизирани, па дури и пионери на економско - политички идеологии на XX1-от век.

Но, кога внимателниот читател ги чита тие своевидни при- казни и заповеди насочени кон Албанците, таа вулгарна фразилогија, таа дива омраза спрема Албанците, како народ и како нација, не може да замисли дека зборовите пријателство, рамноправност меѓу народите, општествена еманципација и праведност што официјалната поли- тика ги потребува па дури и за експорт, претставува чиста хипокризија.

Власта, често пати се преправа па дури да им продава памет на другите, како да напредуваат, како да ги решаваат проблемите, како да ги сфатат концепциите на времето, како да чекорат право кон прогресот, но во практиката го покажува второто лице. Лицето на притисок и одземање на демократски права и слободи на граѓаните. Се прават обиди дури и на Албанците да им се негира историјата. Тие не се знае од каде се дојдени. Се прават обиди да се негира денешноста, па дури да им се негира иднината, и што е потешко никој не знае што Албанците ги чека утре.

По нив, по ова што е напишано и пропагирано, ништо нарочно, ништо добро Албанците немаат и немале. Тие случајно се најдени на своите етнички територии. Слегле од планините за да ги дискрими-

нираат" Македонците, па дури и во раните векови, и во време на Отоманската империја и во време на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и за време на фашизмот, дури и ден денес заправо Албанците не биле заправо ни реакционери, дивјаци, според нивните обичаи, па потоа по нивниот начин на живеење без култура, без историја, без територии и што не друго, заборавајќи за себе да кажат дека дошле од преку реката Дњепар, од сувите степи, дошле од зад Карпатите, од денешна Русија на Балканот и во мештаните гледаат како на дошљаци.

Во ниту еден напис, во ниту едно место, во ниту една книга, во ниту една вест преку радиото, односно телевизиските емисии не се осудува ниту еден шовинистички испад направен над Албанците и во поново време -и пред Собранието на Република Македонија и внатре, на оваа говорница. Секој читател на книги,списанија, дневни листови, секој слушател на радио и ТВ емисии и вести не можат а да не го воочат колку ниско е падната оваа официјална политика, колку назадна и примитивна е политичката смисла на таа власт што управува и што има влијание врз создавање на јавното мнение во редовите на својата публика.

Денеска доволно е да се прочита еден дневен весник па да се сфати што всушност се случува со нас Албанците и не само во Македонија, туку и пошироко. Тоа претставува една реакција против евидентните процеси во современата демократија на нашиот континент па и во светот.

Пак се наметнува прашањето - што се добива од сето тоа? Одговорот е - ништо. Никој во тоа нема интерес, јас сум сигурен.

Во светата на меѓунационалните односи, конкретно Владата на Република Македонија наследи еден траен терен, заправо со многу проблеми и со облачна атмосфера. Друг проблем е што овие односи

на меѓунационален план вриеја од внатре. Проблемите се отворија со доаѓањето на друг систем на односи во општеството, па можеби пред да се устоличи тој систем. Партиските недоразбирања предизборни кампањи се реализираа во услови на поларизирани национални односи и наместо тие да ја разградат атмосферата со нови програми, со здрави програми, конзистентни програми за соживот и заеднички наши мултинационални интереси, тие тргнаа во битка кој колку гласови и чии членови ќе придобие.

Така, сите партии со поларизирани меѓунационални односи ќе влезат и во Парламентот. Меѓу Македонците се направи една идејна сатисфакција. Подоцна ќе се види дека и овој блок ќе се појави за заштита на клучните национални интереси со тесни партиски погледи, не рачунајќи на хетерогеноста на Македонија.

Предизборните партиски кампањи на ВМРО-ДПМНЕ, на македонскиот блок се развиваат на едно примитивно културно ниво на јавната комуникација. Таа се развиваше со разни пароли што често пати имаа навредливи содржини према албанскиот народ и тоа во уличност или жаргон. На ова помагаа информативните куќи кои се уште не ги сваќаат системските промени и не беа доволно објективни и критични.

Првото повеќепартиско Собрание, па и другите државни органи се конституира во една оптоварена меѓунационална атмосфера. Дали ова Собрание во својата тригодишна работа се залагаше за добри национални односи, јас се уште не можам да се убедам.

Дами и господа пратеници, народот чија појава во јавноста, поготово во последно време во средината каде што живее предизвикува исклучително бурни реакции. Доволно само да се претстави со име албанец, можеби токму тоа е огледало на состојбата во која се наоѓа Македонија.

XXX/5.-

Односот на поединци во власта и политиката спрема некогаш почитуваниот народ, тој угледен народ, стар народ во стари свои етнички територии поради неговото држење и неговото мислење со што и не заслужува омаловажување ваквото обележување и епитет "предавник" на македонските интереси, очигледно некакви комплекси, некакви фрустрации, Македонија е во тажна положба, народот е во тажна положба за- тоа што не може да го објасни поразот .на една политика, поразот на една национална едукација што на луѓето им е толку влевана во глава што сега не можат да сфатат колку погрешно се учени. Всушност дека се карикирано учени. Доаѓа миг кога секој Македонец секој граѓанин треба да си соопшти - не не учеа добро. Се наметнува прашањето кој многу придонесе за таквото учење? Приказната е долга. Грешката не почнува со социјализмот туку семето е посеано порано некаде по балканските војни.

Да ги побараат ВМРО-ДПМНЕ своите први учители во Гоце Делчев или во другите илинденци кои за националниот конгломерат на Балканот имаа многу здрави идеи, ќе беше поинаку. За жал, создавано е нешто што не може поинаку да се нарече освен ВМРО-вска идеологија. Се разбира, посилните духови успеваат да му избегаат на тоа. Но, кај дел на народот предрасудите се длабоко вкоренети и во последните 40-тина година имаше луѓе кои веруваа дека тие, ако не се заборавени, тогаш барем се намалени. Меѓу таквите наивни сум и јас. Затоа сега страотно ме изненади, почнувајќи од овие наши несреќни митинзи, пароли, графити и други летоци исфрлени меѓу народот, експлозии на тој длабок национален шовинизам.

Мислам дека дел од политичката свест во Македонија страотно е дезартикулирана. Меѓутоа не се во состојба да прифатат нормално ниту една реченица,а камо ли идеја да излезе од претставниците на

албанскиот народ па било да е тоа за доброто на сите во ова поднебје.

Се разбира, изминатите 4-5 децении беа добра подготовка за сево ова. Самоуправувачката еуфорија во која секој мислеше дека знае се, дека за се може да расправа, дури и за најчувствителните теми, теми за меѓунационалните односи во една мултинационална заедница како што е и наша Македонија, тоа многу добро се преточи во овие митинзи на вистината, графити и пароли извикани, чуени и видени низ Македонија, па дури и тие извици - Дајте ни оружје; сатар за Албанците; Албанци одете си, тоа многу добро се преточи на дел од македонскиот популизам.

Сето тоа е израз на една мрачна историска ситуација, дури би рекол длабока национална катастрофа. Сами ја доведовте ситуацијата веќе да не можеме со никого да разговараме.

Дами и господа пратеници, за жал, за нас Албанците овде, во Македонија па и пошироко не се покажа смелост и подготвеност да не слушне и да не сфати некој. Иако со ништо не придонесовме кон сето тоа. Мораме тој срам да го поделиме затоа што тој срам едноставно постои.

Националната свест кај дел на Македонци требаше да биде поинаку подигана. Учителите на националната свест треба да го учат својот народ да биде питом, да биде добар, да биде фин, да не прави зулуми. Сите ние на Балканот сме мали и јадни народи. Ако Македонија се роди како заедничка држава на Македонците, Албанците и Турците, требаше на тој дел Македонци да им се каже дека таа Македонија е вистинска заедничка татковина на сите нејзини граѓани, Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и други, во која треба да се има толеранција и сочувство за другите нации и другите култури, за јазиците, идеите, верите. Меѓутоа, сето тоа одеше поинаку, особено во последната декада.

XXX/7.-

Лудата, се мисли на тој дел на македонска идеологија се пробиваше и низ комунизмот. Само, тогашните раководители, плашејќи се од Тито се плашеа тоа гласно да го кажат. Тој шовинизам проби подоцна, јавно по смртта на Тито. До колку екстремистите во Македонија владеат може да се говори за македонска национална драма и се прашувам дали Македонија ќе ја преживее? Можеби денешните деца утре едноставно поради се што сега се преживува ќе речат - ние не сме Македонци и подеднакво Албанците ќе кажат - ние не сме Албанци. Ќе бидат апатриди, што на крајот на краиштата можеби би било и здраво зошто и светот денеска почива на апатриди, а етничките граници за многу интелектуалци, интелектуални луѓе се нешто надминато.

Под власт на маси и никаквеци ништо подобро не може да се очекува. За жал, од дел на дискусиите што дискутираа овде на оваа говорница не гледам патишта за одрезнување. Ќе настане ужасен мамурлак што ќе трае долго. Се прашувам само како луѓето ќе си дојдат на себе. Како ќе ги објаснуваат своите постапки. Се плашам дека тоа ќе заврши со уште полош аутизам кај оние кои тоа непосредно ќе го доживеат заправо и кај оние најмладите и со духовно бегство. Веќе нема да сакаат да чујат ни за Македонија ни за македонство. Значи, ќе влезат во некој вид на национален хелизам што пак не може да би- де добра ниту прифатлива верзија. Целиот аутизам на Македонија ќе се оствари доколку екстремистите ќе владеат.

Едноставно, веќе не се осмелувам нешто полошо да предвидам. Таква политика другите за жал ги остави во калта. Се плашам што ќе биде ако се запали меѓунационалниот пожар во Македонија?

Господа пратеници, на омраза не смееме да се согласиме, не затоа што актерите на омразата не ја заслужиле, туку затоа што таа е неспоива со чистотата на омразениот. Македонија со омраза ме се

брани. Господа од ВМРО, со омраза таа е напаѓана, но Македонија треба да се брани и со одбрана од сопствената омраза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Андонов.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство во најкратки црти во денешнава расправа сакам да ги изнесам своите ставови по предметното прашање од позицијата на независен пратеник, независно без било какви партиски оптоварувања, туку единствено поаѓајќи од интересите и потребите на овој народ и од моето лично сфаќање на оваа ситуација.

Прво што сакам да истакнам во мојата констатација е дека продолжува практиката од одредени владини функционери, како што тоа денеска имавме можност да го видиме и да слушнеме од устата на министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Фрчковски да дава политичка оценка дека се многу поопасни некои дејствија кога човек за нив размислува или укажува отколку од она што го прави низ практичните активности, како што ова што денеска беше присутно во оваа расправа, еден заговор за нарушување на интегритетот, суверенитетот и уставниот поредок на Република Македонија.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:** (Продолжение)

Ваквиот став и настап на споменатиот министер се совпаѓа со веќе познатиот став на господинот министер во врска со настаните во Горче Петров дека наводно постои некаков национализам, фашизам, или не можам да се сетам како уште тогаш господинот министер ги нарече сите тие настани, што сметам дека најблаго речено не е и не смее да биде задача и начин на постапување на еден министер. Меѓутоа, целта во оваа прилика не ми беше да го лоцирам проблемот токму на однесувањето на министрите, туку да го усмерам на нешто друго. А тоа е, независно што оваа група е откриена од страна на надлежните служби, што е впрочем и нивна задача, ова министерство сноси одговорност за овие настани како морална така и политичка. Еве зошто? Не можам да сфатам да во една држава со развиени институции на власта владини луѓе' да се занимаваат со работа, за што вистина не е реткост вакви настани да има во други држави, но учеството на владините луѓе во вакви дејанија упатува на логичниот заклучок дека нешто не е во ред со една таква Влада. Било целата Влада, или најблаго речено од одредени коалициони партиципиенти.

Не важат никакви оправдувања под разни изговори дека ваквите настани се ова или она, и дека не ја загрозуваат државата. Напротив, јас тврдам дека токму овие настани ја загрозуваат државата, го загрозуваат народот без оглед какви податоци се сервира на народот па дури и вечерва од одделни владини функционери.

Да потсетам уште нешто. Свежо ни е на сите именвуањето на замениците на министрите. Токму тогаш заради заради проверка на одредени активисти на некои предложени заменици, да не речам лојалноста или нивното минато се бараше точна биографија, во што

предначеа некои пратенички групи, на што пак други пратеници , од сегашната коалиција тоа го гледаа, да неречам уште и со потсмев. Ве молам заклучете сами кој беше тогаш во право.

Тезата дека не е добро да се укажува на грешките, на владината политика исто така е неодрживо. Само со укажување на грешките односно со нивно воочување истите можат да се отстранат, да се надминат и да не се повторуваат.

Тезата дека РМ има ограничени ресурси и дека не можеме наеднаш да очекуваме излез е точна, но точно е и тоа дека во РМ не е се баш најдобро и дека не оди во нагорна линија, како што некој овде од коалиционите партнери сака баш така да го прикаже. да не одам подалеку. Каде ни е и каде оди производството, каков е физичкиот обем на производството кој се повеќе се топи; каков е животниот стандард; какви се платите, впрочем како живееме и психички и материјално? Дали сето тоа е резултат на навистина плодна владина политика.

Да ве потсетам господа пратеници. Јас лично сум загрижен за иднината и судбината на нашата република не од други причини туку затоа што не функционираат институциите на власта или пак од нивното функционирање но сами гледате како тие воопшто функционираат. Ние се уште ги немаме донесено системските закони со кои треба да ги создадеме темелите на идниот економски систем. А каде се законите за судската власт која е една од основните темели на власта. Каде се законите на локалната самоуправа и други. Нели се чини дека сме направиле дури во одредени ситуации и чекор назад од она, и тоа по прилично голем, зашто мислам дека не сум навистина субјективен. Уверен сум дека се покажува една неспособност на ваквата коалициона Влада за разврска на вакви проблеми, вакви и други проблеми и тука би го додал и вкупниот досегашен однос на еден од коалиционите партнери

чие постапуваше и ставови при донесувањето на Уставот, при досегашните државотворни активности, при напорите за меѓународно признавање и презентирање на Републиката го даваат својот допринос видовте сите како влечејќи назад.

Овде не можам да ја поистоветувам целата албанска националност, а пред овој народ навистина треба да се води отворена политика. Политика на чисти сметки неминовно е коалиционите партнери или да имаат заедничка политика или пак за мене имаат некакви повисоки интереси што не ги знае, или барем не се презентирани пред јавноста. Мислам дека само таков приод може да ја заштити демократијата, ќе ја јакне нашата млада демократска држава, ќе јакнат правата на народот, пред се на поединецот, а со тоа и на општеството во целост. Само така можеме да изградиме модерно демократско општество.

Кога веќе зборувам за одговорноста на Владата би било недоречено ако не ги споманам и многуте случаи на грабежот на општествениот капитал, злоупотреба од лична корист и какви уште не однесувања што најмалку доликуваат во времето кога државата сакаме да ја изградиме. Лаже , или самиот се лаже секој оној што мисли дека во РМ постои развој на економска политика. Такво нешто нема а за тоа секако придонесува и отсутноста на правната регулатива. Конкретните активности за привлекување на домашен и странски капитал. Точно е дека имаме атрактивни ресурси, но во сите овие настани што пред се сами ги правиме, што Владата ги поттикнува наместо да ги сузбива отсуствува интересот на капиталот и стагнираме во развојот наместо да одиме напред. А примери за отсуство на развојни концепти и предлози на Владата има бројни да го земам само последниот. Со последниот предлог закон за развој на недоволно развиените подрачја, објективизацијата на критериумите кој ги довеле до зголемен интерес

на капиталот отсуствуваат, за што ќе се потрудам на утрешната седница ако дојде на дневен ред да продискутирам.

Треба да ви биде јасно на сите и нашиот статус и положба во меѓународните односи. Оваа Влада која и како сака да каже дека има големи заслуги на тој план мора да се соочи со реалноста дека ни не сме примени во Обединетите нации со нашето Уставно име. Во сите наши меѓународни и други манифестации не настапуваме со националното знаме, а во домашниот политички живот не е безначајно и тоа што се уште немаме грб на државата. Да не набројувам и други факти што зборуваат дека нема место аз самозадоволство. Туку напротив направено е многу малку, од нашите објективни можности.

Заокружувајќи го севкупниот наш однос и достигнувања загрижува огромниот недостиг на севкупна стратегија за развој. Неизградени економски основи на системот. Не изграден концепт за развој, а со тоа истовремено и недостиг на правна регулатива која би ја усмерувала и забрзувала економската репродукција на државата.

На крајот дозволете ми да заклучам дека и покрај сите непријатности што ги доживува оваа Влада ценам дека ваквата дискусија нема да штети на земјата. Таа може само да придонесе некој барем да извлече заклучоци за тоа што и како треба да се однесува. Нека овој настан остане како инцидент, ексцесен случај зашто ние не сме сами на овој свет, туку со вкупното опкружуваше и она што сме ние сите заедно треба да се оди напред.

Сакам да истакнам и тоа дека нема да гласам за доверба или недоверба на Владата. Тоа ќе го оставам да претставува чин на лично достоинство на премиерот и министрите на Владата. Така барем се однесуваат министрите и Владите на некои земји што често пати ги

земаме за добар пример кога треба да се работи. Но, во секој случај мојот став е јасен дека оваа Влада тешко ќе може да води, да не води и да го одведе овој народ таму каде што сите сакаме да одиме во ново по современо и демократско и хумано и социјално општество. Мислам дека решението е во експертна Влада која што може да донесе навистина поголема благосостојба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Никола Поповски.

Во 23,30 часот ќе ве прекинам затоа што после ќе зборува премиерот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дозволете за оваа прилика барем саатот да го гледам. Јас ќе се обидам да направам некаква селекција заради времето кое ми го ограничува деловникот и претседателот , па и Уставот нека биде. Затоа ако нешто има прескокнување верувам ќе дозволите да биде заради тоа

На почетокот сакам да укажам на една нелогичност која во овој момент се експлоатираше масовно во Собранието, а тоа е дека сите како на готови информации, како здраво за готово информации се повикуваа на весници. прво ќе укажам на еден од говорниците, мислам дека беше Љупчо Георгиевски, уверувајќи не дека во весникот Пулс е вистината за која он инсистира се обрати со пишување од еден новинар. Сега јас ќе го направам следново. Од истиот број на Пулс, од истата статија, потпишана од истиот новинар ќе прочитам друг паосс па веројатно и за него ќе викаме дека е вистинит, бидејќи Вие се повикувате тврдејќи дека Владата е крива на таа статија.

XXXI/6.-

"Не е лошо да се потсети дека не така одамна во познатата акција на СДБ Дувло беше спречена понудата на бугарскиот генерал Аспарухов токму до ВМРО-ДПМНЕ за обука на 10 илјадна паравоена формација. Со истата упатеност дека се што пишувало во таа статија од тој новинар упатувам да го примите и ова.

Сакам да укажам уште на еден факт. За мене е многу интересен односот на поднесувачите на амандманите кон Министерството за внатрешни работи заради следното: Пред само 10-15 дена бевме сведоци на тоа дека ова министерство се нападна како неефикасно, неспособно, дека работи во интерес на една соседна држава и т.н. Сега од истите тие поднесувачи се зборува за успешна работа на Министерството и на министерот. Исто така е интересно дека пред 10-15 дена додека овде разговаравме аз тоа министерство и истото беше на тапет во исто време тоа министерство спроведуваше дефакто успешна операција за зачувување на интегритетот на ова држава. затоа можеби на опозицијата и смета тоа што МВР има ист однос кон сите случаи кога се крши Уставот и Законот.

Се плашам дека на опозицијата не им смета тоа што резултатите од акцијата се успешни, што и они тоа го потврдија и се видливи Со тоа се осуетени можностите за дестабилизација на РМ.

Незадоволството од неможност аза дестабилизација се огледа и во барањето на оставка на релативно успешната Влада. Исто така чудно е што пратениците од опозицијата немаат расчистен став кон министерот Фрчковски и едни тврдат дека е успешен други дека е сосема одговорен за тоа што го прави. Така да јас ги молам да се расчисти во пратеничката група на СДС прашањето аз тоа дали Фрчковски има доверба од опозицијата или нема да се изјасните во еден глас.

XXXI/7.-

Зошто мислам дека треба да остане ова Влада дури и поради тоа што е напишано овде дека овде не ги извршува мерките за заштита на безбедноста на државата. затоа што сум уверен дека со умерената политика оваа Влада ги охрабрува сите умерени граѓани во РМ и тоа како македонци, албанци и други, а ги обесхрабрува екстремните граѓани како македонци така албанци така и други. Мене исто така денеска ме охрабри што како така ПДП успеа да се огради, да најде сили да се огради од активностите на фатената група, што мислам дека е многу значајно во овој политички момент.

Но, она што сакам да го укажам е следново. Мислам дека долгорочно оваа работа мора да се осуетува и евидентираниот екстремизам и национализам и шовинизам ан албанската страна долгорочно може да се сузбива само со доследна борба од страна на самите албанци, умерените албанци исто ако што борбата со македонскиот национализам е во рацете ан умерените македонци. Мислам дека овие два процеси мораме да ги гледаме како паралела.

Исто така воопшто не ми е чудно што денеска на иста страна застанаа две пратенички групи, едната е НДП и другата е ВМРО-ДПМНЕ кои единствени сами останаа во тврдењето дека успешната акција за спречување на паравоените формации во Македонија се во суштина активности со кои се загрозува животот на граѓаните.

На крајот ќе ми дозволите уште сосема малку за две работ

Оваа Влада, или власт, ако сакате и коалиција е често обвинувана, за што сведочат и претходните неколку седници за водење на преговори и отстапки со националностите во нашата држава....

XXXI/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

По мојот часовник веќе не ќе можете да зборувате.

(Господинот Томислав Стојановски бара збор да каже нешто процедурално).

Нема процедурално во овој дел од седницата. Работиме по Уставот овде, не по Деловникот.

Го заклучувам претресот и збор му давам на претседателот на Владата господинот Црвенковски.

(Господинот Томислав Стојановски упорно бара збор за процедурална забелешка).

Нема, нема процедурално. Овој дел од претресот и од седницата нема.

(Господинот Томислав Стојановски и покрај укажувањата на претседателот Стојан Андов излегува на говорница.

Овој момент, не одам од овде додека не го прочитам Уставот.

Реагирање на пратениците.

Господинот Томислав Стојановски сам си зеде збор.

Дами и господа сакам да го почитуваме ова што го донесов- ме овде. Оние што не гласале за ова, член 92 став 4 "гласањето за доверба на Владата се врши по истек на три дена". Јас не знам по кој основ сега го одреди претседателот 24 часа. Се дава гаранција да не може да се гласа пред три дена, а не после три дена).

**СТОЈАН АНДОВ:**

После три дена се гласа.

Ве молам господинот претседател на Владата да си земе збор.

(Господинот Насер Зибери бара збор и реагира).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седете си на место Ве молам.

(Господинот Зибери реагира и понатаму барајќи збор и прашува зошто му се дало збор на Томислав Стојановски).

Јас не му дадов на него збор. Ве молам седете си на местото.

Претресот е заклучен седнете си на местото. Не му дадов збор.

(Реагирање на пратениците).

Молам, повелете господине претседателе.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Прашањето аз доверба на Владата е еден демократски и легитимен чин и придобивка на парламентарниот систем. Доколку и самиот избор на оваа Влада се третира како прашање на давање на доверба, тогаш можеме да речеме дека овој владин состав за неполни 15 месеци еве по трет пат се соочува со тоа искушение.

Ова е прва политичка Влада во парламентарниот живот на РМ што значи дека со чинот на нејзиното конституирање за прв пат се формира класична позиција односно политичка структура што ја поддржува и класична опозиција односно структура која од самиот старт изрази недоверба и резерви.

Би било интересно да се потсетиме кои беа аргументите и поводите изречени од страна на опозицијата во двата претходни случаи.

XXXI/10.-

Да ги погледнеме од денешен аспект уште повеќе што некои од нив се провлекуваат се до денес, па имавме прилика да ги чуеме и во денешнава расправа.

Прво, при самиот избор на Владата. Носечките аргументи на опозицијата беа сконцентрирани на политичката сфера што е и нормално бидејќи се работеше аз избор, па Владата немаше минат труд за да се оценуваат нејзините економски достигања или промашувања.

Кој беа централните аргументи на опозицијата.

Прво , овој владин состав, уште повеќе имајќи ги предвид партиите од кои произлегува не е искрено определен за независна и суверена РМ, па оттука постои опасност дека ќе работи директно против процесот на меѓународно признавање, уште повеќе ќе се залага за присоединување на Македонија кон Србија, кон скратена Југославија ли нешто слично.

Второ, овој владин состав произлегува од претходниот комунистички систем, па така имавме прилика во тоа време често пати да ја слушаме тезата дека со ваква Влада Македонија ќе остане последниот комунистички бастион во Европа и заради тоа никој нема да комуницира со оваа Влада, таа ќе биде меѓународно изолирана што ќе предизвика директни штети во меѓународното етаблирање на РМ било на политички план било на економски план и соработка со одре- дени држави, било со меѓународните финансиски институции.

Трето, дека е ова неприродна македонско албанска влада, или како што има обичај да каже така наречената национална опозиција од една страна и белградскиот печат од друга страна шиптарско комунистичка влада...

XXXII/1 JJ/ПН

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (Продолжение)

Напротив господа и со самото тоа претставува директна опасност и закана за виталните национални и државни интереси на македонскиот народ и државата Република Македонија. Ајде од денешен аспект да ги проанализираме овие тогашни, а некои од нив и денешни становишта на опозицијата.

Пред 15 месеци Република Македонија беше буквално надвор од меѓународната заедница. Бевме признаени од група држави која можеше да се изброи на една рака, со низа отворени опции околу идниот статус на државата, протежирана од разни меѓународни фактори и институции. Токму во овие 15 месеци РМ го направи најголемиот пробив во процесот на меѓународното признавање и заокружувањето на нејзиниот статус во меѓународната заедница. Таа стана членка на ООН, членка на специјализираните агенции на оваа организација, членка на централната европска иницијатива, членка на ММФ, членка на Европската банка, дефакто член на Светската банка за обнова и развој. Се стекна со статусот специјален гостин во Советот на Европа, во ГАД. Признаена е од 50-тина држави, скоро од сите континенти на Земјината топка. Скопје, но полека сигурно станува вистински дипломатски град. Јас верувам дека и денешната седница на Собранието е будно следена од бројни претставници на повеќе држави кои престојуваат во Република Македонија. Господа, тоа Влада, на чие срце не лежи независноста и сувереноста на РМ, не можеше да го направи. Ниту пак Влада која би била меѓународно изолирана без можност да комуницира со светот, тоа би можела да го реализира. Било некому право или не сликата е сосема спротивна. Токму оваа Влада и нејзината политика се сметаат за фактор

на стабилност во РМ. Искрено речено, кога би смогнала сила и би направила некои неопходни корекции и нашата опозиција, за да и таа се избори за таков статус и углед во меѓународните кругови, во многу би се олеснила работата и на самата Влада и некои цели би можеле многу полесно да ги постигнеме.

Околу третата теза дека едно македонско - албанска влада односно во Влада во која покрај Македонците ќе партиципираат и Албанците, сама по себе значи загрозување на виталните национални и државни интереси, веднаш би го поставил следново прашање? Кои се тие највисоки национални и државни интереси на РМ? Ова прашање заслужува посебно внимание и заради тоа што и албанските политички структури кои партиципираат во извршната власт се соочени со прозивки од екстремните кругови на својата националност, било надвор од својата партија, па можеби внатре во сопствената партија, дека нивното учество во извршната власт, но сега пак од нивни аспект гледано, претставува предавство на највисоките национални цели. Дали ќе се согласиле дека највисок и национален и државен интерес на сите кои живеат во РМ е зачувувањето на нејзината државност, на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, на мирот и стабилноста во нашата држава, нејзината изградба како демократска држава и создавање услови за нејзин економски развој. Дали се согласуваме дека се тоа виталните национални и државни интереси или пак некои сметаат дека се некои други, но со тоа што во тој случај би требало прво да ги презентира пред овој Парламент. А ако се тоа виталните интереси, тогаш се поставува прашањето - можат ли да се остварат, доколку не постои политички

дијалог и политичка соработка меѓу Македонците и Албанците, и не само со Албанците туку и со сите други националности кои живеат во оваа држава.

Денес во расправата во неколку наврати беше изречена една монструозна теза дека идејата за сожителство е меур од сапуница, протежиран од претседателот на државата или од Владата се едно, дека таа е неможна варијанта, или со други зборови во оваа држава заедничка држава и опстанок за Македонците и Албанците нема. Што значи тоа? Какви консеквенции од тоа произлегуваат? Тоа значи за да се обезбеди опстанок и живот за едните треба да се отпочне војна до тотално уништување и елиминирање на другите. Тоа како една варијанта. Или, бидејќи ни нема заеднички живот, во заедничка држава, треба да ја поделиме државата па да направиме масовни преселби, познати од историјата од времето на Сталин или ако сакате примери од денешнината еве ви ја Босна, Хрватска, еве ја Грузија и други, фала богу ги има многу во овој пост социјалистички свет. Нели е тоа најкраткиот но и најскапиот начин дефинитивно да се уништи виталниот национален и државен интерес на РМ. За да биде иронијата уште поголема, тоа како видување во континуитет доаѓа токму од оние кои се сметаат за дежурни, генетски предодредени чувари на македонскиот национален и државен интерес.

Во вториот случај при покренувањето на прашањето за довербата на Владата на РМ пролетта оваа година непосреден повод беше приемот на РМ во ООН. При тоа се дадоа следниве оценки - прифаќањето на ословувањето на РМ од страна на оваа организација под името бивша југословенска Република Македонија и чин на национално велепредавство. Дека со тоа македонскиот народ дефинитивно го изгуби националниот идентитет, дека со тоа се закочи

процесот на меѓународното признавање, дека никој повеќе да не признае под нашето уставно име или да го користи тоа име, па дури и ние самите овде, во сопствената држава не ќе можеме да го користиме. Дека со тоа Грција дефинитивно ја доби битката околу името итн. Што можеме да речеме од оваа временска дистанца што не е кој знае колку голема, но е сепак голема за да се изведат соодветни оценки по однос на вака изречените тези.

Приемот во ООН не само што не го стопира процесот на меѓународното признавање, туку напротив радикално го забрза. И на тоа сме сите ние сведоци секојдневно. Еден дел од државите кој не признаа, тоа го направија токму под нашето уставно име. А скоро сите во директните формални и неформални контакти го користат нашето име, без никакви предрасуди.

Второ, со влегувањето во ООН се создадоа предуслови за наш прием за меѓународните финансиски институции, можност за соработка со нив, и нивна поддршка во економските реформи што ги отпочнавме.

Националниот идентитет на македонскиот народ не само што не е загрозен со приемот во ООН, имено никој од нас денес не се чувствува помалку македонец отколку пред тој чин, туку напротив е зајакнат заради можноста меѓународно да се афирмира.

Четврто, не само што Република Грција со тоа не извојува победа во спорот со името на РМ, туку по нивни сопствени проценки изречени во разни прилики сметаат дека токму тој прием е кардинална грешка во целокупната водена стратегија досега. Па како исход на тоа имавме

паѓање на нивната Влада и закажување н предвремени избори итн. итн. што значи исходот, консеквенциите, резултатите од приемот на РМ во ООН се познати, видливи, верификувани. Што ќе беше исходот на вашата варијанта? Односно останувањето надвор од меѓународната заедница и какви консеквенци во тој случај ќе произлегоа, можеме само да претпоставуваме.

Јас лично верувам дека времето ќе покаже дека токму оваа 1993 година и чинот на прием во ООН ќе биде означен како еден од најголемите успеси и придобивки во историјата на нашиот народ. Ќе се покаже дека тоа беше онаа дефинитивна историска пресвртница на бетонирањето на државноста на меѓународен план после што нема враќање назад.

Немам намера заслугата за тоа да ја препишувам само на актуелната власт. Тоа е заслуга на сите нас кои живееме во оваа држава и на сите оние кои ни претходеле. Но исто така нема смисла ниту тезата дека за сето она убаво што ни се случи сме сите подеднакво заслужни, а за се она што не чини е виновна само актуелната власт.

Конечно околу иницијативата што денес е на дневен ред. Во писменото образложение кон иницијативата што на самиот почеток од оваа седница во името на подносителите и усмено ја прочита координаторот на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Томе Стефковски, посочени се 3 носечки точки иако морам да бидам искрен, во денешната расправа повеќе од 90% од времето се потроши само на првата. Тоа само посебно говори дека втората и третата се внесени од декоративни причини. А тоа може да се заклучи и од начинот

на кој се формулирани во текстот. Кој се тие три точки?

Прво, Владата не ги извршила потребните мерки и активности во однос на заштитата и безбедноста на државата и граѓаните на РМ. Таа со своето делување придонесува за дестабилизација на РМ и чувство на несигурност кај нејзините граѓани. Како пот- репа на овие тврдења се наведува конкретно пример со уапсената група ја се бавела со формирање на паравоени формации и нелегална трговија со оружје. Понатаму, со оглед на фактот дека приведените се од албанска националност, а поголемиот дел од нив и членови на ПДП се изведува заклучок дека Владата го заташкува случајот за да ја сочува коалицијата и да остане на власта.

Мислам дека ги извлеков главните поенти од образложението и дека не можете да ми забележите на објективното интерпретирање. Сета конструкција на така да го наречам обвинение изгледа логично. Меѓутоа, има една вградена фабрична грешка, имено целата група и нејзината активност не беше откриена од вас, мислам на опозицијата господо, ниту од некој друг надвор од владините структури. Целата оваа операција е изведена од страна токму од оваа Влада и владините министерства, што значи конструкцијата за намерата на Владата да го заташкуа како што велите вие случајот е бесмислена и неодбранлива. Зошто Владата прво би ја извела акцијата, а потоа би ја заташкувала. И бидејќи и самите поднесувачи на иницијативата се свесни дека ваквата конструкција е на стаклени нозе, се влече следната подискутабилна теза, имено се вели МВР ја извршила својата работа професионално и ангажирано, ги користам термините од вашето образложение, но дека проблемот е во Владата која ете го минимизира случајот. Значи, се тргнува од претпоставката дека МВР е едно а Владата друго, дека МВР работата ја

водело самостојно н целата активност без знаење, во најмала рака на премиерот, што е како што реков дискутабилно и тоа најмалку од 2 причини.

Првото тоа би значело дека МВР е пучистички поставено дека делува самостојно и без политичка контрола.

И второ, да не заборавиме. Тоа е она исто Министерство кое во кој знае колку наврати досега, токму во ова Собрание и токму од вас господа, беше квалификувано како непрофесионално, политички обоено и послушнички расположено спрема претседателот на државата, премиерот, СДС итн.

Да резимирам. Владата на РМ и во овој случај како и при евентуални следни збиднувања од овој тип има јасен и принципиелен однос што произлегува од нејзината уставна и законска положба. Нема да дозволи и нема да прави компромиси со било кого кој што делува спротивно на Уставот и законот и кој презема дејства против уставното уредување на РМ и го загрозува територијалниот и суверенитет на државата, без разлика на која политичка партија или националност припаѓа. И целиот овој случај не е знак на слабост, туку напротив е знак на силата и на снагата на оваа Влада.

Во тој контекст мојата лична порака која ќе биде и мерило на однесување на целата Влада и во натамошниот период е демократија "да" насилство "не". Толку што се однесува до конкретниот случај.

Следејќи ја денешнава расправа можам да забележам амбиции кај некои дискутанти да се произнесат околу глобалната безбедносна ситуација во Македонија. Дозволете ми само неколку забелешки во тој правец. Деновиве а и денеска имавме прилика да чуеме навестување

на неизбежна војна и присутни ризици за дестабилизирање на состојбите во државата. Јас можеби и би ги разбрал ваквите изјави до колку се израз на вистинската загриженост за мирот и стабилноста во РМ. Но, она што е помалку чудно, е фактот што дел од овие изјави ги слушаме од личности и партии кои во изминатиот период толку често не обвинуваа дека образложено го плашиме народот со некакви опасности и ризици од војна, со некакви баба роги, само да создадеме психолошка состојба на страв кај луѓето, а со тоа и повеќе простор за полесно владеење. Доаѓа од личности на партии што правеа шеги секогаш кога ќе ја спомeневме вредноста на мирот во РМ. Од личности кои доаѓањето на мировните сили на ООН и американскиот контингент војници го објаснуваа како распродажба на суверенитетот и државноста.

Каков е надворешниот амбиент во кој се наоѓа РМ во овој момент е прашање што не можеме да го избегнеме, доколку сакаме да ја проценуваме вкупната безбедносна состојба во нашата држава. РМ се уште се наоѓа во процесот на заокружување на меѓународно правниот субјективитет. Тој процес не е дефинитивно завршен и на тој наш пат можни се и нови искушенија и препреки. Пред неколку дена имавме прилика да се запознаеме со обраќањето на новиот министер за внатрешни работи на Република Грција господин Папуљас до Генералниот секретар на ООН, Бутрос Гали од кое до колку внимателно се прочита може да се изречат соодветни заклучоци за насоките на делувањето на нашиот јужен сосед во периодот што ни престои.

Ќе го извлечам само делот кој е интересен само од аспект на денешнава расправа. Цитирам: "понатаму, би сакал да ви свртам вниманието кон фактот дека прераното признавање на БиХ, признаваше што се донесе без претходно разрешување на внатрешните етнички проблеми доведе до граѓанска војна и до мешање од страна на соседните земји. Според тоа се плашам дека овој преседан во БиХ може да се повтори во Скопје. Знаете добро дека, две етнички групи се антагонистички настоени едни спрема други во овој предел и дека можноста за влошување на нивните односи е секогаш присутна."

Веднаш по ова обраќање на министерот Папуљас отпочна балканската турнеја која требаше да ги посети сите балкански престолнини освен Скопје и Анкара, веројатно со цел да обезбеди поддршка за ваквите гледишта по однос на Македонија. Така при нивната срдба во Белград господинот Милошевиќ изјави: "Во Скопје се случуваат процеси кои не се во функција на натамошните граѓани. Албанските сепаратисти на кои им помага и тамошната власт, бара тој регион да се подели меѓу двата народа. Ако тие процеси продолжат,, Грција ќе нема кого да признае. Уште подецидна изјава во овој правец беше изречена од страна на г-динот Караџиќ, верувам позната на сите во Републикава, бидејќи беше презентирана во средствата за јавно информирање и не чувствувам потреба во оваа ситуација да ја повторувам.

Од тука произлегува логичен заклучок, намерата на оние кои се спротивставуваат на меѓународното признавање и конституирање на РМ е да се проблематизира статусот на нашата држава, да се прикаже како неделив сегмент на југословенската криза, да се изнуди решавање за нејзиниот статус во пакет со неизвесен, за нас исход. Ако е тоа целта,

тогаш кое е средството што би ја постигнало таа цел. Очигледно етничката конфронтација и судир кој би се случил во РМ. Кој е соодветниот одговор од наша страна? Како на тоа ние можеме успешно да парираме? Многу едноставно- да го сочуваме мирот, да ја сочуваме стабилноста, да ја сочуваме меѓусебната доверба и толеранција, меѓусебната почит и уважување. Тоа е картата што добива. Се друго, секоја друга алтернатива е пораз, зло за сите нас кои живееме во оваа држава и Македонци и Албанци и Турци и сите останати. Овие мои пораки не се упатени до екстремистите од било која националност, за жал, ги имате сите. Дефинитивно сум убеден дека нивните уши се претврди за да прифатат, вакви би рекол, христијански пораки. Овие сугестии имаат за цел да допрат до свеста на оние, обични умерени луѓе преокупирани со судбината на своите семејства и со судбината на своите деца. А такви се најголемиот дел од граѓаните во Републиката, без разлика на националната и политичка припадност. Ги повикувам токму таквите, да не дозволат за нивната судбина да одлучуваат вжештени глави, без јасна концепција и визија какви последици можат да произлезат од таквата нивна политика.

Иако две од трите точки во образложението кон иницијативата за гласање за недоверба на Владата се однесуваат на економски теми и прашања, како што можевме да видиме најмалку се говореше токму за овие проблеми. За тоа искрено жалам, бидејќи овие теми заслужуваат најголемо внимание.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Имено, овој сегмент не е од некаков посебен интерес на поднесувачите на иницијативата што можам да речам е посебен хендикеп на целата денешна расправа. Изненаден сум што дури она што непосредно ни претстои и што е можеби нешто најкрупно што ќе ни се случи во наредната година, а тоа е да се надеваме, потпишување на договор со ММФ, изработка на заедничка програма на преструктуирање на стопанството со светската банка за обнова и развој буквално не предизвика никаков интерес на Парламентот.

На крајот да потенцирам ни претстојат сериозни и одговорни задачи. Треба да се заокружи меѓународното признавање на РМ и до крај да се реализира нејзиното успешно вклучување во европските и меѓународните интеграции. Треба да се зачува територијалниот интегритет и суверенитет на нашата држава. Треба да ја изградиме нашата татковина како вистинска демократска држава, треба да се создадат предуслови за излегување на РМ од економската криза и уште повеќе да се обезбеди економски развој и подем на нашата татковина. Тоа не се цели и не можат да бидат цели само на една партија ниту само на позицијата односно на Владата. Тоа се општи интереси на сите политички и економски структури на сите граѓани на оваа држава без разлика на нивната национална и партиска припадност. Доколку се обединеме без исклучок околу овие заеднички цели верувам дека ќе ги постигнеме побрзо и побезболно. Во својот дел на одговорноста Владата е подготвена да го понесе свој дел на товарот без резерви со силно изразена волја и подготвеност да се успее или како што некогаш и по некој повод е речено ако нешто мора да се направи,тогаш тоа е па дури

и невозможноста, тогаш Благодарам. (Аплауз од страна на

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на гласање. За збор се јавува господинот претпоставувам ќе каже како ќе гласаат тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не кажав зошто ќе се јавам, претседателот на Собранието тоа го кажа и така е. Поради времето ќе говорам кратко и јасно Се поставува политичка одговорност на Владата. Треба да се направи разлика помеѓу кривична одговорност на оние што организирале група за внесување на оружје и други разузнувачки справи, водење на списоци формирање на паравоени формации и создавање на војска која ќе ја руши Македонија, па страв ми е да не се прави разлика помеѓу вината и политиката.

Не можам да прифатам од никој дека се работи за трговија. Господа, министерството поднело кривична пријава членот 136 однос! членот 14 од Кривичниот закон општ и посебен дел.

веќе направено. Напорот или маката веќе немаат никакво значење позицијата)

Томислав Стојановски, но и зошто. Има 5 минути за

Ако се работи за шверц во правото шверц не постои, постои недозволена трговија тоа е членот 137 од Кривичниот закон на РМ. Ако сака коалицијата да брани една ваква формација, тогаш навистина сака да издејствува политички став пред судовите дека се работи за членот 137 од Кривичниот закон на РМ. Едно е рушилачка работа да се

преобрази во недозволена трговија. Дека е така, јас ќе направам една историја околу...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ви изминаа петте минути кажете како ќе гласате. А ве молам негова работа е што ќе каже во тие пет минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, ако ми одземате минути од тие пет минути ја ќе си го искористам правото да си ги земам. Се јавија заштитници кои овде од оваа говорница ВМРО-ДПМНЕ го нарекоа фашистичка организација. Тие господа на 16 април 19 92 година формираа "Илирида". На таа иста дата Министерството водеше некакви преговори во "Сина птица" наместо да види каде се формира друга држава таму Министерството го нема, туку е на друго место. Потоа член на таква партија која формира "Илирида" е координатор на ПДП. Тој како таков оди во странска делегација да не се признае Република Македонија. Бараат докази значи прават држава, да не се признае Република Македонија и сега пак се заговара дека се води лоша политика спрема одредена група луѓе која ја сочинуваат овдешните Албанци и Албанците од друга држава. Дали ќе може некој да учествува како стран државјанин да внесува оружје овде и да се смета за продажба. Ако е така одговорноста на Владата е по таа основа и што е најбитно еден од членовите на таа партија, без разлика што и да е, бил следен две години од Министерството, тоа официјално се кажува, ние го фалиме Министерство дека добро работело, но Владата погрешила. Еден така следен две години и ништо повеќе туку само го ставиле на министерска положба. Таква Влада не може да опстане и затоа не сакам да гласам. Тоа е политичкиот дел, а кривичниот дел ќе го утврдува судот.

XXXIII/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се јави господинот Голубовски како ќе гласа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не може, а да не искажам разочарување, мислам дека овој пат моето разочарување е поавтентично, имам поголемо морално право да го изразам од премиерот на македонската Влада. Заради тоа што тој дојде тука со тези кои беа поставени на полувистини и категорично тврдеше невистини во крајна мера импутирајќи на опозицијата во целина работи кои не држат. Јас не би имал амбиции да зборувам во името на целата опозиција, но морам да искажам дека не ми е познато дека било кој од опозицијата се спротивставил на американското воено присуство во РМ, а овде беше искажан ставот дека опозицијата е против американското воено присуство.

Исто така колку што ми е познато токму македонската левица стално не убедуваше, а впрочем и за време на првата влада јас тоа веќе го изнесов дека не се партиски определени, а потоа излезе друга работа, но збор ми беше околу Министерството за внатрешни работи секогаш беше чувствително да искаже став дека таму тие партиски не се присутни. Сега се бараат заслуги дека токму СДС и оваа Влада нивното министерството за внатрешни работи го откри случајот. Јас сакам да кажам дека не верувам во тоа што тој го кажа, бидејќи тоа што го пропуштив во мојата расправа денеска да го искажам беше токму надежта дека таму работат чесни луѓе кои се на висина на своите професионални обврски и надлежности и во одбрана на националното и на државните интереси од владината политика која стои како капа, но за среќа нема толку длабоко влијание во тоа министерство.

Исто така овде беше искажано едно опасно тврдење кое го отфрлам дека секое укажување како критика на македонската Влада

може да се сведе за претставување на Македонија како кризно подрачје што е во склоп на некое претставување на општата криза на поранешните простори на Југославија. Не знам доколку тие така го чувствуваат или така се однесуваат со такви цели, но таквите обвинувања барем ги отфрлам за делот што се однесува на моето опозиционо дејствување во парламентот,а сметам дека останатата опозиција исто така ќе се искаже.

Овде беа искажани тези дека се она што може да се упати како критика на работата на Владата на РМ води кон поделба на Македонија но не знам од каде сега тоа заменување на работите, бидејќи во континуитет токму на тие 15 месеци Владата никогаш успешно не се одбрани од укажувањето на опозицијата дека токму таа со неприродната коалиција е директно одговорна за сите можни поделби што ќе настанат заради амбициите да се остане на власта по секоја цена. Но, исто така да потврдам односно да го потенцирам уште ова со една реченица дека нормално се очекува од оние кои владеат да постигнат резултати, но прашање е дали ако некој друг беше на нивно место немаше да постигне и подобри резултати. Оттаму отфрлање на секоја можност дека и другите би можеле и подобро да владеат со Македонија односно дека за овие 15 месеци се направија спектакуларни резултати не држи, бидејќи секојдневниот живот најдобро покажува колку беше способан оваа Влада. За мене нема дилеми оваа Влада воопшто не е способна и ако има чесни луѓе меѓу нив, тоа го апелирав од политичките партии кои се застапени таму, треба да прифатат оставка и предлагам две излезни решенија или предвремени избори или коалиција на македонските политички партии. Се разбира дека ќе гласам за недоверба на оваа Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се јави господинот Стефковски да објасни како ќе гласа.

XXXIII/6.-

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот морам да кажам дека претседателот на Собранието си игра со Парламентот и со Деловникот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе ви одземам веднаш збор ако продолжите на тој начин. Вие треба да кажете како ќе гласате и зошто така ќе гласате а не распраавме за претседателот на Собранието. Веднаш ќе ве отстранам од говорницата ако продолжите така.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Бидејќи ми беше ускратена можноста за дискусија, а во голем ризик ќе влезеш ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете ве молам само за тоа за што сте добиле збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Ни беше спречено да ја кажеме ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Стефковски нема што да кажете вие, вие добивте збор за една работа, а вие зборувате сосема за друго.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Претседателот на Владата господинот Црвенковски воопшто не одговори на некои битни прашања кои се темел на поднесеното барање за доверба на Владата. Со оглед на времето, а и фактот како ќе гласам ќе кажам само извадоци од мојата дискусија која ми е попречена од страна на претседателот да ја кажам на говорницата. Ќе одам од парче на парче што се вели.

XXXIII/7.-

Дали можат да претпоставаат што сега размислуваат притворените албанци во истражниот затвор за режисерите на нивната судбина. Првата мисла им е кој не предаде и зошто. Доаѓаат до единственото решение и одговор - не предадоа токму сепаратистите од нивната партија. Доколку не ја почувствуваат горчината на својата положба и не се освестат кругот од осум притворени ќе остане незголемен, а бројот е дос поголем.

Одиме понатаму.

Зошто не е уапсен заменикот министер Имер Имери, едноставно затоа што тој е член на Владата со сите права на министер и затоа што не се знае каде е тој. Значи, Владата свесно го прикрива и го жртвува помошникот Хаскај. Има голема разлика помеѓу заменик и помошник но и едниот и другиот се припадници на ПДП. Тука има разлика кога МВР постапува спротивно на Уставот и законите на државата и кога МВР постапува согласно Законот јасно е дека ќе биде поздравено однесувањето,кога постапува по Законот. Правиме разлика нели.

Паравоените единици во услови на независна држава не значи ништо друго туку вооружен заговор за крвопролевање. Мора да им е познато на од браншите дека сето оружје за овие паравоени единици е дојдено исклучиво од една соседна држава. Познато е дека ние за тоа имаме збор што го избришавме од Уставот тоа е "матична". Ако истрагата покаже, што е најверојатно, оваа група на екстремисти ќе си ја влоши состојбата доколку имаме прикриен муслимански фундаментализам и поделба на граѓаните на верска основа. Паравоените единици со учество на членови на ВМРО ДПМНЕ беше во услови и време кога овде беше ЈНА и тие се ставија под команда на полицијата. Таа ги основа но паравоени единици опремени со странско оружје за борба против самостојната држава, против полицијата е непријателски чин и јасно е дека полицијата не ги организира, туку ги разбива. Тоа е разликата нема оправдување како што нема оправдување

за "Илирида", "Бит Пазар' зад чие организирање стоеше ПДП и беше обид за дестабилизација. Значи претставниците на една партија се учесници во сите дестабилизациони акции на државата.

Одам од дел на дел.

Ако веќе две години се следи оваа група, ако сега е тој пресуден момент за наводната претстава за дестабилизација пред Европа и светот на РМ, зошто апсењето не се изврши порано во услови кога СР Југославија и Грција беа притиснати од Европа, туку сега кога тие се агресивни дали тоа значи дека е погрешно избран момент за апсење до Владата затоа што првата пратка на оружје од соседната земја беше фатена пред една година и тоа беше прилично голема пратка смешна во однос на она што сега е најдено.

Од овој факт дали самото апсење не ја дестабилизира државата односно позицијата се залага за правна држава и зачувување на независноста на државата во тој контекст како правна држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам искажете се како ќе гласате и ослободете ја говорницата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Апсењето на групата Албанци е заеднички договор на Владата и челниците на ПДП да го продолжат векот на оваа коалициона Влада.

Едно е јасно ако пратениците на ПДП гласаат за доверба на Владата тие се всушност судиите кои ќе ги осудат затворените Албанци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само не кажавте како ќе гласате? За тоа добивте збор.

Има збор господинот Стојков.

XXXIII/9.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, сигурно е јасно како ќе гласа господинот Стефковски , меѓутоа, дополнителни аргументи за да гласам против оваа постојна влада за мене е искажана една невистина односно на еден невистинит начин ќе го цитирам образложениот односно делот од образложението од страна на премиерот на оваа Влада господин Бранко Црвенковски затоа што цитирајќи го образложението односно прва1: точка од образложението за доверба на Владата на РМ поднесено од 23 пратеници на ВМРО)-ДПМНЕ кажа дека таму стои терминот, така да кажам нелегална трговија. Јас ќе се потрудам повторно да го прочитам тој дел и ќе видите дека никаде не стои нелегална трговија односно дека имавме со една измама замена на тези од страна на премиерот. "ПО откривањето на формирана паравоена формација и запленуваше на поголемо количество на оружје, друг воен материјал и компјутерски центар за водење на паравоени дејствија на територијата на РМ во која членувале и организирале членови на политичката партија ПДП, очигледно е дека постојната коалициона влада не се грижи доволно за безбедноста на државата на РМ.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (Продолжение)

Со што директно го загрозува животот и материјалните добра на своите граѓани. Настојувањето на Владата да ја заташка целата афера штитејќи го својот коалиционен партнер ПДП е уште еден доказ за немаше чувство за заштита на виталните интереси на македонската држава'.' Никаде не стои во ова образложение " нелегална трговија", а господинот премиер си зема за право да го цитира нашето образложение вметнувајќи го терминот нелегална трговија. Се работи господа за кривично дело уривање на уставниот поредок. Така е формулирано и од страна на подносителите на кривичната пријава. Зошто сака Владата во овој случај целата работа да ја заташка, однос но да ја преквалификува во нелегална трговија на оружје, односно како што така во народот е попознато, шверц на оружје. Немаме шверц, имаме потполно набавка на оружје од странска држава. За каква употреба е тоа оружје? За ништење на животи на граѓаните на Република Македонија, а најповеќе на македонскиот народ, сигурно. Затоа мислам ова е дополнителен аргумент да гласам за недоверба на оваа Влада. И сигурен сум дека сите кои имаат совест без разлика на која партија припаѓаат ќе го сторат истото, затоа што се работи за Влада, а не за орган на државна управа. Министерството за внатрешни работи, исто така една запена на тези, министерот. Министерот е политичка личност, а Министерството за внатрешни работи е државен орган кој во секоја држава функционира, а министрите се менуваат. Меѓутоа тој согласно своите надлежности, согласно професионалноста, односно образованието на луѓето за она за што се обучени си ја извршуваат својата задача, а тоа е безбедноста на државата. И не треба да се меша министерот со Министерството. Министерот е политичка личност, а Министерството е државен орган, односно орган на управата па РМ, кое во случајот си го извршило,

XXXIV/2.-

односно тие таму оперативци да ги наречам си ја извршиле својата задача и тие треба целата така да кажам награда и сите можни заслуги да ги добијат, а не министерот, Министерот е политичка личност. Ќе гласам за недоверба на оваа Влада.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Имам процедурална забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега нема процедурална забелешка. Само како ќе гласате.

**НАСЕТ ЗИБЕРИ:**

Имам право на процедурална забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, немате. Ние минуваме на гласање. Гласањето е по одредбите на Уставот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Токму ќе барам интерпретација на тие одредби на Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е во постапката на гласање.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Барам да ми се даде одговор дали гласањето за доверба на Владата ќе се врши согласно Уставот т.е. член 92 став 4, или според Деловникот кој е сега на снага?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ова е постапка на гласање. Секој има право да си објасни како ќе гласа. Од тоа не можеме да го лишиме никого.

XXXIV/3.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ако е така, тогаш ќе ги кршиме одредбите на Уставот кои го регулираат ова прашање, зошто стоте пратеници кои се присутни во салата ќе се јават за збор за да по пет минути се искажат како ќе гласаат и тогаш нема да го извршиме гласањето за доверба согласно член 92 од Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се само ваши претпоставки и тоа е сето во постапката за гласање. Немојте сега да спорите.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во овој случај кога се под плаштот за изнесување на ставот како пратениците ќе се изјаснат, се изнесуваат тези кои бараат проти аргументи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Никакви против аргументи. Секој кажува аргументи зошто ќе гласа така како што ќе гласа.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Тогаш, доколку е можно да ми се даде одговор согласно Уставот ли ќе се врши гласањето.

**СРТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, согласно Уставот гласаме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Па тогаш Уставот е прекршен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во 24,00 часот ние ја почнуваме постапката на гласањето .

Па немаме ние две врсти гласања. Една постапка е.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, јас отворено ќе кажам да не одолговлекуваме, ќе гласам за недоверба на Владата од следните причини.

Прво, како може стран државјанин да стане функционер на Владата и тоа дали господата од Владата и министерот за внатрешни работи и министерот за одбрана не знаеја дека е родум од Гаковица. На која основа го примија тој тука да дојде за заменик министер? И како не можеле да го откријат тоа тие тогаш, па сега го открија тоа? Овде ми се чини, нема многу време, да кажам една поговорка дека селанецот го терал магарето, ќе му се качам, ама тоа време било со бисагите, море рече ако му се качам, ќе му тежи, туку му текнало , ќе му се качам, ама ќе ги извадам бисагите, не ги клавам на магаре, ќе ги клаам на мене, полесно ќе му биде на магарето. Оваа е истата таква работа ја правиме сега.

Во текот на дискусијата овде се изнесоа како било решен со пензиите, дека се исплатуваат. Тогаш значи пензионерите лажат, редовно примале пензија. Дека со девизниот монетарен фонд е решено прашањето, значи и штедачите лажат, значи и тоа се решило. Платите се зголемувале, а производството опаѓа, голема наука, значи голем откритие, значи лажат. Како може да се рече дека монетарниот фонд ако не е Владата нема да финансира. Колку што јас сум убеден и знам дека државите други и монетарните институции странски финансираат програми на државата , не финансираа Влада. Ако тоа е така, во они држави каде што се сменуваат стално владите, никогаш нема да добиј кредити по мое мислење. Тоа значи ова е голема лага.

XXXIV/5.-

**ДРАГИ АРСОВ:**

Зошто ќе гласам за недоверба на Владата. Дозволете ми со неколку збора да кажам зошто ќе гласам за недоверба на Владата. Затоа што чиста дрскост е кога некој насилно се подготвува да го урива суверенитетот на една држава, а челните луѓе на таа држава да ни делат лекции за мирен соживот. Тоа е чиста демагогија својствена само на една партија, се разбира на старата комунистичка партија зад која се кријат СДС и нивните коалициони партнери. Недовербата кон Владата ја изразува целиот македонски народ наспроти владиното политичко слепило во однос на она што ни се случува која очигледно не работи за стабилизација, туку за дестабилизација во сите сфери на животот во нашата Република. Цивилизациските права на македонските граѓани во западниот дел на Македонија се нарушени со апокалипткиот заговор. Очигледно е дека креаторите на наметнатиот заговор против уставниот поредок на Македонија се надвор од државата кои сакаат да ја жртвуваат албанската националност за свои интереси. Крајно невкусни се поттикнувањата на страстите дека албанците нема исти права како македонките, дека немаат статус на народ и не се конститутувен дел на македонската држава. Таквите извршители на овие налози своето место го гледаат не во оваа Влада, туку во некоја друга Влада најверојатно во Владата на некоја великоалбанска држава чие седиште сигурно нема да биде во Скопје, туку надвор од нашата држава, најверојатно во Тирана. Не без причина го поставувам прашањето, што направи оваа албано - комунистичка Влада? Не треба многу да се размислува, тоа сите го знаеме, грабеж на столетието со девизите, грабежот на општествениот имот што се уште трае, економскиот колапс и т.н., Влада која пропагира граѓански права, а македонскиот народ го доведе пред отворена закана за физичка ликвидација и етничко чистење. Сите сме сведоци на мракот

пред нас. Невозможно е некој да не убедува за светла иднина, како што се обиде тука премиерот господинот Бранко Црвенковски. Апсурдно е тоа што се лаже народот со меѓународниот монетарен фонд и со некакви кредити и позиции на Република Македонија во меѓународните финансиски кругови. Мислам дека на овој брод во ова Собрание се наоѓаат многу слепи патници кои тоа не сакаат да го видат, не сакаат да ја видат реалноста, Македонија во меѓународни релации кои не секогаш се за пофалба и состојбите внатре кои исто така се катастрофални.

Премиерот не одговори за жал на многу прашања кои што се сврзани со стопанската состојба на кои што тој посебно инсистираше, а јас накратко само ќе кажам . Тие се одликуваат со психолози ка депресија, безнадежност и очајување, сеопшто опаѓање на производството на продуктивноста и стандардот, незапамтена невработеност, минимални плати сведени на ниво на социјална помош, корупција, мафијашки структуриран поредок, политичко профитерство, егзекутивата  оттргната од контролата, неспособна и анархична управа на инфраструктура турата, банкротирана индустрија и инфлација, нерешително и збунето судство, етатизам и централизам, сиромаштво, пробив на нетрпеливост и примитивизам. Зарем сето тоа не е доволно за загрижувачката состојба на која премиерот немаше одговор.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Како ќе гласам. Јас ќе гласам за Владата од следните причини, затоа што претходните случаи кои ги споменавме тука се потполно истите со аферите во Сина птица, аферата Дувло, или Бомбашката афера, затоа што во креирањето на паравоените формации наречени ТМРО каде активно учество имале и господинот Кљусев и Блаже Ристовски како што претходно се изјасни претседателот на ВМРО-

XXXIV/7.-

ДПМНЕ. Исто така се паравоени формации кои имале за цел масакрирање и убивање на цела одредена категорија на граѓани во Република Македонија. Поради обидот, или поточно формирањето на паравоени формации факт е дека паѓаше една Влада во соседна земја. секој обид целата оваа работа да се прикаже како работа на некој си фунда- ментализам не е ништо друго, туку користеше на речникот на Слобода! Милошевиќ чии слуги се тука во една партија во македонскиот парламент. И една порака.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ :** (продолжение)

Една порака на албанците кои се затворени поради вакви ситуација не им е потребен никаков совет и никаква рака на спас, од никој тука, затоа што албанците било каде се или во затвор или вон затворот и на нивни политички партии и ние се грижиме за тие, не ти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, минуваме на гласаше. Да се изјасни уште господинот Јакимовски.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денеска еве во оваа целодневна расправа ги чувме многупати веќе познатите фрази и конструкции на сметка на поднесувачите на Предлогот за доверба на Владата. Секогаш е така кога се вознемирува Владата, се се сведува на тоа дека се дестабилизира мирната ситуација и мирот во Република Македонија. За жал, денешнава расправа исфрли на површина видливо и други до- сега, за мене барем, мистериозни непознати работи.

Опозицијата како иницијатор на оваа расправа изнесе на- вистина сериозни забелешки и обвинувања кон актуелната Влада. Јас очекував премиерот, неговото завршно излагање овде, да ги побие или да ги демантира со контрааргументи или евентуално со документи. Но, на мое разочарување ги чувме веќе познатите тесно партиски излитени тези и пароли.

Очекував од премиерот да чујам нешто ново, навистина, со што бев подготвен дури и да се воздржам од поддршка на иницијативата на мојата пратеничка група, па да го повлечам и мојот потпис од неа, но не добив поткрепа за тоа. Сега сметам дека веќе е потврдена тезата на мојата партија дека во овој случај се оди на тоа најголемиот политички

скандал во Македонија да се минимизира , да се маргинализира што се вели да се крие сметот под тепихот, но за жал тоа може да биде решение само на краток рок односно решение со краток здив. Можеби евентуално само до крајот на мандатот на оваа Влада, а потоа се од почеток. Според мене, тоа не може да се окарактеризира никако поинаку освен како политичко светило предизвикано од бленскотот на личните амбиции кои се пројавуваат кај претставниците на Владаат Велам, ќе повторам сакав да се воздржам при гласањето, но ми беше потребна минимална поткрепа од страна на премиерот. Неа за жал не ја добив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам пратениците нека влезат во салата, минуваме на гласање непосредно.

Уште еднаш укажувам поради важноста на прашањето дали ќе се изгласа недоверба на Владата целата постапка мора да биде докрај до ред. Гласањето почнува во 24,00 часот, т.е. по истекот н третиот ден. Начинот како се гласа во Уставот не е даден. Затоа, го применуваме деловникот само на начинот како се гласа, само на постапката на гласањето, а не кога ќе се гласа. Бидејќи тоа е и во интерес и на оној кој го покренува прашањето на гласање на недоверба и на Владата и на оние кои ја поддржуваат, ние мораме постапката д ја изведеме до крај во склад со Уставот и таму каде што се потпира на Деловникот, бидејќи тоа во Уставот не е решено, докрај во склад со Деловникот.

Молам, кој е за тоа да се изгласа недоверба на Владата, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

37 пратеници гласаа за тоа да се изгласа недоверба на владата.

Дали има некој против?

71 пратеник гласаше против тоа да се изгласа недоверба на Владата.

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеници се воздржаа од гласање.

Според,тоа, констатирам дека Собранието. . . .

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници. (Има)

Го молам секретарот да изврши прозиваше за поединечно гласање.

Молам, сите пратеници да останат во салата.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(Ги чита пратениците поединечно)

XXXV/4.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | против |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | против |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

XXXV/5.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | против |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | против |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | против |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |

XXXV/6.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | против |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | против |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76.. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | против |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | против |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТСЈАНОВСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | против |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | против |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пратениците да причекаат за да го соопштиме резултатот.

Молам, да ги соопштиме резултатите од поединечното изјаснување.

Вкупно гласале 110 пратеници.

Од тоа за недоверба на Владата гласале 37.

71 се против недоверба на Владата.

Двајца се воздржани.

Констатирам дека Собранието не и изгласа недоверба на владата на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 69-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам утре во 12, часот, односно денес продолжуваме со 68- та седница.

(Седницата заврши во 00,50 минути.